# ЗАКОН ЗА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ И ПЛАТНИ СИСТЕМИ
## (неофицијален пречистен текст)[1]

## Дел први
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Глава I
### Основни одредби

#### Предмет

#### Член 1

Со овој закон се уредуваат видовите на платежни услуги, дозволата за давањето на платежни услуги, издавање електронски пари, транспарентноста на условите и обврските за информирање во врска со платежните услуги, правата и обврските на давателите и корисниците на платежните услуги, отворањето и користењето на платежната сметка, преносливоста на платежната сметка, транспарентноста и споредливоста на надоместоците поврзани со платежните сметки и услуги, постапките за решавање на спорови настанати при давањето на платежни услуги, платните системи и конечноста на порамнувањата, надзорот над платежните институции, институциите за електронски пари и операторите на платните системи, воспоставувањето и одржувањето на единствениот регистар на сметки, како и други прашања поврзани со платежните услуги и платните системи.

#### Дефиниции

#### Член 2

(1) Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **„Автентикација"** е постапка која му овозможува на давателот на платежни услуги да го потврди идентитетот на корисникот на платежни услуги или валидното користење на одреден платен инструмент, вклучувајќи ја и употребата на неговите кориснички сигурносни обележја;
2. **„Автентичност"** е својство на услугите поврзани со плаќањата, дека навистина го претставуваат она што се тврди дека го претставуваат;
3. **„Авторизација"** е постапка со која се проверува дали корисникот на платежни услуги или давателот на платежни услуги има право да извршува определени дејствија;
4. **„Агент"** е трговско друштво или трговец поединец кој врз основа на договор дејствува во име и за сметка на платежната институција во давањето на платежни услуги или во име и за сметка на институцијата за електронски пари во активностите на дистрибуција и откуп на електронски пари и/или давањето на платежни услуги;
5. **„Агент за порамнување"** е правно лице што на учесниците во платниот систем, на учесниците во системот за порамнување на хартии од вредност и/или на централната

---
[1] Ова претставува пречистен текст на Законот за платежни услуги и платни системи. Истиот е составен од Законот законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" број 90/22), Законот за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24) и Закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 37/25).

договорна страна им обезбедува сметки за порамнување преку кои се порамнуваат налозите за пренос во рамки на платниот систем или системот за порамнување на хартии од вредност и зависно од случајот, може да им одобри кредит за целите на порамнувањето на учесниците во платниот систем, учесниците во системот за порамнување на хартии од вредност и/или централните договорни страни;

6. **„Активности за процесирање"** е извршување на услуги за процесирање на платежни трансакции преку потребните дејствија за постапување со платниот налог помеѓу давателот на платежните услуги што врши прифаќање на платежни трансакции и давателот на платежните услуги што го издал платниот инструмент заснован на картичка;

7. **„Банкомат"** е електромеханички уред којшто им овозможува на овластените корисници да повлечат готовина од сметки и/или им обезбедува пристап кон други услуги;

8. **„Блиски врски"** се кога две и/или повеќе физички и/или правни лица се поврзани преку учество, во форма на непосредно или посредно поседување на најмалку 20% од вкупниот број на акции или од издадените акции со право на глас или од уделот во платежна институција, институција за електронски пари или оператор на платен систем, или преку контрола, и/или кога две или повеќе правни лица се контролирани од исто физичко и/или правно лице;

9. **„Блокирана платежна сметка"** е платежна сметка на корисник на платежни услуги за која има евидентирано нереализиран платен налог за присилна наплата или има ист единствен даночен број, односно матичен број на граѓанинот за физички лица со сметка за која има евидентирано нереализиран платен налог за присилна наплата;

10. **„Важна оперативна функција"** е оперативна функција поврзана со давањето на платежните услуги или работењето на платен систем чие што неправилно извршување или прекин во извршувањето би предизвикало значително влијание врз можноста платежната институција, институцијата за електронски пари или операторот на платен систем да ги исполнува условите за добивање на дозвола за работа согласно со закон, врз исполувањето на нивните други обврски согласно со овој закон, врз нивните финансиски резултати од работењето или врз правилното извршување или непрекинатоста на платежните услуги или работењето на платниот систем;

11. **„Водечки број"** е единствен идентификациски број на давател на платежни услуги којшто на негово барање го доделува Народната банка на Република Северна Македонија и го користи за конструкција на единствената идентификациска ознака на платежните сметки на своите корисници на платежни услуги;

12. **„Група"** е група на правно самостојни трговски друштва во која определено трговско друштво (матично друштво) има контрола над едно или повеќе трговски друштва (подружници) и се состои од матичното друштво, неговите подружници, друштвата со кои матичното друштво или неговите подружници се поврзани преку учество во главнина, а исто така и друштвата кои се поврзани со друштва од групата преку контрола или се контролирани од исто друштво што е вклучено во групата;

13. **„Давател на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка"** е давател на платежни услуги којшто ја отвора и ја одржува платежната сметка на плаќачот;

14. **„Давател на платежни услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка"** е давател на платежни услуги од кој се пренесуваат информациите потребни за спроведувањето на услугата за преносливост;

15. **„Давател на платежни услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка"** е давател на платежни услуги кон кој се пренесуваат информациите потребни за спроведувањето на услугата за преносливост;

16. **„Давател на услуги за давање информации за платежни сметки"** е давател на платежни услуги кој врши услуги за давање информации за платежни сметки;
17.**„Давател на услуги за иницирање плаќања"** е давател на платежни услуги кој врши услуги за иницирање плаќања;
18. **„Датум на валута"** е референтно време кое давателот на платежни услуги го користи за пресметување на камата на задолжените или одобрените парични средства на платежната сметка;
19. **„Деловна платежна картичка"** е кој било платен инструмент заснован на картичка што е издаден на правни лица или субјекти од јавниот сектор или на самостоен вршител на дејност, којшто е ограничен на употреба само за покривање на деловните трошоци, при што за плаќањата извршени со негова употреба се задолжува сметката на правното лице или субјектот од јавниот сектор или на самостоен вршител на дејност на кој е издадена ваквата платежна картичка;
20. **„Дигитална содржина"** е производ или услуга која се произведува и доставува во дигитален облик, чијашто употреба или потрошувачка е ограничена на технички уред и која на кој било начин не вклучува употреба или потрошувачка на производ или услуги во материјален облик;
21.**„Директно задолжување"** е платежна услуга со која се задолжува платежната сметка на плаќачот, при што платежната трансакција ја иницира примачот врз основа на изразена согласност од плаќачот;
22.**„Доверливост"** е својство на услугите поврзани со плаќањата или на корисничките сигурносни обележја што овозможува информациите да не бидат расположливи или да не се откријат на неовластени физички лица, правни лица или процеси;
23.**„Дозволено пречекорување"** е склучен договор за кредит согласно со кој давателот на платежни услуги му става на корисникот на платежни услуги на располагање износ на парични средства што го надминува тековното салдо на парични средства на платежната сметка;
24.**„Документ за присилна наплата"** е налог за извршување од извршител или друг документ за извршување донесен од надлежен орган согласно со закон, а кои се издадени/донесени врз основа на извршна исправа која е дефинирана во Законот за извршување;
25.**„Држава - членка"** е држава членка на Европската Унија;
26.**„Држава - членка домаќин"** е држава членка на Европската унија која не е матичната држава-членка, а во која давателот на платежни услуги има подружница или агент или непосредно дава платежни услуги;
27. **„Единствен даночен број"** е дефиниран согласно со Законот за даночна постапка;
28.**„Единствена идентификациска ознака"** е комбинација на букви, бројки или симболи која давателот на платежни услуги му ја одредува на корисник на платежни услуги и која при извршување на платежна трансакција задолжително се наведува заради негова недвосмислена идентификација или на неговата платежна сметка од страна на друг корисник на платежни услуги;
29.**„Единствен регистар на сметки"** е национален, централизиран и електронски систем на информации и податоци за денарските и девизните платежни, депозитни или други сметки, вклучувајќи ги и платните инструменти поврзани со нив, за издадените сефови, како и за идентитетот на сопствениците на сметките и сефовите, на вистинските сопственици, на законските застапници и/или лицата што се овластени за работење со истите;

30. **„Електронска комуникациска мрежа"** е дефинирана согласно со Законот за електронските комуникации;
31.**„Електронска комуникациска услуга"** е дефинирана согласно со Законот за електронските комуникации;
32. **„Електронска пошта"** е секоја електронска порака која содржи информации во форма на текст, глас, видео, звук или слика, што е пратена преку електронска комуникациска мрежа и којашто може да биде зачувана во мрежата или на поврзани компјутерски уреди или да се зачува на терминалната опрема на примачот на пораката;
33. **„Електронска платежна трансакција"** е платежна трансакција иницирана и извршена на начин којшто вклучува користење електронска платформа или уред и не вклучува платежни трансакции дадени во хартиена форма или инструкции дадени по пошта или телефон;
34. **„Електронски временски жиг"** е дефиниран согласно со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги;
35.**„Електронски потпис"** е дефиниран согласно со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги;
36.**„Електронски пари"** е парична вредност којашто се чува во електронски облик, вклучувајќи и магнетски облик, издадена врз основа на прием на парични средства за цели на извршување на платежни трансакциии, која е прифатена како средство за плаќање од страна на физичко или правно лице, различни од издавачот на електронски пари и која претставува парично побарување од издавачот на електронски пари;
37.**„Електронски систем за присилна наплата"** е систем преку кој извршителите и надлежните органи согласно со закон доставуваат платни налози за присилна наплата до давателите на платежни услуги на коишто Народната банка на Република Северна Македонија им доделила водечки број, а давателите на платежни услуги разменуваат меѓусебно информации за целите на присилна наплата и ги известуваат извршителите и надлежните органи согласно со закон за статусот на реализација на платните налози за присилна наплата;
38. **„Заедничко користење на брендови"** (анг. co-branding) е вклучување на најмалку еден платежен бренд и најмалку еден општ бренд што не претставува платежен бренд на ист платен инструмент заснован на картичка;
39. **„Заедничко поставување на платежни брендови"** (анг. co-badging) е вклучување на два или повеќе платежни брендови или платежни апликации од ист платежен бренд на ист платен инструмент заснован на картичка;
40.**„Заменски надоместок"** (анг. interchange fee) е надоместок којшто, непосредно или посредно, преку трета страна, се пресметува и плаќа за секоја платежна трансакција заснована на картичка од давателот на платежни услуги што врши прифаќање на платежни трансакции во корист на давателот на платежни услуги што го издал платниот инструмент заснован на картичка. Овој надоместок ја вклучува и нето компензацијата или друга слична договорена форма на награда;
41.**„Засилена автентикација"** е потврда на идентитетот преку употреба на најмалку два од следниве три меѓусебно независни елементи: знаење (нешто што само клиентот го знае), владение (нешто што само клиентот го поседува) и својственост (нешто што клиентот е), пришто нарушувањето на еден од елементите не влијае врз веродостојноста на останатите и се осмислени на начин што овозможува заштита на доверливоста на податоците кои се предмет на проверка на автентичност;

42. **„Издавање платни инструменти“** е платежна услуга на давателот на платежни услуги врз основа на договор со плаќачот за обезбедување на платен инструмент за иницирање и обработка на платежните трансакции направени од страна на плаќачот;
43. **„Инвестициско друштво“** е правно лице чијашто примарна дејност е давање на една или повеќе инвестициски услуги на трети лица и/или извршување на една или повеќе инвестициски активности на професионална основа согласно со закон;
44. **„Индиректен учесник во платен систем“** е дател на платежни услуги, инвестициско друштво, агент за порамнување, клириншка куќа, централна договорна страна, оператор на систем за порамнување на хартиите од вредност или оператор на платен систем, кој има склучено договор со учесник во платниот систем со кој му се овозможува да реализира налози за пренос преку платниот систем, под услов индиректниот учесник да му е познат на операторот на платниот систем;
45.**„Институција за електронски пари“** е трговско друштво кое добило дозвола за издавање на електронски пари согласно со овој закон;
46.**„Интегритет“** е својство на услугите поврзани со плаќањата или на корисничките сигурносни обележја што овозможува зачувување на точноста и комплетноста на средствата, вклучително и на податоците;
47. **„Интероперабилни системи“** се два или повеќе платни системи и/или системи за порамнување на хартии од вредност, чии оператори имаат меѓу себе склучено договори кои на учесниците во системите им овозможуваат налог за пренос внесен во еден систем да се изврши во друг систем;
48. **„Картична платежна шема“** (анг. payment card scheme) е единствен збир на правила, практики, стандарди и/или упатства за извршување на платежни трансакции засновани на картичка, а којашто е одвоена од каква било инфраструктура или платен систем што би ја поддржувале нејзината работа и којашто вклучува определен орган на одлучување, организација или субјект, што ја носат одговорноста за функционирањето на шемата;
49. **„Квалификувано учество“** е непосредно или посредно поседување на најмалку 10% од вкупниот број на акции или од издадените акции со право на глас или од уделот во платежна институција, институција за електронски пари или оператор на платен систем или учество кое овозможува да се оствари значително влијание врз управувањето со платежна институција, институција за електронски пари или оператор на платен систем;
50. **„Клиринг“** (анг. clearing) е пренос, усогласување и во одредени случаи потврдување на трансакциите пред нивното порамнување, коешто може да вклучи нетирање на овие трансакции и утврдување на конечните состојби за порамнување;
51. **„Клириншка куќа“** е правно лице одговорно за пресметување на нето позициите на учесниците во платен систем или учесниците во системот за порамнување на хартии од вредност, кое може да дејствува и како централна договорна страна и/или агент за порамнување;
52. **„Контрола“** е непосредно или посредно поседување на мнозински влог или мнозинство од правата на глас во друго правно лице или право да се назначува или разрешува мнозинството од членовите на органите на управување на друго правно лице или право да се остварува директно или индиректно значително влијание врз управувањето и донесувањето на политиките и финансиските и деловните одлуки на друго правно лице. За потребите на овој закон, се претпоставува остварување на значително влијание врз управувањето и одлучувањето, без исклучок, кога непосредно или посредно се поседуваат најмалку 20% од вкупниот број на акции или од уделот, односно се располага

со најмалку 20% од правата на глас во собранието на акционери или собирот на содружници на друго правно лице;
53. **„Корисник на платежни услуги"** е физичко или правно лице кое користи платежна услуга во својство на плаќач или примач или во двете својства;
54. **„Корисник на платежни услуги – должник"** е физичко или правно лице кое е наведено како должник во платниот налог за присилна наплата;
55. **„Кориснички сигурносни обележја"** се лични карактеристики кои давателот на платежни услуги му ги дава на корисникот на платежни услуги за целите на автентикација;
56.**„Користење услуги од надворешни лица"** (анг. outsorcing) е делумно или целосно пренесување на извршувањето оперативни функции поврзани со давањето платежни услуги или работењето на платен систем на надворешно лице што се прави врз основа на склучен договор во писмена форма меѓу платежна институција, институција за електронски пари или операторот на платен систем со надворешно лице коешто извршува оперативни функции поврзани со давањето платежни услуги или работењето на платен систем пришто, без таквото пренесување, овие оперативни функции би биле извршувани од страна на платежната институција, институцијата за електронски пари или операторот на платен систем;
57.**„Кредитен трансфер"** е платежна услуга со која плаќачот дава инструкции на давателот на платежни услуги којшто ја одржува неговата платежна сметка за извршување на платежна трансакција или серија на платежни трансакции со која се одобрува платежната сметка на примачот;
58.**„Лице со посебни права и одговорности во оператор на платен систем"** е физичко лице кое е член на надзорен одбор, член на управен одбор, член на одбор на директори, член на одбор за ревизија, член на одбор за управување со ризици, член на одбор за наградување и/или други одбори, како и други раководни лица во операторот на платниот систем определени со статутот на операторот;
59. **„Мандат"** е изразување согласност од страна на плаќачот и дадено одобрение на примачот и на давателот на платежни услуги на плаќачот (непосредно или посредно преку примачот), врз основа на што примачот може да иницира наплата на парични средства преку директно задолжување на конкретно наведената платежна сметка на плаќачот и со кои се овозможува давателот на платежните услуги на плаќачот да постапи согласно со таквата инструкција;
60. **„Матичен број на граѓанинот"** е дефиниран согласно со Законот за матичен број;
61.**„Матична држава – членка"** е држава - членка во која се наоѓа регистрираното седиште на давателот на платежни услуги, а доколку давателот на платежни услуги нема регистрирано седиште согласно со своето национално законодавство, тогаш тоа е државачленка во која е неговата централна управа;
62.**„Мерки кон субјектите на надзор"** се дејствија преземени од страна на Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Извршниот одбор) за отстранување на слабостите, неусогласеностите и/или непочитувањата на одредбите од овој закон во работењето на субјектите на надзор;
63.**„Мултилатерален заменски надоместок"** (анг. interchange fee) е заменски надоместок при платежните трансакции за директни задолжувања, што е предмет на уредување со договор склучен меѓу три или повеќе даватели на платежни услуги за формирање платежна шема за директни задолжувања;
64.**„Надворешно лице"** е физичко или правно лице на коешто врз основа на склучен договор со платежна институција, институција за електронски пари или оператор на платен

систем му е пренесено делумно или целосно извршувањето на оперативните функции поврзани со давањето платежни услуги или работењето на платен систем;

65.**„Надоместок од примачот на плаќањето"** (анг: merchant service charge) е надоместок што давателот на платежните услуги што врши прифаќање платежни трансакции го пресметува и наплатува од примачот на плаќањето, а во врска платежни трансакции засновани на картички;

66. **„Надоместок"** е сите трошоци и казни, доколку се предвидени, што потрошувачот ги платил или треба да ги плати на давателот на платежните услуги, за или во врска со услугите поврзани со платежната сметка;

67. **„Налог за пренос"** е секоја инструкција од учесникот во платниот систем и/или во системот за порамнување со хартии од вредност, да се стави на располагање на примачот на налогот износ на парични средства преку негово евидентирање на сметката на давател на платежни услуги, централна договорна страна или агент за порамнување или која било друга инструкција што резултира со преземање или подмирување на обврска за плаќање како што е дефинирано со правилата за работење на платниот систем или инструкција од овластен учесник на пазарот на хартии од вредност за пренос на сопственичко право или интерес во врска со една или повеќе хартии од вредност, преку негово евидентирање на сметка за хартии од вредност во регистар или друг соодветен начин;

68.**„Неактивна сметка"** е: 1) платежна сметка на потрошувач кај давател на платежни услуги на која непрекинато во период од најмалку 24 месеци не се извршени одливни платежни трансакции авторизирани од потрошувачот или приливни платежни трансакции, со исклучок на пресметката и плаќање/наплата на камата, и/или кои било други платежни трансакции коишто се извршени во корист на давателот на платежни услуги или во врска со која давателот на платежни услуги немал со потрошувачот или лицата што се овластени за работење со платежната сметка или неговиот законски застапник документирана писмена, електронска и/или снимена телефонска комуникација или 2) депозитна сметка во врска со која давателот на платежните услуги немал со потрошувачот или лицата што се овластени за работење со сметката или неговиот законски застапник документирана писмена, електронска и/или снимена телефонска комуникација, во непрекинат период од најмалку десет години;

69. **„Непрекинатост"** е својство на процесите, дејствијата и средствата потребни за вршење на услугите поврзани со плаќањата што овозможува потполна достапност и функционирање на однапред дефинирано прифатливо ниво на услугите поврзани со плаќањата;

70.**„Нетирање"** е претворање на побарувањата и обврските што произлегуваат од налози за пренос кои учесникот или учесниците ги издаваат на или ги добиваат од еден или повеќе други учесници, во едно нето побарување или една нето обврска што може или да се побарува или да се должи;

71. **„Нето компензација"** е вкупниот износ на паричните средства, попусти или други стимулации кои давателот на платежни услуги што го издал платниот инструмент ги прима од картичната платежна шема, давателот на платежни услуги кој што го прима плаќањето или од кој било друг посредник во врска со платежни трансакции засновани на картичка или други слични активности, намален за износот на паричните средства, попустите или други видови стимулации кои давателот на платежните услуги кој го издал платниот инструмент заснован на картичка ги дава на картичната платежна шема во врска со тие платежни трансакции и активности;

72.**„Одржување на платежна сметка"** е услуга на давателот на платежните услуги за водење платежна сметка која нема статус на неактивна платежна сметка, како би можела

истата да се користи од страна на корисникот на платежни услуги за целите на извршување на платежни трансакции;

73.**„Онлајн“** (анг. online) е можност за поврзување преку јавно достапна комуникациска мрежа, како што е интернет, со цел користење на одредена услуга;

74.**„Оперативен и сигурносен инцидент“** е единечен настан или серија поврзани настани, што не се планирани од страна на давателот на платежни услуги, а коишто имаат или веројатно ќе имаат негативно влијание врз интегритетот, доверливоста, расположливоста, автентичноста и/или непрекинатоста на услугите поврзани со плаќањата;

75.**„Оперативен ризик“** е ризик од загуби поради несоодветни или слаби интерни процеси, човечки ресурси или системи или поради надворешни настани, вклучувајќи го правниот ризик, како и ризикот од перење пари и финансирање на тероризмот;

76.**„Оперативна функција поврзана со давањето на платежните услуги“** е кој било процес, услуга или активност или нивните составни делови, што ги извршува давателот на платежните услуги или операторот на платен систем заради услугите поврзани со плаќањата или работењето на платниот систем;

77.**„Оператор на платен систем“** е правно лице кое е правно одговорно за управувањето и работењето на платниот систем, кое може да дејствува и како агент за порамнување, централна договорна страна или клириншка куќа;

78. **„Парична дознака“** е платежна услуга при која се примаат парични средства од плаќач, со цел соодветниот износ на парични средства да се пренесе на примачот или на друг давател на платежни услуги кој дејствува во име и за сметка на примачот и/или при која паричните средства се примаат во име и за сметка на примачот и му се ставаат на негово располагање, без да се отвори платежна сметка во име на плаќачот или примачот;

79. **„Парични средства“** се готовина (книжни и ковани пари), електронски пари или парични средства на сметки;

80.**„Пасивна каматна стапка“** е стапката по која се пресметува и плаќа камата на паричните средства што корисникот на платежни услуги ги чува на неговата платежна сметка;

81. **„Платежен бренд“** е материјален или дигитален назив, израз, знак, симбол или нивна комбинација со кои е можно да се означи картична платежна шема во рамки на која се извршуваат платежните трансакции засновани на картички;

82.**„Платежна апликација“** е компјутерски софтвер или еквивалент, ставен и/или вчитан на картичка, мобилен телефон, компјутер или каков било друг технолошки уред, којшто овозможува иницирање платежни трансакции засновани на картички и му овозможува на плаќачот да издава платни налози;

83. **„Платежна институција“** е трговско друштво кое добило дозвола да дава платежни услуги согласно со овој закон;

84. **„Платежна картичка“** е вид на платен инструмент кој му овозможува на плаќачот да иницира трансакција со дебитна или кредитна картичка и којшто може да се користи од имателот за плаќање на стоки и услуги и/или за повлекување и/или внесување готовина;

85. **„Платежна картичка со претплата (т.н. „припејд“ платежна картичка)“** е вид на платен инструмент на којашто се чуваат електронски пари;

86. **„Платежна сметка“** е сметката којашто ја одржува давател на платежни услуги на име на еден или повеќе корисници на платежни услуги и којашто се користи за извршување на платежни трансакции;

87. „**Платежна сметка со повторливи приливни кредитни трансфери по основ на личен доход“** е платежна сметка на која се пренесуваат парични средства по основ на

остварен доход од работа, доход од самостојна дејност, доход од авторски и сродни права, доход од продажба на сопствени земјоделски производи, доход од права од индустриска сопственост, доход од закуп и подзакуп и друг доход остварен во земјата и во странство за кој Управата за јавни приходи има евиденција дека данокот на доход е аконтативно пресметан и наплатен по одбивка во месечни или тримесечни износи и за која Управата за јавни приходи или Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија има сопствена евиденција врз основа на претходна регистрација на платежната сметка од страна на даночниот обврзник-сопственик на платежната сметка согласно со овој закон.";

88. **„Платежна трансакција"** е внесување, повлекување или пренос на парични средства иницирани од плаќачот или во име на плаќачот или од примачот, независно од обврските кои произлегуваат од односот помеѓу плаќачот и примачот;

89. **„Платежна трансакција со дебитна картичка"** е платежна трансакција заснована на картичка, вклучително и платежна трансакција со платежна картичка со претплата, којашто не претставува платежна трансакција заснована на кредитна картичка, притоа за износот на секоја платежна трансакција направена со употреба на дебитната картичка, веднаш или на крајот на однапред дефиниран период се намалува состојбата на расположливите парични средства на платежната сметка на корисникот на платежни услуги;

90. **„Платежна трансакција со кредитна картичка"** е платежна трансакција заснована на картичка, каде што износот на трансакцијата, делумно или целосно, се задолжува од плаќачот, на однапред договорен датум во месецот, врз основа на посебен договор за расположлив кредит склучен меѓу давателот на платежни услуги и корисникот на платежни услуги со кој се утврдува дали, со која стапка и на кој начин ќе се пресметува и наплатува камата за позајмениот износ;

91. **„Платежна трансакција заснована на картичка"** е услуга која се заснова на инфраструктура и правила за работењето на картичната платежна шема заради извршување на платежна трансакција со користење на која било картичка, телекомуникациски, дигитални или информатички уреди, што може да содржат соодветна платежна апликација и којашто резултира со извршување трансакција со дебитна картичка или кредитна картичка, освен платежна трансакција врз основа на други видови на платежни услуги;

92. **„Платежна трансакција преку средства за комуникација на далечина"** е платежна трансакција која е иницирана преку интернет или преку уред што може да се користи за комуникација на далечина;

93. **„Платежна шема"** е единствен збир на правила, практики, стандарди и/или упатства за извршување на платежни трансакции договорени меѓу давателите на платежните услуги, а коишто се одвоени од каква било инфраструктура или платен систем што би ја поддржувале нејзината работа;

94. **„Платен инструмент"** е персонализиран уред(и) и/или збир на постапки договорени помеѓу корисникот на платежни услуги и давателот на платежни услуги и кои се користат за иницирање платен налог;

95. **„Платен инструмент заснован на картичка"** е секој платен инструмент, вклучително картичка, мобилен телефон, компјутер или каков било друг технолошки уред што содржи соодветна платежна апликација коишто на плаќачот му овозможуваат иницирање платежна трансакција заснована на картичка, а која не е кредитен трансфер или директно задолжување;

96.**„Платен налог“** е секоја инструкција од плаќач или примач до својот давател на платежни услуги со која се бара извршување на платежна трансакција;
97.**„Платен налог за присилна наплата“** е платен налог од извршител или надлежен орган согласно со закон до давател на платежни услуги со кој се бара извршување на платежна трансакција врз основа на документ за присилна наплата;
98.**„Платен систем“** е систем за пренос на парични средства заснован на формални и стандардизирани договори и заеднички правила за обработка, клиринг и/или порамнување на налози за пренос помеѓу учесниците во системот;
99. **„Плаќање со пресметка“** е меѓусебно намирување на паричните обврски и побарувања помеѓу учесниците во платниот промет со компензација, асигнација, цесија, преземање на долг и други облици на меѓусебно намирување на обврски и побарувања;
100. **„Плаќач“** е физичко лице или правно лице кое има платежна сметка и се согласува за извршување на платен налог од таа сметка или во случај кога не постои платежна сметка, физичко лице или правно лице кое дава платен налог;
101. **„Подружница“** е правно лице контролирано од друго правно лице (матично друштво) и е надвор од регистрираното седиште на правното лице, односно доколку нема регистрирано седиште, надвор од местото во кое се наоѓаа централната управа. Правните лица кои се подружници на подружницата се сметаат за подружница на матичното друштво;
102. **„ Порамнување“** (анг. settlement) е пренос на парични средства на сметките за порамнување со цел исполнување на обврските меѓу учесниците во платните системи;
103. **„Посреднички давател на платежни услуги“** е давател на платежни услуги којшто не е давател на платежни услуги на плаќачот или давател на платежни услуги на примачот, а кој ги прима и пренесува паричните средства во име на давателот на платежни услуги на плаќачот, во име на давателот на платежни услуги на примачот или во име на друг посреднички давател на платежни услуги;
104. **„Потрошувач“** е физичко лице кое склучува договор за платежни услуги согласно со овој закон заради остварување на цели кои не се поврзани со вршењето на неговата дејност или професија;
105. **„Потрошувач со законско престојувалиште“** е секое физичко лице кое има пријавено живеалиште и/или престојувалиште во Република Северна Македонија согласно со закон, добиена дозвола за привремен или постојан престој согласно со закон, поднесено барање за признавање право на азил согласно со закон или важечки документи издадени од соодветен надлежен орган во Република Северна Македонија, а коишто не содржат податок за постојана адреса на живеење и/или престојувалиште;
106. **„Прекугранична платежна трансакција или прекугранична платежна услуга“** е платежна трансакција или платежна услуга во чиешто извршување, односно давање, само еден од давателите на платежните услуги, независно дали е на плаќачот или на примачот, е основан и работи во Република Северна Македонија;
107. **„Премолчено должничко салдо“** е премолчено прифаќање на пречекорување на тековното салдо на платежната сметка на корисникот на платежни услуги, пришто давателот на платежните услуги му става на располагање на корисникот на платежните услуги парични средства во износ што го надминува тековното салдо на сопствените парични средства на платежната сметка или ако е договорено дозволено пречекорување, го надминува и износот на дозволеното пречекорување;
108. **„Пренесување на платежна сметка или услуга за преносливост“** е спроведување на пренесување по барање на потрошувачот, од еден кон друг давател на платежни услуги на: информации за сите или определени трајни налози за кредитни

трансфери, повторливи директни задолжувања и повторливи приливни кредитни трансфери кои се извршуваат во корист или на товар на платежната сметка и/или на позитивното салдо на сопствените парични средства од една на друга платежна сметка, со или без затворање на платежната сметка од која се врши преносот;

109. **„Професионална компетентност"** поседува физичко лице доколку:

- има стекнато најмалку високо образование и
- има шест години работно искуство во областа на платежните услуги или платните системи, банкарството или други финансиски услуги или друга дејност или три години работно искуство како член на орган на управување или бил раководно лице во правно лице во некоја од овие дејности;

110. **„Примач"** е физичко или правно лице за кое се наменети паричните средства кои се предмет на платежната трансакција;

111. **„Прифаќање на платежни трансакции"** е платежна услуга која ја дава давателот на платежни услуги врз основа на договор со примачот за прифаќање и обработка на платежни трансакции, што резултира со пренос на парични средства кон примачот;

112. **„Просечен износ на издадени неискористени електронски пари"** е просечен вкупен износ на финансиските обврски на издавачот на електронски пари поврзани со издадените неискористени електронски пари со состојба на крајот од секој календарски ден во текот на претходните шест календарски месеци, пресметан на првиот календарски ден од секој календарски месец и кој се применува за истиот календарски месец;

113. **„ Работен ден"** е ден на кој давателот на платежни услуги на плаќачот или давателот на платежни услуги на примачот вклучен во извршување на платежна трансакција е отворен за работа како би се овозможило извршување на платежната трансакција или ден на кој платниот систем е отворен за работа согласно со период утврден со правилата за работа на платниот систем кој ги опфаќа сите настани за време на работниот циклус на овој систем, независно во кој период од денот и ноќта се случуваат порамнувањата.;

114. **„Расположливост"** е можност за достапност и непречено користење на услугите поврзани со плаќањата од страна на корисниците на платежните услуги;

115. **„Расположливи парични средства за присилна наплата"** се сите парични средства на сметките на корисникот на платежни услуги - должник кај давателот на платежни услуги, освен паричните средства на сметките со посебна намена кои се издвоени согласно со закон или пропис донесен врз основа на закон и паричните средства одобрени врз основа на договор за дозволено пречекорување со давателот на платежни услуги;

116. **„Регистар на платежни институции"** е јавна книга којашто ја води Народната банка на Република Северна Македонија во електронски облик и во којашто се содржани податоци за платежните институции, платежните институции со олеснет пристап, агентите на платежните институции и на платежните институции со олеснет пристап во Република Северна Македонија и за подружниците на платежните институции во држава - членка домаќин и/или во трета држава;

117. **„Регистар на институции за електронски пари"** е јавна книга којашто ја води Народната банка на Република Северна Македонија во електронски облик и во којашто се содржани податоци за институциите за електронски пари, институциите за електронски пари со олеснет пристап, агентите на институциите за електронски пари и на институциите за електронски пари со олеснет пристап во Република Северна Македонија и за подружниците на институциите за електронски пари во држава - членка домаќин и/или во трета држава;

118. **„Регистар на оператори на платни системи"** е јавна книга којашто ја води Народната банка на Република Северна Македонија во електронски облик и во којашто се содржани податоци за операторите на платни системи;
119. **„Репутација"** е чесност, компетентност, работливост и поседување личен интегритет и особини кои даваат сигурност дека лицето нема да влијае во насока на загрозување на стабилноста и сигурноста на платежната институција, институцијата за електронски пари и/или операторот на платен систем и дека нема да предизвика нарушување на угледот и довербата на јавноста во платежната институција, институцијата за електронски пари, операторот на платен систем и/или на платниот систем;
120. **„Референтен девизен курс"** е девизен курс кој се користи како основа за пресметување при валутна конверзија и којшто го става на располагање давателот на платежните услуги или којшто потекнува од јавно достапен извор;
121. **„Референтна каматна стапка"** е каматна стапка која се користи како основа за секое пресметување на камата и потекнува од јавно достапен извор и која може да биде проверена од двете договорни страни на договорот за платежни услуги;
122. **„Р-трансакција"** е платежна трансакција којашто не може да биде извршена правилно и точно од страна на давателот на платежните услуги или која предизвикува невообичаена обработка, меѓу другото причинета поради недостаток на парични средства, отповикување на платежната трансакција, погрешен износ или погрешен датум, нелегитимен мандат, погрешна или затворена платежна сметка (одбиена трансакција, отфрлена трансакција, вратена трансакција, отповикана трансакција, укината трансакција, трансакција за која е поднесено барање за откажување и трансакција со барање за поврат на парични средства), освен трансакција која е одбиена или не е извршена поради спроведувањето на мерки и дејствијата за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на давателите на платежните услуги;
123. **„Сигурносен ризик"** е ризик што произлегува од несоодветни или слаби интерни процеси или од надворешни настани коишто имаат или можат да имаат негативно влијание врз расположливоста, интегритетот и доверливоста на информациските системи и системите на комуникациска технологија и/или информациите што се користат за давање платежни услуги, вклучувајќи го и ризикот од напади од дигиталниот простор и несоодветната физичка сигурност;
124. **„Систем за порамнување на хартиите од вредност"** е формален договор помеѓу три или повеќе овластени учесници на пазарот на хартии од вредност, кои се правни лица, во кои не се вклучуваат операторот на системот, агентите за порамнување, централните договорни страни, клириншките куќи и индиректните учесници, со заеднички правила и стандардизирани договори за клиринг, независно дали клирингот е преку централна договорна страна или за извршување на налози за пренос помеѓу овластени учесници на пазарот на хартии од вредност;
125. **„Сметка за порамнување"** е сметка во Народната банка на Република Северна Македонија, во агентот за порамнување или во централната договорна страна која се користи за чување на парични средства или хартии од вредност и порамнување на трансакции помеѓу учесниците во платниот систем или во системот за порамнување на хартиите од вредност;
126. **„Соработник"** е физичко лице коешто заедно со физичко лице кое има намера да стекне квалификувано учество согласно со овој закон или заедно со физичко лице кое е предложено за управител, член на управен одбор или за извршен член на одбор на директори на платежна институција, институција за електронски пари или оператор на

платен систем директно или индиректно и/или преку договор, остварува контрола врз домашно или странско трговско друштво;

127. **„Средства за обезбедување“** се сите средства кои може да се впаричат, вклучувајќи ги, без ограничување, финансиското обезбедување дефинирано со закон, средствата ставени под залог (вклучувајќи и парични средства ставени под залог), реподоговор или сличен договор или добиени на поинаков начин, а за целите на обезбедување на правата и обврските кои потенцијално произлегуваат во врска со платен систем или со систем за порамнување на хартиите од вредност или кои било средства кои се дадени како обезбедување на Народната банка на Република Северна Македонија согласно со Законот за Народната банка на Република Северна Македонија;

128. **„Средство за комуникација на далечина“** е средство со кое може да се склучи договор за платежни услуги без истовремено физичко присуство на давателот на платежни услуги и корисникот на платежни услуги;

129. **„Субјект на надзор“** е кое било правно лице на кое Народната банка на Република Северна Македонија врши надзор над работењето согласно со овој закон;

130. **„Субјект што врши процесирање“** е кое било правно лице коешто врши активности за процесирање на платежни трансакции засновани на картички;

131. **„Траен медиум“** е секој инструмент кој му овозможува на корисникот на платежни услуги да ги зачува информациите кои се упатени лично до него на начин што овозможува да му бидат достапни во одреден временски период соодветен на целите на нивно користење и што дозволува непроменета репродукција на зачуваните информации;

132. **„Траен налог“** е инструкција дадена од плаќачот на давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка, за извршување на кредитни трансфери во редовни временски интервали или на однапред утврдени датуми;

133. **„Трезор“** е организациона единица во рамки на Министерството за финансии на Република Северна Македонија која врз основа на посебен пропис управува со системот на трезорска сметка, обезбедува услуги за буџетските корисници и врши други работи утврдени со закон;

134. **„Трезорот на Фондот“** е организациона единица во рамки на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија која врз основа на посебен пропис управува со системот на здравствената трезорска сметка, обезбедува услуги за јавни здравствени установи и врши други работи утврдени со закон;

135. **„Трезорска сметка“** е платежна сметка која се води во Народната банка на Република Северна Македонија и која содржи систем на платежни сметки управувани од Трезорот преку кои се евидентираат приливи и одливи за буџетските корисници;

136. **„Здравствена трезорска сметка“** е платежна сметка која се води во Народната банка на Република Северна Македонија и која содржи систем на платежни сметки управувани од Трезорот на Фондот преку кои се евидентираат приливи и одливи за јавните здравствени установи;

137. **„Трета држава“** е секоја држава до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија, а по пристапувањето секоја држава која не е државачленка;

138. **„Тристрана картична платежна шема“** е картична платежна шема во којашто самата картична платежна шема дава услуги на прифаќање на платежни трансакции и услуги на издавање платежни картички, а платежните трансакции засновани на картичка се вршат од платежната сметка на плаќачот кон платежната сметка на примачот во рамките на таа шема, освен во случаите кога тристраната картична платежна шема овластила некој друг давател на платежни услуги за издавање платни инструменти засновани на картичка

и/или прифаќање на платежни трансакции засновани на картичка или ги издава платните инструменти засновани на картичка заедно со договорен партнер преку заедничко користење на брендови или ги издава преку застапник, кога се смета дека е четиристрана картична платежна шема;
139. **„Услуга за давање информации за платежните сметки"** е онлајн услуга за давање збирни информации за една или повеќе платежни сметки на корисникот на платежните услуги што се одржуваат кај еден или повеќе други даватели на платежни услуги;
140. **„Услуга за заштита на довербата при електронските трансакции"** е дефинирана согласно со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги;
141. **„Услуга за иницирање плаќање"** е услуга за иницирање платен налог на барање на корисник на платежните услуги од негова платежна сметка која ја одржува друг давател на платежни услуги;
142. **„Услуги поврзани со платежната сметка"** се сите услуги што се поврзани со отворањето, одржувањето и затворањето на платежната сметка, вклучително и платежни трансакции од членот 3 став (1) точка 7 од овој закон, како и договореното дозволено пречекорување и премолченото должничко салдо;
143. **„Услуги поврзани со плаќањата"** се сите платежни услуги наведени во членот 8 од овој закон, вклучително и сите дејствија на техничка поддршка неопходни за точно вршење на платежните услуги;
144. **„Филијала"** е организациона единица на платежната институција, односно институцијата за електронски пари, без својство на правно лице и која непосредно ги извршува дел или сите платежни услуги кои се дел од работењето на платежната институција, односно институцијата за електронски пари, настапувајќи во правниот промет во нивно име и за нивна сметка;
145. **„Централна договорна страна"** е правно лице кое делува меѓу учесниците во платен систем или меѓу учесниците во систем за порамнување на хартиите од вредност како ексклузивна договорна страна на учесниците во однос на извршувањето на нивните налози за пренос;
146. **„Четиристрана картична платежна шема"** е картична платежна шема во која платежните трансакции засновани на картичка се вршат од платежната сметка на плаќачот кон платежната сметка на примачот со посредство на таа шема, давателот на платежните услуги што ја издал платежната картичката (на страната на плаќачот) и давателот на платежните услуги што врши прифаќање платежни трансакции (на страната на примачот);
147. **„Чувствителни податоци за плаќања"** се податоци, вклучително и кориснички сигурносни обележја, коишто можат да се употребат за извршување на измама, освен податоците за името на сопственикот, законскиот застапник и/или лицата што се овластени за работење со платежната сметка, како и бројот на платежната сметка при вршење на услугите за иницирање плаќање и услугите за давање информации за платежните сметки.
(2) Поимите коишто се употребуваат во овој закон во однос на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги и Националната платформа за интероперабилност чиешто значење не е дефинирано во ставот (1) на овој член имаат значење утврдено со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги и Законот за електронско управување и електронски услуги.

## Услуги и платежни трансакции на кои не се применуваат одредбите од законот

**Член 3**

(1) Одредбите од деловите втори, трети, четврти и петти од овој закон не се применуваат на:

1) платежни трансакции што се извршуваат исклучиво со готовина, непосредно од плаќачот на примачот, без вклучување на посредник;

2) платежни трансакции помеѓу плаќачот и примачот преку комерцијален застапник, кој врз основа на договор со плаќачот или со примачот, е овластен да преговара и склучува договори за купопродажба на стоки или услуги во име само на плаќачот или во име само на примачот;

3) професионален физички транспорт на книжни и ковани пари, вклучувајќи го и нивното собирање, обработка и испорака;

4) платежни трансакции поврзани со непрофесионално собирање и испорака на готовина во рамките на непрофитна или добротворна дејност;

5) услуги кај коишто примачот на плаќањето му дава готовина на плаќачот како дел од платежна трансакција, по изречно барање на корисникот на платежни услуги дадено непосредно пред извршувањето на платежната трансакција во рамки на плаќање при купување на стоки или услуги;

6) менувачко работење што се состои од купување и продавање на странска за домашна готовина при што готовината не се чува на платежна сметка;

7)платежни трансакции засновани на кој било од следниве исправи што се поднесени за исплата на давателот на платежните услуги, со намена да се стават на располагање парични средства на примачот на плаќањето, освен каде што со овој закон не е поинаку уредено:

а) хартиени чекови и хартиени меници согласно со Законот за чек и Законот за меница;

б) странски хартиени чекови што се во согласност со Женевската конвенција од 19 март 1931 година која се однесува на еднообразен закон за чековите, како и хартиени чекови уредени со закони на странски земји што не се странки на Женевската конвенција од 19 март 1931 година, а кои по својата содржина и дејство се слични на оние од потточка а) од оваа точка;

в) странски хартиени меници што се во согласност со Женевската конвенција од 7 јуни 1930 година која се однесува на еднообразен закон за трасирани меници и сопствени меници, како и хартиени меници уредени со закони на странски земји што не се странки на Женевската конвенција од 7 јуни 1930 година, а кои по својата содржина и дејство се слични на оние од потточка а) од оваа точка;

г) хартиени ваучери;

д) хартиени патнички чекови;

ѓ) хартиени поштенски упатници дефинирани од Светскиот поштенски сојуз.

8) платежни трансакции извршени во рамките на платен систем или систем за порамнување на хартиите од вредност помеѓу агентите за порамнување, централните договорни страни, клириншките куќи и/или централните банки и другите учесници во системот, како и платежните трансакции во врска со учеството во платните системи или системите за порамнување на хартии од вредност што се извршуваат меѓу учесниците во тие системи и давателите на платежни услуги кои не се учесници во системите, без да се доведува во прашање примената на членот 135 од овој закон;

9) платежни трансакции кои произлегуваат од старателски и слични услуги со хартии од вредност, вклучувајќи ја исплатата на дивиденди, камати и други исплати врз основа на правата кои произлегуваат од хартиите од вредност и платежните трансакции во врска со

откуп или продажба на хартии од вредност, ако таквите трансакции се вршат од страна на лице од точка 8 од овој став или друго лице кое во согласност со прописите врши инвестициски услуги, професионално управување со инвестициски средства, услуги за сметка на инвестициски фондови или пензиски фондови, како и услуги на чување на имот или старателски услуги за хартии од вредност во сопственост на нивните клиенти;

10) услуги обезбедени од страна на лица што даваат технички услуги кои го поддржуваат давањето на платежните услуги, без да влезат во било кое време во владение на паричните средствата кои треба да бидат предмет на трансакцијата, вклучувајќи ги услугите за обработка и чување на податоци, услугите за заштита на довербата при електронски трансакции и услугите за заштита на приватноста, услугите на автентикација на податоците и лицата, услуги за обезбедување на информатичка технологија и комуникациска мрежа, услуги за обезбедување и одржување на терминали и уреди што се користат за давање на платежни услуги, а исклучувајќи ги услугите за иницирање на плаќања и услугите за давање информации за платежните сметки;

11) услуги врз основа на платни инструменти, вклучително и доколку на овие платни инструменти се чуваат електронски пари, коишто можат да се користат само на ограничен начин, а кои исполнуваат еден од следниве услови:

а) инструментите му овозможуваат на имателот да стекнува стоки или услуги само во просториите на издавачот или во ограничена мрежа на даватели на услуги кои имаат непосредно склучен трговски договор со издавачот на инструментите;

б) инструменти кои може да се користат само за стекнување многу ограничен опсег на стоки или услуги;

в) инструменти важечки само на територијата на Република Северна Македонија, издадени на барање на правно лице или на субјект од јавниот сектор и уредени од страна на орган на државна управа или орган на единиците на локална самоуправа, за социјални или даночни цели, за стекнување на определени стоки или услуги од добавувачи кои имаат склучен договор со издавачот на инструментот;

12) платежни трансакции, вклучувајќи ги и платежните трансакции со електронски пари, кои се извршуваат преку оператор на електронски комуникациски мрежи или давател на електронски комуникациски услуги, кои на претплатникот на мрежата или услугата му се даваат како дополнување на електронските комуникациски услуги, независно дали претплатникот на мрежата или услугата однапред или отпосле ги уплатува средствата на давателот на електронската комуникациска мрежа или на услуга под услов, износот на поединечната платежна трансакција од потточките а) или б) на оваа точка да не надминува 3.000 денари или соодветна противвредност во други валути и вкупниот месечен износ на платежни трансакции на поединечен претплатник да не надминува 18.000 денари или соодветна противвредност во други валути и тоа за:

а) за купување на дигитални содржини и гласовни услуги, без разлика на уредот што се користи за купување или за трошење на дигиталната содржина, а што се наплаќаат преку достава на соодветна сметка или фактура до претплатникот или

б) се извршуваат со или преку електронски уред, за добротворни цели или за купување влезни билети, а се наплатуваат заедно со електронските комуникациски услуги преку достава на соодветна сметка или фактура до претплатникот;

13) платежни трансакции извршени меѓу давателите на платежни услуги, нивните агенти или подружници за нивна сопствена сметка;

14) платежни трансакции и со нив поврзани услуги извршени меѓу матичното друштво и подружницата или меѓу подружниците на истото матично друштво, без посредување на

давател на платежни услуги, освен на давател на платежни услуги кој припаѓа на истата група на поврзани друштва;
15) услуги за повлекување готовина преку банкомати кои ги нудат даватели на услуги кои дејствуваат во име на еден или повеќе издавачи на платежни картички, при што овие даватели на услуги не се договорна страна во рамковниот договор со корисникот на платежни услуги кој повлекува готовина од својата платежна сметка и не спроведуваат други платежни услуги од членот 8 од овој закон, но тие имаат обврска да го информираат корисникот на платежни услуги за сите надоместоци за повлекувањето готовина пред извршување на платежната трансакција за повлекување готовина, согласно со членовите 45, 49, 51 и 52 од овој закон, како и при повлекувањето готовина, на потврдата што се издава на крајот од трансакцијата.
(2) За платежни трансакции што се извршуваат исклучиво со готовина, непосредно од плаќачот на примачот, без вклучување на посредник, од ставот (1) точка 1) на овој член се применува одредбата од членот 77 став (5) од овој закон.
(3) Издавачот на платните инструменти којшто ги извршува услугите од ставот (1) точка 11) потточки а) и/или б) на овој член за кои вкупната вредност на платежните трансакции што се извршени врз основа на овие услуги, во текот на претходните 12 месеци надминува износ од 60.000.000 денари е должен да ја извести Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка), со опис на понудените услуги и објаснување за исполнетоста на соодветниот услов за исклучување што се применува за овие услуги.
(4) Извршниот одбор врз основа на известувањето од ставот (3) на овој член и врз основа на критериумите од ставот (1) точка 11) потточки а) и б) на овој член ја оценува исполнетоста на условите за ограниченоста на мрежата од ставот (1) точка 11) потточка а) на овој член или ограниченоста на опсегот на стоките или услугите од ставот (1) точка 11) потточка б) на овој член и во рок од 90 дена од денот на добивање на известувањето го известува издавачот на платните инструменти, дека:
1) може да продолжи со издавање на платни инструменти или
2) треба да поднесе барање за добивање дозвола за давање платежни услуги согласно со овој закон во рок не подолг од 180 дена доколку утврди дека платните инструменти не го исполнуваат условот за исклучување од ставот (1) точка 11) потточки а) или б) на овој член.
(5) Извршниот одбор при спроведувањето на оцената од ставот (4) на овој член се раководи од потребата за заштитата на интересите на потрошувачите, како и на другите даватели на платежни услуги кои не треба да бидат доведени во понеповолна положба од издавачот на платните инструменти од ставот (3) на овој член.
(6) Оператор на електронски комуникациски мрежи или давател на електронски комуникациски услуги е должен да ја извести Народната банка за услугите кои ги нуди од ставот (1) точка 12 на овој член, а најдоцна до крајот на првото полугодие од тековната година да достави до Народната банка мислење од независен ревизор со коешто се потврдува дека во претходната година е исполнет условот за исклучување определен со ставот (1) точка 12 на овој член.
(7) Доколку условот за исклучување од ставот (1) точка 12 на овој член не е исполнет, операторот на електронски комуникациски мрежи или давателот на електронски комуникациски услуги, треба да поднесе барање за добивање дозвола за давање платежни услуги согласно со овој закон, во рок не подолг од 180 дена.

(8) Советот на Народната банка со подзаконски акт поблиску ги пропишува начинот на известување од ставови (3) и (6) на овој член, како и оценувањето на исполнетоста на условите од ставот (1) точка 11 на овој член.

## Известување на Европско банкарско тело

### Член 4

Народната банка го известува Европското банкарско тело за услугите за кои добила известување согласно со членот 3 ставови (4) и (6) од овој закон во кое наведува според кој исклучок од членот 3 став (1) точки 11 и 12 од овој закон се врши активноста.

## Супсидијарна примена на други закони

### Член 5

(1) Во постапката на донесување на решенија во согласност со одредбите од овој закон, соодветно се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, освен ако со Законот за Народната банка на Република Северна Македонија или со овој закон не е поинаку уредено.

(2) Поднесувањето на барањата и/или известувањата до Народната банка и доставувањето на решенијата, дозволите, известувањата и/или согласностите од Народната банка до лицата за кои се однесуваат истите, како и во постапките на обезбедување на документи, податоци и/или информации од страна на Народната банка од надлежни органи кои даваат админстративни услуги се врши преку Националниот портал за електронски услуги и Националната платформа за интероперабилност и соодветно се применуваат одредбите од Законот за електронско управување и електронски услуги.

(3) За сѐ што не е уредено со овој закон во однос на засновување на договорните односи се применуваат одредбите на Законот за облигационите односи.

(4) За правата и должностите на корисниците на платежни услуги кои се потрошувачи и на давателите на платежните услуги се применуваат и одредбите на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити, Законот за заштита на потрошувачи и Законот за давање на финансиски услуги на далечина.

(5) На платежните институции, институциите за електронски пари и операторите на платните системи се применуваат одредбите на Законот за трговските друштва, доколку со овој закон не е поинаку уредено.

(6) Доколку со овој закон не е поинаку уредено на стечајната постапка на платежните институции, институциите за електронски пари, операторите на платните системи и учесниците во платните системи се применуваат одредбите од Законот за стечај освен одредбите за реорганизација и лично управување.

(7) За се што не е уредено со овој закон во однос на присилно извршување се применуваат одредбите на Законот за извршување.

(8)За се што не е уредено со овој закон во однос на прекршоците се применуваат одредбите на Законот за прекршоците.

## Забрана за давање платежни услуги и издавање електронски пари без дозвола

**Член 6**

(1)Физичко лице или правно лице кое нема добиено дозвола да дава платежни услуги и/или не е впишано во Регистарот на платежни институции согласно со одредбите од овој закон, не смее да дава платежни услуги, освен доколку не е опфатено со исклучоците од членот 3 од овој закон.

(2) Физичко лице или правно лице кое нема добиено дозвола за издавање електронски пари согласно со одредбите од овој закон не смее да издава електронски пари, освен доколку не е опфатено со исклучоците од членот 3 од овој закон.

**Забрана за користење на зборови во име на трговско друштво**

**Член 7**

(1)Зборовите: „давател на платежни услуги", „платежна институција", „платен инструмент", „платежни услуги", „електронски пари", „институција за електронски пари", „платен систем", „централна договорна страна", „агент за порамнување" и/или „клириншка куќа" или од нив изведени зборови, независно дали се на македонски јазик или на други јазици, не смеат да се употребуваат во името на трговско друштво или друго правно лице и нивните организациони делови, ако трговското друштво нема добиено дозвола за давање платежни услуги или за издавање електронски пари или за оператор на платен систем издадена од Извршниот одбор.

(2) Трговско друштво или друго правно лице и нивните организациони делови со име кое упатува на „давател на платежни услуги", „платежна институција", „платен инструмент", „платежни услуги", „електронски пари", „институција за електронски пари", „платен систем", „агент за порамнување" и/или „клириншка куќа", а нема добиено дозвола за давање платежни услуги или за издавање електронски пари или за оператор на платен систем издадена од Извршниот одбор, не може да биде запишано во Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица што се води во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

## Дел втори

## ПЛАТЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ И ИНСТИТУЦИИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ПАРИ

### Глава I
### Платежни услуги, даватели на платежни услуги и издавачи на електронски пари

**Платежни услуги**

**Член 8**

Платежни услуги во смисла на овој закон се:

1) услуги кои овозможуваат внесување готовина на платежна сметка, како и сите активности поврзани со отворање, одржување и затворање на таа сметка;

2) услуги кои овозможуваат повлекување готовина од платежна сметка, како и сите активности поврзани со отворање, одржување и затворање на таа сметка;

3) извршување на платежни трансакции, вклучувајќи пренос на парични средства на платежна сметка кај давателот на платежни услуги на корисникот на платежни услуги или кај друг давател на платежни услуги:

а) извршување на директни задолжувања, вклучувајќи еднократни директни задолжувања;

б) извршување на платежни трансакции со платежни картички или слични телекомуникациски, дигитални или информатички уреди и

в) извршување на кредитни трансфери, вклучувајќи трајни налози.

4) извршување на платежни трансакции кај коишто паричните средства се обезбедени со кредитна линија за корисникот на платежни услуги:

а) извршување на директни задолжувања, вклучувајќи еднократни директни задолжувања;

б) извршување на платежни трансакции со платежни картички или слични телекомуникациски, дигитални или информатички уреди и

в) извршување на кредитни трансфери, вклучувајќи трајни налози.

5) издавање платни инструменти и/или прифаќање платежни трансакции;

6) парични дознаки;

7) услуги за иницирање на плаќања и

8) услуги за давање информации за платежните сметки.

## Даватели на платежни услуги и издавачи на електронски пари

### Член 9

(1) Даватели на платежни услуги во смисла на овој закон се:

1)банка согласно со закон со кој се уредува основањето и работењето на банките;

2) штедилница согласно со закон со кој се уредува основањето и работењето на штедилниците;

3) филијала на странска банка согласно со законот со кој се уредува основањето и работењето на банките;

4) банка од држава-членка која отворила филијала или директно врши финансиски активности во Република Северна Македонија согласно со законот со кој се уредува основањето и работењето на банките;

5) платежна институција која добила дозвола за давање платежни услуги од Извршниот одбор согласно со овој закон;

6) платежна институција од држава - членка која отворила филијала или директно дава платежни услуги во Република Северна Македонија согласно со овој закон;

7) институција за електронски пари која добила дозвола за издавање електронски пари од Извршниот одбор согласно со овој закон;

8) институција за електронски пари од држава - членка која отворила филијала или директно издава електронски пари во Република Северна Македонија согласно со овој закон;

9) Народната банка, кога не дејствува со монетарни овластувања согласно со закон со кој се уредува нејзината организација и работа;

10) Трезорот;

11)Трезорот на Фондот и

12) Европската Централна банка и централни банки од држави - членки на Европската Унија, кога не дејствуваат со монетарни овластувања.

(2) Издавачи на електронски пари во смисла на овој закон се:
1) банка согласно со закон со кој се уредува основањето и работењето на банките;
2)штедилница согласно со закон со кој се уредува основањето и работењето на штедилниците;
3) филијала на странска банка согласно со закон со кој се уредува основањето и работењето на банките;
4) банка од држава - членка на Европската Унија која отворила филијала или директно врши финансиски активности во Република Северна Македонија согласно со закон со кој се уредува основањето и работењето на банките;
5) институција за електронски пари која добила дозвола за издавање електронски пари од Извршниот одбор согласно со овој закон;
6)институција за електронски пари од држава - членка на Европската Унија која отворила филијала или директно издава електронски пари во Република Северна Македонија согласно со овој закон;
7) Народната банка, кога не дејствува со монетарни овластувања согласно со Законот за Народната банка на Република Северна Македонија и
8) Европската Централна банка и централни банки од држави - членки на Европската Унија, кога не дејствуваат со монетарни овластувања.

## Пристап на платежни институции и институции за електронски пари до платежни сметки кај банки и штедилници

### Член 10

(1) Давателот на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1, 2, 3 и 4 од овој закон обезбедува објективни, пропорционални и недискриминаторски услови за отворање и користење на платежни сметки за платежни институции или институции за електронски пари кои ќе овозможат непречено и ефикасно давање платежни услуги од страна на платежните институции, односно издавање електронски пари и/или давање платежни услуги од страна на институциите за електронски пари.
(2) Доколку давателот на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1, 2, 3 и 4 од овој закон одбие барање за отворање и користење платежни сметки на платежна институција или институција за електронски пари е должен веднаш, но не подоцна од три работни дена по одбивањето, да ја извести Народната банка во писмена форма со образложение за причините за одбивањето.
(3) Доколку Народната банка оцени дека причините за одбивањето на барањето од ставот (2) на овој член се неоправдани, му наложува на давателот на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1, 2, 3 и 4 од овој закон да и дозволи на платежната институција, односно на институцијата за електронски пари отворање и користење на платежна сметка.

## Услуги и дејности што може да ги врши платежна институција и институција за електронски пари

### Член 11

(1)Платежната институција ги дава платежните услуги од членот 8 од овој закон што се наведени во дозволата издадена од Извршниот одбор.
(2) Платежната институција, покрај давањето платежни услуги од членот 8 од овој закон, може да врши и:
1) давање оперативни и сродни помошни услуги кои се поврзани со давањето на платежните услуги, како што се овозможување на извршување на платежните трансакции, услуги на валутна конверзија и услуги на складирање, чување и обработка на податоци;
2) дејност на оператор на платен систем согласно со Дел петти од овој закон и
3) други дејности кои не претставуваат платежни услуги и не се опфатени со точките 1 и 2 од овој став.
(3) Институцијата за електронски пари, покрај издавањето електронски пари, може да врши и:
1) давање платежни услуги од членот 8 од овој закон наведени во дозволата издадена од Извршниот одбор;
2) давање оперативни и сродни помошни услуги кои се поврзани со издавањето на електронските пари и/или со давањето на платежните услуги од точка 1 на овој став, како што се овозможување на извршувањето на платежните трансакции, купопродажбата на девизи на девизен пазар согласно со законот со кој се уредува девизното работење и услуги на складирање, чување и обработка на податоци;
3) дејност на оператор на платен систем согласно со Дел петти од овој закон и
4) други дејности кои не претставуваат издавање електронски пари или давање платежни услуги и не се опфатени со точки 1, 2 и 3 од овој став.
(4)Платежната институција, односно институцијата за електронски пари, во рок од 30 дена пред да започне да врши дејност од став (2) точки 1 и/или 3, односно став (3) точки 2 и/или 4 на овој член, е должна да ја извести Народната банка за влијанието на новите дејности врз нејзината финансиска состојба, организациската структура, системот на внатрешни контроли и системот за заштита на средствата на корисниците на платежните услуги.
(5) Платежната институција, односно институцијата за електронски пари, доколку планира да започне да врши дејност од ставот (2) точка 2, односно ставот (3) точка 3 на овој член, е должна при доставување на барањето за добивање дозвола од членот 138 став (2) од овој закон да приложи и оценка за влијанието на дејноста која планира да ја започне врз нејзината финансиска состојба, организациската структура, системот на внатрешни контроли и системот за заштита на средствата на корисниците на платежните услуги.
(6) Народната банка оценува дали вршењето на дејност од ставот (2), односно ставот (3) на овој член ја нарушува или може да ја наруши стабилноста и сигурноста на платежната институција, односно институцијата за електронски пари или да ја оттежне можноста на Народната банка да ги следи работењето и усогласеноста на платежната институција, односно институцијата за електронски пари со условите утврдени со овој закон и наложува мерка кон субјекти на надзор од членот 166 став (5) од овој закон.

**Кредитна линија**

**Член 12**

(1) Кредитна линија во смисла на овој закон е договорен однос меѓу давателот на платежни услуги и корисникот на платежни услуги со кој се утврдува расположливиот износ на кредит

кој корисникот на платежни услуги може да го користи за извршување на платежни трансакции.
(2) Платежна институција, односно институција за електронски пари одобрува кредитна линија во врска со платежните услуги од членот 8 став (1) точки 4 и 5 на овој закон, ако:
1) кредитната линија е помошна и одобрена исклучиво заради извршување на платежни трансакции;
2) кредитот одобрен при давање платежни услуги на територијата на држава членкасе отплаќа во рок не подолг од 12 месеци;
3) кредитната линија не се одобрува од паричните средства кои се примени или се чуваат заради извршување платежни трансакции, ниту од паричните средства примени во замена за издадени електронски пари кои се чуваат согласно со членот 32 на овој закон и
4) сопствените средства на платежната институција, односно институцијата за електронски пари постојано се во износ определен согласно со членовите 29 и 30 од овој закон и се соодветни на вкупниот износ на одобрените кредитни линии.
(3) При склучување и реализацијата на договорот за кредитна линија соодветно се применуваат одредбите од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити.

## Издавање и откуп на електронски пари

### Член 13

(1) Издавачот на електронски пари од членот 9 став (2) од овој закон е должен веднаш да издаде електронски пари во износ еднаков на номиналната вредност на примените парични средства.
(2) Издавачот на електронски пари од членот 9 став (2) од овој закон е должен на барање на имателот на електронските пари во секое време по номинална вредност да ја откупи паричната вредност на електронски пари кои имателот ги поседува.

## Платежни сметки кај платежни институции и институции за електронски пари

### Член 14

Платежната институција, односно институцијата за електронски пари, која дава платежни услуги од членот 8 од овој закон може да отвора и одржува само платежни сметки кои се користат за извршување платежни трансакции.

## Забрана за прибирање на депозити и други повратни извори на средства

### Член 15

(1) Платежната институција, односно институцијата за електронски пари не смее да прибира депозити или други повратни извори на средства од јавноста во смисла на одредбите на законот со кој се уредува работењето на банките, ниту да рекламира вршење на таква финансиска активност.
(2) Паричните средства кои платежната институција ги прима од корисниците на платежните услуги заради давање платежни услуги, не се депозити или други повратни извори на средства од јавноста.

(3) Паричните средства кои институцијата за електронски пари ги прима заради издавање електронски пари не се депозити или други повратни извори на средства во смисла на одредбите на законот со кој се уредува основањето и работењето на банките.
(4) Издавачот на електронски пари не смее да пресметува и да исплатува камата или да нуди каква било друга корист поврзана со временскиот период во текот на кој имателот на електронски пари ги поседува електронските пари.
(5) Платежната институција е должна во рамковните договори склучени со корисниците на платежни услуги јасно да обелодени дека паричните средства примени заради давање платежни услуги не се сметаат за депозити или други повратни извори на средства од јавноста.
(6) Институцијата за електронски пари е должна во рамковните договори склучени со имателите на електронски пари јасно да обелодени дека паричните средства примени заради издавање електронски пари не се сметаат за депозити или други повратни извори на средства од јавноста.

## Глава II
## Дозвола за давање платежни услуги и издавање електронски пари и решение за упис во регистар

### Барање за добивање дозвола и барање за упис во регистар

### Член 16

(1) Трговско друштво основано во Република Северна Македонија, кое има намера да дава една или повеќе платежни услуги од членот 8 став (1) точки 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој закон, односно да издава електронски пари, до Народната банка поднесува барање за добивање дозвола за давање платежни услуги односно дозвола за издавање електронски пари (во натамошниот текст на оваа глава: подносител на барање).
(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член подносителот на барањето ги доставува следниве документи, податоци и/или информации:
1) доказ дека е запишано во Трговскиот регистар што се води кај Централниот регистар на Република Северна Македонија, кој до денот на поднесување на барањето не треба да биде постар од 30 дена;
2) акт за основање на трговското друштво;
3) адреса на седиштето на трговското друштво;
4) доказ дека трговското друштво располага со почетен капитал согласно со членот 28 ставови (1), (2) и (4) од овој закон и доказ за изворите на средства од кои е обезбеден почетниот капитал;
5) програма за работа со прецизен опис на видовите на платежни услуги од членот 8 од овој закон кои трговското друштво има намера да ги дава, односно опис на издавањето на електронските пари и работењето со нив;
6) деловен план со проекција на финансиските извештаи и проектиран обем и вредност на платежните трансакции, како и за други дејности што не претставуваат платежни услуги што ги врши или би ги вршел, за првите три години од деловното работење, врз основа на кој може да се заклучи дека трговското друштво ќе обезбеди исполнување на соодветни организациски, кадровски и технички услови за стабилно и безбедно работење;

7) начин за заштита на паричните средства на корисниците на платежни услуги во согласност со членовите 31 и 32 од овој закон, освен за трговското друштво кое има намера да дава исклучиво платежни услуги од членот 8 став (1) точка 7 од овој закон;
8) систем на управување со јасно дефинирани овластувања и одговорности и системите на внатрешна контрола, вклучувајќи ги и административните процедури, внатрешните процедури за управување со ризици и сметководствените процедури;
9) процедури за следење, решавање и постапување по настанување на сигурносни инциденти, како и процедури за постапување со приговори на корисниците на платежните услуги во врска со сигурноста, вклучувајќи ги и механизмите за известување за инцидентите кои ги земаат предвид обврските за известување за инциденти од членот 123 од овој закон;
10) процедура за чување, контрола, следење и ограничување на пристапот до чувствителни податоци за плаќања;
11)план за непрекинатост на работењето, вклучувајќи јасно идентификување на критичните операции, планови за вонредни услови и процедура за редовно тестирање и оценка на адекватноста и ефикасноста на таквите планови;
12) процедури и системи кои се применуваат за прибирање статистички податоци за работењето, трансакциите и измамите;
13) политика за сигурност, вклучувајќи детална процена на ризикот во однос на платежните услуги и опис на сигурносните контроли и мерките за намалување на ризиците кои се преземаат за соодветна заштита на корисниците на платежни услуги од идентификуваните ризици, вклучувајќи ги измамите и нелегалното користење на чувствителните податоци за плаќањата и личните податоци;
14)процедури и системи на внатрешна контрола во согласност со Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам;
15)организациона структура на трговското друштво, вклучувајќи, каде што е применливо, опис на планираното работење преку филијали и/или агенти и опис на начинот на спроведување на теренските и вонтеренските проверки на нивното работење кои трговското друштво е должно да ги врши најмалку еднаш годишно;
16) за лицата кои преку лицата со кои имаат блиски врски поседуваат квалификувано учество во трговското друштво кое го поднесува барањето, најмалку следниве податоци:
а) за правно лице:
- правна форма,
- сопственичка структура,
- блиски врски,
- финансиска состојба,
- извори на средства за стекнување на квалификуваното учество и
- докази во врска со членот 19 став (6) од овој закон;

б) за физичко лице:
- идентитет,
- блиски врски,
- професионално искуство,
- имотна состојба, изворите на приходи, извори на средства за стекнување на квалификувано учество и
- докази во врска со членот 19 став (5) од овој закон;

17) за лицата кои се управители, членови на управен одбор, односно извршни членови на одборот на директори на трговското друштво:
- докази за идентитет,

- докази за професионална компетентност и
- докази во врска со членот 19 став (5) од овој закон;

18) потврда од Управата за јавни приходи за редовно плаќање на даноците и придонесите;
19)доказ за избор на друштво за ревизија кое ќе врши ревизија на финансиските извештаи на трговското друштво за годината во која се поднесува барањето;
20) листа на блиски врски и опис на начинот на кој се поврзани;
21) користење услуги од надворешни лица за планирано пренесување на извршувањето на оперативните функции поврзани со давањето платежни услуги, односно издавањето на електронски пари и
22)планирано учество во домашни или странски платни системи, доколку подносителот на барањето има намера да учествува во платни системи.
(3) Со документите, податоците и/или информациите од ставот (2) точки 7, 8, 9, 15 и 21 на овој член, подносителот на барањето треба да ги опише организациската поставеност и системите за внатрешна контрола и ревизија и оперативните функции заради заштита на интересите на корисниците на платежните услуги и обезбедување непрекинатост и сигурност во извршувањето на платежните услуги, односно издавањето на електронски пари.
(4) Со документот од ставот (2) точка 13 на овој член, подносителот на барањето особено треба да упати на начинот на кој ќе се обезбеди висок степен на техничка сигурност и заштита на податоците, вклучувајќи ги софтверот и информациските системи што ќе ги користи тој и/или надворешното лице на коешто делумно или целосно би му се пренело извршувањето на оперативни функции поврзани со давањето платежни услуги, рамката со соодветните мерки за намалување на и контролните механизми за управување со оперативните и сигурносни ризици и процедурите за управување и класификација на инцидентите кои треба да бидат во согласност со подзаконскиот акт од членот 123 став (9) од овој закон.
(5) Доколку барањето од ставот (1) на овој член се однесува на добивање дозвола за давање платежните услуги од членот 8 став (1) точка 7 од овој закон, покрај документите, податоците и/или информациите од ставот (2) на овој член кон барањето се доставува и доказ за поседување на осигурување од професионална одговорност или друга гаранција за покривање од одговорност без приговор и платлива на прв повик, со кои ќе се обезбеди исполнување на обврските од членовите 89, 102, 103, 104 и 106 од овој закон.
(6)Трговското друштво основано во Република Северна Македонија кое има намера да ја дава само платежната услуга од членот 8 став (1) точка 8 од овој закон, до Народната банка доставува барање за упис во Регистарот на платежни институции од членот 27 на овој закон, притоа кон барањето ги приложува документите, податоците и/или информациите од ставот (2) точки 1, 2, 3, 5, 6, 8, 9, 10, 11, 13, 15, 16, 17, 18, 20 и 21 на овој член и доказ за поседување на осигурување од професионална одговорност или друга гаранција за покривање од одговорност без приговор и платлива на прв повик како обезбедување на обврските кон давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка или корисникот на платежни услуги кои произлегуваат од неавторизиран или измамнички пристап до платежните сметки или неавторизирано или измамничко користење на информации за платежните сметки.
(7) Осигурителната полиса или гаранцијата за покривање од одговорност без приговор и платлива на прв повик од ставовите (5) и (6) на овој член не смее да биде издадена од друштво за осигурување или банка кои припаѓаат на истата група, имаат квалификувано учество и/или претставуваат лица со блиски врски со подносителот на барањето.

(8) Покрај документите, податоците и/или информациите од ставовите (2), (5) и (6) на овој член, Народната банка може да бара и дополнителни документи, податоци и/или информации од подносителот на барањето.
(9) Народната банка спроведува интервју со предложените лица за управител/и, членови на управен одбор, извршни членови на одборот на директори на трговско друштво коешто поднело барање.
(10) Доколку оператор на платен систем има намера да дава една или повеќе платежни услуги, односно да издава електронски пари доставува барање за добивање дозвола, односно за упис во регистар кон кое приложува оценка за влијанието на новите дејности врз финансиската состојба, организациската структура, системот на внатрешни контроли и стабилноста, сигурноста и ефикасноста во работењето на платниот систем, како и документи, податоци и/или информации пропишани со подзаконски акт на Народната банка.
(11) Барањата од ставовите (1), (6) и (10) на овој член и доказите од ставот (2) точки 1 и 16, потточки а) алинеи 1, 2 и 6 и б) алинеја 5, точка 17 алинеја 3 на овој член можат да бидат поднесени непосредно во архивата на Народната банка, по пошта со препорачана достава или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги.
(12) Во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги барањата од ставовите (1), (6) и (10) на овој член и доказите од ставот (2) точки 1 и 16, потточки а) алинеи 1, 2 и 6 и б) алинеја 5, точка 17 алинеја 3 на овој член се доставуваат на важечката адреса на електронската пошта на Народната банка во форма на електронски документ преку квалификувана електронска препорачана достава.
(13) Овластеното службено лице од Народната банка кое постапува по барањата од ставовите (1), (6) и (10) на овој член е должно во рок од пет дена од денот на приемот на барањето, документите од ставот (2) точки 1) и 16), потточка а) алинеи 1, 2 и 6 и потточка б) алинеја 5, точка 17) алинеја 3 на овој член по службена должност да ги побара од Централниот регистар на Република Северна Македонија и/или од надлежен суд.
(14) Овластеното службено лице од Централниот регистар на Република Северна Македонија е должно документите од ставот (2) точки 1 и 16, потточки а) алинеи 1, 2 и 6 и б) алинеја 5, точка 17 алинеја 3 на овој член да ги достави до Народната банка во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (13) на овој член.
(15) Барањето од ставот (13) на овој член може да биде поднесено, а документите од ставот (2) точки 1 и 16, потточки а) алинеи 1, 2 и 6 и б) алинеја 5, точка 17 алинеја 3 на овој член може да бидат доставени во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националната платформа за интероперабилност.
(16)Во случај на технички прекин на функционалноста на Националната платформа за интероперабилност барањето од ставот (13) на овој член се доставува на електронската адреса на Централниот регистар на Република Северна Македонија, а документите од ставот (2) точки 1 и 16, потточки а) алинеи 1, 2 и 6 и б) алинеја 5, точка 17 алинеја 3 на овој член се доставуваат на важечка електронска адреса на Народната банка во форма на електронски документ преку квалификувана електронска препорачана достава.
(17) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, поблиску ги пропишува документите, податоците и/или информациите од ставовите (2), (5), (6), (7) и (8) на овој член како и постапката за нивното оценување.
(18) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, ги пропишува критериумите за определување на минималниот износ на осигурителната полиса или гаранцијата за покривање од одговорност без приговор и платлива на прв повик од ставовите (5), (6) и

(7) на овој член и за условите што треба да ги исполнуваат финансиските институции што ги издаваат полисите или гаранциите.

**Барање за добивање дозвола за давање платежни услуги со олеснет пристап**

**Член 17**

(1) По исклучок од членот 16 став (1) од овој закон, трговско друштво основано во Република Северна Македонија кое има намера да дава една или повеќе платежни услуги од членот 8 став (1) точки 1, 2, 3, 4 и 5 од овој закон, до Народната банка може да поднесе барање за добивање дозвола за давање платежни услуги со олеснет пристап, доколку проектиранаата вкупна вредност на платежните трансакции во деловниот план, во која се вклучени и платежните трансакции кои се планира да се извршуваат преку агенти, после евентуалните прилагодувања на барање на Народната банка, претставена како месечен просек за следните 12 месеци, не надминува 25.000.000 денари.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член, трговското друштво ги приложува документите, податоците и/или информациите од членот 16 став (2) точки 1, 2, 3, 5, 6, 7, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 20, 21 и 22 од овој закон и доказ дека располага со почетен капитал согласно со членот 28 став (3) од овој закон и доказ за изворите на средства од кои е обезбеден почетниот капитал.

(3) За барањето од ставот (1) на овој член и доказите од ставот (2) на овој член соодветно се применуват одредбите од членот 16 ставови (11), (12), (13), (14), (15) и (16) од овој закон.

(4) Доколку вкупната вредност на остварени платежни трансакции пресметана како месечен просек од изминатите 12 месеци ја надмине вредноста од ставот (1) на овој член, платежната институција е должна во рок од 30 дена од денот на надминувањето на вредноста до Народната банка да поднесе барање за добивање дозвола согласно со членот 16 став (1) од овој закон.

(5)Доколку платежната институција не постапи согласно со ставот (4) на овој член, Извршниот одбор донесува решение за укинување на решението за издавање дозвола за давање платежни услуги со олеснет пристап.

(6)Платежната институција која добила дозвола за давање платежни услуги со олеснет пристап не смее да основа подружници надвор од Република Северна Македонија.

(7) Платежната институција која добила дозвола за давање платежни услуги со олеснет пристап може да дава услуги и врши дејности од членот 11 став (2) точки 1 и 3 од овој закон.

**Барање за добивање дозвола за издавање електронски пари со олеснет пристап**

**Член 18**

(1) По исклучок од ставот (1) на член 16 од овој закон, трговско друштво основано во Република Северна Македонија кое има намера да издава електронски пари, до Народната банка може да поднесе барање за добивање дозвола за издавање електронски пари со олеснет пристап, доколку проектираниот просечен износ на издадените неискористени електронски пари презентиран во деловниот план после евентуалните прилагодувања на барање на Народната банка не надминува 100.000.000 денари.

(2) Кон барањето за добивање дозвола за издавање електронски пари со олеснет пристап, трговското друштво ги приложува документите, податоците и/или информациите од членот

16 став (2) точки 1, 2, 3, 5, 6, 7, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 20, 21 и 22 од овој закон и доказ дека располага со почетен капитал согласно со членот 28 став (5) од овој закон и доказ за изворите на средства од кои е обезбеден почетниот капитал.
(3) За барањето од ставот (1) на овој член и доказите од ставот (2) на овој член соодветно се применуват одредбите од членот 16 ставови (11), (12), (13), (14), (15) и (16) од овој закон.
(4) Доколку просечниот износ на издадените неискористени електронски пари ја надмине вредноста од ставот (1) на овој член, институцијата за електронски пари е должна во рок од 30 дена од денот на надминувањето на вредноста да поднесе барање за добивање дозвола согласно со членот 16 став (1) од овој закон.
(5) Доколку институцијата за електронски пари не постапи согласно со ставот (4) на овој член, Извршниот одбор донесува решение за укинување на решението за издавање дозвола за издавање електронски пари со олеснет пристап.
(6) Институцијата за електронски пари која добила дозвола за издавање електронски пари со олеснет пристап не смее да основа подружници надвор од Република Северна Македонија.
(7) Институцијата за електронски пари која добила дозвола за издавање електронски пари со олеснет пристап може да дава услуги и врши дејности од членот 11 став (3) точки 1, 2 и 4 од овој закон.

## Одлучување по барање за добивање дозвола и барање за упис во регистар

### Член 19

(1) Извршниот одбор донесува решение за издавање дозвола за давање платежни услуги или дозвола за издавање електронски пари или за одбивање на барањето во рок од 120 дена од денот на приемот на комплетното барање од членот 16 став (1), член 17 став (1) и член 18 став (1) од овој закон.
(2) Извршниот одбор донесува решение за упис на давателот на платежни услуги во регистарот од членот 27 од овој закон или за одбивање на барањето за упис во рок од 90 дена од денот на приемот на комплетното барање од членот 16 став (6) од овој закон.
(3) Извршниот одбор донесува решение за издавање дозвола за давање платежни услуги или дозвола за издавање електронски пари доколку оцени дека се исполнети следниве услови:
1) кон барањето е доставена комплетната документација од членовите 16, 17 и 18 од овој закон;
2) физичкото или правното лице кое непосредно или посредно, преку блиски врски, поседува квалификувано учество во подносителот на барањето, има финансиска состојба и репутација;
3) лицето кое е член на органот на управување на подносителот на барањето има репутација и професионална компетентност;
4)подносителот на барањето е организиран и ги обезбедил условите за работење на платежна институција, односно институција за електронски пари во согласност со овој закон и/или прописите донесени врз основа на овој закон;
5) подносителот на барањето има јасна управувачка и организациска структура што вклучува постоење на:
- соодветни процедури за идентификување, управување, следење и известување за сите ризици на кои платежната институција, односно институцијата за електронски пари е изложена или би можела да биде изложена,

-соодветен систем на управување со јасно дефинирани овластувања и одговорности доколку барањето за добивање дозвола е поднесено согласно со членот 16 од овој закон,
- системи на внатрешна контрола, вклучувајќи административни процедури, интерни процедури за управување со ризици и сметководствени процедури, како и план за непрекинатост на работењето, кои се соодветни и пропорционални на природата, обемот и сложеноста на платежните услуги коишто ќе ги дава односно на издавањето на електронски пари.

(4) Извршниот одбор донесува решение за упис во регистарот од членот 27 од овој закон доколку оцени дека се исполнети следниве услови:

1) кон барањето е доставена комплетната документација од членот 16 став (6) од овој закон;

2) физичкото или правното лице кое непосредно или посредно, преку блиски врски, поседува квалификувано учество во подносителот на барањето, има финансиска состојба и репутација;

3) лицата кои се членови на органот на управување на подносителот на барањето имаат репутација и професионална компетентност;

4) подносителот на барањето е организиран и ги обезбедил условите за работење на платежна институција, односно институција за електронски пари во согласност со овој закон и/или прописите донесени врз основа на овој закон и

5) подносителот на барањето има соодветна управувачка и организациска структура.

(5) Физичко лице не го исполнува условот за репутација од ставот (3) точки 2 и 3 и ставот (4) точки 2) и 3) на овој член доколку:

1) му е изречена прекршочна санкција, забрана за вршење професија, дејност или должност;

2) со правосилна судска одлука му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност за кривични дела;

3) со правосилна судска пресуда е осуден на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата и/или има соработник којшто е осуден со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата;

4) извршувало функција во орган на управување во платежна институција, односно институција за електронски пари или друго правно лице над кое е отворена постапка за ликвидација или стечај, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување постапка за ликвидација или стечај или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до отворање постапка за ликвидација или стечај и

5) не ги почитува одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките кон субјектите на надзор изречени од Извршниот одбор, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на платежната институција, односно институцијата за електронски пари и нејзините доверители,

(6) Правно лице не го исполнува условот за репутација од ставот (3) точка 2 и ставот (4) точка 2 на овој член, доколку:

1) не ги почитува одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките кон субјектите на надзор изречени од Извршниот одбор, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на платежната институција, односно институцијата за електронски пари и нејзините доверители;

2) со правосилна судска одлука му е изречена споредна казна привремена забрана за давање платежни услуги, односно издавање електронски пари, се додека траат правните последици од пресудата;
3)со правосилна судска одлука му е изречена споредна казна трајна забрана за давање платежни услуги, односно издавање електронски пари, се додека траат правните последици од пресудата;
4) со правосилна судска одлука му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола за давање платежни услуги, односно издавање електронски пари или забрана за упис во Регистарот на платежни институции, се додека траат правните последици од пресудата;
5) со правосилна судска одлука му е изречена споредна казна одземање на дозвола за давање платежни услуги, односно издавање електронски пари или бришење од Регистарот на платежни институции, се додека траат правните последици од пресудата;
6) со правосилна судска одлука му е изречена споредна казна забрана за основање на нови правни лица, се додека траат правните последици од пресудата;
7)со правосилна судска одлука му е изречена споредна казна престанок на правно лице, се додека траат правните последици од пресудата и
8)над кое е отворена постапка за ликвидација или стечај.
(7) Дозволата од ставот (1) на овој член не може да се пренесе на други лица во постапки на статусни промени.
(8) Во дозволата поединечно се наведуваат платежните услуги од членот 8 став (1) на овој закон коишто може да ги дава платежната институција, односно институцијата за електронски пари.
(9)Платежната институција, односно институцијата за електронски пари треба постојано да ги исполнува условите од ставовите (3) и (4) на овој член.
(10) Платежната институција, односно институцијата за електронски пари е должна веднаш да ја извести Народната банка за какви било промени во документите, податоците и/или информациите врз основа на кои е издадена дозволата.
(11) Доколку барањето не е комплетно, Народната банка го известува подносителот на барањето да ги достави документите, податоците и/или информациите најмногу во рок од 30 дена.
(12) Во роковите од ставовите (1) и (2) на овој член не се пресметува рокот од ставот (11) на овој член.

## Одбивање на барањето за добивање дозвола

### Член 20

(1) Извршниот одбор со решение го одбива барањето за добивање на дозвола за давање платежни услуги, односно дозвола за издавање електронски пари од член 16 став (1), член 17 став (1) и член 18 став (1) од овој закон, доколку:
1) не е исполнет некој од условите од членот 19 став (3) на овој закон;
2) барањето содржи неточни или невистинити податоци или е поднесено од правно лице кое не постапило согласно со ставот (4) од член 17 и/или ставот (4) од член 18 од овој закон;
3) оцени дека поради постоење на блиски врски на подносителот на барањето со други правни или физички лица, надзорот над платежната институција, односно институцијата за електронски пари во согласност со овој закон, би биле оневозможени или значително отежнати;

4) оцени дека поради вршење на дејностите од членот 11 ставови (2) и (3) од овој закон, би биле загрозени стабилноста и безбедноста на работењето на платежната институција, односно институцијата за електронски пари или дека поради овие дејности, надзорот над платежната институција односно институцијата за електронски пари во согласност со овој закон, би биле оневозможени или значително отежнати;
5) има основана причина да се сомнева во легалноста на потеклото на парите, репутацијата или вистинскиот идентитет на лицето што го поднело барањето, лицата кои се членови на неговите органи на управување или на лицата поврзани со нив, како и доколку со правосилна одлука на надлежен орган е утврдено дека лицето што го поднело барањето, лицата кои се членови на органите на управување или лицата поврзани со него биле вклучени во перење пари или во други кривични дела;
6) оцени дека поради прописите и практиките на третата држава кои се применуваат на лицата со коишто подносителот на барањето има блиски врски надзорот над платежната институција, односно институцијата за електронски пари во согласност со овој закон би биле оневозможени или значително отежнати.
(2) Извршниот одбор со решение го одбива барањето за упис во регистарот од членот 16 став (5) од овој закон, доколку:
1) не е исполнет некој од условите од членот 19 став (4) од овој закон;
2) барањето содржи неточни или невистинити податоци или е поднесено од правно лице кое не постапило согласно со членот 17 став (4) и/или членот 18 став (4) од овој закон;
3) оцени дека поради постоење на блиски врски, надзорот над платежната институција, односно институцијата за електронски пари во согласност со овој закон, би биле оневозможени или значително отежнати;
4) оцени дека поради вршење на дејностите од членот 11 ставови (2) и (3) од овој закон, би биле загрозени стабилноста и безбедноста на работењето на платежната институција, односно институцијата за електронски пари или дека поради овие дејности, надзорот над платежната институција, односно институцијата за електронски пари во согласност со овој закон, би биле оневозможени или значително отежнати;
5) има основана причина да се сомнева во легалноста на потеклото на парите, репутацијата или вистинскиот идентитет на лицето што го поднело барањето, лицата кои се членови на неговите органи на управување или на лицата поврзани со нив, како и доколку со правосилна одлука на надлежен орган е утврдено дека лицето што го поднело барањето, лицата кои се членови на органите на управување или лицата поврзани со него биле вклучени во перење пари или во други кривични дела;
6) оцени дека поради прописите и практиките на третата држава кои се применуваат на лицата со коишто подносителот на барањето има блиски врски надзорот над платежната институција, односно институцијата за електронски пари во согласност со овој закон би биле оневозможени или значително отежнати.
(3) Во случај кога барањето за добивање на дозвола за давање платежни услуги односно дозвола за издавање електронски пари или за упис во регистар се одбива поради причините од ставовите (1) точка 4 и (2) точка 4 на овој член, Извршниот одбор во образложението на решението со кое се одбива барањето му укажува на подносителот на барањето на можноста да основа посебно трговско друштво и да поднесе ново барање за добивање дозвола за давање платежни услуги, односно дозвола за издавање електронски пари за ова трговско друштво или за упис во регистарот.

**Дополнување на дозвола, укинување на дозвола за давање платежни услуги заради издавање електронски пари**

**Член 21**

(1) Ако платежната институција, односно институцијата за електронски пари, по добивањето на дозволата за давање платежни услуги, односно за издавање електронски пари има намера да дава и платежни услуги кои не се наведени во дозволата, е должна да поднесе барање до Народната банка за дополнување на дозволата, во согласност со одредбите од членот 16 од овој закон.

(2) Ако платежната институција има намера да издава електронски пари е должна до Народната банка да поднесе барање за добивање дозвола за издавање електронски пари согласно со одредбите од членот 16 од овој закон.

(3)Во случаите од ставот (2) на овој член Извршниот одбор донесува решение со кое се издава дозволата за издавање електронски пари и се укинува решението за издавање на дозволата за давање платежни услуги или решение за одбивање на барањето.

(4) Во рок од 15 дена од добивањето на дозволата од ставот (3) на овој член институцијата за електронски пари е должна да достави до Народната банка доказ за извршена промена во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(5) Народната банка, по добивање на доказот од ставот (4) на овој член, ја брише платежната институција од Регистарот на платежни институции.

(6) На постапката за одлучување по барањето од ставовите (1) и (2) на овој член соодветно се применуваат одредбите од членовите 19 и 20 од овој закон.

(7) Советот на Народната банка ги пропишува документите, податоците и/или информациите што се доставуваат кон барањето од ставовите (1) и (2) на овој член, начинот на нивното доставување и начинот и постапката за нивното оценување.

**Дозвола за статусни промени**

**Член 22**

(1) Платежната институција односно институцијата за електронски пари може да изврши статусни промени по претходно добиена дозвола од Извршниот одбор, за што до Народната банка поднесува барање со документи, податоци и/или информации кои се однесуваат на статусните промени за кои се поднесува барањето.

(2) Статусните промени можат да се вршат само на платежни институции, односно институции за електронски пари основани и со седиште во Република Северна Македонија во согласност со овој закон.

(3) По барањето од ставот (1) на овој член, Извршниот одбор донесува решение за издавање дозвола за статусни промени или за одбивање на барањето во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на комплетно барање.

(4) Доколку барањето не е комплетно, Народната банка го известува подносителот на барањето да ги достави документите, податоците и/или информациите кои се однесуваат на статусните промени за кои се поднесува барањето најмногу во рок од 30 дена.

(5) Во рокот од ставот (3) на овој член не се пресметува рокот од ставот (4) на овој член.

(6) Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од членот 16 став (17) од овој закон поблиску ги пропишува документите, податоците и/или информациите и постапката за добивање на дозвола за статусни промени на платежната институција, односно институцијата за електронски пари.

**Согласност за членови на орган на управување и за стекнување квалификувано учество**

**Член 23**

(1) За именување членови на орган на управување платежната институција, односно институцијата за електронски пари до Народната банка поднесува барање за добивање претходна согласност.
(2) Во однос на барањето од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат одредбите од членот 16 ставови (2) точка 17), (6), (8), (9), (11), (12), (13), (14), (15) и (16) од овој закон.
(3) Физичко лице или правно лице кое има намера да стекне квалификувано учество, непосредно или посредно преку лицата со кои има блиски врски или да го зголеми учеството на начин на којшто ќе се стекне со најмалку 20%, 30% или 50% од вкупниот број на акции или од издадените акции со право на глас или од уделот во платежната институција или институцијата за електронски пари, без оглед на тоа дали акциите или уделот ги стекнува постапно или одеднаш, поднесува до Народната банка барање за добивање претходна согласност за стекнувањето. Во однос на барањето од овој став соодветно се применуваат одредбите од членот 16 ставови (2) точка 16) потточки а) и/или б), (6), (8), (11), (12), (13), (14), (15) и (16) од овој закон.
(4) Физичко лице или правно лице кое врз основа на одлука на суд или надлежен орган согласно со закон стекнало квалификувано учество, непосредно или посредно преку лицата со кои има блиски врски го зголемило учеството на начин на кој што се стекнало со најмалку 20%, 30% или 50% од вкупниот број на акции или од издадените акции со право на глас или од уделот во платежната институција или институцијата за електронски пари, во рок од десет дена од правосилноста и/или, односно конечноста на одлуката, поднесува до Народната банка барање за добивање согласност за стекнувањето. Во однос на барањето од овој став соодветно се применуваат одредбите од членот 16 ставови (2) точка 16) потточки а) и/или б), (6), (8), (11), (12), (13), (14), (15) и (16) од овој закон.
(5) По исклучок од ставовите (3) и (4) на овој член, доколку физичко или правно лице има намера да стекне квалификувано учество, непосредно или посредно преку лицата со кои има блиски врски или врз основа на одлука на суд или надлежен орган согласно со закон го зголеми учеството на начин на кој што ќе се стекне со најмалку 50% од вкупниот број на акции или од издадените акции со право на глас или од уделот во платежна институција, односно институција за електронски пари со олеснет пристап, без оглед на тоа дали акциите или уделот ги стекнува постапно или одеднаш, поднесува до Народната банка барање за добивање претходна согласност за стекнувањето согласно со одредбите од членот 17, односно членот 18 од овој закон.
(6) Кон барањето од ставовите (3), (4) и (5) на овој член особено се доставуваат документи, податоци и информации од членот 16 став (2) точка 16 потточките а) и/или б) како и податоци за бројот на акции или големината на уделот во платежна институција односно институција за електронски пари кои планира да ги стекне и процентуалното учество во вкупниот број на акции или во издадените акции со право на глас или во уделот, по планираното стекнување на акциите или уделот во платежната институција, односно во институцијата за електронски пари.
(7) Физичко или правно лице кое има намера да стекне најмалку 50% од вкупниот број на акции или од издадените акции со право на глас или од уделот во платежна институција, односно институција за електронски пари, кон барањето од ставовите (3), (4) и (5) на овој член, покрај документите, податоците и/или информациите од ставот (6) на овој член приложува и план за првите три деловни години од работењето, со проекција на финансиски извештаи, како и податоци за планирани промени во деловните активности,

организацијата или управувањето со платежната институција, односно институцијата за електронски пари.
(8)Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од членот 16 став (17) од овој закон поблиску ги пропишува документите, податоците и/или информациите од ставовите (6) и (7) на овој член, начинот на нивното доставување, како и постапката за нивното оценување.

## Одлучување по барање за согласност за членови на орган на управување и за стекнување квалификувано учество

### Член 24

(1) Извршниот одбор донесува решение за издавање претходна согласност за членови на орган на управување или за стекнување на квалификувано учество или за одбивање на барањето во рок од 90 дена од поднесувањето на барањето од членот 23 ставови (1), (3), (4), (5) и (7) од овој закон.
(2) Доколку барањето не е комплетно, Народната банка го известува подносителот на барањето да ги достави документите, податоците и/или информациите најмногу во рок од 30 дена.
(3) Во рокот од ставот (1) на овој член не се пресметува рокот од ставот (2) на овој член.
(4) Извршниот одбор донесува решение за издавање претходна согласност за членови на орган на управување доколку:

1) кон барањето е доставена комплетната документација од членот 16 став (2) точка 17 од овој закон и
2) лицето има репутација и професионална компетентност.

(5) Извршниот одбор донесува решение за издавање претходна согласност за стекнување на квалификувано учество доколку:

1) кон барањето е доставена комплетната документација од членот 23 ставови (6) или (7) од овој закон;
2)лицето има финансиска способност и репутација и
3) доколку е применливо, документите и податоците од членот 23 став (7) од овој закон укажуваат на јасна управувачка и организациска структура согласно со членот 19 став (4) точка 5 од овој закон.

(6) Физичкото или правното лице е должно да ги стекне акциите или уделот во платежната институција, односно во институцијата за електронски пари во рок од 180 дена од денот на добивање на согласноста. По истекот на овој рок задолжителна е постапка за добивање на нова согласност.
(7) Извршниот одбор со решение го одбива барањето од членот 23 ставови (1), (3), (4), (5) и (7) од овој закон доколку:

1) барањето не ја содржи комплетната документација;
2) барањето содржи неточни или невистинити податоци;
3) не е исполнет некој од условите од ставот (4) точка 2, односно ставот (5) точки 2 и 3 на овој член;
4) оцени дека финансиската состојба на лицето не е соодветна за вредноста на акциите или уделите кои има намера да ги стекне и на видот и обемот на активностите кои ги врши платежната институција односно институција за електронски пари;

5) постојат основани причини за сомневање во легалноста на изворите на средствата за стекнување квалификувано учество во платежна институција или институција за електронски пари;

6) постојат основани причини за сомневање дека блиските врски и/или организациската и сопственичката структура на лицето или на групата на која и припаѓа, може да го отежне вршењето ефикасен надзор на платежната институција или институција за електронски пари и

7) постојат основани причини за сомневање дека планираното стекнување на квалификувано учество во платежна институција или институција за електронски пари е поврзано со перење пари и/или финансирање тероризам или планираното стекнување го зголемува ризикот од перење пари и/или финансирање тероризам.

(8)Доколку Извршниот одбор го одбие барањето поради постоење на причините од ставот (7) точка 7) на овој член, Народната банка за тоа веднаш ја известува Управата за финансиско разузнавање.

(9) Оценувањето на условот за репутација од ставовите (4) точка 2 и (5) точка 2 на овој член се врши согласно со членот 19 ставови (5) и (6) од овој закон.

**Намалување на квалификувано учество**

**Член 25**

Физичко или правно лице кое има намера непосредно или посредно преку лицата со кои има блиски врски да го намали своето квалификувано учество во платежната институција или институцијата за електронски пари, така што неговото учество во вкупниот број на акции или издадени акции со право на глас или уделот ќе се намали под 20%, 30% или 50%, без оглед на тоа дали акциите или уделот ги оттуѓува постапно или одеднаш, е должно најмалку 30 дена пред да го реализира намалувањето на квалификуваното учество да ја извести Народната банка за неговото квалификувано учество пред и по намалувањето.

**Согласност за основање подружница во трета држава**

**Член 26**

(1) Платежна институција, односно институцијата за електронски пари со седиште во Република Северна Македонија може да дава платежни услуги и/или издава електронски пари во трета држава само преку подружница.

(2) За основање на подружница во трета држава, платежната институција, односно институцијата за електронски пари е должна да добие решение со кое се издава согласност од Извршниот одбор (во натамошниот текст: согласност за основање подружница во трета држава).

(3) Платежна институција, односно институцијата за електронски пари која има намера да основа подружница во трета држава е должна согласно со одредбите од членот 16 од овој закон да поднесе барање за добивање согласност за основање подружница во трета држава кон кое ги приложува следниве документи, податоци и/или информации:

1) државата во која има намера да основа подружница;

2) деловен план за првите три години од работењето, кој мора да содржи листа на платежни услуги кои има намера да ги дава преку подружницата и управувањето со подружницата;

3) организационата структура на платежната институција, односно институцијата за електронски пари;

4) листа со имиња, презимиња и адреси на лица кои ќе бидат одговорни за работењето на подружницата и

5) адреса на подружницата во трета држава каде што Народната банка ќе може да добие документација во врска со работењето на подружницата.

(4) Извршниот одбор одлучува во рок од 90 дена од денот на приемот на комплетното барање од ставот (3) на овој член.

(5) Извршниот одбор ќе го одбие барањето за основање подружница во трета држава доколку врз основа на документацијата со која располага утврди дека платежна институција, односно институцијата за електронски пари:

1) нема соодветна организациска, техничка и кадровска структура или соодветна финансиска состојба за обезбедување на планираниот обем на платежни услуги во трета држава;

2) ако согласно со прописите на таа трета држава и/или на начинот на примена на прописите, оцени дека нема да се остварува соодветна соработка и размена на информации меѓу Народната банка и надзорниот орган на државата во која се бара отворање подружницата и дека спроведувањето на надзорот во согласност со одредбите на овој закон би било оневозможено или значително отежнато или

3) преку основањето на подружница во трета држава избегнува построги прописи и правила што се во примена во Република Северна Македонија.

(6) Платежна институција, односно институцијата за електронски пари која добила согласност за основање подружница во трета држава и има намера да изврши промени во документите, податоците и/или информациите од ставот (3) на овој член, е должна за истото да ја извести Народната банка најмалку еден месец пред да ја изврши промената.

(7) Извршниот одбор и ја укинува согласноста на платежната институција, односно институцијата за електронски пари за основање на подружница во трета држава, доколку:

1) се утврди дека платежната институција, односно институцијата за електронски пари повеќе не е организациски, технички и кадровски оспособена да ги дава платежните услуги за кои е дадена согласноста;

2)платежната институција, односно институцијата за електронски пари преку подружницата не ги почитува прописите на третата држава;

3) врз основа на територијалната распределба на давањето на платежни услуги произлегува дека на тој начин платежната институција, односно институцијата за електронски пари избегнува построги регулативи и правила кои се во примена во Република Северна Македонија.

4) надлежниот орган на третата држава и забрани на платежната институција, односно институцијата за електронски пари да дава платежни услуги на нејзината територија;

5) подружницата не започне со работа во рок од шест месеци од датумот на добивање на согласноста за основање подружница во трета држава;

6) подружницата непрекинато повеќе од шест месеци не ги извршува активностите наведени во согласноста или

7) се утврди дека согласноста за основање на подружницата во трета држава е дадена врз основа на неточни или невистинити податоци.

(8) Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од членот 16 став (17) од овој закон поблиску ги пропишува документите, податоците и/или информациите од ставот (3) на овој член, начинот на нивното доставување, како и условите и постапката за издавање на согласноста.

## Регистар на платежни институции и Регистар на институции за електронски пари

### Член 27

(1) Народната банка води Регистар на платежни институции и Регистар на институции за електронски пари.

(2) Регистарот на платежни институции особено содржи:

1) назив и седиште на платежната институција, видот на платежните услуги за кои е издадена дозвола за давање платежни услуги, назив и седиште на агентите на платежната институција и видот на платежните услуги кои ги дава агентот и назив и седиште на подружницата отворена во држава - членка домаќин и/или во трета држава;

2) назив и седиште на платежната институција со олеснет пристап, видот на платежните услуги за кои е издадена дозвола за давање платежни услуги, назив и седиште на агентите на платежната институција и видот на платежните услуги кои ги дава агентот;

3) назив и седиште на платежната институција која дава само услуги за давање информации за платежни сметки и назив и седиште на агентите на платежната институција;

4) назив, седиште на издавачот на платните инструменти од членот 3 став (1) точка 11 алинеи а) и б) од овој закон и опис на активноста за која е испратено известување согласно со членот 3 став (3) од овој закон и

5) назив и седиште на операторот на електронски комуникациски мрежи или давател на електронски комуникациски услуги од членот 3 став (1) точка 12 од овој закон и опис на активноста за која е испратено известување согласно со членот 3 став (6) од овој закон.

(3) Регистарот на институции за електронски пари особено содржи:

1) назив и седиште на институцијата за електронски пари;

2) назив и седиште на институција за електронски пари со олеснет пристап;

3) назив и седиште на агентите на институцијата за електронски пари и

4) назив и седиште на подружница отворена во држава - членка и/или во трета држава на институцијата за електронски пари од точката 1) на овој став.

(4) Регистарот од ставовите (2) и (3) на овој член содржи и информација за платежната институција, односно институцијата за електронски пари на која и е укината дозволата за давање платежни услуги односно издавање електронски пари, односно е укинат уписот во регистарот.

(5) Регистрите од ставот (1) на овој член се водат во електронска форма, се јавни и се достапни на веб-страницата на Народната банка. Народната банка ги ажурира податоците од регистрите од ставот (1) на овој член на редовна основа.

(6) Народната банка веднаш го известува Европското банкарско тело за:

1) секој упис и промена на податоци во регистрите од ставот (1) на овој член и

2) укинување на дозвола на платежна институција, односно институција за електронски пари или укинување на решение за упис во Регистарот на платежната институција која само дава услуги на давање информации за платежни сметки, како и за причините за укинување на дозволата или укинување на решението.

(7) Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од членот 16 став (17) од овој закон, поблиску ги пропишува содржината и начинот на водење на регистрите и начинот на бришење на податоци од регистрите од ставот (1) на овој член.

## Глава III
## Прудентни стандарди за работењето на платежните институции и институциите за електронски пари

### Почетен капитал на платежни институции и институции за електронски пари

### Член 28

(1) Платежната институција се основа со почетен капитал од:

1. најмалку 1.300.000 денари за давање платежни услуги од членот 8 став (1) точка 6 од овој закон;
2. најмалку 3.100.000 денари за давање платежни услуги од членот 8 став (1) точка 7 од овој закон и
3. најмалку 7.800.000 денари за давање платежни услуги од членот 8 став (1) точки 1, 2, 3, 4 и/или 5 од овој закон.

(2) Ако платежната институција дава повеќе видови на платежни услуги од членот 8 од овој закон, треба да обезбеди почетен капитал во највисокиот износ за соодветната услуга определен со ставот (1) на овој член.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, платежна институција која ќе дава платежни услуги со олеснет пристап се основа со почетен капитал од најмалку 1.300.000 денари.

(4) Институцијата за електронски пари се основа со почетен капитал од најмалку 21.700.000 денари.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, институција за електронски пари која ќе издава електронски пари со олеснет пристап се основа со почетен капитал од најмалку 3.620.000 денари.

(6) Почетниот капитал од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член и сите натамошни зголемувања на почетниот капитал мора да бидат единствено во паричен облик и да бидат уплатени во целост, притшто целосно уплатениот почетен капитал се впишува како основна главнина во трговскиот регистар што се води кај Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(7) Платежната институција и институцијата за електронски пари се должни постојано да ја одржуваат вредноста на почетниот капитал од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член.

(8) Почетниот капитал од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член, како и сите натамошни зголемувања на почетниот капитал, не може да се намалуваат преку враќање на уплатените влогови на акционерите или на содружниците.

(9) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, ги пропишува позициите од кои се состои почетниот капитал и сопствените средства на платежната институција и институцијата за електронски пари од овој член и членот 29 од овој закон.

### Сопствени средства на платежна институција

### Член 29

(1) Платежна институција којашто дава платежни услуги од членот 8 точки 1), 2), 3), 4), 5) и/или 6) од овој закон е должна постојано да располага со износ на сопствени средства кој не може да биде помал од повисокиот износ меѓу износот на почетниот капитал од членот 28 од овој закон и износот на сопствените средства утврден согласно со ставот (2) на овој член.

(2) За потребите на ставот (1) на овој член, износот на сопствените средства се пресметува од платежната институција, со примена на еден од следниве три методи:
1) метод на фиксни општи трошоци;
2) метод на обем на плаќања и
3) метод на оперативен приход.
(3) Платежната институција е должна веднаш да ја извести Народната банка за секоја промена на фактите и околностите поврзани со методот на пресметка на сопствените средства од ставот (2) на овој член.
(4) Обврската од овој член не се однесува на платежна институција која е членка во банкарска група чиешто матично лице е со седиште во Република Северна Македонија и е предмет на консолидирана супервизија согласно со законот кој го уредува работењето на банките или кога е членка во банкарска група чиешто матично лице е со централна управа во странство, под услов супервизорскиот орган во државата во која е регистрирано седиштето на матичното лице да практикува адекватна консолидирана супервизија, најмалку идентична на начинот и обемот пропишани со законот кој го уредува работењето на банките.
(5) Народната банка може да ѝ наложи на платежната институција да применува друг метод на пресметка на сопствените средства од ставот (2) на овој член, од тој што го избрала во зависност од видот и сложеноста на платежните услуги што ги дава, како и обемот на платежните трансакции и ризиците на кои платежната институција е изложена.
(6) Народната банка, врз основа на оценка на процесите за управување со ризиците, податоците за загубите претрпени како последица на ризичните настани и системите на внатрешна контрола на платежната институција, може да ѝ наложи на платежната институција да располага со износ на сопствени средства што е најмногу до 20% повисок од износот на сопствените средства на платежната институција утврден согласно со одредбите на овој член.
(7) Народната банка, на барање на платежната институција, врз основа на оценка на процесите за управување со ризиците, податоците за загубите претрпени како последица на ризичните настани и системите на внатрешна контрола на платежната институција, може да дозволи платежната институција да располага со износ на сопствени средства што е најмногу до 20% понизок од износот на сопствените средства на платежната институција од ставот (1) на овој член.
(8) Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од членот 28 став (9) од овој закон, поблиску ги пропишува и методите за пресметка на износот на сопствените средства од ставот (2) на овој член.

## Сопствени средства на институцијата за електронски пари

### Член 30

(1) Институцијата за електронски пари е должна постојано да располага со износ на сопствени средства кој не може да биде помал од повисокиот износ меѓу износот на почетниот капитал од членот 28 од овој закон и износот на сопствените средства утврден согласно со ставовите (2), (3) и (4) на овој член.
(2) Институцијата за електронски пари за активноста на издавање електронски пари е должна постојано да располага со сопствени средства во износ од најмалку 2% од просечниот износ на неискористени електронски пари.

(3)Институцијата за електронски пари којашто дава платежни услуги од членот 8 од овој закон кои не се поврзани со издавањето на електронски пари е должна постојано да располага со износ на сопствени средства еднаков или поголем од збирот на износот на сопствени средства пресметан согласно со ставот (2) на овој член и износот на сопствени средства утврден согласно со членот 29 став (2) од овој закон.
(4) Доколку институцијата за електронски пари дава платежни услуги од членот 8 од овој закон кои не се поврзани со издавањето на електронски пари или извршува која било од услугите и дејностите од членот 11 став (3) точки 2, 3 и/или 4 од овој закон, а износот на неискористени електронски пари не е однапред познат, износот на сопствените средства од ставот (2) на овој член се утврдува врз основа на делот на паричните средства за кои се претпоставува дека ќе бидат искористени за издавање електронски пари, под услов овој дел да може веродостојно да се процени со користење на историски податоци.
(5) Доколку временскиот период на работење на институцијата за електронски пари не е доволно долг за потребите на пресметка на просечниот износ на издадени неискористени електронски пари, износот на сопствени средства од ставовите (2) и (4) на овој член се утврдува врз основа на проектираната вредност на издадени електронски пари која се потврдува со деловниот план на институцијата за електронски пари од членот 16 став (2) точка 6 од овој закон во кој се применети прилагодувањата на барање на Народната банка.
(6) Доколку Народната банка оцени дека пресметката на сопствените средства на институцијата за електронски пари од ставовите (4) и (5) на овој член не е соодветна, вклучително и должината на временскиот период за којшто се однесуваат проценетите податоци или не одговара на природата, видот и обемот на другите дејности што ги врши институцијата за електронски пари, може да не ја одобри пресметката и да побара повисок износ на сопствени средства.
(7) Обврската од овој член не се однесува на институцијата за електронски пари која е членка во банкарска група чиешто матично лице е со седиште во Република Северна Македонија и е предмет на консолидирана супервизија согласно со законот со кој се уредува работењето на банките, или кога е членка во банкарска група со регистрирано седиште во странство, под услов супервизорскиот орган во државата во која е регистрирано седиштето на странската банкарска група да практикува адекватна супервизија на консолидирана основа, најмалку идентична на начинот и обемот пропишани со законот кој го уредува работењето на банките.
(8) Народната банка, врз основа на оценка на процесите за управување со ризиците, податоците за загубите претрпени како последица на ризичните настани и системите на внатрешна контрола на институцијата за електронски пари, може да наложи на институцијата за електронски пари да располага со износ на сопствени средства што е најмногу до 20% повисок од износот пресметан согласно со ставовите (2), (3) и (4) на овој член.
(9) Народната банка, на барање на институцијата за електронски пари, врз основа на оценка на процесите за управување со ризиците, податоците за загубите претрпени како последица на ризичните настани и системите на внатрешна контрола на институцијата за електронски пари, може да дозволи институцијата за електронски пари да располага со износ на сопствени средства што е најмногу до 20% понизок од износот пресметан со согласно со ставовите (2), (3) и (4) на овој член.

**Заштита на паричните средства на корисникот на платежни услуги кај платежните институции**

## Член 31

(1) Платежната институција која дава платежни услуги од членот 8 став (1) точки 1, 2, 3, 4, 5 и/или 6 од овој закон е должна да ги заштити примените парични средства од или во корист на корисникот на платежни услуги за извршување на платежните трансакции или примените парични средства од друг давател на платежни услуги во корист на корисникот на платежни услуги за извршување на платежните трансакции во согласност со одредбите од овој член на законот.

(2) Платежната институција е должна паричните средства од ставот (1) на овој член да ги чува одвоено од паричните средства што ги чува во свое име и за своја сметка, како и од паричните средства кои ги примила од правни или физички лица кои не се корисници на платежни услуги.

(3) Доколку платежната институција не ги пренесе паричните средства од ставот (1) на овој член на примачот или на друг давател на платежни услуги најдоцна до крајот на следниот работен ден од денот на нивниот прием, е должна да ги заштити таквите парични средства на следниве начини:

1) да ги депонира на посебна сметка отворена во Народната банка по нејзина дискрециона оценка за прифаќање на паричните средства и/или во банка и/или штедилница согласно со закон со кој се уредува основањето и работењето на банките и штедилниците при што депонираните парични средства не се користат за други цели освен за заштита на примените парични средства од корисникот на платежни услуги или од друг давател на платежни услуги и/или

2) да ги инвестира во сигурни, ликвидни и ниско-ризични средства.

(4) Паричните средства од ставот (1) и нивната заштита определена со ставот (3) на овој член:

1) не влегуваат во стечајната или ликвидационата маса при спроведување на постапка за ликвидација или стечај на платежната институција;

2)не влегуваат во стечајната или ликвидационата маса на банката и/или штедилницата каде што се депонирани;

3) врз нив не смее да се воспостави залог или друга слично правно дело за обезбедување на побарувања и

4) врз нив не смее да се спроведе извршување од страна на или во името на доверителите на платежната институција.

(5)Доколку се отвори стечајна постапка врз платежната институција, паричните средства на посебните сметки од ставот (3) точка 1) на овој член единствено се користат за исполнување на обврските на платежната институција кон корисниците на платежните услуги.

(6) Доколку се отвори стечајна постапка врз банка или штедилница каде што е отворена посебна сметка од ставот (3) точка 1) на овој член, паричните средства на оваа посебна сметка веднаш и без одлагање се пренесуваат на посебна сметка во друга банка или штедилница, определена од страна на платежната институција.

(7) Одредбите од Законот за стечај кои се однесуваат на побивање на правните дејствија не се применуваат на паричните средства од ставот (1) на овој член и на нивната заштита определена со ставот (3) на овој член.

(8) Одредбите од ставовите (2) и (3) на овој член не се применуваат ако паричните средства од ставот (1) на овој член се покриени со осигурителна полиса или со гаранција без приговор и платлива на прв повик, во случај на неможност на платежната институција да ги исполни своите финансиски обврски, издадени од друштво за осигурување или банка, кои не припаѓаат на истата група на која и припаѓа платежната институција, немаат

квалификувано учество во платежната институција и/или не претставуваат лица со блиски врски со платежната институција и коишто ги исполнуваат условите што треба да ги исполнуваат финансиските институции коишто ги издаваат полисите или гаранциите од членот 16 став (18) од овој закон. Со осигурителната полиса или гаранцијата без приговор и платлива на прв повик, паричните средства треба да имаат покритие или да се гарантирани, најмалку на еднаков износ на оној со кој би биле заштитени доколку би се применил начинот определен со ставот (3) на овој член.
(9) Платежната институција која покрај давање платежни услуги од ставот (1) на овој член врши и услуги и дејности од членот 11 став (2) од овој закон, при што прима од корисникот на платежни услуги парични средства од кои еден дел е наменет за извршување на идни платежни трансакции, а другиот дел е наменет за извршување на други услуги и дејности, е должна да ги заштити примените парични средства наменети за извршување на идни платежни трансакции согласно со одредбите од овој член. Во случај кога износот на паричните средства наменет за извршување на идни платежни трансакции е променлив или не е однапред познат, платежната институција го заштитува делот од паричните средства за кој се претпоставува дека ќе биде употребен за извршување на идни платежни трансакции и кој може веродостојно да се процени врз основа на историските податоци за користењето на паричните средства. Доколку Народната банка оцени дека процената на износот на паричните средства наменет за извршување на идни платежни трансакции не е соодветна, може да побара измени на пресметката и повисока заштита на примените парични средства од корисниците на платежните услуги.
(10) Доколку платежната институција планира било какви промени во начинот на заштита на паричните средства на корисникот на платежни услуги, е должна да ја извести Народната банка во рок од 30 дена пред промената и да достави опис на планираните мерки за заштита, со соодветни докази и документи.

**Заштита на паричните средства на корисникот на платежни услуги при издавањето на електронски пари**

**Член 32**

(1) Институцијата за електронски пари е должна да ги заштити готовите пари примени заради издавање електронски пари согласно со членот 31 на овој закон.
(2) Одредбите од членот 31 од овој закон соодветно се применуваат и на паричните средства примени од корисникот на платежни услуги или од друг давател на платежни услуги за извршување на платежните трансакции кај институциите за електронски пари при вршењето на услугите и дејностите од членот 11 став (3) од овој закон, а што не се поврзани со издавањето на електронски пари.
(3) Доколку паричните средства за издавање електронски пари се уплатени во корист на институцијата за електронски пари со користење на платен инструмент, институцијата за електронски пари е должна да ги заштити согласно со членот 31 од овој закон откако паричните средства ќе се одобрат на платежната сметка или на друг начин ќе се направат достапни на институцијата за електронски пари во роковите за извршување на платежни трансакции од Дел четврти Глава III од овој закон доколку е применливо, но не подоцна од пет работни дена од денот на издавањето на електронските пари.
(4) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, подетално ги пропишува видот на средствата од членот 31 став (3) точка 2 од овој закон што се користат за заштита на паричните средства од страна на платежните институции и институциите за електронски пари.

## Глава IV
## Трговски книги, годишна сметка и финансиски извештаи и ревизија на платежните институции и институциите за електронски пари

### Трговски книги, годишна сметка и финансиски извештаи

### Член 33

(1) Платежните институции и институциите за електронски пари се должни да водат трговски книги во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва.

(2) Платежните институции и институциите за електронски пари се должни да изготват годишна сметка и годишни финансиски извештаи, поединечни и на консолидирана основа, согласно со прописите за сметководство.

(3) Платежните институции и институциите за електронски пари се должни до Народната банка да достават ревидирана годишната сметка и годишни финансиски извештаи, поединечни и на консолидирана основа, во рок од десет дена од денот на нивното усвојувањето, заедно со извештајот на ревизијата.

(4) Платежните институции и институциите за електронски пари се должни до Народната банка да доставуваат неревидирани полугодишни финансиски извештаи, поединечни и на консолидирана основа, со состојба на крајот од секое полугодие, во рок од 30 дена по завршувањето на полугодието.

### Ревизија

### Член 34

(1) Годишната сметка, годишните финансиски извештаи и дополнителните финансиски информации и сметководствени податоци од членот 33 став (2) од овој закон се предмет на ревизија од страна на друштво за ревизија.

(2) Со ревизијата освен работите од ставот (1) на овој член, особено се опфаќа и:

1) системите за управување со ризиците на платежната институција или институцијата за електронски пари;

2) функционирањето на системите на внатрешна контрола;

3) сигурноста на информацискиот систем;

4) точноста и комплетноста на извештаите што платежната институција или институцијата за електронски пари ги доставува до Народната банка за потребите на надзорот над вршењето на платежни услуги и/или надзорот на платежните институции и/или институциите за електронски пари;

5) усогласеноста на работењето на платежната институција или институцијата за електронски пари со прописите кои го регулираат работењето на платежната институција или институцијата за електронски пари и

6) системот на платежната институција или институцијата за електронски пари за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

(3) Ревизија на платежна институција и институција за електронски пари не може да врши:

1) друштво за ревизија кај кое постои конфликт на интерес и повреда или нарушување на независноста во однос на платежната институција или институцијата за електронски пари, согласно со одредбите од Законот за ревизија;

2) друштво за ревизија кое во последните две години на платежната институција или институцијата за електронски пари давало:

а) сметководствени или други услуги поврзани со сметководствената евиденција, годишните сметки или годишните консолидирани сметки на субјектот кај кој се врши ревизија;

б) изготвувало и имплементирало финансиски информациски системи;

в) услуги на внатрешна ревизија како надворешно лице и

г) процена за цели на финансиско известување;

3) друштво за ревизија кое во последните три години било под мерки изречени од страна на Советот за унапредување и надзор на сметководството и ревизијата на Република Северна Македонија и Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија.

(4) Друштвото за ревизија може да врши ревизија на платежната институција или институцијата за електронски пари во период од најмногу пет последователни години.

**Известување од друштвото за ревизија**

**Член 35**

(1) Народната банка може од друштвото за ревизија да побара дополнителни објаснувања и податоци во врска со извршената ревизија.

(2)Друштвото за ревизија е должно на барање на Народната банка да и ги направи достапни работните материјали од ревизијата на платежната институција или институцијата за електронски пари.

(3) Друштвото за ревизија е должно да достави писмено известување до Народната банка, доколку во текот на ревизијата утврди дека:

1) постои повреда на законите, подзаконските акти и актите на Народната банка со кои се регулира работењето на платежната институција или институцијата за електронски пари;

2) годишните финансиски извештаи кои се предмет на ревизија се значително различни од неревидираните годишни финансиски извештаи;

3) нарушен е принципот на непрекинатост на работење на платежната институција или институцијата за електронски пари;

4) платежната институција или институцијата за електронски пари е неликвидна или несолвентна;

5) извештајот на ревизијата ќе содржи неповолно мислење или воздржување од мислење доколку овластениот ревизор не е во состојба да го изрази своето ревизорско мислење;

6) постојат активности со кои членовите на органите на управување и надзор во платежната институција или институцијата за електронски пари може да предизвикаат материјална штета на платежната институција или институцијата за електронски пари или на нејзините клиенти;

7) постои непочитување на прописите за спречување перење пари и финансирање на тероризам и

8) постојат околности кои претставуваат причина за укинување на дозволата за давање платежни услуги, односно издавање електронски пари.

(4) Друштвото за ревизија е должно на барање од Народната банка да и ја достави соодветната документација за околностите од ставот (3) на овој член, како и други информации и документи добиени во текот на ревизијата.

(5) Доставувањето на документацијата од ставовите (1), (2) и (4) на овој член до Народната банка не претставува прекршување на обврската на овластениот ревизор за чување на доверливи информации добиени при вршењето на ревизијата.

**Чување на трговските книги, сметководствените документи, годишните сметки и финансиските извештаи**

**Член 36**

Платежната институција, односно институцијата за електронски пари е должна да ги чува трговските книги, сметководствените документи, годишните сметки и финансиските извештаи на начин и во рокови утврдени согласно со Законот за трговските друштва.

## Глава V
## Користење на агенти и користење услуги од надворешни лица

**Давање платежни услуги преку агенти**

**Член 37**

(1) Платежните институции може да даваат платежни услуги, директно или преку еден или повеќе агенти.
(2) Агентите даваат платежни услуги во име и за сметка на платежната институција.
(3) Платежната институција е должна да обезбеди дека агентот ги информира корисниците на платежни услуги дека ги дава услугите во име и за сметка на платежната институција.

**Дистрибуција и откуп на електронски пари преку агенти**

**Член 38**

(1) Институцијата за електронски пари може да дистрибуира и откупува електронски пари и/или да дава платежни услуги преку еден или повеќе агенти кои дејствуваат во име и за сметка на институцијата за електронски пари.
(2) Институцијата за електронски пари е должна да обезбеди дека агентот ги информира корисниците на електронските пари дека ги дава услугите во име и за сметка на институцијата за електронски пари.
(3) Институцијата за електронски пари не смее да издава електронски пари преку агент.

**Регистрација на агенти**

**Член 39**

(1) Платежната институција која има намера да дава платежни услуги преку агент односно институцијата за електронски пари која има намера да дистрибуира и откупи електронски пари преку агент и/или дава платежни услуги преку агент е должна да достави барање до Народната банка за упис на агентот во соодветниот регистар од членот 27 на овој закон.
(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член задолжително се доставува:

1) податоци за називот, седиштето и матичниот број на агентот;
2) процедури и системи на внатрешна контрола во согласност со Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам;
3) идентитетот на членовите на органот на управување на агентот и доколку агентот не е давател на платежни услуги или издавач на електронски пари, докази во врска со членот 19 став (5) точки 1), 2) и 3) од овој закон;
4) платежните услуги, односно дистрибуцијата и/или откупот на електронски пари кои што ќе ги врши агентот.

(3) Агентот може да започне со работа по неговиот упис во соодветниот регистар од членот 27 од овој закон.

(4) Во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член, Народната банка врши упис на агентот во соодветниот регистар од членот 27 од овој закон или, доколку од документите, податоците и/или информациите од ставот (2) на овој член утврди дека не се исполнети условите, ја известува платежната институција, односно институцијата за електронски пари.

(5) Народната банка го брише агентот од соодветниот регистар:
1) на барање на платежната институција или институцијата за електронски пари;
2) ако се утврди дека агентот врз основа на неточни или невистинити документи, податоци и информации е запишан во регистарот од членот 27 став (2) од овој закон или
3) ако агентот повеќе не ги исполнува условите од овој член.

(6)Платежната институција или институцијата за електронски пари е должна да престане да дава платежни услуги преку агент од денот на бришењето на агентот во соодветниот регистар од членот 27 од овој закон.

(7)За секоја промена на податоците од ставот (2) на овој член платежната институција, односно институцијата за електронски пари е должна во рок од пет дена од денот на промената да ја извести Народната банка и да и ги достави потребните документи и информации.

(8)Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од членот 16 став (17) од овој закон поблиску ја пропишува постапката за поднесување на барањето од ставот (1) на овој член, документите, податоците и/или информациите потребни за упис на агентот во соодвениот регистарот од членот 27 од овој закон и постапката за бришење на агентот од регистарот.

## Услуги од надворешни лица

### Член 40

(1) Платежната институција, односно институцијата за електронски пари може вршењето на оперативни функции кои се поврзани со давањето на платежни услуги да го пренесе на надворешни лица исклучиво врз основа на договор склучен во писмена форма. За намерата за преносот се известува Народната банка не подоцна од 60 дена пред склучувањето на договорот.

(2) Ако платежната институција, односно институцијата за електронски пари има намера на надворешни лица да пренесе важни оперативни функции, вклучително и на информацискиот систем, заедно со известувањето од ставот (1) на овој член е должна до Народната банка за секоја важна оперативна функција да достави предлог договор кој задолжително содржи одредби со кои надворешното лице се обврзува дека:
1) за целите на надзорот на Народната банка ќе и овозможи непречен пристап до неговите простории и до документацијата, податоците и/или информациите со коишто располага, а

се однесуваат на оперативната функција што надворешното лице ја извршува за платежната институција или институцијата за електронски пари,
2) ќе обезбеди заштита на личните податоци на корисниците на платежните услуги согласно со членовите 126 и 127 од овој закон и
3) ќе обезбеди заштита и чување на тајноста на документите, податоците и/или информациите поврзани со платежните услуги, согласно со членот 128 од овој закон.
(3) Пренесувањето на извршувањето на важни оперативни функции на надворешни лица, вклучително и на информацискиот систем, не смее да се изврши на начин што:
1) значително би го нарушил квалитетот на внатрешната контрола во платежната институција или институцијата за електронски пари и
2) би ја оневозможил, ограничил или отежнал способноста на Народната банка за надзор и следење на усогласеноста на работењето на платежната институција или институцијата за електронски пари со сите обврски утврдени со овој закон.
(4) Платежната институција, односно институцијата за електронски пари при пренесувањето на важните оперативни функции, вклучително и на информацискиот систем на надворешното лице, е должна за времетраењето на договорот за пренесување во континуитет да обезбеди, дека:
1) пренесувањето нема да доведе до делегирање на одговорностите на органите на управување на платежната институција или на институцијата за електронски пари на надворешното лице;
2) со пренесувањето нема да се променат односот и обврските на платежната институција или на институцијата за електронски пари кон корисниците на платежни услуги или корисниците на електронски пари, утврдени со овој закон;
3) не се загрозува исполнувањето на условите кои платежната институција или институцијата за електронски пари треба да ги исполни за да добие и ја одржува дозволата согласно со овој закон и
4) не се загрозува или менува било кое барање, обврска за доставување извештаи и информации или мерка кон субјектот на надзор изречена од Народната банка кои платежната институција или институцијата за електронски пари треба да ги исполни согласно со овој закон.
(5) Платежната институција, односно институцијата за електронски пари е должна веднаш да ја извести Народната банка за секоја промена во врска со користењето на надворешни лица коишто извршуваат оперативни функции поврзани со платежните услуги која може да има материјално влијание врз интегритетот, доверливоста, расположливоста, автентичноста и/или непрекинатоста на услугите поврзани со плаќањата.
(6) Платежна институција, односно институција за електронски пари може да се јави во својство на надворешно лице коешто извршува оперативни функции поврзани со платежните услуги, да го преземе извршувањето на оперативни функции од некое друго правно лице, исклучиво врз основа на договор склучен во писмена форма со тоа правно лице, со претходно известување на Народната банка не подоцна од 60 дена пред склучувањето на таквиот договор и таквото извршување да не го доведува во прашање исполнувањето на обврските на платежната институција, односно институцијата за електронски пари определени согласно со овој закон.
(7) Платежната институција, односно институцијата за електронски пари е должна да обезбеди исполнување на условите од ставовите (3) и (4) на овој член, доколку го преземе извршувањето на оперативни функции од некое друго правно лице во својство на надворешно лице коешто извршува оперативни функции поврзани со платежните услуги и тоа постојано додека трае договорот за пренесувањето.

(8) Доколку Народната банка оцени дека не се исполнети условите од ставовите (3) и (4) на овој член, ја известува платежната институција, односно институцијата за електронски пари дека не смее да го склучи предлог договорот од ставот (2) на овој член.
(9) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, поблиску го пропишува начинот и условите за пренесувањето на извршувањето на важни оперативни функции на надворешни лица од страна на платежната институција, односно институцијата за електронски пари.

**Обврски на платежната институција и институцијата за електронски пари**

**Член 41**

(1) Платежната институција, односно институцијата за електронски пари во целост одговара за постапките на своите вработени, агенти или на надворешните лица на кои е пренесено извршувањето на оперативните функции поврзани со давањето на платежните услуги.
(2) Платежната институција, односно институцијата за електронски пари не смее да ја исклучи или да ја ограничи одговорноста од ставот (1) на овој член.
(3) Платежната институција, односно институцијата за електронски пари која дава платежни услуги преку агенти, најмалку еднаш годишно спроведува теренска проверка на нивното работење.
(4) По исклучок на членот 36 од овој закон, платежната институција, односно институцијата за електронски пари е должна да ги чува документите, податоците и/или информациите согласно со овој дел од законот најмалку пет години по истекот на календарската година за која се однесуваат истите.
(5) Платежната институција, односно институцијата за електронски пари документите, податоците и/или информациите од ставот (4) на овој член ги чува во изворен облик или на друг соодветен начин со кој изворната содржината на документите, податоците и/или информациите не се менува.

## Дел трети

## БАРАЊА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ПЛАТЕЖНИТЕ УСЛУГИ

### Глава I
### Општи одредби

**Опфат**

**Член 42**

(1) Одредбите од Дел трети од законот се применуваат кога давателот на платежни услуги на плаќачот и давателот на платежни услуги на примачот или кога давателот на платежни услуги на плаќачот е давател на платежни услуги и на примачот во платежната трансакција се основани и работат во Република Северна Македонија.
(2) Одредбите од овој дел, освен членовите 49 став (2) точка 2, 56 став (1) точка 2 потточка д) и точка 5 потточка е) и 61 став (1) точка 1 од овој закон, се применуваат и на прекуграничните платежни трансакции, каде што барем еден од давателите на платежните услуги независно дали е на плаќачот или на примачот, е основан и работи во Република Северна Македонија, во однос на оној дел од платежната трансакција што се извршува во Република Северна Македонија.
(3) Одредбите од овој дел од законот задолжително се применуваат ако корисникот на платежни услуги е потрошувач.

(4) Членовите 53, 58 ставови (1), (2) и (3), 59 став (1), 60 и 61 од овој дел од законот задолжително се применуваат и на корисниците на платежни услуги кои не се потрошувачи, а давателите на платежни услуги и корисниците на платежните услуги кои не се потрошувачи можат да се договорат за примена и на останатите одредби од овој дел од законот.
(5) Давателите на платежни услуги можат да им дадат на корисниците поповолни услови за користење на платежни услуги од условите пропишани во овој дел од законот.
(6) На платежна институција која ги дава само платежните услуги од членот 8 став (1) точка 8 од овој закон се применуваат само членовите 46, 48, 54, 55, 56, 64, 65 и 66 од овој дел од законот.
(7)Кога со Дел трети и Дел четврти од овој закон е пропишана обврска за информирање и комуникација меѓу давателите на платежните услуги и меѓу давателите и корисниците на платежните услуги, со изразот „дава" се утврдува обврска на давателите на платежни услуги да му дадат на корисникот на платежни услуги определени информации без претходно барање на корисникот, на начинот определен со овој закон.
(8) Кога со Дел трети и Дел четврти од овој закон е пропишана обврска за информирање и комуникација меѓу давателите на платежните услуги и меѓу давателите и корисниците на платежните услуги, со изразот „става на располагање" се утврдува обврска на давателите на платежни услуги да ставаат на располагање определени информации, по претходно изречно барање на корисникот на платежни услуги, преку објава на веб-страница или јавна објава во работните простории на давателот на платежни услуги каде што корисникот има пристап за целите на користење на платежните услуги.
(9)Советот на Народната банка со подзаконски акт за извршување на платежни трансакции ги пропишува:

1)условите и постапката за отворање и затворање на платежна сметка, вклучително и на платежна сметка со основни функции;
2) условите и постапката за извршување на платежните трансакции;
3) задолжителните елементи и формата на платните налози, како и формата на изразување на согласности за извршување на платежни трансакции и овластување за пренесување на платежна сметка;
4) задолжителните елементи на платните налози за присилна наплата;
5) условите и постапката за исправка на грешка кај платежни трансакции и
6) водечки број на давателите на платежни услуги и стандардите за конструкција на платежните сметки коишто ги одржуваат овие даватели.

(10) Со подзаконскиот акт од ставот (9) на овој член Советот на Народната банка ги пропишува и обврските за задолжително учество на давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1), 2), 3), 5) и 7) од овој закон во платежните шеми на Единствената област за плаќања во евра, како и условите за извршување на плаќањата во евра заради обезбедување усогласеност на работењето на овие даватели на платежни услуги со правилата кои се применуваат во Единствената област за плаќања во евра.

**Отстапувања од барањата за информации за платните инструменти и електронските пари со мала вредност**

**Член 43**

(1) За платните инструменти и електронските пари кои во согласност со рамковниот договор се однесуваат само на поединечни платежни трансакции кои не надминуваат 1.800

денари или соодветна противвредност во други валути или имаат ограничување на трошењето од 9.000 денари или соодветна противвредност во други валути или чуваат парични средства кои во ниту еден момент не надминуваат 9.000 денари или соодветна противвредност во други валути или платежни картички со претплата кои не надминуваат износ од 9.000 денари или соодветна противвредност во други валути, давателот на платежните услуги со корисникот на платежни услуги може да договори:1) давателот на платежни услуги да нема обврска да ги даде на плаќачот информациите од членовите 56 и 61 од овој закон, освен информациите за главните карактеристики на платежната услуга, вклучувајќи ги и начинот на кој платниот инструмент може да се користи, одговорностите, надоместоците и други информации потребни за носење одлука од корисникот на платежни услуги за склучување на договорот, како и укажување за тоа каде на лесно достапен начин се ставени на располагање сите други информации од членот 56 од овој закон;
2) давателот на платежни услуги да нема обврска да предлага промени во условите на рамковниот договор на ист начин определен од членот 59 од овој закон;
3) давателот на платежни услуги да нема обврска да ги даде информациите од членот 62 од овој закон, односно од членот 63 од овој закон, освен да ги даде или да ги стави на располагање информациите за референтна ознака на платежната трансакција, износот на платежната трансакција и надоместокот за таа трансакција, а во случај на неколку платежни трансакции од ист вид направени за ист примач, информации за вкупниот износ на платежните трансакции и вкупните надоместоците за тие платежни трансакции и
4)давателот на платежните услуги да нема обврска да ги даде или да ги стави на располагање на корисникот на платежни услуги информациите од точката 3) на овој став доколку платниот инструмент се користи анонимно или ако технички е невозможно да му се обезбедат овие информации на корисникот, но давателот на платежните услуги треба да му овозможи на плаќачот по извршувањето на платежната трансакција проверка на износот на паричните средства што се чуваат на платниот инструмент.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога давателот на платежни услуги на плаќачот и давателот на платежни услуги на примачот или единствениот давател на платежни услуги во платежната трансакција се основани и работат во Република Северна Македонија, давателот на платежните услуги со корисникот на платежни услуги може со рамковниот договор да договори барањата од ставот (1) на овој член за платните инструменти и електронските пари да се однесуваат само на поединечни платежни трансакции кои не надминуваат 1.200 денари или соодветна противвредност во други валути или имаат ограничување на трошењето од 6.000 денари или соодветна противвредност во други валути или чуваат парични средства кои во ниту еден момент не надминуваат 6.000 денари или соодветна противвредност во други валути или платежни картички со претплата кои не надминуваат износ од 10.000 денари или соодветна противвредност во други валути.

**Надоместок за давање информации**

**Член 44**

(1) Давателот на платежни услуги не смее да му пресметува и наплатува на корисникот на платежни услуги надоместоци за обезбедувањето на информациите кои е должен да му ги даде или стави на располагање согласно со одредбите од Дел трети од овој закон.
(2) Давателот на платежни услуги и корисникот на платежни услуги може да договорат пресметка и наплата на надоместоци за дополнителните информации или за давање

информации почесто од динамиката утврдена со одредбите од Дел трети од овој закон или за пренос на информациите преку различни средства за комуникација од оние што се определени во рамковниот договор, под услов корисникот на платежни услуги да барал такво информирање.
(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, надоместокот треба да биде во висина на вистински направените трошоци од страна на давателот на платежните услуги.

## Валута и валутна конверзија

### Член 45

(1)Плаќањата се вршат во денари или во друга валута договорена помеѓу давателот на платежни услуги и корисникот на платежни услуги.
(2) Плаќањата во Република Северна Македонија во друга валута освен денари, како и прекугранични трансакции се вршат согласно со одредбите од овој закон и Законот за девизно работење.
(3) Кога се нуди услуга на валутна конверзија на банкомат, на продажно место или од страна на примачот, страната која ја нуди услугата на валутната конверзија, пред иницирањето на платежната трансакција му ги обелоденува на плаќачот сите надоместоци, како и девизниот курс кој се користи при валутната конверзија на платежната трансакција.
(4)Давателот на платежни услуги што извршува прекугранични платежни трансакции и давателот на платежни услуги којшто нуди услуга на валутна конверзија од ставот (3) на овој член, се должни јавно да ги објавуваат девизните курсеви што се применуваат при услугата на валутна конверзија на својата веб-страница, а доколку давателот на платежните услуги нема веб-страница, во работните простории на давателот на платежни услуги каде што корисникот има пристап за целите на користење на платежните услуги објавува девизни курсеви за период од 18 месеци пред секој датум на објава, со соодветен датум и час на важност и примена за ваквите курсеви.
(5) Плаќачот треба да се согласи за извршување на валутната конверзија од ставот (3) на овој член.

## Информации за надоместоците за употреба  на платните инструменти

### Член 46

(1) Доколку давателот на платежните услуги или друга страна којашто е вклучена во платежната трансакција бара надоместок за употреба на одреден платен инструмент, е должен за надоместокот и износот на истиот да го извести корисникот на платежни услуги пред иницирање на платежната трансакција.
(2) Плаќачот е должен да го плати само надоместокот од ставот (1) на овој член за кој е известен пред иницирање на платежната трансакција.

## Должност за докажување во однос на барањата  за информирање

### Член 47

(1) Во случај на спор, давателот на платежните услуги е должен да докаже дека ги исполнил или дека е усогласен со барањата за информирање на корисниците на платежни услуги согласно со одредбите од Дел трети од овој закон.

(2) Давателот на платежни услуги има одговорност за неточни, невистинити, неразбирливи или двосмислени одредби во рамковниот договор, со исклучок на оние податоци и информации кои ги дал корисникот на платежни услуги.

## Глава II
## Еднократни платежни трансакции

### Опфат и избегнување на двојно давање идентични информации

### Член 48

(1)Одредбите од Дел трети Глава II од овој закон се применуваат на еднократни платежни трансакции за чиешто извршување не е потребно склучување рамковен договор и отворање или поседување платежна сметка од страна на плаќачот.
(2) Во случај кога платниот налог за еднократна платежна трансакција се иницира со платен инструмент кој е опфатен со рамковен договор склучен со друг давател на платежни услуги, давателот на платежните услуги не е должен да ги даде или да ги стави на располагање информациите кои на корисникот на платежни услуги веќе му се дадени или кои ќе треба да му бидат дадени врз основа на склучениот рамковен договор со давателот на платежни услуги кој го издал платниот инструмент.
(3) Највисокиот месечен износ на извршени еднократни прекугранични платежни трансакции врз основа на парични дознаки иницирани од плаќач во Република Северна Македонија за примач во странство преку поединечен давател на платежни услуги изнесува 2.500 евра или соодветна противвредност во други валути.
(4) Највисокиот дневен износ на извршени еднократни прекугранични платежни трансакции врз основа на парични дознаки иницирани во странство за примач во Република Северна Македонија преку поединечен давател на платежни услуги изнесува 5.000 евра или соодветна противвредност во други валути.
(5) Давателите на платежните услуги се должни да се придржуваат кон ограничувањата на износите од ставовите (3) и (4) на овој член.

### Претходни информации при извршување на еднократни платежни трансакции

### Член 49

(1) Пред извршување на еднократна платежна трансакција, давателот на платежни услуги и корисникот на платежни услуги склучуваат договор за еднократна платежна услуга или корисникот на платежни услуги прифаќа општа понуда за извршување еднократна платежна услуга.
(2)Пред склучувањето на договорот или прифаќањето на општата понуда од ставот (1) на овој член и без разлика на обликот и начинот на склучување на договорот или прифаќањето на понудата, давателот на платежни услуги е должен да ги даде или да ги стави на располагање на корисникот на платежни услуги следниве информации и услови:
1) спецификација на информации или единствена идентификациска ознака кои корисникот на платежни услуги треба да ги обезбеди со цел платниот налог да биде правилно инициран или извршен;
2) максималниот рок за извршување на платежната услуга која се дава;

3) видот и износот на сите надоместоци кои давателот на платежни услуги ги пресметува и наплаќа од корисникот на платежни услуги, вкупно и по поединечни ставки;
4) тековниот котиран девизен курс или референтниот девизен курс, доколку при платежната трансакција ќе се користи услугата на валутната конверзија и
5) каде што е применливо или потребно за извршување на трансакцијата, кои било други информации за користење на платежната услуга од членот 56 од овој закон.
(3) Давателот на услуги за иницирање на плаќања, пред иницирањето на плаќањето покрај информациите од ставот (2) на овој член, е должен на плаќачот да му ги даде или стави на располагање, на јасен и сеопфатен начин, следниве информации:
1) назив на давателот на услугите за иницирање на плаќањата, адресата на неговото седиште и, доколку е применливо, важечката адреса на агентот или филијала на давателот на услуги за иницирање на плаќања во трета држава или држава - членка во која услугата се дава,
2) важечката адреса на електронска пошта и други податоци за контакт потребни за комуникација со давателот на услугите за иницирање на плаќања и
3) податоци за контакт со надлежниот орган за надзор.
(4) Давателот на платежните услуги е должен информациите од ставовите (2) и (3) на овој член:
1) да ги даде или стави на располагање на корисникот на платежни услуги на лесно достапен начин;
2) да ги состави во едноставна и сеопфатна форма, со употреба на разбирливи зборови на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на друг јазик доколку е договорен меѓу давателот на платежни услуги и корисникот на платежни услуги и
3) на барање на корисникот на платежни услуги, без надоместок да ги даде на хартија или на друг траен медиум.
(5) Доколку по барање на корисникот на платежни услуги, договорот за еднократна платежна услуга се склучува со користење на средства за комуникација на далечина кои не му овозможуваат на давателот на платежните услуги да ги исполни обврските од ставовите (2), (3) и (4) на овој член, давателот на платежните услуги е должен веднаш по извршувањето на платежната трансакција да ги исполни обврските од ставовите (2), (3) и (4) на овој член.
(6)Давателот на платежните услуги може да ги исполни обврските кон корисникот на платежни услуги од ставовите (2), (3) и (4) на овој член и со давање примерок од општата понуда или предлог договорот за еднократна платежна услуга или на примерок од платниот налог што ги содржи информациите од ставовите (2) и (3) на овој член.

**Информации за плаќачот и примачот од давателот на услуги за иницирање на плаќања**

**Член 50**

(1) Во случај кога платниот налог е иницииран преку давател на услуги за иницирање на плаќањата, дополнително на информациите и условите од членот 49 од овој закон, давателот на услугите е должен веднаш по иницирањето на плаќањето да ги даде или стави на располагање на плаќачот и доколку е применливо и на примачот, следниве информации:
1) потврда за успешно иницирање на платниот налог кај давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка на плаќачот;
2) референтна ознака на платежната трансакција заради идентификување на трансакцијата од страна на плаќачот и примачот и доколку е применливо, потребните

ознаки со кои примачот го идентификува плаќачот, како и сите информации кои се пренесуваат со платежната трансакција;
3) износот на платежната трансакција и
4) видот на сите надоместоци во врска со трансакцијата кои ги пресметува и наплаќа давателот на услугата за иницирање на плаќањата, како и износот по поединечни ставки на надоместоци и вкупниот износот за сите ставки.
(2) Давателот на услугите за иницирање на плаќањата од ставот (1) на овој член е должен на давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка на плаќачот да ги стави на располагање ознака или податок со кој корисникот на платежни услуги може да ја идентификува платежната трансакција.

## Информации за плаќачот по приемот на платниот налог

### Член 51

(1) Давателот на платежни услуги на плаќачот е должен веднаш по приемот на платниот налог да ги даде или стави на располагање на плаќачот следните информации:
1) референтна ознака на платежната трансакција со којшто плаќачот може да ја идентификува платежната трансакција и доколку е применливо, информации кои се однесуваат на примачот на плаќањето;
2) износот на платежната трансакција во валутата која се користи во платниот налог;
3) видот и износот на сите надоместоци за платежната трансакција кои се на товар на плаќачот, вкупно и по поединечни ставки;
4) каде што е применливо, котираниот девизен курс кој давателот на платежни услуги на плаќачот го користел во платежната трансакција или упатување на девизниот курс кога е различен од применетиот девизен курс од членот 49 став (2) точка 4 од овој закон, како и износот на платежната трансакција по валутната конверзија и
5) денот на прием на платниот налог.
(2) Давателот на платежни услуги на плаќачот е должен информациите од ставот (1) на овој член да ги даде или стави на располагање согласно со членот 49 став (4) од овој закон.

## Информации за примачот по извршување на платежната трансакција

### Член 52

(1) Давателот на платежни услуги на примачот, е должен веднаш по извршувањето на платежната трансакција да ги даде или стави на располагање на примачот, следниве информации:
1) референтна ознака на платежната трансакција со којшто примачот може да ја идентификува трансакцијата и доколку е применливо и плаќачот, како и сите информации кои се пренесуваат со платежната трансакција;
2) износот на платежната трансакција во валутата во која паричните средства се ставени на располагање на примачот;
3) видот и износот на сите надоместоци кои се на товар на примачот во платежната трансакција, вкупно и по поединечни ставки;
4) каде што е применливо, девизниот курс кој давателот на платежни услуги на примачот го користел во платежната трансакција и износот на платежната трансакција пред валутната конверзија и
5) датумот на валута на одобрување.

(2) Давателот на платежни услуги на примачот е должен информациите од ставот (1) на овој член да ги даде или стави на располагање согласно со членот 49 став (4) од овој закон.

## Глава III
## Рамковен договор за платежни услуги

### Општи одредби

### Член 53

(1) Давателот на платежни услуги и корисникот на платежни услуги склучуваат рамковен договор за платежни услуги со кој се уредува идното извршување на поединечни и последователни платежни трансакции, како и правата, обврските и условите за отворање, одржување и затворање на платежна сметка.
(2)Рамковниот договор од ставот (1) на овој член може да содржи и одредби за издавање и откуп на електронски пари доколку платежни услуги дава издавач на електронски пари од членот 9 став (2) од овој закон.
(3) Со склучување на рамковниот договор, давателот на платежни услуги може да му отвори една или повеќе платежни сметки на корисникот на платежни услуги и во различни валути, без разлика на нивните карактеристики или намена.
(4) Покрај задолжителната содржина определена со Дел трети Глава III од овој закон, рамковниот договор може да содржи и посебни договорни одредби за вклучување на специфични карактеристики на определени видови платежни сметки, ограничување на нивното користење за утврдени посебни намени или заради исполнување на потребни законски барања за конкретни производи или услуги.

### Информативен документ за надоместоците и поимник

### Член 54

(1) Давателот на платежните услуги е должен доволно време пред да склучи рамковен договор за користење на платежни услуги со потрошувач, без разлика на начинот на склучување на договорот, или пред потрошувачот да прифати понуда на рамковен договор што го обврзува давателот на платежните услуги, да му даде на потрошувачот информативен документ за надоместоци, на хартија или на друг траен медиум, кој ги содржи услугите според стандардизираните термини и дефиниции од листата на најрепрезентативните услуги поврзани со платежна сметка од членот 184 став (4) од овој закон и надоместоците за услугите кои давателот на платежни услуги ги дава.
(2) Давателот на платежни услуги е должен заедно со информативниот документ од ставот (1) на овој член на потрошувачот да му ги даде и сите претходни информации од членот 56 од овој закон како и сите претходни информации пред склучување на договор за потрошувачки кредит согласно со Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити.
(3) Давателот на платежните услуги е должен да му стави на распологање на потрошувачот поимник, што најмалку ги содржи стандардизираните термини и дефиниции од листата на

најрепрезентативните услуги поврзани со платежна сметка од членот 184 став (4) од овој закон.
(4) Информативниот документ за надоместоците од ставот (1) на овој член и поимникот од ставот (3) на овој член во секое време се ажурираат и се ставаат на располагање на потрошувачите:
1) во електронски облик на видно место на веб-страницата на давателот на платежни услуги, доколку давателот на платежните услуги има веб-страница и
2) на видно место во работните простории на давателот на платежни услуги каде потрошувачите имаат пристап за целите на користење на услугите.
(5) Давателот на платежни услуги е должен на барање на потрошувачот да му ги даде информативниот документ за надоместоците од ставот (1) на овој член и/или поимникот од ставот (3) на овој член, на хартија или на друг траен медиум.

**Содржина и форма на информативниот документ за надоместоците и на поимникот**

**Член 55**

(1) Информативниот документ за надоместоците од членот 54 став (1) од овој закон задолжително ги содржи висината на соодветните надоместоци што давателот на платежни услуги би ги пресметувал и наплатувал за најрепрезентативните услуги поврзани со платежна сметка, вклучувајќи и соодветно обелоденување доколку постои разлика во висината на надоместоците што се пресметуваат и наплатуваат според начинот на иницирање на платежните трансакции од страна на потрошувачот. Ако давателот на платежните услуги не нуди некоја од најрепрезентативните услуги поврзани со платежна сметка, треба јасно да означи дека таквата услуга не се нуди.
(2) Информативниот документ за надоместоците треба:
1) да биде самостоен и краток документ;
2) да биде презентиран и структуриран на начин што е едноставен и разбирлив за читање, со користење јасно видлива и лесно читлива големина на букви, бројки и знаци;
3) во случај оригиналната верзија на документот да е во боја, неговата фотокопија или црно-бела варијанта треба да бидат јасни и разбирливи;
4) да биде прецизен, недвосмислен и изразен во валутата во која гласи платежната сметка или ако е договорено меѓу давателот на платежните услуги и потрошувачот, да биде изразен и во друга валута;
5) да содржи наслов „информативен документ за надоместоците" на почетокот од првата страна, заедно со неговиот стандардизиран заеднички симбол заради негово лесно препознавање и разликување од други документи и
6) да содржи информација дека ги вклучува само надоместоците од листата на најрепрезентативните услуги поврзани со платежна сметка од членот 184 став (4) од овој закон и дека деталните пред-договорни и договорни информации за сите услуги се наведени во предлог рамковниот договор.
(3) Доколку една или повеќе услуги се нудат како дел од пакет услуги поврзани со платежна сметка, во информативниот документ за надоместоците посебно се наведуваат вкупниот надоместок за пакетот во целина, видот и бројот на услугите вклучени во пакетот и дополнителните надоместоци што би се пресметувале и наплатувале за секоја услуга што го надминува бројот опфатен со вкупниот надоместок за пакетот на услуги.
(4) Поимникот од членот 54 став (3) од овој закон, треба:

1) да биде презентиран и структуриран на начин што е едноставен и разбирлив за читање, со користење јасно видлива и лесно читлива големина на букви, бројки и знаци и
2) да биде недвосмислен и да не предизвикува заблуда кај потрошувачот.
(5) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, поблиску ги пропишува стандардизираните содржина и формат на информативниот документ за надоместоците и стандардизираниот заеднички симбол од овој член.

**Содржина на рамковниот договор и претходни информации за користење на платежните услуги**

**Член 56**

(1) Давателот на платежни услуги е должен пред корисникот на платежни услуги да склучи рамковен договор за користење на платежни услуги, без разлика на начинот на склучување на таквиот договор или пред корисникот на платежни услуги да прифати понуда на рамковен договор што го обврзува давателот на платежните услуги, да му ги даде на корисникот на платежни услуги најмалку следните информации:
1) за давателот на платежни услуги:
а) назив и седиште на давателот на платежните услуги, адреса на агентот и/или филијалата во Република Северна Македонија и друга адреса за комуникација со давателот на платежните услуги, вклучувајќи ја и важечката адреса на електронската пошта;
б) органот надлежен за надзор на давателот на платежни услуги, филијала или агентот на давателот на платежни услуги во врска со давањето на платежни услуги во Република Северна Македонија;
в) податоци за јавните регистри во кој е запишан давателот на платежни услуги и регистарскиот број или друга еквивалентна идентификациска ознака под кој се води во соодветниот регистар и
г) каде што е применливо, секој платен систем во кој давателот на платежните услуги се јавува како учесник, вклучително и како индиректен учесник во платен систем или за кој е оператор на платен систем, а на барање на корисникот на платежните услуги, е должен да му ги стави на располагање и информациите за правилата за работа според кои функционираат овие платни системи;
2) за платежните услуги:
а) опис на главните карактеристики на платежните услуги кои се предмет на рамковниот договор;
б) спецификација на информации или единствена идентификациска ознака кои треба да ги обезбеди корисникот на платежните услуги со цел платниот налог да биде правилно иницира или извршен;
в) формата и постапката за давање на согласноста за иницирање платен налог или извршување платежната трансакција и за повлекување на согласноста за извршување на платежна трансакција или за отповикување на платен налог согласно со членовите 79 и 96 од овој закон;
г) упатување на времето на прием на платниот налог согласно со членот 94 од овој закон и крајното време за прием на платните налози, доколку е утврдено од страна на давателот на платежни услуги;
д) максималниот рок за извршување на платежните услуги кои се предмет на рамковниот договор;

ѓ) можноста за ограничување на трошењето при користењето на одреден платен инструмент, согласно со членот 83 став (1) од овој закон;

е) правата на корисникот на платежните услуги согласно со членот 117 став (2) од овој закон и информациите согласно со членот 117 став (3) од овој закон, во случај на платни инструменти засновани на картичка со заеднички поставени платежни брендови и

ж) правата на плаќачот при извршувањето на директните задолжувања согласно со членот 92 став (2) од овој закон, во случај на директно задолжување;

3) за надоместоците, каматните стапки и девизните курсеви:

а) видот и износот на сите надоместоци, вкупно и по поединечни ставки, кои се или би биле на товар на корисникот на платежни услуги, вклучително и надоместоците поврзани со начинот и фреквенцијата за давање или ставање на располагање на информациите од страна на давателот на платежните услуги и чијашто наплата е дозволена согласно со овој закон, како и информации за износот на надоместоците за платежните трансакции, доколку постои разлика во висината на надоместоците што се пресметуваат и наплаќаат според начинот на иницирање на платежните трансакции од страна на корисникот;

б) доколку е применливо, висината на каматната стапка и/или девизниот курс што би се примениле или доколку би се применила референтна каматна стапка и/или референтен девизен курс, јасен и прецизен опис на начинот на нивното пресметување, вклучително и фреквенцијата за повторно утврдување на висината на каматната стапка што би се применувала, како и соодветниот датум и индексот или основата за утврдување на референтната каматна стапка и/или референтниот девизен курс и

в) ако се договорени референтна каматна стапка или референтни девизни курсеви, примената по автоматизам на промените во референтната каматна стапка или референтниот девизен курс и начинот на информирање на корисникот на платежните услуги за овие промени согласно со членот 59 ставови (3) и (4) од овој закон;

4) за комуникацијата помеѓу страните на договорот:

а) доколку е применливо, средствата за комуникација, како и техничките услови што треба да ги исполни опремата и/или софтверот на корисникот на платежни услуги заради пренос на информациите и известувањата согласно со овој закон кои се договорени помеѓу страните;

б) начинот на кој и фреквенцијата со која се даваат или се ставаат на располагање информациите на корисникот на платежните услуги од страна на давателот на платежните услуги;

в) јазикот или јазиците на кои ќе се склучи рамковниот договор и ќе се извршува комуникацијата во текот на договорниот однос и

г) правото на корисникот на платежни услуги во секое време да ги бара и добие договорните услови на рамковниот договор согласно со членот 58 став (4) од овој закон;

5) за заштитните и корективните мерки:

а) доколку е применливо, опис на чекорите кои корисникот на платежни услуги треба да ги преземе со цел да се одржи сигурноста на платниот инструмент и за начинот на известување на давателот на платежни услуги во случај на губење, кражба или проневера на платниот инструмент согласно со членот 85 став (1) точка 2 од овој закон;

б) постапка за безбедно известување на корисникот на платежни услуги од страна на давателот на платежни услуги во случај на постоење на сомнеж, настаната измама или сигурносни опасности;

в) ако се договорени, условите под кои давателот на платежни услуги го задржува правото да го блокира платниот инструмент во согласност со членот 83 од овој закон;

г) одговорноста на плаќачот за неавторизираните платежни трансакции и информации за износот за кој е одговорен плаќачот согласно со членот 90 од овој закон;

д) начинот на кој и временскиот период во кој корисникот на платежни услуги го известува давателот на платежни услуги за секоја неавторизирана или неправилно иницирана или неправилно извршена платежна трансакција согласно со членот 87 од овој закон, како и одговорноста на давателот на платежни услуги за неавторизираните платежни трансакции согласно со членот 89 од овој закон;

ѓ) одговорноста на давателот на платежни услуги за иницирање или за извршување на платежните трансакции согласно со членовите 102, 103 и 104 став (1) од овој закон и

е) правата и условите за поврат на парични средства согласно со членот 93 од овој закон;

6) за измени и раскинување на рамковниот договор:

а) доколку е договорено, информација дека ќе се смета дека корисникот на платежните услуги ги прифатил промените во условите на рамковниот договор согласно со членот 59 од овој закон, освен доколку го извести давателот на платежните услуги пред датумот на примена на измената дека ги одбива промените во условите на рамковниот договор;

б) времетраењето на рамковниот договор;

в) доколку е применливо, правото за користење на услугата за преносливост и опис на спроведувањето на оваа постапка, согласно со Дел четврти, Глава IV од овој закон;

г) упатување на правото на корисникот на платежни услуги да го раскине рамковниот договор и сите договори кои се однесуваат на него согласно со членовите 59 ставови (1) и (2) и 60 од овој закон;

7) за правната заштита на корисникот на платежните услуги:

а) прописи коишто се применуваат на рамковниот договори надлежните судови во случај на спор;

б) опис на можностите коишто му се на располагање на корисникот на платежните услуги во насока на заштита на неговите права, како што се:

- правото на поднесување приговор согласно со членот 129 од овој закон,
- правото на поднесувањето поплака до надлежниот орган согласно со членот 130 од овој закон,
- вонсудската постапка за решавање на споровите согласно со членот 131 од овој закон.

(2) Информациите од ставот (1) на овој член се составен дел на содржината на склучен рамковен договор.

**Платежна сметка на потрошувач во пакет со други производи и/или услуги**

**Член 57**

(1) Доколку давател на платежни услуги нуди платежна сметка во пакет со други производи и/или услуги кои не се поврзани со платежната сметка е должен да го информира потрошувачот дали може да ја отвори и користи платежната сметка одвоено од другите производи и/или услуги.

(2) Доколку платежната сметка може да се отвори и користи одвоено од другите производи и/или услуги, давателот на платежни услуги е должен да му даде на потрошувачот

информации за сите надоместоци и трошоци што се поврзани со секој од производите и/или услугите кои се нудат во пакетот од ставот (1) на овој член и кои може да се користат одвоено од платежната сметка.

## Начин на информирање

### Член 58

(1) Давателот на платежните услуги е должен информациите за користењето на платежни услуги од членот 56 од овој закон да му ги даде на корисникот на платежни услуги на хартија или на друг траен медиум доволно време пред склучувањето на рамковниот договор или пред да прифати понуда што го обврзува давателот на платежни услуги со цел корисникот да се запознае со условите во врска со платежните услуги на давателот на платежни услуги пред склучувањето на рамковниот договор односно прифаќањето на понудата.
(2)Давателот на платежни услуги ги дава информациите од ставот (1) на овој член во едноставна и сеопфатна форма, со употреба на разбирливи зборови на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на друг јазик доколку е договорен меѓу давателот на платежни услуги и корисникот на платежни услуги.
(3) Ако рамковниот договор е склучен по барање на корисникот на платежни услуги со користење на средства за комуникација на далечина, а кои не му овозможуваат на давателот на платежните услуги да ги исполни обврските од ставот (1) на овој член, давателот на платежни услуги е должен да ги исполни обврските веднаш по склучувањето на рамковниот договор.
(4) Давателот на платежни услуги може информациите и условите за користење на платежните услуги да му ги даде на корисникот на платежни услуги со доставување на примерок на предлог рамковен договор што го обврзува давателот на платежни услуги којшто ги содржи информациите за користење платежните услуги наведени во членот 56 од овој закон на начин и во форма согласно со ставовите (1) и (2) на овој член.
(5) Корисникот на платежните услуги има право за времетраењето на договорниот однос да ги бара на хартија или на друг траен медиум договорните услови од рамковниот договор, како и информациите од членот 56 од овој закон, а давателот на платежни услуги е должен истите да му ги даде.

## Измени во рамковниот договор

### Член 59

(1) Секоја измена во рамковниот договор, вклучително и измена на информациите за користење на платежните услуги од членот 56 од овој закон, давателот на платежни услуги е должен да ја предложи на корисникот на платежни услуги на начинот од членот 58 ставови (1) и (2) од овој закон најдоцна два месеци пред датумот на примена на измената.
(2) Корисникот на платежните услуги ги прифаќа или не ги прифаќа предложените измени од ставот (1) на овој член пред датумот на примена на измените и за прифаќањето или неприфаќањето го известува давателот на платежни услуги.
(3) Доколку е договорено во согласност со членот 56 став (1) точка 6 потточка а) од овој закон, давателот на платежни услуги е должен да го информира корисникот на платежните услуги дека ќе се смета дека корисникот на платежни услуги ги прифатил предложените измени во условите на рамковниот договор доколку пред датумот на примена на измените не го извести давателот на платежни услуги дека ги одбива истите.

(4) Давателот на платежните услуги е должен да го информира корисникот на платежните услуги, дека во случај корисникот на платежни услуги да не ги прифати предложените измени, корисникот има право да го раскине рамковниот договор, на било кој датум пред датумот на примена на измените без да плати трошок или надоместок за раскинувањето на рамковниот договор, пришто рамковниот договор престанува да важи со датумот на раскинување на договорот од страна на корисникот на платежните услуги.
(5) Промените во висината на каматните стапки и девизниот курс може да се применат веднаш и без претходното известување од ставот (1) на овој член, под услов таквата одредба да е содржана во рамковниот договор и промените да се прават врз основа на менување на референтната каматна стапка и/или референтниот девизен курс договорени согласно со членот 56 став (1) точка 3 потточки б) и в) од овој закон.
(6) Давателот на платежни услуги е должен веднаш да го извести корисникот на платежни услуги за промени во висината на каматната стапка од ставот (5) на овој член, на начинот од членот 58 ставови (1) и (2) од овој закон, освен ако страните не се договориле за точно одредена фреквенција или начин на којшто информациите би биле дадени или достапни.
(7) Промените во висината на каматната стапка или девизниот курс кои се поповолни за корисникот на платежни услуги можат да се применат без претходно известување.
(8) Промените во каматната стапка или девизниот курс кои се користат во платежните трансакции треба да се применуваат и пресметуваат на начин кој не ги доведува корисниците на платежни услуги во нееднаква положба.

## Раскинување на рамковниот договор

### Член 60

(1) Корисникот на платежни услуги може да го раскине рамковниот договор и да ја затвори платежната сметка во секое време, освен ако страните не се договориле за отказен рок, кој не може да биде подолг од 30 дена.
(2) Раскинувањето на рамковниот договор и затворањето на платежната сметка е без надоместок за корисникот на платежни услуги, освен ако рамковниот договор е на сила во период пократок од шест месеци.
(3) Доколку договорот е на сила во период пократок од шест месеци, надоместоците за раскинување на рамковниот договор и затворањето на платежната сметка се во висина на вистински направените трошоци на давателот на платежни услуги.
(4) Доколку со рамковниот договор е договорено, давателот на платежни услуги може да го раскине рамковниот договор склучен на неопределено време со известување најмалку два месеци пред денот на раскинување на рамковниот договор. Известувањето за раскинување се доставува до корисникот на платежни услуги на начинот од членот 58 ставови (1), (2) и (3) од овој закон.
(5) Одредбата од ставот (4) на овој член не се применува на неактивните платежни сметки и блокираните платежни сметки.
(6) Во случај на раскинување на рамковниот договор и затворање на платежната сметка согласно со кој надоместоците за платежните услуги од корисникот на платежни услуги се пресметуваат или наплатуваат на редовна основа, давателот на платежни услуги ги наплатува надоместоците во висина која е сразмерна на периодот до раскинување на договорот.
(7) Доколку корисникот на платежни услуги надоместоците за платежните услуги ги платил однапред, давателот на платежни услуги е должен на корисникот на платежни услуги да

му врати дел од износот на платените надоместоци кој е сразмерен на периодот од денот на раскинување на договорот до последниот ден на периодот за кој надоместокот е платен.
(8) Давателот на платежните услуги е должен веднаш по истекот на рокот од ставот (4) на овој член да го раскине договорот и да ја затвори платежната сметка, а доколку на платежната сметка има позитивно салдо да ги пренесе паричните средства на евиденциска сметка со посебна намена и не смее да пресметува и наплатува било какви надоместоци за одржување на евиденциската сметка.
(9) Со преносот на паричните средства на евиденциската сметка со посебна намена не престанува правото на сопственост над паричните средства на корисникот на платежни услуги, вклучувајќи ги подоблиците на правото на сопственост и другите права што произлегуваат од сопственоста.
(10) Давателот на платежните услуги може да го раскине рамковниот договор на корисникот на платежните услуги кој е потрошувач доколку состојбата на паричните средства на платежната сметка изнесува нула во непрекинат период од 24 месеци.

## Информации пред извршување на поединечни платежни трансакции

### Член 61

Во случај на поединечна платежна трансакција иницирана од страна на плаќачот согласно склучен рамковен договор, давателот на платежни услуги е должен на барање на плаќачот за конкретната платежната трансакција, да му ги даде следниве информации:

1) максимален рок за извршување и
2) видот и износот на надоместоците на товар на плаќачот, вкупно и по поединечни ставки.

## Информации за плаќачот за поединечни платежни трансакции

### Член 62

(1) Давателот на платежни услуги на плаќачот е должен веднаш по задолжување на платежната сметка на плаќачот за износот на поединечната платежна трансакција или по приемот на платниот налог, доколку плаќачот не користи платежна сметка за извршување на поединечната платежна трансакција да му ги даде на плаќачот на хартија или на друг траен медиум следните информации:
1) референтна ознака на платежната трансакција со кој плаќачот може да ја идентификува трансакцијата и доколку е применливо, информациите кои се однесуваат на примачот;
2) износот на платежната трансакција во валутата во која платежната сметка на плаќачот се задолжува или во валутата која се користи во платниот налог;
3) видот и износот на сите надоместоци што се на товар на плаќачот, вкупно и по поединечни ставки;
4) девизниот курс кој давателот на платежните услуги го користел при извршувањето на платежната трансакција и износот на платежната трансакција по валутната конверзија, доколку е применливо и
5) датумот на валута за задолжување или датумот на прием на платниот налог.
(2)Рамковниот договор задолжително содржи одредба со која се уредува дека на барање на плаќачот давателот на платежните услуги му ги дава или става на располагање информациите за извршените поединечни платежни трансакции од ставот (1) на овој член, периодично, најмалку еднаш месечно, без надоместок и на договорениот начин, кој на плаќачот му овозможува чување и репродуцирање на информациите во неизменета форма.

(3) Давателот на платежни услуги од ставот (1) на овој член е должен на барање на плаќачот ги дава информациите од ставот (1) на овој член на хартија или друг траен медиум, еднаш месечно и без надоместок.

## Информации за примачот по извршување на поединечни платежни трансакции

### Член 63

(1) Давателот на платежните услуги на примачот е должен веднаш по извршувањето на поединечната платежна трансакција, согласно со склучениот рамковен договор да ги даде на примачот на хартија или на друг траен медиум следниве информации:

1) референтна ознака на платежната трансакција со кој примачот може да ги идентификува трансакцијата и плаќачот и сите информации кои се пренесуваат со платежната трансакција;

2) износот на платежната трансакција во валутата во која платежната сметка на примачот се одобрува;

3)видот и износот на сите надоместоци што се на товар на примачот за платежните трансакции, вкупно и по поединечни ставки;

4)девизниот курс кој се користел при извршувањето на платежната трансакција од давателот на платежни услуги на примачот, и износот на платежната трансакција пред валутната конверзија, доколку е применливо и

5) датумот на валута за одобрување на сметката на примачот.

(2)Рамковниот договор може да содржи одредба со која се уредува дека давателот на платежните услуги ги дава или става на располагање информациите за извршените поединечни платежни трансакции од ставот (1) на овој член на примачот, периодично, најмалку еднаш месечно, на договорениот начин што ќе овозможи чување и репродуцирање на овие информации во неизменета форма.

(3)Дavател на платежни услуги од ставот (1) на овој член е должен на барање на примачот да ги дава информациите од ставот (1) на овој член на хартија или друг траен медиум еднаш месечно и без надоместок.

## Обврска за давање извештај за надоместоците

### Член 64

(1) Давателот на платежни услуги е должен најмалку еднаш годишно на потрошувачот да даде извештај за сите наплатени надоместоци за услугите поврзани со платежната сметка и доколку е применливо, информациите за висината на каматните стапки и согласно со членот 65 став (1) точки 3) и 4) од овој закон и применетиот девизен курс, а доколку се применувала референтна каматна стапка и/или рефрентен девизен курс, задолжително се вклучува и информација за јавно достапниот извор од каде што може да се провери индексот или основата за определување на висината и движењето на користената референтна каматна стапка и/или рефрентниот девизен курс. Доколку е применливо, во

извештајот се користат стандардизираните термини за најрепрезентативните услуги поврзани со платежна сметка согласно со листата од членот 184 став (4) од овој закон.
(2)Давателот на платежни услуги е должен да го достави извештајот од ставот (1) на овој член најдоцна до крајот на месец јануари од тековната календарска година за наплатените надоместоци во претходната календарска година.
(3)Обврската за давање на извештајот за надоместоците од ставот (1) на овој член не може да се исклучи со исполнувањето на обврските на давателот на платежните услуги за информирање на потрошувачите согласно со членовите 62 и 63 од овој закон и со исполнување на обврските на давателот на платежните услуги во врска со договорот за дозволено пречекорување согласно со Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити.
(4)Начинот на давање на извештајот за надоместоците од ставот (1) на овој член се утврдува во рамковниот договор.
(5) Давателот на платежни услуги е должен на барање на потрошувачот да му даде извештајот за надоместоци од ставот (1) на овој член на хартија, независно од договорениот начин на давање на извештајот согласно со ставот (4) на овој член.

## Содржина и форма на извештајот за надоместоците

## Член 65

(1) Извештајот за надоместоците од членот 64 став (1) од овој закон ги содржи најмалку следните информации:
1) наплатен надоместок одделно за секоја користена услуга и информација за тоа колку пати е користена секоја од услугите во текот на периодот на известување, заедно со вкупниот износ на наплатен надоместок за секоја користена услуга;
2) кога услугите се комбинирани во пакет, наплатениот надоместок за пакетот на услуги, информација за тоа колку пати е наплатен надоместокот за пакетот на услуги и вкупниот износ на наплатен надоместок за користениот пакет услуги во текот на периодот на известување, како и наплатените дополнителни надоместоци кај било која услуга која го надминува обемот на услуги опфатен со надоместокот за пакетот услуги, заедно со вкупниот износ на наплатен надоместок за услугите кои го надминуваат обемот опфатен со надоместокот за пакетот услуги;
3) доколку е применливо, каматната стапка која се применува на дозволеното пречекорување на платежната сметка и/или на премолченото должничко салдо на платежната сметка, заедно со вкупниот износ на наплатена камата за искористеното дозволеното пречекорување и/или премолченото должничко салдо за периодот на известување;
4) доколку е применливо, пасивната каматна стапка која се применува на платежната сметка, заедно со вкупниот износ на исплатена камата за периодот на известување и
5) вкупниот износ на наплатените надоместоци за сите користени услуги во текот на периодот на известување.
(2) Извештајот за надоместоците од членот 64 став (1) од овој закон треба:
1) да биде презентиран и структуриран на начин којшто е едноставен и разбирлив за читање, со користење јасно видливи и лесно читливи букви, бројки и знаци;
2) да биде прецизен, недвосмислен и изразен во соодветната валута во која е отворена и гласи платежната сметка, а доколку е договорено меѓу давателот и корисникот на платежните услуги и во друга валута и

3) да содржи наслов „Извештај за надоместоци“ и заеднички симбол на почетокот од првата страна, заради лесно разликување од други документи.

(3) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, поблиску ги пропишува стандардизираните содржина и форма на извештајот за надоместоците и стандардизираниот заеднички симбол од овој член.

**Обврска за користење на стандардизирани термини и дефиниции при информирањето на потрошувачите**

**Член 66**

(1) Давателот на платежните услуги во своите преддоговорни, договорни, деловни и маркетиншки информации наменети за потрошувачите, е должен да ги користи стандардизираните термини и дефиниции од листата на најрепрезентативни услуги од членот 184 став (4) од овој закон.

(2)Давателот на платежните услуги во информативниот документ за надоместоците од членот 56 од овој закон и во извештајот за надоместоците од членот 64 став (1) од овој закон, може да користи називи на платежни брендови, под услов називите да се користат заедно со стандардизираните термини и дефиниции од листата на најрепрезентативните услуги од членот 184 став (4) од овој закон.

(3) Давателот на платежните услуги може да користи платежни брендови за означување на своите платежни услуги во своите преддоговорни, договорни, деловни и маркетиншки информации наменети за потрошувачите, под услов, називите јасно да ги идентификуваат соодветните поими од стандардизираните термини и дефиниции од листата на најрепрезентативните услуги од членот 184 став (4) од овој закон.

## Глава IV
## Услови за издавање и откуп на електронски пари

**Договор за издавање електронски пари**

**Член 67**

(1) За издавање електронски пари издавачот на електронски пари е должен да склучи договор со корисник на електронски пари.

(2) Договорот од ставот (1) на овој член задолжително содржи јасни и прецизни услови за откуп на електронски пари, вклучувајќи ги и сите надоместоци во врска со откупот.

(3) Пред склучување на договорот за издавање електронски пари, односно пред прифаќање на понуда за издавање електронски пари издавачот на електронските пари е должен на корисникот на електронски пари да му ги даде условите од договорот, односно понудата за издавање електронски пари.

(4) На договорот за издавање електронски пари соодветно се применуваат одредбите од членовите 59 и 60 од овој закон.

**Откуп на електронски пари**

**Член 68**

(1) Имателот на електронските пари може да бара откуп на електронските пари во целост или делумно доколку откупот го бара пред престанување на договорот за издавање електронски пари.
(2)Доколку имателот на електронски пари бара откуп на електронски пари на датумот на престанување на договорот за издавање електронски пари или во период до една година по датумот на престанување на договорот, издавачот на електронските пари е должен:

1) да изврши откуп на паричната вредност на електронските пари во целост или
2) да изврши откуп во целост на паричните средства кои имателот ги побарал, доколку институцијата за електронски пари врши една или повеќе дејности од членот 11 став (3) точка 4) од овој закон и однапред не е познат делот од паричните средства кој ќе се користи како електронски пари.

(3) Издавачот на електронските пари може да пресмета и наплати надоместок за откуп на електронски пари во висина на вистински направените трошоци на издавачот во врска со барањето за откуп на имателот, доколку надоместокот е содржан во договорот од членот 67 став (1) од овој закон и доколку:

1) откупот се бара пред договорот да престане да важи;
2) договорот е склучен на определено време, а имателот на електронски пари го раскине пред истекот на рокот на договорот или
3) откупот се бара по истекот на една година од датумот на престанување на договорот.

(4) Издавачот на електронски пари и имателот на електронски пари кој не е потрошувач и ги прифаќа електронските пари како средство за плаќање, можат правата за откуп на електронски пари да ги уредат со меѓусебен договор на начин поинаков од оној уреден со ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

## Глава V
## Пристап до платежна сметка

### Примена на одредбите

### Член 69

Одредбите од Глава V од овој закон се применуваат само на давателите на платежните услуги од членот 9 став (1) точки 1), 2) и 3) од овој закон.

### Забрана за дискриминација

### Член 70

(1) Давателот на платежни услуги не смее да го дискриминира потрошувачот кој бара отворање на платежна сметка и/или користи платежна сметка врз основа на неговото државјанство, живеалиште и престојувалиште или по кој било основ за дискриминација согласно со Законот за спречување и заштита од дискриминација, доколку е потрошувач со законско престојувалиште.
(2) Условите за отворање и користење на платежната сметка со основни функции не смее да ги дискриминираат потрошувачите по која било основа.

### Обврска за понуда на платежна сметка со основни функции

### Член 71

(1) Давателот на платежни услуги е должен во понудата за платежни услуги до потрошувачите од членот 72 став (1) од овој закон задолжително да вклучи и отворање платежна сметка со основни функции.
(2) Давателот на платежни услуги не смее да го условува отворањето и користењето на платежната сметка со основни функции со користење на дополнителна услуга и/или производ, ниту со купување на акции или други хартии од вредност издадени од давателот на платежните услуги или лица со кои давателот има блиски врски.
(3) Давателот на платежни услуги е должен да ги стави на располагање на потрошувачот информациите за карактеристиките на платежната сметка со основни функции, условите за отворање и користење и висината на надоместоци што се пресметуват и наплатуваат согласно со членот 74 од овој закон.
(4) Информациите од ставот (3) на овој член треба јасно да упатуваат дека користењето на дополнителни производи и услуги не е задолжително за отворање и користење на платежната сметка со основни функции.

## Право на отворање платежна сметка со основни функции

## Член 72

(1) Право на отворање платежна сметка со основни функции има потрошувач со законско престојувалиште во Република Северна Македонија или потрошувач на кој му е одбиено барање за престој и чие напуштање на Република Северна Македонија не е можно поради правни или други практични причини (принцип на невраќање).
(2) Давателот на платежни услуги е должен врз основа на барање на потрошувачот да му отвори платежна сметка со основни функции веднаш, но не подоцна од десет работни дена од приемот на барањето со склучување на рамковен договор согласно со членовите 56 и 75 од овој закон или во истиот рок да го одбие барањето согласно со ставот (4) на овој член.
(3) Кон барањето од ставот (2) на овој член потрошувачот под полна морална и материјална одговорност доставува писмена изјава дека нема отворено платежна сметка во денари кај истиот или друг давател на платежни услуги во Република Северна Македонија од членот 9 став (1) точки 1, 2 и 3 од овој закон.
(4)Давателот на платежни услуги го одбива барањето за отворање платежна сметка со основни функции, доколку:
1) потрошувачот веќе има отворено платежна сметка во денари кај истиот или друг давател на платежни услуги во Република Северна Македонија од членот 9 став (1) точки 1, 2 и 3 од овој закон која му овозможува да ги користи платежните услуги од членот 73 став (1) од овој закон;
2) воспоставувањето деловен однос на давателот на платежни услуги со потрошувачот кој го поднел барањето е спротивно на прописите со кои се уредува откривањето и спречувањето перење пари и финансирање тероризам;
3) не изминал период од најмалку 12 месеци од датумот на еднострано раскинување на рамковниот договор за платежната сметка со основни функции од членот 75 став (2) од овој закон или
4)доколку потрошувачот не доставил писмена изјава согласно со ставот (3) на овој член.
(5) Доколку барањето за отворање платежна сметка со основни функции е одбиено поради причина од ставот (4) точка 2) на овој член, давателот на платежните услуги е должен да го извести веднаш надлежниот орган за спречување перење пари и финансирање тероризам, согласно со закон.

(6)Доколку давателот на платежните услуги го одбие барањето за отворање платежна сметка со основна функција согласно со ставот (4) на овој член е должен веднаш по писмен или електронски пат, без надоместок, да го извести потрошувачот за одбивањето со образложение на причините за одбивањето, освен во случај кога откривање на причините за одбивањето би било спротивно на целите на националната безбедност, јавниот ред и мир или прописите со кои се уредува откривање и спречување перење пари и финансирање на тероризмот.
(7)Известувањето од ставот (6) на овој член, содржи и поука за правата на потрошувачот во поглед на:

1) поднесување приговор согласно со членот 129 од овој закон;
2) поплака до надлежниот орган согласно со членот 130 од овој закон и
3) вонсудската постапка за решавање на споровите согласно со членот 131 од овој закон.

(8) Потрошувачот може да бара трансформирање на платежна сметка во платежна сметка со основни фукнции или на платежната сметка со основни функции во платежна сметка, кај истиот дaвател на платежни услуги.
(9) При трансформирањето давателот на платежни услуги ги спроведува неопходните промени во договорниот однос, притоа ја задржува постоечката единствена идентификациска ознака на платежната сметка. За трансформирање на платежната сметка не се наплатува надоместок.
(10) По барањето од ставот (8) на овој член, давателот на платежни услуги одлучува согласно со одредбите од ставовите (2), (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член и во рок од десет дена.
(11) Давателот на платежни услуги не смее да отвори платежна сметка во денари доколку корисникот на платежни услуги има отворено платежна сметка со основни фукнции кај истиот или друг давател на платежни услуги.

## Опис на платежната сметка со основни функции

## Член 73

(1) Платежната сметка со основни функции го вклучува користењето на следниве платежни услуги од членот 8 од овој закон:
1)услуги кои ги овозможуваат сите дејствија потребни за отворање, одржување и затворање на платежната сметка;
2) услуги кои овозможуваат уплата на парични средства и повлекување готовина од платежната сметка во Република Северна Македонија, независно дали е непосредно на шалтери во работните простории на давателот кај кој што е отворена сметката или преку мрежа на банкомати во текот или надвор од работното време на давателот на платежните услуги и
3) извршување на следниве платежни трансакции:

- директно задолжување,
- платежни трансакции со платежна картичка, вклучително и за онлајн плаќање и
- кредитни трансфери, вклучувајќи и трајни налози, преку банкарските терминали, шалтерите во работните простории на давателите и преку онлајн користење, доколку се предмет на понуда од страна на давателот на платежните услуги.

(2)Давателот на платежни услуги ги дава услугите од ставот (1) на овој член доколку истите се понудени и на потрошувачите кои имаат платежна сметка различна од платежната сметка со основни функции.

(3)Платежната сметка со основни функции се отвора и гласи во денари.
(4)Платежната сметка со основни функции на потрошувачот му овозможува иницирање и извршување на платежни трансакции во работните простории на давателот на платежните услуги и/или онлајн доколку е предмет на понуда од страна на давателот на платежните услуги.
(5) Платежната сметка со основни функции на потрошувачот му овозможува извршување на неограничен број на операции во врска со услугите од ставот (1) на овој член.
(6) Давателот на платежни услуги не смее да договори дозволено пречекорување на сметката за платежни услуги со основни функции.

**Надоместоци во врска со платежната сметка со основни функции**

**Член 74**

„(1) За платежните услуги од членот 73 став (1) од овој закон, освен за платежните услуги од членот 73 став (1) точка 2) од овој закон иницирани преку давател на платежни услуги кај кој не е отворена сметката и за платежните услуги од членот 73 став (1) точка 3) алинеја 2 од овој закон за извршување на платежни трансакции со кредитна картичка, давателот на платежни услуги може да пресметува и наплатува вкупен месечен надоместок со разумна висина.
(2) Разумната висина на надоместокот од ставот (1) на овој член не смее да биде повисока од 0,1% од подвижниот просек на просечната месечна исплатена нето-плата во земјата за претходните 12 месеци, согласно со објавите од страна на Државниот завод за статистика.
(3) Надоместокот од ставот (2) на овој член вклучува извршување на минимум пет платежни трансакции од членот 73 став (1) точка 3) алинеи 1 и 3 од овој закон, на месечно ниво, доколку се иницирани кон платежна сметка на примач во рамки на ист давател на платежни услуги.
(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, давателот на платежни услуги не пресметува и не наплатува надоместок доколку потрошувачот и припаѓа на групата на корисници на следниве законски права:
1) законска издршка, надоместок на штета настаната поради нарушување на здравјето или намалување, односно губење на работната способност и надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давачот на издршката;
2) надоместок поради телесно оштетување според прописите за инвалидското осигурување;
3) парична помош од социјална заштита;
4) привремена невработност;
5) додаток на деца и
6) стипендија, кредит и помош на ученици и студенти.
(5) За корисниците од ставот (4) на овој член, давателот на платежни услуги определува извршување на минимум пет бесплатни платежни трансакции од членот 73 став (1) точка 3) алинеи 1 и 3 од овој закон, на месечно ниво, доколку се иницирани кон платежна сметка на примач во рамки на ист давател на платежни услуги.
(6) Давателот на платежни услуги може да пресметува и наплатува надоместок за платежните трансакции согласно со важечката тарифа што се применува за соодветните услуги што се наплатуваат од потрошувачите што не користат платежна сметка со основни функции за:

- платежните трансакции кои го надминуваат минималниот број на платежни трансакции од ставовите (3) и (5) на овој член,
- платежните трансакции од членот 73 став (1) точка 3) алинеи 1 и 3 од овој закон, што се иницирани од платежна сметка кај еден давател на платежни услуги кон платежна сметка кај друг давател на платежни услуги,
- платежните услуги од членот 73 став (1) точка 2) од овој закон, иницирани преку давател на платежни услуги кај кој не е отворена сметката и
- платежните услуги од членот 73 став (1) точка 3) алинеја 2 од овој закон, за извршување на платежни трансакции со кредитна картичка.

(7) Давателот на платежните услуги може да пресметува и наплатува надоместок за непочитување на обврските определени со рамковниот договор со разумна висина, определена според висината и движењето на подвижниот просек на просечната месечна исплатена нето-плата во Република Северна Македонија за претходните 12 месеци, согласно со објавите од страна на Државниот завод за статистика, но не повисоки од една половина од надоместоците што во моментот на пресметувањето се пресметуваат и наплатуваат од потрошувачите кои не користат платежна сметка со основни функции.

**Посебни одредби за рамковниот договор за платежната сметка со основни функции**

**Член 75**

(1) Освен ако не е поинаку уредено со овој член, на рамковниот договор за платежната сметка со основни функции се применуваат одредбите од Глава III Дел трети од овој закон.

(2) Давателот на платежните услуги еднострано го раскинува рамковниот договор за платежната сметка со основни функции доколку:

1) постои сомневање дека потрошувачот со намера ја користел платежната сметка со основни функции за незаконски цели;

2)со платежната сметка со основни функции не е извршена платежна трансакција во непрекинат период од 24 месеци;

3) потрошувачот доставил неточни информации заради отворање на платежна сметка со основни функции, а врз основа на точните информации би немал право да отвори и користи платежна сметка со основни функции;

4) потрошувачот повеќе нема законското престојувалиште или го загубил основот за законското престојувалиште според кој го имал правото на отворање и користење платежна сметка со основни функции или

5) се утврди дека потрошувачот по отворањето на платежната сметка со основни функции отворил кај друг давател на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1, 2 и 3 од овој закон платежна сметка во денари која му дозволува да ги врши платежните услуги од членот 73 став (1) од овој закон.

(3) Едностраното раскинување на рамковниот договор за платежната сметка со основни функции согласно со ставот (2) точки 1 и 3 на овој член, стапува во сила веднаш.

(4) Доколку давателот на платежните услуги го раскине рамковниот договор за платежната сметка со основни функции согласно со ставот (2) точки 2, 4 и 5 од овој член е должен за едностраното раскинување да го извести потрошувачот без надоместок, писмено или по електронски пат најмалку два месеца пред раскинувањето на рамковниот договор да стапи во сила.

(5)Известувањето од ставот (4) на овој член задолжително содржи образложение на причините за раскинувањето, освен доколку наведувањето на причините е спротивно на целите на националната безбедност или јавниот интерес, поука за правата на потрошувачот во поглед на:
1) поднесувањето приговор до давателот на платежните услуги согласно со членот 129 од овој закон;
2) поплака до надлежниот орган согласно со членот 130 од овој закон и
3) за вонсудската постапка за решавање на спорови согласно со членот 131 од овој закон, како и релевантните контакт податоци.
(6) Доколку давателот на платежните услуги го искористи своето право за еднострано раскинување на рамковниот договор за платежната сметка со основни функции согласно со ставот (2) точки 2), 4) и 5) на овој член, во периодот од два месеца определен во ставот (4) на овој член, може да договори со потрошувачот, статусот на постоечката платежна сметка со основни функции да се промени во платежна сметка, без истата да се затвори.
(7) Доколку при еднострано раскинување на рамковниот договорот согласно со ставот (2) на овој член на платежната сметка со основни функции има позитивно салдо на парични средства, износот на позитивното салдо веднаш се пренесува на евиденциска сметка со посебна намена кај давателот на платежните услуги.
(8) Со преносот на паричните средства на евиденциската сметка со посебна намена од ставот (7) на овој член не престанува правото на сопственост над паричните средства на потрошувачот, вклучувајќи ги подоблиците на правото на сопственост и другите права што произлегуваат од сопственоста.

## Дел четврти

## ПРАВА И ОБВРСКИ ВО ОДНОС НА ДАВАЊЕТО И КОРИСТЕЊЕТО НА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ

### Глава I Општи одредби

### Опфат

### Член 76

(1) Одредбите од Дел четврти од овој закон се применуваат кога давателот на платежни услуги на плаќачот и давателот на платежни услуги на примачот или кога давателот на платежни услуги на плаќачот е давател на платежни услуги и на примачот во платежната трансакција, се основани и работат во Република Северна Македонија.
(2) Одредбите од Дел четврти од овој закон освен одредбите од членовите 115, 118 и членот 121 став (1) алинеја 3 од овој закон, се применуваат и на прекуграничните платежни трансакции кадешто барем еден од давателите на платежните услуги, независно дали е на плаќачот или на примачот, е основан и работи во Република Северна Македонија во однос на оној дел од платежната трансакција што се извршува во Република Северна Македонија.
(3) Одредбите од Дел четврти на законот се применуваат кога корисникот на платежни услуги е потрошувач.
(4) Одредбите од Дел четврти од овој закон, освен одредбите од членот 92 и одредбите на Глава IV од Дел четврти од овој закон, се применуваат и кога корисникот на платежни услуги не е потрошувач. Надоместоците од членот 77 став (1) од овој закон, согласноста и повлекувањето на согласноста од членот 79 ставови (5) и (6) од овој закон, рокот за

известување за неавторизирани или неправилно извршени платежни трансакции и нивна исправка од членот 87 од овој закон, докажувањето на автентикацијата и извршувањето на платежната трансакција од член 88 од овој закон, одговорноста на плаќачот за неавторизирани платежни трансакции од членот 90 од овој закон, повратот на паричните средства за платежни трансакции иницирани од страна на или преку примачот од членот 93 од овој закон, неотповикливост на платниот налог од членот 96 од овој закон и одговорностите на давателот на платежните услуги од членовите 102 и 103 од овој закон, може и поинаку да бидат уредени со договор меѓу давателот на платежни услуги и корисникот на платежни услуги кој не е потрошувач, но на начин којшто нема да предизвика финансиска штета на давателот на платежни услуги или на корисникот на платежни услуги кој не е потрошувач.
(5) На платежна институција која дава само платежни услуги од член 8 став (1) точка 8 од овој закон се применуваат само одредбите од членовите 84, 86 и 87 и Глава VI од Дел четврти од овој закон.
(6) Давателите на платежни услуги можат да им дадат на корисниците поповолни права за користење на платежни услуги од определените права во Дел четврти од овој закон.

## Надоместоци и попусти

### Член 77

(1) Давателот на платежни услуги од корисникот на платежни услуги му ги наплаќа само надоместоците од членовите 95 став (3), 96 став (7) и 101 став (7) од овој закон коишто се содржани во договорот помеѓу корисникот на платежни услуги и давателот на платежни услуги и се во висина на вистински направените трошоци на давателот на платежните услуги.
(2) Во случај на извршување на платежни трансакции каде што и давателот на платежните услуги на примачот и давателот на платежните услуги на плаќачот или давателот на платежни услуги на плаќачот е давател на платежни услуги и на примачот се наоѓаат во Република Северна Македонија, давателите на платежните услуги можат да пресметаат и наплатат надоместоци за платежните услуги единствено од својот корисник - плаќач, односно својот корисник - примач.
(3) Давателот на платежни услуги нема право да го спречи примачот да бара од плаќачот да плати надоместок или да му понуди попуст поради употреба на одреден платен инструмент или на друг начин да го насочи кон употреба на одреден платен инструмент. Во случај кога за употреба на одреден платен инструмент, примачот наплатува надоместок или нуди попуст, примачот за тоа треба да го извести плаќачот пред иницирањето на платежната трансакција.
(4) Износот на надоместок за употреба на одреден платен инструмент од ставот (3) на овој член треба да биде во висина на вистински направените трошоци на примачот за употребата на одредениот платен инструмент.
(5) Доколку примачот нуди попуст за платежни трансакции кои се извршуваат со готовина, непосредно од плаќачот на примачот, без вклучување на посредник, истиот не смее да биде поголем од попустот којшто го нуди при платежни трансакции кои се извршуваат со други платни инструменти различни од готовина.
(6) По исклучок од ставот (3) на овој член, примачот нема право да бара од плаќачот надоместок за употреба на платните инструменти засновани на картичка за кои заменските

надоместоци се уредени со членот 115 од овој закон, како и за кредитни трансфери и директни задолжувања.
(7) Примачот нема право да пресметува и наплатува дополнителни надоместоци од плаќачот поради употреба на одреден платен инструмент, освен надоместокот од ставот (3) на овој член.

**Отстапувања за платни инструменти со мала вредност и електронски пари**

**Член 78**

(1) Давателите на платежни услуги со корисниците на платежните услуги за платните инструменти и електронските пари кои во согласност со одредбите од рамковниот договор се однесуваат само на поединечни платежни трансакции кои не надминуваат износ од 1.800 денари или соодветна противвредност во други валути или имаат ограничување на трошењето до вкупен износ од 9.000 денари или соодветна противвредност во други валути или се чуваат парични средства кои во ниту еден момент не надминуваат 9.000 денари или соодветна противвредност во други валути или платежни картички со претплата кои не надминуваат износ од 9.000 денари или соодветна противвредност во други валути, можат да договорат:
1) дека одредбите од членовите 85 став (1) точка 1, 86 став (1) точки 3), 4) и 6) и 90 ставови (7) и (8) од овој закон нема да се применуваат ако платниот инструмент не може да се блокира или не може да се спречи неговото натамошно користење;
2) дека одредбите од членовите 88, 89 и 90 ставови (1), (2), (3), (7) и (8) од овој закон нема да се применуваат ако платниот инструмент се користи анонимно или ако давателот на платежните услуги не може да докаже дека платежната трансакција била авторизирана поради други причини кои се својствени за тој платен инструмент;
3) по исклучок на одредбите од членот 95 ставови (1) и (2) од овој закон, давателот на платежни услуги да нема обврска да го извести корисникот на платежни услуги за одбивањето на платниот налог, ако неизвршувањето е поради очигледни објективни причини;
4) по исклучок на одредбите од членот 96 ставови (3), (4) и (5) од овој закон, плаќачот да нема право да го отповика платниот налог по поднесувањето на платниот налог или по давањето согласност на примачот за извршување на платежната трансакција и/или
5) по исклучок на одредбите од членот 99 ставови (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7) и (8) од овој закон, да се применуваат други рокови за извршување на платежните трансакции.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога давателот на платежни услуги на плаќачот и давателот на платежни услуги на примачот или единствениот давател на платежни услуги во платежната трансакција се основани и работат во Република Северна Македонија давателот на платежните услуги со корисникот на платежни услуги може со рамковниот договор да договори барањата од ставот (1) на овој член за платните инструменти и електронските пари да се однесуваат само на поединечни платежни трансакции кои не надминуваат 1.200 денари или соодветна противвредност во други валути, или имаат ограничување на трошењето од 6.000 денари или соодветна противвредност во други валути, или чуваат парични средства кои во ниту еден момент не надминуваат 6.000 денари или соодветна противвредност во други валути, или платежни картички со претплата кои не надминуваат износ од 10.000 денари или соодветна противвредност во други валути.

**Глава II**

**Авторизација на платежни трансакции**

**Согласност и повлекување на согласност**

**Член 79**

(1) Платежната трансакција се смета за авторизирана само ако плаќачот даде согласност за извршување на платежната трансакција.
(2) Платежната трансакција може да се авторизира од страна на плаќачот пред нејзиното извршување или ако е договорено меѓу плаќачот и давателот на платежните услуги, по нејзиното извршување.
(3) Согласноста за извршување на платежната трансакција или за серија на платежни трансакции треба да биде дадена во форма што е договорена меѓу плаќачот и давателот на платежната услуга. Согласноста, исто така, може да биде дадена и преку примачот или преку давателот на услуги за иницирање на плаќања.
(4)Ако согласноста за извршување на платежната трансакција не е дадена во формата договорена помеѓу плаќачот и давателот на платежната услуга, платежната трансакција се смета како неавторизирана.
(5)Плаќачот може да ја повлече согласноста за извршување на платежната трансакција во секое време, но најдоцна до моментот на неотповикливост на платниот налог согласно со членот 96 од овој закон.
(6) Плаќачот може да ја повлече согласноста за извршување на серија на платежни трансакции во секое време, по што секоја идна платежна трансакција која е дел од серијата се смета како неавторизирана.
(7) Начинот и постапката за давање согласност за извршување на платежни трансакции и за повлекување на дадената согласност се составен дел од договорот меѓу плаќачот и давателот, односно давателите на платежни услуги.

**Потврдување расположливост на паричните средства**

**Член 80**

(1) Давателот на платежни услуги кој ја одржува платежната сметка е должен на барање на давателот на платежните услуги кој издал платни инструменти засновани на картичка, веднаш да потврди дали на платежната сметка на плаќачот е расположлив износот потребен за извршување на платежната трансакција заснована на картичка, доколку се исполнети следниве услови:
1)платежната сметка на плаќачот е достапна онлајн во моментот на барањето за потврдување расположливост на износот на парични средства;
2)плаќачот му дал согласност на давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка да одговори на барањата на конкретен давател на платежни услуги за потврдување дека на платежната сметка на плаќачот е расположлив износот што соодвествува на одредената платежна трансакција заснована на картичка и
3) согласноста од точката 2 на овој став е дадена пред да се поднесе првото барање за потврдување расположливост на износот на паричните средства.
(2) Давателот на платежни услуги кој издал платни инструменти засновани на картичка бара потврдување расположливост на парични средства од ставот (1) на овој член, доколку се исполнети следните услови:

1) плаќачот му дал согласност на давателот на платежни услуги кој го издал платниот инструмент да побара потврдување расположливост на парични средства од ставот (1) на овој член;
2)плаќачот иницирал платежна трансакција заснована на картичка во износот што треба да се потврди со користење на платен инструмент заснован на картичка издаден од давателот на платежни услуги и
3) пред секое барање за потврдување расположливост на парични средства од ставот (1) на овој член, давателот на платежните услуги комуницира на сигурен начин со давателот на платежните услуги којшто ја одржува платежната сметка согласно со стандардите за комуникација од членот 125 од овој закон.
(3)Во согласност со прописите за заштита на личните податоци, потврдувањето расположливост на парични средства од ставот (1) на овој член го содржи само одговорот „да" или „не" и не содржи извештај за состојбата на платежната сметка.
(4) Давателот на платежни услуги кој издал платни инструменти засновани на картичка одговорот од ставот (3) на овој член не го чува како податок и не го користи за други цели, различни од извршувањето на платежната трансакција заснована на картичка.
(5) Давателот на платежните услуги којшто ја одржува платежната сметка на плаќачот нема право врз основа на потврдувањето на расположливоста на паричните средства од ставот (1) на овој член да врши резервирање на парични средства на платежната сметка на плаќачот.
(6) Давателот на платежна услуга којшто ја одржува платежната сметка на плаќачот е должен на барање на плаќачот да го информира за идентитетот на давателот на платежните услуги од ставот (2) на овој член и за одговорот од ставот (3) на овој член.
(7) Одредбите од овој член не се применуваат на платежни трансакции иницирани преку платни инструменти засновани на картички на коишто се чуваат електронски пари.

**Правила за пристап до платежните сметки при услугите за иницирање на плаќања**

**Член 81**

(1) Плаќачот има право да ја користи услугата на давател на услуги за иницирање на плаќања од членот 8 став (1) точка 7 од овој закон само доколку платежната сметка е достапна онлајн.
(2)Услугата за иницирање на плаќања се врши независно од постоењето на договорен однос за таа цел меѓу давателот на услуги за иницирање на плаќања и давателот на платежните услуги којшто ја одржува платежната сметка.
(3) Давателот на услуги за иницирање плаќања:
1) не смее во ниту еден момент додека ја врши услугата за иницирање на плаќања да ги чува паричните средства на плаќачот;
2) е должен да обезбеди дека корисничките сигурносни обележја не се достапни за други лица, освен за корисникот на платежни услуги и издавачот на корисничките сигурносни обележја и дека нивниот пренос од страна на давателот на услугата за иницирање на плаќање се врши преку безбедни и ефикасни канали;
3) е должен да обезбеди дека сите информации за корисникот на платежни услуги добиени при вршењето на услугата за иницирање на плаќање се даваат само на примачот на паричните средства и само со согласност од корисникот на платежни услуги;
4) е должен секогаш кога е иницирано плаќање да го потврди својот идентитет кај давателот на платежните услуги којшто ја одржува платежната сметка на плаќачот и со

давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка, со плаќачот и со примачот да комуницира на сигурен начин, согласно со стандардите за комуникација пропишани од страна на Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од членот 125 став (1) од овој закон;
5) не смее да ги чува чувствителните податоци за плаќањата на корисникот на платежни услуги;
6) не смее да бара од корисникот на платежните услуги други податоци освен оние што се неопходни за вршење на услугата за иницирање на плаќањата;
7) не смее да користи, пристапува или чува какви било податоци за други цели освен за давањето на услуги за иницирање на плаќања, како што изречно е побарано од плаќачот и 8) не смее да ги менува податоците за износот, примачот на плаќањето или која било друга карактеристика на платежната трансакција.
(4) Во случај кога плаќачот дал согласност за извршување на платежни трансакции согласно со членот 79 од овој закон, давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка треба да му овозможи на плаќачот користење на услугата за иницирање плаќања, пришто е должен:
1) да комуницира на сигурен начин со давателите на услуги за иницирање плаќања, согласно со стандардите за комуникација пропишани од страна на Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од членот 125 став (1) од овој закон;
2) веднаш по приемот на платниот налог од давателот на услуги за иницирање на плаќања да ги даде или да ги стави на располагање на давателот на услуги за иницирање на плаќања сите информации за иницирањето на платежната трансакција и сите информации што му се достапни во врска со извршувањето на платежната трансакција и
3) да постапува со платните налози пренесени преку давателите на услуги за иницирање плаќања, особено во поглед на временскиот распоред на извршување, приоритетот на извршување или надоместоците, на ист начин како и со платните налози што се примени непосредно од страна на плаќачот, освен кога различно постапување е неопходно поради објективно оправдани причини.

**Правила за пристап и користење на информациите за платежните сметки при услугите за давање информации за платежните сметки**

**Член 82**

(1) Корисникот на платежните услуги може да ги користи услугите за давање информации за платежните сметки само доколку платежната сметка е достапна онлајн.
(2) Услугата за давање информации за платежните сметки се врши независно од постоењето на договорен однос за таа цел меѓу давателот на услуги за давање информации за платежните сметки и давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка.
(3) Давателот на услуги за давање информации за платежните сметки:
1) е должен да ги дава само услугите за кои корисникот на платежни услуги дал согласност;
2) е должен да обезбеди дека корисничките сигурносни обележја не се достапни за други лица, освен за корисникот и издавачот на корисничките сигурносни обележја и дека нивниот пренос од страна на давателот на услуги за давање информации за платежните сметки се врши преку безбедни и ефикасни канали;
3) е должен при секоја комуникација да го потврди својот идентитет кај давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка на корисникот на платежни услуги

и со давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка и со корисникот на платежни услуги да комуницира на сигурен начин согласно со стандардите за комуникација пропишани од страна на Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од членот 125 став (1) од овој закон;

4) е должен да пристапува само до информациите од посочените платежни сметки и платежните трансакции поврзани со нив;

5) не смее да бара чувствителни податоци за плаќањата во врска со платежните сметки и

6) не смее да користи, пристапува или чува какви било податоци за други цели, освен вршењето на услугата за давање информации за платежните сметки како што изречно е побарано од корисникот на платежните услуги, во согласност со прописите за заштита на податоци.

(4) Давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка во однос на платежните сметки е должен:

1) да комуницира на сигурен начин со давателите на услуги за давање информации за платежните сметки, согласно со стандардите за комуникација пропишани од страна на Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од членот 125 став (1) од овој закон и

2) да постапува со барањата за податоци упатени од страна на давателите на услуги за давање информации за платежните сметки на идентичен начин, освен кога различното постапување е неопходно поради објективно оправдани причини.

## Ограничувања за користење на платен инструмент

### Член 83

(1) Кога платниот инструмент се користи за давање на согласноста за извршување на платежната трансакција, плаќачот и неговиот давател на платежни услуги може да договорат ограничување на потрошениот износ за платежните трансакции кои се извршуваат преку тој платен инструмент.

(2)Доколку е договорено во рамковниот договор, давателот на платежни услуги може да го блокира платниот инструмент, заради објективно оправдани причини поврзани со:

1) сигурноста на платниот инструмент;
2) сомнеж за неавторизирано или измамничко користење на платниот инструмент или
3) значително зголемен ризик дека плаќачот нема да може да ги исполни своите парични обврски поврзани со кредитната линија, во случај на употреба на платен инструмент со одобрена кредитна линија.

(3) Давателот на платежни услуги е должен пред блокирањето на платниот инструмент, а доколку тоа не е можно, веднаш по блокирањето на платниот инструмент да го информира плаќачот за блокирањето и за причините за тоа, на начин утврден со рамковниот договор, освен во случај кога информирањето за блокирање на платниот инструмент е спротивно на закон или ако за тоа постојат објективно оправдани сигурносни причини.

(4) Давателот на платежни услуги е должен да ја отстрани блокадата на платниот инструмент или да го замени блокираниот платен инструмент со нов платен инструмент, по престанокот на причините од ставот (2) на овој член.

## Ограничување на пристапот до платежните сметки од страна на давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка

**Член 84**

(1) Давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка може на давателот на услуги за давање информации за платежни сметки или на давателот на услуги за иницирање на плаќања да му го одбие пристапот до платежната сметка поради објективно оправдани причини поткрепени со соодветни докази кои се однесуваат на неавторизиран или измамнички пристап до платежната сметка од страна на давателот на услуги за давање информации за платежните сметки или од страна на давателот на услуги за иницирање на плаќања, вклучувајќи го и неавторизираното или измамничкото иницирање на платежна трансакција.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, давателот на платежните услуги којшто ја одржува платежната сметка е должен да го информира плаќачот за одбивањето на пристапот до платежната сметка и причините за тоа, на начин утврден со рамковниот договор. Известувањето треба да биде дадено на плаќачот пред одбивањето на пристапот, а доколку тоа не е можно, веднаш по одбивањето, освен ако давањето на наведените информации е спротивно на закон или ако за тоа постојат објективно оправдани сигурносни причини.

(3) Давателот на платежните услуги којшто ја одржува платежната сметка треба да го овозможи пристапот до платежната сметка штом престанат да постојат причините од ставот (1) на овој член поради кои е одбиен пристапот.

(4) Давателот на платежните услуги којшто ја одржува платежната сметка е должен веднаш да ја извести Народната банка за секое одбивање согласно со ставот (1) на овој член. Известувањето треба да содржи детален опис и причините за одбивањето на пристапот до платежните сметки.

(5) Народната банка го разгледува известувањето од ставот (4) на овој член и доколку е потребно, кон давателите на платежните услуги Извршниот одбор презема мерки кон субјектот на надзор согласно со членот 163 од овој закон.

**Обврски на корисникот на платежни услуги во врска со платните инструменти и корисничките сигурносни обележја**

**Член 85**

Корисникот на платежни услуги кој е овластен да го користи платниот инструмент е должен:

1) веднаш штом ќе го добие платниот инструмент, да ги преземе сите разумни мерки за заштита на корисничките сигурносни обележја на платниот инструмент;

2) да го користи платниот инструмент во согласност со договорните услови за издавање и користење на платниот инструмент и

3) да го извести давателот на платежни услуги или лицето определено од давателот на платежни услуги, веднаш по добивање сознание за губење, кражба, злоупотреба или неавторизирано користење на платниот инструмент.

**Обврски на давателот на платежни услуги во однос на платните инструменти**

**Член 86**

(1) Давателот на платежни услуги кој издава платен инструмент ги има следниве обврски:

1) да осигура дека корисничките сигурносни обележја поврзани со платниот инструмент се достапни само на корисникот на платежни услуги овластен да го користи платниот

инструмент и дека истите не се достапни за други лица, без да се доведуваат во прашање обврските на корисникот на платежните услуги од членот 85 од овој закон;
2) да испраќа до корисникот на платежни услуги платен инструмент којшто тој го побарал или во случај кога платниот инструмент даден на корисникот треба да се замени;
3)да обезбеди во секое време корисникот на платежните услуги да може да достави известување согласно со членот 85 точка 3 од овој закон или да бара отстранување на блокадата на платниот инструмент согласно со членот 83 став (4) од овој закон;
4)на барање на корисникот на платежните услуги поднесено во рок од 18 месеци по доставеното известување од точката 3 на овој став, да му достави доказ со кој се потврдува дека известувањето е доставено;
5) да спречи употреба на платниот инструмент веднаш по приемот на известувањето од членот 85 точка 3 од овој закон;
6) да му овозможи на корисникот на платежните услуги без надоместок доставување на известувањето од членот 85 точка 3 од овој закон и да пресмета и наплати единствено трошоци за замена што се непосредно поврзани со соодветниот платен инструмент, доколку такви трошоци постојат и
7) да овозможи објективни, недискриминаторски и пропорционални услови за издавање, замена и користење на платниот инструмент.
(2) Давателот на платежни услуги го сноси ризикот при доставување на платниот инструмент или на какви било кориснички сигурносни обележја поврзани со платниот инструмент до корисникот на платежните услуги.

**Известување за неавторизирани или неправилно извршени платежни трансакции и нивна исправка**

**Член 87**

(1) Доколку давателот на платежни услуги изврши неавторизирана платежна трансакција или неправилно изврши платежна трансакција, корисникот на платежни услуги има право на исправка со поднесување на известување до давателот на платежни услуги најдоцна во рок од 13 месеци од датумот на задолжување.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, доколку давателот на платежни услуги не му ги дал или не му ги ставил на располагање на корисникот на платежни услуги информациите за извршувањето на неавторизирана или неправилно извршената платежна трансакција согласно со Дел трети од овој закон, корисникот може да го поднесе известувањето во било кое време.
(3) Доколку во извршувањето на платежната трансакција е вклучен и давател на услуги за иницирање на плаќања, корисникот на платежните услуги го доставува известувањето од ставот (1) на овој член до давателот на платежните услуги којшто ја одржува платежната сметка.

**Докажување на автентикацијата и извршувањето на платежната трансакција**

**Член 88**

(1) Доколку корисникот на платежната услуга спори дека ја авторизирал извршената платежна трансакција или тврди дека платежната трансакција не е правилно извршена, давателот на платежни услуги е должен да докаже дека:
- е извршена автентикација на платежната трансакција и

- платежната трансакција е правилно евидентирана и прокнижена и врз извршувањето на платежната трансакција не влијаела техничка неисправност или друг пропуст на давателот на платежни услуги.

(2) Доколку платежната трансакција е иницирана преку давател на услуги за иницирање на плаќања, давателот на услуги за иницирање на плаќања е должен во рамки на услугата што ја дава, да докаже дека:

-е извршена автентикација на платежната трансакција и

- платежната трансакција е правилно евидентирана и врз извршувањето на платежната трансакција не влијаела техничка неисправност или друг пропуст поврзан со платежната услуга што ја извршил.

(3) Во случај кога корисникот на платежните услуги спори дека ја авторизирал извршената платежна трансакција, евидентирањето на употребата на платниот инструмент од страна на давателот на платежните услуги, вклучително каде што е соодветно и од страна на давателот на услуги за иницирање на плаќања, не е доволен доказ дека:

- платежната трансакција била авторизирана од плаќачот,
- плаќачот дејствувал со намера да изврши измама и/или
- плаќачот со намера или крајно невнимание не исполнил една или повеќе од обврските од членот 85 од овој закон.

(4) Давателот на платежни услуги, вклучително каде што е соодветно и давателот на услуги за иницирање на плаќања, се должни да обезбедат дополнителни докази што го поткрепуваат постоењето на измама или крајно невнимание од страна на корисникот на платежните услуги од ставот (3) на овој член.

## Одговорност на давателот на платежни услуги за неавторизирани платежни трансакции

## Член 89

(1)Во случај на извршена неавторизирана платежна трансакција, давателот на платежни услуги на плаќачот е должен да го врати износот на неавторизираната платежна трансакција на плаќачот, веднаш по дознавањето за трансакцијата или добивањето на известувањето од членот 87 став (1) од овој закон, а најдоцна до крајот на следниот работен ден, освен ако давателот на платежните услуги на плаќачот има разумен основ да се сомнева во измама и таквиот основ да го пријави до соодветните надлежни органи на писмено.

(2) Давателот на платежни услуги на плаќачот е должен да ја врати состојбата на задолжената сметка на плаќачот во рокот од ставот (1) на овој член во истата состојба во којашто би била доколку не е извршена неавторизираната платежна трансакција и притоа датумот на одобрување на сметката на плаќачот не може да биде подоцна од датумот на кој сметката на плаќачот била задолжена за износот на трансакцијата.

(3) Давателот на платежните услуги одговорен за неавторизираната платежна трансакција, е должен да изврши и поврат на износите на сите надоместоци што ги наплатил од плаќачот во врска со таквата трансакција, односно да ги пресмета и плати сите камати на кои плаќачот би имал право доколку не е извршена неавторизираната платежна трансакција.

(4) Доколку платежната трансакција е иницирана преку давател на услуги за иницирање на плаќања, давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка и го примил известувањето согласно со членот 87 точка 3 на овој член е должен веднаш, а најдоцна до крајот на следниот работен ден:

- да го врати износот на неавторизираната платежна трансакција и
- да ја врати состојбата на задолжената сметка на плаќачот во истата состојба во којашто би била доколку не е извршена неавторизираната платежна трансакција.

(5) Давателот на услугите за иницирање на плаќања на барање на давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка е должен:

- веднаш да му ги надомести настанатите загуби или платени износи што настанале како последица на повратот на паричните средства на плаќачот, вклучително и износот на неавторизираната платежна трансакција, доколку е одговорен за неавторизираната платежна трансакција или
- да докаже во согласност со членот 88 став (2) од овој закон дека, во рамки на услугата што ја дава, е извршена автентикација на платежната трансакција, платежната трансакција е точно евидентирана и врз извршувањето на платежната трансакција не влијаела техничка неисправност или друг пропуст поврзан со платежната услуга што ја извршил.

(6)Во случај на извршување на неавторизирана платежна трансакција, плаќачот има право на надоместок за претрпена штета од одговорниот давател на платежни услуги согласно со Законот за облигационите односи.

(7) Одредбите од овој член се однесуваат и на електронските пари, освен ако давателот на платежните услуги на плаќачот нема можност да ја замрзне платежната сметка на која се чуваат електронските пари или да го блокира платниот инструмент.

**Одговорност на плаќачот за неавторизирани платежни трансакции**
**Член 90**

(1) По исклучок на одредбите од членот 89 од овој закон, плаќачот може да биде одговорен за надоместување на загубите произлезени од извршени неавторизирани платежни трансакции поради загубен или украден платен инструмент или злоупотреба на платниот инструмент до максимален износ од 1.200 денари или соодветната противвредност во други валути.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член не се применуваат, ако:

1) загубата, кражбата или злоупотребата на платниот инструмент не е возможно да била откриена од страна на плаќачот пред плаќањето, освен ако самиот плаќач постапувал со намера за измама или

2) загубата настанала поради постапување или непостапување на вработен, агент или филијала на давателот на платежни услуги или на надворешните лица на кои им е пренесено извршувањето на оперативните функции поврзани со давањето на платежните услуги.

(3) Плаќачот целосно ги сноси загубите од извршените неавторизирани платежни трансакции доколку платежните трансакции настанале поради постапување со намера за измама од страна на плаќачот или поради неисполнување, со намера или крајно невнимание, на една или повеќе обврски на плаќачот од членот 85 од овој закон.

(4) Максималниот износ од ставот (1) на овој член не се применува во случаите од ставот (3) на овој член.

(5) Ако давателот на платежните услуги на плаќачот не прави засилена автентикација на клинетот, плаќачот не сноси финансиска загуба, вклучувајќи го и износот од ставот (1) на овој член, освен ако плаќачот постапувал со намера за измама.

(6) Доколку примачот или неговиот давател на платежни услуги не прифаќа засилена автентикација на клиентот, е должен да му ја надомести финансиската штета причинета на давателот на платежните услуги на плаќачот.
(7) Плаќачот не е одговорен за финансиските последици кои произлегуваат од користење на загубен, украден или злоупотребен платен инструмент по доставување на известувањето согласно со членот 85 став (1) точка 2 од овој закон, освен ако плаќачот постапувал со намера за измама.
(8) Доколку давателот на платежни услуги, не обезбеди соодветни средства за известување во секое време за изгубен, украден или злоупотребен платен инструмент согласно со членот 86 став (1) точки 3 и 4 од овој закон, плаќачот не е одговорен за финансиските последици од употребата на платниот инструмент, освен ако плаќачот постапувал со намера за измама.
(9) Одредбите од овој член се однесуваат и на електронските пари, освен ако давателот на платежните услуги на плаќачот нема можност да ја замрзне платежната сметка на која се чуваат електронските пари или да го блокира платниот инструмент.

**Платежни трансакции кај кои износот на трансакцијата не е однапред познат**

**Член 91**

(1) Во случај на платежна трансакција заснована на картичка иницирана од страна на или преку примачот кај која во моментот кога плаќачот ја дава согласноста за извршување на платежната трансакција точниот износ на трансакција не е познат, давателот на платежни услуги на плаќачот може да резервира парични средства на платежната сметка на плаќачот само ако плаќачот дал согласност за точниот износ на парични средства што треба да се резервира.
(2) Давателот на платежни услуги на плаќачот е должен да ги ослободи резервираните парични средства на платежната сметка на плаќачот од ставот (1) на овој член без непотребно одлагање по приемот на информацијата за точниот износ на платежната трансакција или најдоцна веднаш по приемот на платниот налог.

**Специфични права на плаќачот при директни задолжувања во коишто како корисник се јавува потрошувач**

**Член 92**

(1) При извршување на директни задолжувања во кои барем еден од корисниците на платежните услуги е потрошувач, независно дали е плаќач или примач, плаќачот има право на неговиот давател на платежни услуги да му ги даде следниве инструкции:
1) да ја ограничи наплатата при директни задолжувања на одреден износ и/или временски период;
2) пред да ја задолжи платежната сметка на плаќачот, да изврши верификација на секое директно задолжување според информациите содржани во мандатот, за да провери дали износот и временскиот период на платежната трансакција на директно задолжување е во согласност со мандатот, доколку мандатот според платежната шема за директни задолжувања не овозможува право на безусловен поврат на паричните средства или

3) да го блокира секое директно задолжување од платежната сметка на плаќачот или иницирано од еден или повеќе точно наведени примачи или да го дозволи секое директно задолжување што е иницирано од еден или повеќе точно наведени примачи.
(2) Доколку рамковниот договор за платежни услуги се однесува и за користење на директно задолжување, истиот задолжително содржи и информации за правата на плаќачот од ставот (1) на овој член.
(3) При извршување на секоја одделна платежна трансакција на директно задолжување примачот е должен до неговиот давател на платежни услуги да ги испрати информациите содржани во мандатот, а давателот на платежните услуги на примачот е должен истите да ги препрати на давателот на платежните услуги на плаќачот.

**Поврат на парични средства за платежни трансакции иницирани од страна на или преку примачот**

**Член 93**

(1) Давател на платежни услуги на плаќачот е должен на поднесено барање на плаќачот да изврши поврат на паричните средства на плаќачот за извршена и авторизирана платежна трансакција која е иницирана од страна на или преку примачот и доколку се исполнети следниве услови:
1) при авторизацијата на платежната трансакција не е наведен точниот износ на платежната трансакција и
2) износот на платежната трансакција го надминува износот кој плаќачот вообичаено го очекува имајќи ги предвид износите на минатите платежни трансакции, условите од рамковниот договор и релевантните околности во конкретниот случај, освен кога износот на платежната трансакција е надминат поради извршена валутна конверзија со примена на референтен девизен курс договорен меѓу плаќачот и давателот на платежните услуги согласно со членовите 49 став (2) точка 4 и 56 став (1) точка 3) потточка б) од овој закон.
(2) Плаќачот е должен да го докаже исполнувањето на условите од ставот (1) на овој член на барање на давателот на платежните услуги.
(3) Износот на повратените парични средства од ставот (1) на овој член е еднаков на вкупниот износ на извршената платежна трансакција, притоа датумот на одобрување на платежната сметка на плаќачот не треба да биде подоцна од датумот на кој износот бил задолжен.
(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, за директни задолжувања плаќачот којшто е потрошувач има право на безусловен поврат на паричните средства од својот давател на платежни услуги, доколку поднесе барање за поврат во рокот од ставот (7) на овој член.
(5) Доколку во рамковниот договор меѓу плаќачот којшто не е потрошувач и давателот на платежни услуги на плаќачот, за директните задолжувања не е уредено безусловно право на плаќачот за поврат на паричните средства, давателот на платежните услуги на плаќачот, пред да ја задолжи платежната сметка на плаќачот е должен да изврши верификација на секое директно задолжување според информациите содржани во мандатот, заради проверка на усогласеност на доставената платежна трансакција на директното задолжување со висината и временскиот период определени со мандатот.
(6) Плаќачот и давателот на платежни услуги може со рамковниот договор да уредат дека плаќачот нема право на поврат на паричните средства согласно со ставот (1) на овој член, ако:
1) плаќачот непосредно му ја дал согласноста за извршување на платежната трансакција на давателот на платежни услуги и

2) давателот на платежните услуги или примачот ги дал или ги ставил на располагање информациите за идната платежна трансакција на плаќачот на договорениот начин, најмалку 28 дена пред крајниот датум на достасување.
(7)Плаќачот го поднесува барањето за поврат на паричните средства од ставовите (1) и (4) на овој член во рок од 56 дена од датумот на задолжување на износот на паричните средства.
(8) Давателот на платежни услуги во рок од десет работни дена од добивање на барањето за поврат на паричните средства е должен да го врати целиот износ на платежната трансакција или да го одбие барањето со образложение на причините за одбивањето и со укажување на можностите за решавање на спорови и органите кај кои плаќачот може да се обрати согласно со членовите 129, 130 и 131 од овој закон доколку е незадоволен од образложените причини за одбивањето.
(9) По исклучок од ставот (8) на овој член кога барањето за поврат на парични средства е поднесено согласно со ставот (4) на овој член, давателот на платежни услуги нема право да го одбие барањето и е должен во рок од десет работни дена од добивање на барањето за поврат на паричните средства да го врати целиот износ на платежната трансакција.

## Глава III
## Извршување на платежни трансакции

### Прием на платниот налог

### Член 94

(1) Време на прием на платниот налог е моментот кога давателот на платежните услуги на плаќачот го примил платниот налог.
(2) Давателот на платежни услуги на плаќачот ја задолжува платежната сметка на плаќачот по приемот на платниот налог.
(3) Ако времето на прием на платниот налог е во неработен ден за давателот на платежната услуга на плаќачот се смета дека платниот налог е примен следниот работен ден.
(4) Давателот на платежните услуги може да определи момент кон крајот на работниот ден како крајно време после кое примените платни налози се сметаат дека се примени следниот работен ден на давателот на платежни услуги.
(5) Корисникот на платежни услуги кој иницира платен налог и давателот на платежни услуги можат да договорат извршувањето на платниот налог да започне на точно одреден ден или на крајот на одреден период или на денот на кој плаќачот ќе му ги стави на располагање на давателот на платежни услуги потребните парични средства за извршување на платниот налог, притоа времето на прием на платниот налог се смета дека е договорениот ден за извршување на платниот налог.
(6) Ако договорениот ден од ставот (5) на овој член е неработен ден за давателот на платежни услуги, се смета дека платниот налог е примен следниот работен ден.

### Одбивање на платниот налог

### Член 95

(1) Доколку давателот на платежни услуги одбие да го изврши платниот налог или да ја иницира платежната трансакција, е должен да го извести корисникот на платежни услуги за одбивањето, за причините за одбивање и за постапката за исправка на грешките кои

довеле до одбивање на платниот налог, освен ако давањето на информациите е забрането со закон.
(2) Давателот на платежни услуги е должен да го даде или да го стави на располагање известувањето од ставот (1) на овој член на начинот што е договорен со корисникот на платежни услуги, веднаш, а најдоцна во роковите од членот 99 од овој закон.
(3) Рамковниот договор може да содржи одредба со која за одбивањето на платниот налог од ставот (1) на овој член давателот на платежните услуги може да пресметува и наплатува надоместок со разумна висина доколку за одбивањето постојат објективно оправдани причини.
(4) Доколку се исполнети сите услови од рамковниот договор склучен меѓу плаќачот и давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка на плаќачот, истиот давател на платежни услуги е должен да го изврши авторизираниот платен налог без оглед на тоа дали платниот налог е иницииран од плаќачот, вклучително и преку давател на услуги за иницирање на плаќања или е инициран од страна на или преку примачот, освен во случај кога извршувањето на платниот налог е забрането со закон.
(5) Платниот налог чиешто извршување е одбиено се смета дека не бил примен и во тој случај не се применуваат одредбите од членовите 99 ставови (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9), 102 и 103 од овој закон.

**Неотповикливост на платниот налог**

**Член 96**

(1) Корисникот на платежни услуги не може да го отповика платниот налог откако налогот е примен од давателот на платежните услуги на плаќачот, освен во случаите од ставовите (3), (4) и (5) на овој член.
(2)Доколку платежната трансакција е иницирана од давател на услуги за иницирање на плаќања или од страна на или преку примачот, плаќачот не може да го отповика платниот налог откако ја дал согласноста за иницирање на платежната трансакција на давателот на услугите за иницирање на плаќања или откако ја дал согласноста за извршување на платежната трансакција на примачот.
(3) По исклучок на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, во случај на директно задолжување и без да се доведе во прашање правото за поврат на паричните средства, плаќачот може да го отповика платниот налог најдоцна до крајот на работниот ден кој претходи на договорениот ден за задолжување на паричните средства.
(4) Во случајот од членот 94 ставови (5) и (6) од овој закон, корисникот на платежните услуги може да го отповика платниот налог најдоцна до крајот на работниот ден кој претходи на договорениот ден за извршување на платниот налог.
(5) По истекот на роковите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член, платниот налог може да се отповика само доколку е договорено меѓу корисникот на платежните услуги и давателите на платежните услуги.
(6) Во случаите од ставовите (2) и (3) на овој член, за отповикување на платниот налог согласно со ставот (5) на овој член потребна е согласност од примачот.
(7)Давателот на платежни услуги може да пресмета и наплати надоместок за отповикување на платниот налог, доколку пресметката и наплатата на надоместокот е договорена и определена во рамковниот договор.

**Пренесен и примен износ**

### Член 97

(1) Давателите на платежни услуги на плаќачот, давателите на платежните услуги на примачот и сите посреднички даватели на платежни услуги, се должни да го пренесат целиот износ на платежната трансакција, односно не смеат да го намалуваат за надоместоци за своите услуги.
(2) Пренесениот износ на платежната трансакција мора да биде во висина на износот на поединечниот платен налог.
(3) По исклучок од ставот (1) на овој член примачот и давателот на платежните услуги може да договорат дека давателот на платежни услуги ги наплатува надоместоците за своите услуги од пренесениот износ на платежната трансакција пред да ги одобри паричните средства на примачот.
(4) Во случајот од ставот (3) на овој член, давателот на платежната услуга е должен во информациите за извршената платежна трансакција дадени на примачот одделно да го прикаже целиот износ на платежната трансакција и износот на сите пресметани и наплатени надоместоци.
(5) Доколку од пренесениот износ на платежната трансакција се наплатени и други надоместоци освен надоместоците од ставот (3) на овој член, давателот на платежните услуги на плаќачот е должен да обезбеди дека примачот го прима целиот износ на платежната трансакција иницирана од страна на плаќачот намален за надоместоците договорени согласно со ставот (3) на овој член.
(6) Во случај кога платежната трансакција е иницирана од страна на или преку примачот и од пренесениот износ на платежната трансакција се наплатени и други надоместоци освен надоместоците од ставот (3) на овој член, давателот на платежни услуги на примачот е должен да обезбеди дека примачот го прима целиот износ на платежната трансакција иницирана од страна на или преку примачот намален за надоместоците договорени согласно со ставот (3) на овој член.

### Мултилатерален заменски надоместок меѓу давателите на платежни услуги кај платежните трансакции за директно задолжување во денари

### Член 98

(1) Давателите на платежните услуги не смеат да пресметуваат и наплатуваат мултилатерален заменски надоместок по одделни платежни трансакции од други даватели на платежните услуги што учествуваат во платежна шема за директни задолжувања во денари, ниту слични надоместоци кои имаат иста цел или ефект како и мултилатералниот заменски надоместок, освен за Р-трансакциите под условите определени во ставот (2) на овој член.
(2) За Р-трансакциите на директно задолжување во денари може да се пресметува и наплатува мултилатерален заменски надоместок врз основа на склучен договор меѓу даватели на платежни услуги за формирање платежна шема за директни задолжувања, доколку се исполнети следниве услови:

1) договорот обезбедува:

- ефикасна распределба на трошоците меѓу давателите на платежните услуги или корисниците на платежните услуги, во зависност од тоа кој од нив ја предизвикал Р-трансакцијата и земајќи го предвид постоењето на трансакциските трошоци,
- надоместокот не се наплатува автоматски и

- забрана за давателите на платежните услуги да наплатуваат надоместоци од корисниците на платежните услуги за Р-трансакција што се повисоки од трошоците што се на товар на давателот на платежните услуги за соодветната Р-трансакција;
2)мултилатералниот заменски надоместок да се заснова единствено на трошоците направени од давателот на платежни услуги;
3) висината на надоместокот не ги надминува вистински направените трошоци за постапување по Р-трансакциите од најефикасниот давател на платежни услуги којшто според бројот на платежни трансакции и природата на услугите е најрепрезентативен во платежната шема за директни задолжувања;
4) примената на мултилатералниот заменски надоместок да не му дава право на давателот на платежните услуги да пресметува и наплатува од своите корисници на платежни услуги дополнителни надоместоци за трошоците коишто се покриени со мултилатералниот заменски надоместок и
5) не постои спроведлива и економски исплатлива алтернатива на платежната шема за директни задолжувања, која би овозможила постапување со Р-трансакциите со идентична или поголема ефикасност, со исти или пониски трошоци за корисниците на платежните услуги.
(3) Во пресметката на висината на мултилатералниот заменски надоместок за Р-трансакциите согласно со ставот (2) на овој член, давателите на платежните услуги треба да ги земат предвид само оние видови трошоци кои се непосредно и недвосмислено поврзани со постапувањето со Р-трансакциите и што можат точно да бидат утврдени. Заради полесна проверка и следење, износот на трошоците, вкупно и по поединечни ставки, треба да бидат уредени во договорот од ставот (2) на овој член.
(4) Одредбите од овој член соодветно се применуваат и на билатералните договори меѓу давателите на платежни услуги, како и на еднострано поставени правила за директни задолжувања во денари на давател на платежни услуги, коишто имаат иста цел или ефект како и оние на мултилатералниот договор.

**Рок за извршување на платежни трансакции**

**Член 99**

(1)При извршување на платежни трансакции во денари и евра во Република Северна Македонија, давателот на платежните услуги на плаќачот е должен да обезбеди износот на платежната трансакција да биде одобрен на сметката на давателот на платежни услуги на примачот во истиот работен ден кога е примен платниот налог согласно со членот 94 од овој закон.
(2)При извршување на платежни трансакции во валута различна од денари и евра во Република Северна Македонија, давателот на платежните услуги на плаќачот е должен да обезбеди износот на платежната трансакција да биде одобрен на сметката на давателот на платежни услуги на примачот најдоцна до крајот на вториот работен ден по денот кога е примен платниот налог согласно со членот 94 од овој закон.
(3)При извршување на прекугранични платежни трансакции, давателот на платежните услуги на плаќачот е должен да го достави платниот налог инициран од плаќачот до давателот на платежни услуги во странство со датум на валута најдоцна третиот работен ден по денот кога е примен платниот налог согласно со членот 94 од овој закон, освен ако со плаќачот не е поинаку договорено.
(4) За прекугранични платежни трансакции во евра кон Европската економска област, давателот на платежни услуги на плаќачот е должен да обезбеди износот на платежната

трансакција да биде одобрен на сметката на давателот на платежни услуги на примачот најдоцна до крајот на следниот работен ден по денот на приемот на платниот налог согласно со членот 94 од овој закон.
(5) Рокот од ставот (4) на овој член може да се продолжи за уште еден работен ден за прекуграничните платежни трансакции во евра кон Европската економска област коишто се иницирани на хартија.
(6) Роковите за извршување на прекуграничните платежни трансакции определени со ставовите (4) и (5) на овој член се применуваат соодветно и на други прекугранични платежни трансакции, освен ако корисникот на платежни услуги и давателот на платежни услуги се договорат за примена на подолг рок за извршување на платежните трансакции.
(7) Доколку за извршување на прекугранични платежни трансакции кон Европската економска област во други валути на земји од Европската економска област различни од евро е договорен подолг рок од рокот утврден во ставот (6) на овој член, истиот не може да надмине четири работни дена од времето на прием на платниот налог согласно со членот 94 од овој закон.
(8)Давателот на платежните услуги на примачот, по приемот на паричните средства е должен да го стави на располагање износот на платежната трансакција на платежната сметка на примачот, на датумот на валута определен согласно со членот 100 од овој закон.
(9)Давателот на платежни услуги на примачот е должен да го пренесе платниот налог иницирран од страна на или преку примачот до давателот на платежни услуги на плаќачот, во рокот што е договорен помеѓу примачот и неговиот давател на платежни услуги, а во случај на директно задолжување во рокот којшто овозможува порамнување на обврските на плаќачот на договорениот датум на достасување.
(10) Во случај кога потрошувачот внесува готовина на платежна сметка кај давателот на платежни услуги во валута во којашто гласи платежната сметка, давателот на платежните услуги е должен да го стави износот на парични средства на располагање истиот ден и со ист датум на валута, веднаш по приемот на готовите пари.
(11) Кога корисникот на платежни услуги кој не е потрошувач, внесува готовина на платежната сметка кај давателот на платежни услуги во валута во којашто гласи платежната сметка, давателот на платежните услуги е должен да го стави износот на парични средства на располагање и со датум на валута, најдоцна следниот работен ден по денот на прием на готовите пари.
(12) Кога платежната трансакција не вклучува користење на платежна сметка од страна на примачот, давателот на платежните услуги кој ги прима паричните средства во име на примачот е должен на примачот да му ги стави на располагање паричните средства, во рокот утврден согласно со членот 100 став (2) од овој закон.
(13) Роковите од овој член не се применуваат доколку се постапува согласно со прописите за спречување перење пари и финансирање тероризам.

**Датум на валута и расположливост на паричните средства**

**Член 100**

(1) Датумот на валута на одобрување на платежната сметка на примачот не смее да е подоцна од работниот ден на кој износот на платежната трансакција се одобрува на сметката на давателот на платежни услуги на примачот.
(2) Давателот на платежни услуги на примачот е должен износот на платежната трансакција да го стави на располагање на примачот веднаш откако износот е одобрен на

сметката на давателот на платежни услуги на примачот, во случаите кога давателот на платежни услуги на примачот:

1) не врши валутна конверзија или
2) врши валутната конверзија на паричен износ во евра или во други валути на земји од Европската економска област, во соодветна денарска противвредност.

(3)Одредбата од ставот (2) на овој член се применува и во случај на платежни трансакции што се извршуваат од страна на еден ист давател на платежни услуги.
(4) Датумот на валута на задолжување на платежната сметка на плаќачот не смее да е пред датумот кога платежната сметка на плаќачот е задолжена за износот на платежната трансакција.
(5) Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од членот 42 став (9) од овој закон поблиску ги пропишува условите за ставање на паричните средства на располагање на примачот.

**Погрешна единствена идентификациска ознака**

**Член 101**

(1) Ако платниот налог е извршен со единствена идентификациска ознака, се смета дека платниот налог е извршен правилно во однос на примачот определен со единствената идентификациска ознака.
(2)Доколку корисникот на платежната услуга до давателот на платежната услуга доставил погрешна единствена идентификациска ознака, давателот на платежната услуга нема одговорност за неизвршување или неправилно извршување на платежната трансакција согласно со членот 102 од овој закон.
(3) Ако корисникот на платежните услуги му достави на давателот на платежни услуги и други информации покрај информациите од членот 49 став (2) точка 1 или членот 56 став (1) точка 2 потточка б) од овој закон, давателот на платежните услуги е одговорен само за извршувањето на платежните трансакции според единствената идентификациска ознака која ја дал корисникот на платежни услуги.
(4) Давателот на платежни услуги на плаќачот прави разумен напор за поврат на паричните средства од платежната трансакција со погрешно наведена единствена идентификациска ознака.
(5)Давателот на платежни услуги на примачот е должен да соработува со давателот на платежните услуги на плаќачот од ставот (4) на овој член и да му ги пренесе сите релевантни информации за потребите наповратот на паричните средства.
(6) Давателот на платежните услуги на плаќачот е должен, во случај кога повратот на парични средства на платежна трансакција со погрешно наведена единствена идентификациска ознака не е можен, на писмено барање на плаќачот, да му ги достави писмено сите информации со кои располага и коишто се релевантни за поведување на постапка пред надлежен суд.
(7) Давателот на платежните услуги може да пресмета и наплати надоместок за повратот на паричните средства на платежна трансакција со погрешно наведена единствена идентификациска ознака, доколку таков надоместок е договорен во рамковниот договор.

**Одговорност на давателот на платежните услуги за неизвршување, неправилно извршување или задоцнето извршување на платежни трансакции иницирани од страна на плаќачот**

**Член 102**

(1)Во случај кога платниот налог е иницииран непосредно од страна на плаќачот, давателот на платежни услуги на плаќачот, без да е во спротивност со членовите 87, 101 ставови (2), (4), (5) и (6) и 107 од овој закон, е одговорен кон плаќачот за правилно извршување на платежната трансакција.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, давателот на платежни услуги на плаќачот не е одговорен доколку докаже на плаќачот, а по потреба и на давателот на платежните услуги на примачот, дека износот на платежната трансакција е примен од страна на давателот на платежните услуги на примачот согласно со членот 99 ставови (1), (2), (4), (5), (6) и (7) од овој закон.

(3)Во случајот од ставот (2) на овој член давателот на платежните услуги на примачот е одговорен кон примачот за правилното извршување на платежната трансакција.

(4) Во случај кога давателот на платежни услуги на плаќачот е одговорен согласно со ставот (1) на овој член е должен веднаш да му го врати износот на неизвршената или неправилно извршената платежна трансакција.

(5) Доколку во случајот од ставот (4) на овој член е задолжена сметката на плаќачот, давателот на платежни услуги на плаќачот е должен да ја врати состојбата на задолжената платежна сметка во состојбата во која сметката би била доколку неправилната платежна трансакција воопшто не била извршена и со датум на валута на кој бил задолжен износот од платежната сметка.

(6)Во случајот кога давателот на платежни услуги на примачот е одговорен за правилно извршување на платежната трансакција согласно со ставот (3) на овој член, е должен, веднаш да го стави износот на платежната трансакција на располагање на примачот и доколку е применливо, да го одобри износот на трансакцијата на платежната сметка на примачот со датум на валута на кој требал да биде одобрен износот согласно со членот 100 од овој закон.

(7) Во случај кога платежната трансакција е извршена со задоцнување, давателот на платежните услуги на примачот, на барање на давателот на платежните услуги на плаќачот кој делува во име на плаќачот, е должен да обезбеди дека датумот на валута е датумот на кој платежната трансакција требало да биде извршена.

(8)Во случај на неизвршување или неправилно извршување на платежна трансакција во која платниот налог е иницииран од страна на плаќачот, давателот на платежни услуги на плаќачот, независно од неговата одговорност согласно со овој член, е должен на барање на плаќачот, веднаш да преземе мерки за следење на текот на платежната трансакција и за исходот да го извести плаќачот, без да му пресмета и наплати надоместоци за преземените мерки и за известувањето.

(9) Давателот на платежни услуги кој е одговорен за неизвршена или неправилно извршена платежна трансакција или за задоцнето извршување на платежна трансакција иницирана од страна на плаќач е должен на својот корисник на платежни услуги да му изврши поврат на износот на сите пресметани и/или наплатени надоместоци, како и да изврши поврат, односно да ги плати сите камати на кои корисникот има право во врска со неизвршената или неправилно извршената платежна трансакција или заради задоцнето извршување на платежната трансакција.

**Одговорност на давателот на платежните услуги за неизвршување, неправилно извршување или задоцнето извршување на платежните трансакции иницирани од страна на или преку примачот**

**Член 103**

(1) Во случај кога платниот налог е инициран од страна на или преку примачот, давателот на платежни услуги на примачот, без да е во спротивност со членовите 87, 101 ставови (2), (4), (5) и (6) и 107 од овој закон, е одговорен кон примачот за правилно пренесување на платниот налог до давателот на платежни услуги на плаќачот согласно со членот 99 став (9) од овој закон. Доколку платниот налог не е правилно пренесен, давателот на платежни услуги на примачот е должен веднаш да го пренесе кон давателот на платежни услуги на плаќачот.

(2) Во случај на задоцнет пренос на платниот налог, давателот на платежни услуги на примачот е должен да ја одобри платежната сметка на примачот на датум на валута на кој требал да биде одобрен износот доколку трансакцијата била навремено извршена.

(3)Давателот на платежни услуги на примачот, без да е во спротивност со членовите 87, 101 ставови (2), (4), (5) и (6) и 107 од овој закон, е одговорен кон примачот за извршување на платежната трансакција согласно со членот 100 од овој закон и е должен износот на платежната трансакција да го стави на располагање на примачот веднаш откако истиот е одобрен на сметката на давателот на платежни услуги на примачот со датум на валута на кој требал да биде одобрен износот доколку трансакцијата била правилно извршена.

(4)Во случај на неизвршена или неправилно извршена платежна трансакција за која давателот на платежни услуги на примачот не е одговорен согласно со ставовите (1) и (2) на овој член, давателот на платежни услуги на плаќачот е одговорен кон плаќачот и каде што е применливо, е должен веднаш и без одлагање, да му го врати на плаќачот износот на неизвршената или неправилно извршената платежна трансакција. Доколку е задолжена платежната сметка на плаќачот, давателот на платежни услуги на плаќачот е должен да ја врати состојбата на задолжената платежна сметка во состојбата во која сметката би била доколку неправилната платежна трансакција не била извршена и со датум на валута на кој бил задолжен износот од платежната сметка.

(5) Давателот на платежни услуги на плаќачот не е одговорен согласно со ставот (4) на овој член доколку докаже дека давателот на платежни услуги на примачот го примил износот на платежната трансакција, дури и во случај да има задоцнување на извршувањето на платежната трансакција, а давателот на платежни услуги на примачот е должен да го одобри износот на платежната сметка на примачот со датум на валута на кој требал да биде одобрен износот доколку трансакцијата била правилно извршена.

(6) Во случај на неизвршена или неправилно извршена платежна трансакција во која платниот налог е иницирaн од страна на или преку примачот, давателот на платежни услуги на примачот, независно од неговата одговорност согласно со овој член, е должен по доставено барање на примачот веднаш да преземе мерки за следење на текот на платежната трансакција и за исходот да го извести примачот без да му пресмета и наплати надоместоци за преземените мерки и за известувањето.

(7) Давателот на платежни услуги кој е одговорен за неизвршена или неправилно извршена платежна трансакција или за задоцнето извршување на платежна трансакција иницирана од страна на или преку примачот е должен на својот корисник на платежни услуги да му изврши поврат на износот на сите пресметани и/или наплатени надоместоци, како и да изврши поврат, односно да ги плати сите камати на кои корисникот има право во врска со неизвршената или неправилно извршената платежна трансакција или заради задоцнето извршување на платежната трансакција.

## Одговорност при вршењето на услугите за иницирање на плаќања за неизвршување, неправилно извршување или задоцнето извршување на платежните трансакции

**Член 104**

(1) Ако плаќачот го иницирал платниот налог преку давател на услуги за иницирање на плаќања, давателот на платежните услуги којшто ја одржува платежната сметка, без да е во спротивност со одредбите од членовите 87 и 101 ставови (2), (4), (5) и (6) од овој закон, е должен на плаќачот да му го врати износот на неизвршената или неправилно извршената платежна трансакција и доколку е задолжена платежната сметка, да ја врати во состојба во која платежната сметка би била доколку неправилната платежна трансакција не била извршена.

(2) Давателот на услуги за иницирање на плаќања е должен да докаже дека платниот налог е примен од давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка согласно со членот 94 од овој закон и дека, во рамки на неговите надлежности во врска со платежната трансакција, е извршена автентикација на платежната трансакција, платежната трансакција е точно евидентирана и врз извршувањето на платежната трансакција не влијаела техничка неисправност или друг пропуст кој предизвикал неизвршување, неправилно извршување или задоцнето извршување на платежната трансакција.

(3) Доколку давателот на услуги за иницирање на плаќања е одговорен за неизвршување, неправилно извршување или задоцнето извршување на платежната трансакција, на барање на давателот на платежните услуги којшто ја одржува платежната сметка, е должен веднаш и без непотребно одлагање, да му ги надомести настанатите загуби или платените износи коишто произлегуваат од направениот поврат на парични средства на плаќачот.

## Право на дополнително барање за надоместување штета

**Член 105**

Корисникот на платежни услуги освен правата од членовите 101, 102, 103, 104 и 106 од овој закон, има право од одговорниот давател на платежни услуги да бара и надоместок за претрпена штета согласно со Законот за облигационите односи.

## Право на регрес

**Член 106**

(1)Давателот на платежни услуги има одговорност кон својот корисник на платежни услуги за извршување на платежна трансакција согласно со членовите 89, 102 и 103 од овој закон и во случај кога одговорноста е на друг давател на платежни услуги или посредник.

(2)Во случај од ставот (1) на овој член давателот на платежните услуги има право да бара од одговорниот давател на платежни услуги или посредникот да му ги надомести сите трошоци, вклучително и износите платени на својот корисник на платежни услуги согласно со членовите 89, 102 и 103 од овој закон, вклучително и трошоците и платените износи кои настанале поради тоа што одговорниот давател на платежни услуги не користел засилена автентикација на клиентот.

(3) Во договорите склучени меѓу давателите на платежни услуги или меѓу давателот на платежни услуги и посредникот може да биде договорено право за надоместок за претрпена штета согласно со закон.

**Вонредни и непредвиливи околности**

**Член 107**

Одговорноста во врска со авторизација и извршување на платежни трансакции утврдена во одредбите на главите II и III Дел четврти од овој закон е исклучена во случај:

1) на вонредни и непредвидливи околности, на кои страната која се повикува на околностите не можела да влијае на нив и се надвор од нејзина контрол и последиците од околностите се неизбежни независно од вложените напори за нивно избегнување или

2) кога давателот на платежни услуги е обврзан да постапи согласно со други правни обврски кои произлегуваат од закон.

**Глава IV**
**Спроведување на услуга за преносливост**

**Примена на одредбите**

**Член 108**

(1) Одредбите од Глава IV од овој дел на законот се применуваат на давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1, 2, 3, 4 и 5 од овој закон.

(2) Давателот на платежните услуги е должен на потрошувачот со кој склучил рамковен договор и му отворил платежна сметка да му овозможи користење на услугата за преносливост на платежните сметки во иста валута во којашто гласат, кај друг давател на платежни услуги којшто има дозвола за давање платежни услуги издадена од Извршниот одбор.

(3) Услугата за преносливост не се однесува на:

1) неактивните платежни сметки се додека не биде прекинат статусот на неактивна сметка согласно со членот 188 став (3) од овој закон;

2) блокираните платежни сметки се до отстранувањето на блокадата согласно со закон;

3) платежните сметки отворени со ограничување на користењето на паричните средства за утврдени посебни намени се додека постои такво ограничување;

4) платежни сметки на кои се чуваат електронски пари;

5) сметки поврзани со издадени кредитни картички на коишто се врши уплата на парични средства единствено заради отплата на долг по основ на издадената кредитна картичка;

6) платежните сметки за коишто е определена обврска на давателот на платежните услуги да ги отвори и одржува со правосилна судска одлука.

(4) Давателот на платежни услуги не смее да го условува спроведувањето на услугата на преносливост со користењето на други производи и/или услуги од страна на потрошувачот.

**Информации за потрошувачите во**
**врска со услугата за преносливост**

**Член 109**

(1) Давателот на платежни услуги е должен на потрошувачот да му стави на располагање, на хартија или на друг траен медиум, информации за:

1) обврските на давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка и обврските на давателот на платежните услуги што го врши

пренесувањето на платежната сметка во секоја поединечна етапа од постапката на пренесување на платежната сметка согласно со членот 111 од овој закон;

2) временската рамка за завршување на секоја поединечна етапа во постапката на пренесување на платежната сметка;

3)видот и висината на надоместоците доколку се пресметуваат и наплаќаат во врска со услугата на преносливост;

4)информациите коишто е потребно да ги достави потрошувачот заради спроведување на услугата за преносливост;

5) правата на потрошувачот во поглед:

а) на поднесувањето приговор до давателот на платежните услуги согласно со членот 129 од овој закон;

б) поднесувањето поплака до надлежниот орган согласно со членот 130 од овој закон и

в) за вонсудската постапка за решавање на спорови согласно со членот 131 од овој закон;

6) информации за учеството на даветелот на платежни услуги во задолжителен систем за осигурување на депозитите или за членство во доброволен систем за осигурување, вклучително и за покритието што се обезбедува од овие системи.

(2) Информациите од ставот (1) на овој член, треба да се достапни и ажурирани од страна на давателот на платежни услуги:

1) во електронски облик, во секое време, на неговата веб-страници, доколку давателот на платежните услуги има своја веб-страница и

2) во неговите работни простории каде што потрошувачите имаат пристап за целите на користење на платежни услуги.

(3) Давателот на платежни услуги е должен на барање на потрошувачот без надоместок да му ги даде информациите од ставот (1) на овој член, на хартија или на друг траен медиум.

## Овластување за пренесување на платежната сметка

## Член 110

(1)Давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка го започнува спроведувањето на услугата за преносливост, само доколку потрошувачот на чие што име се одржува платежната сметка дал изречно овластување за пренесувањето на платежната сметка.

(2)Давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка е должен копија од даденото овластување за пренесување на платежната сметка од ставот (1) на овој член да му даде на потрошувачот на чие што име се одржува платежната сметка.

(3)Овластувањето за пренесување на платежната сметка од ставот (1) на овој член содржи согласност на потрошувачот кон давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка за спроведување на секоја од активностите од членот 111 ставови (4) и/или (5) од овој закон коишто ги избрал потрошувачот и согласност на потрошувачот кон давателот на платежните услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка да ги спроведе активностите од членот 111 став (1) од овој закон коишто ги избрал потрошувачот.

(4) Потрошувачот во овластувањето за пренесување на платежната сметка од ставот (1) на овој член треба:

1) посебно да ги идентификува приливните кредитни трансфери, трајните налози за кредитни трансфери и мандатите за директни задолжувања што треба да бидат пренесени;

2) посебно да го определи датумот од кој трајните налози за кредитни трансфери и дадените мандати за директните задолжувања треба да почнат да се извршуваат од платежната сметка што се отвора или ја има отворено кај дawателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка и
3) да го определи датумот на затворање на платежната сметка, доколку сака да ја затвори платежната сметка отворена кај давателот на платежните услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка.
(5) Датумот од ставот (4) точка 2 на овој член може да биде најрано шест работни дена по датумот на којшто давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка ги добил информациите и документацијата од давателот на платежните услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка, согласно со членот 111 ставови (2) и (3) од овој закон.

**Постапка за спроведувањето на услугата за преносливост и обврски на давателите на платежни услуги во врска со пренесувањето на платежната сметка**

**Член 111**

(1) Давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка, во рок од два работни дена од денот на приемот на овластувањето за пренесување на платежната сметка од членот 110 од овој закон е должен до давателот на платежни услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка да достави барање за обезбедување информации и за спроведување на активности, доколку се наведени во овластувањето за пренесување на платежната сметка и тоа:
1) да достави на давателот на платежни услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка листа на постоечките трајни налози за кредитни трансфери и расположливите информации за мандатите за директните задолжувања што се пренесуваат, а доколку изречно побарал во овластувањето за пренесување на платежната сметка, листата да ја достави и на потрошувачот;
2) да ги достави на давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка, расположливите информации за повторливите приливни кредитни трансфери и за мандатите за директни задолжувања, што се извршени во корист или на товар на платежната сметка на потрошувачот во претходните 13 месеци, а доколку изречно побарал во овластувањето за пренесување на платежната сметка, информациите се доставуваат и на потрошувачот;
3) да прекине со прием на директни задолжувања и на приливни кредитни трансфери од датумот определен во овластувањето за пренесување на платежната сметка доколку давателот на платежни услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка нема воспоставен систем за автоматско пренасочување на приливните кредитни трансфери и на директните задолжувања кон платежната сметка на потрошувачот што се отвора или ја има отворено кај давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка;
4) да ги отповика трајните налози од датумот определен во овластувањето за пренесување на платежната сметка;
5) да го пренесе преостанатото позитивно салдо на парични средства на платежната сметка на потрошувачот што се отвора или ја има отворено кај давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка на датумот определен во овластувањето за пренесување на платежната сметка и

6) да ја затвори платежната сметка на датумот определен во овластувањето за пренесување на платежната сметка.

(2) По приемот на барањето од ставот (1) на овој член, давателот на платежните услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка е должен да ги достави информациите и да ги спроведе активностите, доколку се наведени во овластувањето за пренесување на платежната сметка и тоа:

1) да ги достави до давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка, во рок од пет работни дена, информациите од ставот (1) точки 1 и 2 на овој член;

2) да прекине со прием на приливни кредитни трансфери и на директни задолжувања од датумот определен во овластувањето за пренесување на платежната сметка и да ги информира плаќачот кај приливните кредитни трансфери и/или примачот кај мандатите за директните задолжувања за причините за неприфаќањето на платежните трансакции доколку давателот на платежни услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка нема воспоставен систем за автоматско пренасочување на приливните кредитни трансфери и на директните задолжувања кон платежната сметка на потрошувачот што се отвора или ја има отворено кај давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка;

3) да ги отповика трајните налози од датумот определен во овластувањето за пренесување на платежната сметка;

4) да го пренесе преостанато позитивно салдо на парични средства на платежната сметка на потрошувачот што се отвора или ја има отворено кај давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка на датумот определен во овластувањето за пренесување на платежната сметка и

5) не доведувајќи го во прашање правото на раскинување на рамковниот договор и на можната примена на отказниот рок согласно со членот 60 став (1) од овој закон, да ја затвори платежната сметка на датумот определен во овластувањето за пренесување на платежната сметка, доколку:

а) потрошувачот нема неизмирени обврски за платежната сметка што се затвора кон давателот на платежните услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка и

б) во целост ги спровел активностите наведени во точки 1, 2 и 4 од овој став.

(3) Давателот на платежните услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка е должен веднаш да го извести потрошувачот ако има неизмирени обврски од ставот (2) точка 5 потточка а) на овој член кои го спречуваат затворањето на платежната сметка.

(4) Давателот на платежни услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка, во согласност со овластувањето за пренесување на платежната сметка од членот 110 од овој закон е должен во рок од пет работни дена по приемот на бараните информации од ставот (1) на овој член, да ги спроведе следниве активности:

1) да започне со извршување на трајните налози за кредитни трансфери коишто ги побарал потрошувачот од датумот определен во овластувањето за пренесување на платежната сметка;

2) да ги информира плаќачите коишто вршат повторливи приливни кредитни трансфери во корист на платежната сметка на потрошувачот наведени во овластувањето за пренесување на платежната сметка за податоците на платежната сметка отворена кај давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка и да им достави копија од овластувањето за пренесување на платежната сметка. Доколку давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка не ги поседува сите

информации потребни за информирање на плаќачите е должен од потрошувачот или давателот на платежните услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка да ги побара информациите што недостасуваат;
3) да го извести потрошувачот за неговите права согласно со членот 92 став (1) од овој закон, доколку се користи директно задолжување;
4) да ги направи сите потребни подготовки за прифаќање на директни задолжувања и да започне да ги прифаќа од датумот определен во овластувањето за пренесување на платежната сметка и
5) да ги информира примачите кои користат директно задолжување за наплата на парични средства од платежната сметка на потрошувачот наведени во овластувањето за пренесување на платежната сметка за податоците на платежната сметка отворена кај давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка и за датумот од којшто директните задолжувања можат да се наплатуваат од платежната сметка на потрошувачот и да им достави копија од овластувањето за пренесување на платежната сметка. Доколку давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка не ги поседува сите информации потребни за информирање на примачите е должен од потрошувачот или давателот на платежните услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка да ги побара информациите што недостасуваат.
(5) Потрошувачот лично ги доставува информациите од ставот (4) точки 2 и 5 на овој член до плаќачите и/или примачите доколку во овластувањето од членот 110 став (1) од овој закон не дал согласност информациите да ги достави давателот на платежни услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка. Во тој случај, давателот што го прима пренесувањето на платежната сметка е должен во рок од пет работни дена по приемот на бараните информации од ставот (1) на овој член да достави известување до потрошувачот, писмено или на друг траен медиум, со податоци за платежната сметка и за датумот определен во овластувањето од кога ќе почне извршувањето на платежните трансакциите.
(6) Не доведувајќи ја во прашање примената на членот 83 од овој закон, давателот на платежни услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка не смее да го блокира платниот инструмент пред датумот определен во овластувањето за пренесување за да не се прекине давањето на платежните услуги за потрошувачот во текот на спроведувањето на услугата на преносливост.

**Надоместоци во врска со услугата на преносливост**

**Член 112**

(1) Давателот на платежните услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка и/или давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка е должен на потрошувачот да му обезбеди бесплатен пристап до сите расположливи податоци за неговите трајни налози и директни задолжувања.
(2) Давателот на платежни услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка е должен на давателот на платежни услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка да му ги даде бараните информации согласно со членот 111 став (2) точка 1 од овој закон без да му наплати надоместок на потрошувачот или на давателот на платежни услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка.
(3) Доколку давателот на платежни услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка наплатува надоместок за затворање на платежна сметка, е должен висината на надоместокот да ја утврди согласно со членот 60 ставови (2), (3) и (6) од овој закон.

(4) Доколку давателот на платежните услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка и/или давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка пресметуваат и наплатуваат надоместоци од потрошувачот за активностите од членот 111 од овој закон, освен за активностите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, треба да ги утврдат во висина на вистински направените трошоци.

**Одговорност на давателите на платежните услуги при спроведувањето на услугата за преносливост**

**Член 113**

(1) Давателите на платежните услуги вклучени во спроведувањето на услугата за преносливост се одговорни за каква било финансиска загуба што ќе ја претрпи потрошувачот, вклучително и за пресметаните и наплатени камати и/или надоместоци, заради непостапување или постапување спротивно на членот 111 од овој закон од страна на давателите вклучени во услугата на преносливост и се должни штетата да ја надоместат без одлагање.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член, давателот на платежни услуги вклучен во спроведувањето на услугата за преносливост не е одговорен во случај на вонредни и непредвидливи околности, на кои се повикува, а на кои не можел да влијае и се надвор од негова контрола и последиците од околностите не можеле да се избегнат и покрај обидите за нивно избегнување или кога давателот на платежни услуги е должен да применува други закони.

(3) Одговорноста и надоместокот на штета од ставовите (1) и (2) на овој член се утврдува согласно со закон.

**Глава V**

**Правила за работењето на картичните платежни шеми при извршувањето на платежните трансакции засновани на картички**

**Опфат**

**Член 114**

Со Дел четврти Глава V од овој закон се определуваат техничките и деловните барања за извршување на платежни трансакции засновани на картички издадени во Република Северна Македонија, доколку давателот на платежните услуги на плаќачот и давателот на платежните услуги на примачот се основани и работат во Република Северна Македонија.

**Ограничување на висината на заменскиот надоместок**

**Член 115**

(1) Доколку платежната трансакција се врши со платен инструмент заснован на картичка, заменските надоместоци што се пресметуваат и наплатуваат меѓу давателите на платежни услуги во Република Северна Македонија не смеат да бидат повисоки од:

1) 0,2% од вредноста на извршена трансакција во случај на платежни трансакции засновани на дебитни картички и

2) 0,3% од вредноста на извршена трансакција во случај на платежни трансакции засновани на кредитни картички.

(2) Какви било договорени надоместоци, вклучително и нето компензации, коишто имаат идентичен предмет или ефект како и заменскиот надоместок и коишто давателот на платежните услуги што издава платен инструмент заснован на картичка ги прима од картичната платежна шема, од давателот на платежни услуги што врши прифаќање платежни трансакции засновани на картички или од кој било посредник при извршување на платежни трансакции засновани на картички или активности поврзани со трансакциите се дел од заменскиот надоместок од ставот (1) на овој член.

(3) Давателите на платежните услуги што издаваат платен инструмент заснован на картичка и/или картичните платежни шеми се должни на барање на Народната банка да и доставaт податоци и информации потребни за проверка на примената на ставовите (1) и (2) на овој член.

(4) Народната банка може да бара од давателот на платежни услуги, податоци и/или информации од ставот (3) на овој член да ги потврди друштво за ревизија.

(5) Одредбите од овој член не се применуваат на:

1) платежни трансакции со деловни платежни картички;

2) повлекување готовина преку банкомат или непосредно на шалтерите во работните простории на давателите на платежните услуги и

3) платежни трансакции засновани на картички издадени од тристрана картична платежна шема.

## Раздвојување на картичната платежна шема и субјектот што врши процесирање

### Член 116

(1) Картичната платежна шема којашто е основана и работи во Република Северна Македонија и субјектот што врши процесирање не смеат:

1) да бидат зависни во поглед на сметководството, внатрешната организација и внатрешните процеси на одлучување;

2) да ги презентираат збирно цените за картичната платежна шема и за активностите за процесирање и не смеат да вршат нивно меѓусебно субвенционирање;

3) да вршат дискриминација по која било основа помеѓу нивните подружници, придружни друштва и акционери од една страна и нивните корисници на картичните платежни шеми и други договорни партнери од друга страна и

4) на кој било начин да ги условуваат договорните партнери кои користат нивни услуги со користење на која било друга услуга што ја нудат.

(2)Народната банка доколку оцени дека е потребно, може да бара картичната платежна шема да достави извештај од друштво за ревизија или од други независни стручни лица за оценка на усогласеноста на картичната платежна шема со условите од ставот (1) на овој член.

(3) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, ги пропишува барањата за исполнување на условите од ставот (1) точка 1 на овој член.

(4) Картичните платежни шеми се должни да обезбедат раздвоеност на пораките за авторизација и пораките за клиринг на одделните платежни трансакции засновани на картичка и да овозможат активностите за процесирање да можат да се извршуваат од различни субјекти што вршат процесирање.

(5) Субјектите што вршат процесирање се должни да обезбедат техничка интероперабилност на нивните системи со соодветните системи на други субјекти што вршат процесирање преку примена на усвоените стандарди на меѓународните или европските тела за стандардизација. Картичните платежни шеми не треба да воспостават или применуваат никакви деловни правила со кои се ограничува можноста за постигнување техничка интероперабилност на системите на субјектите што вршат процесирање.
(6) Одредбите од овој член не се применуваат на тристраните картични платежни шеми.

**Заедничко поставување на платежни брендови на платежните инструменти засновани на картички и избор на платежниот бренд или платежната апликација**

**Член 117**

(1) Забранети се какви било одредби во правилата на картичните платежни шеми или во договорите за овластување меѓу картичната платежна шема и давателите на платежни услуги што издаваат платни инструменти засновани на картички, а што го ограничува или спречува давателот од заедничко поставување на два или повеќе различни платежни брендови или платежни апликации на платниот инструмент заснован на картичка.
(2) При склучувањето на рамковниот договор со давател на платежни услуги, врз основа на кој се издава платен инструмент заснован на картичка, потрошувачот може да побара два или повеќе различни платежни брендови на платни инструменти засновани на картичка, под услов таквата услуга да се нуди од страна на давателот на платежните услуги.
(3) Давателот на платежните услуги што издава платен инструмент заснован на картички е должен пред да се склучи рамковниот договор да овозможи потрошувачот да добие јасни и објективни информации за сите расположливи платежни брендови и нивните карактеристики, вклучително и за нивната функционалност, сигурносните карактеристики и трошоците поврзани со нив.
(4) Во правилата на картичните платежни шеми или во договорите за овластување меѓу картичната платежна шема и давателите на платежни услуги што издаваат платни инструменти засновани на платежни картички што се однесуваат на заедничко поставување на различни платежни брендови или платежни апликации на платен инструмент заснован на картичка, разликата во третманот на давателите на платежните услуги што издаваат платни инструменти заснован на картичка или давателите на платежните услуги што прифаќаат платежни трансакции засновани на картички мора да се засновани на објективни причини и на начин кој не дискриминира.
(5) Картичните платежни шеми не смеат на давателите на платежните услуги што издаваат платни инструменти засновани на картичка или на давателите на платежните услуги што прифаќаат платежни трансакции засновани на картички да им наметнуваат обврски за известување, обврски за плаќање на надоместоци или какви било слични обврски за платежните трансакции за коишто не се користи нивната картична платежна шема, а се извршени со кој било уред на којшто постои нивниот платежен бренд.
(6) Правилата за насочување или кои било мерки што имаат за цел трансакциите да се насочуваат кон конкретен канал или процес или други технички или сигурносни стандарди и норми во поглед на постапувањето со два или повеќе платежни брендови или платежни апликации на платен инструмент заснован на картичка не смеат да дискриминираат и мора да бидат применети на начин што не дискриминира.

(7) Картичните платежни шеми, давателите на платежни услуги што издаваат платен инструмент заснован на картичка, давателите на платежни услуги што вршат прифаќање на платежни трансакции засновани на картички, субјекти што вршат процесирање или други лица што вршат технички услуги, не смеат да стават на платниот инструмент или на опремата што се користи на местата на продажба каков било автоматски механизам, софтвер или друг уред што го ограничува изборот на платежниот бренд и/или платежната апликација од страна на плаќачот или примачот при користењето на платен инструмент заснован на картички на којшто заеднички се поставени два или повеќе платежни брендови или платежни апликации.
(8) Примачите имаат право да инсталираат механизам или опрема на местото на продажба која што овозможува избор на приоритетен платежен бренд или платежна апликација, но не смеат да го ограничат плаќачот да избере друг платежен бренд или платежна апликација што се прифаќа од страна на примачот.

## Пресметка и презентирање на раздвоени надоместоци

## Член 118

(1) Давателот на платежни услуги што врши прифаќање платежни трансакции засновани на картички е должен на продавачот кој е примач на плаќањето раздвоено да му пресметува и презентира надоместок за различните категории и различните платежни брендови на платежни картички со соодветни нивоа на заменски надоместоци меѓу давателите на платежните услуги при платежни трансакции засновани на картички, освен ако самиот примач побарал со изречно писмено барање пресметка и презентирање на збирен надоместок од примачот на плаќањето.
(2) Давателот на платежни услуги што врши прифаќање на платежни трансакции засновани на картички во договорот со продавачот кој е примач на плаќањето е должен да го прикаже износот на надоместокот за услугата на продавачот, заменскиот надоместок и надоместокот за картичната платежна шема, поединечно за секоја категорија и платежен бренд на платежни картички, освен ако продавачот со писмено барање побара поинакво прикажување.

## Правило за прифаќање на сите картички

## Член 119

(1)Картичните платежни шеми и давателите на платежни услуги не смеат да ги обврзат примачите кои прифаќаат платни инструменти засновани на картички издадени од еден дател на платежни услуги што издава платни инструменти засновани на картички со прифаќање на други платни инструменти засновани на картички издадени во рамки на истата картична платежна шема.
(2) Одредбата од ставот (1) на овој член, не се применува на платните инструменти засновани на картички од ист платежен бренд и иста категорија на платежни картички со претплата и на дебитни или кредитни платежни картички кои се предмет на ограничување на висината на заменскиот надоместок што се пресметува и наплатува меѓу давателите на платежни услуги согласно со членот 115 од овој закон.
(3) Одредбата од ставот (1) на овој член не го доведува во прашање правото на картичните платежни шеми и давателите на платежните услуги да утврдат дека платежните картички не можат да се одбиваат врз основа на идентитетот на давателот на платежни услуги што

издава платни инструменти засновани на картички или на имателот на платежната картичка.
(4) Примачот е должен на јасен и недвосмислен начин да ги информира потрошувачите за платежните картички или други платни инструменти засновани на картички на одредена картична платежна шема што ги прифаќа и за платежните картички или други платни инструменти засновани на картички на одредената картична платежна шема што не ги прифаќа.
(5) Информациите од ставот (4) на овој член се истакнуваат на видливо место на влезот во продавницата и на благајната на продавачот, а доколку станува збор за продажба на далечина, информациите се објавуваат на веб-страницата на примачот или на друг соодветен електронски или мобилен медиум, доволно време пред плаќачот да склучи договор за продажба со примачот, како би имал можност плаќачот да се запознае и да одлучи.
(6) Давателите на платежни услуги што издаваат платни инструменти засновани на картички треба да овозможат нивните платни инструменти да бидат електронски препознатливи и во случај на ново издадени платни инструменти засновани на картички, да можат видливо да се идентификуваат со што плаќачите и примачите недвосмислено ќе можат да ги идентификуваат платежните брендови и категории на платежни картички со претплата, дебитни, кредитни или деловни платежни картички кои се избрани од плаќачот.

**Правила за насочување**

**Член 120**

Забранети се одредби во договорите за овластување меѓу картичната платежна шема и давателите на платежни услуги што издаваат платни инструменти засновани на картички, во правилата што ги применува картичната платежна шема и во договорите склучени меѓу давателите на платежни услуги што вршат прифаќање на платежни трансакции засновани на картички и примачите, со кои се спречува примачот на плаќањето:
1) да ги насочува корисниците кон користење на определен платен инструмент;
2) да дава поповолен третман на платни инструменти засновани на картички на одредена картична платежна шема;
3) да дава информации на плаќачите за заменскиот надоместок меѓу давателите на платежни услуги при платежни трансакции засновани на картички и за надоместокот за услугата на продавачот.

**Информации за примачот во врска со поединечните платежни трансакции засновани на картички**

**Член 121**

(1) По извршувањето на поединечна платежна трансакција заснована на картичка, давателот на платежните услуги на примачот е должен да му ги даде на примачот, на хартија или на друг траен медиум, следниве информации:
1) референтна ознака од која примачот може да ја идентификува платежната трансакција заснована на картичка;
2) износот на платежната трансакција заснована на картичка во валутата во која платежната сметка на примачот се одобрува и

3)износот на сите надоместоци што се на товар на примачот на платежната трансакција заснована на картичка вкупно и поединечно за надоместокот за услугата на продавачот и на заменскиот надоместок.
(2) Врз основа на претходно добиена согласност во писмена форма од примачот, информациите од ставот (1) на овој член, давателот на платежните услуги може да ги прикаже обединето, според платежниот бренд, платежната апликација, видовите на платните инструменти и стапките на заменските надоместоци што се применуваат при платежни трансакции засновани на картички.
(3) Примачот на плаќањето и давателот на платежните услуги што врши прифаќање на платежните трансакции засновани на картички со рамковниот договор можат да договорот дека информациите од ставовите (1) или (2) на овој член ќе се даваат или ставаат на располагање од страна на давателот во определни периоди, но најмалку еднаш месечно.

## Глава VI
## Оперативни и сигурносни ризици и автентикација

### Управување со оперативните и сигурносните ризици

### Член 122

(1) Давателот на платежни услуги е должен да воспостави рамка за управување со оперативните и сигурносните ризици поврзани со платежните услуги кои ги дава, која вклучува соодветни мерки за нивно намалување и контролни механизми.
(2) Давателот на платежните услуги како дел од рамката од ставот (1) на овој член е должен да воспостави и одржува ефективни процедури за управување со инциденти, вклучително и нивна идентификација и класификација на значајни оперативни и сигурносни инциденти.
(3) Давателот на платежни услуги е должен до Народната банка да доставува, најмалку еднаш годишно, а на барање на Народната банка и во пократки временски интервали, ажурирана и сеопфатна оценка на изложеноста на оперативните и сигурносните ризици поврзани со платежните услуги кои ги дава и на адекватноста на применетите мерки и контролни механизми за управување со оперативните и сигурносните ризици.

### Известување за инциденти и измами

### Член 123

(1) Во случај на значаен оперативен и сигурносен инцидент, давателот на платежните услуги кој е основан и работи во Република Северна Македонија е должен веднаш и без непотребно одлагање а најдоцна во рок од три дена да ја извести Народната банка.
(2) Во случај кога инцидентот од ставот (1) на овој член има или може да има влијание врз финансиските интереси на корисниците на платежни услуги, давателот на платежни услуги е должен веднаш и без непотребно одлагање да ги информира своите корисници на платежни услуги за инцидентот и за сите мерки кои корисниците на платежни услуги можат да ги преземат за намалување на негативните ефекти на инцидентот.
(3) Народната банка веднаш по приемот на известувањето од ставот (1) на овој член ги известува Европското банкарско тело и Европската Централна банка за сите детали на инцидентот.

(4) Народната банка врз основа на сопствена проценка за важноста на инцидентот од ставот (1) на овој член ги известува надлежните институции во Република Северна Македонија.
(5) Народната банка соработува со Европското банкарско тело и Европската Централна банка при оценувањето на важноста на инцидентот за другите засегнати тела на Унијата и надлежните тела на другите држави членки.
(6) Врз основа на известувањето за инциденти во друга држава - членка на Европското банкарско тело и Европската Централна банка, Народната банка ги презема сите потребни мерки за заштита на сигурноста на финансискиот систем.
(7) Давателот на платежни услуги од ставот (1) на овој член е должен до Народната банка, најмалку еднаш годишно, да достави статистички податоци за настанатите измами поврзани со различните платни инструменти.
(8) Народната банка ги доставува во збирна форма статистичките податоци од ставот (7) до Европското банкарско тело и Европската Централна банка.

(9) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, поблиску ги пропишува сигурносните мерки за оперативните и сигурносните ризици поврзани со платежните услуги и насоките за класификација на оперативните и сигурносните инциденти од членот 122 ставови (1) и (2) од овој закон, како и начинот и постапката за известување за настанати инциденти и измами од ставовите (1), (2) и (7) на овој член.

**Засилена автентикација**

**Член 124**

(1) Давателот на платежни услуги е должен да користи засилена автентикација на клиент, кога плаќачот:

1) пристапува до платежна сметка, директно онлајн;
2) иницира електронска платежна трансакција или/и
3) врши какво било дејствие преку комуникација на далечина што може да предизвика ризик за појава на измами поврзани со платежните трансакции или други злоупотреби.

(2) При иницирање на електронска платежна трансакција преку средства за комуникација на далечина од ставот (1) точка 2) од овој закон, давателот на платежни услуги е должен да примени засилена автентикација на клинетот која содржи елементи коишто динамички ја поврзуваат трансакцијата со определен износ и со определен примач на трансакцијата.
(3) Давателот на платежни услуги е должен во случаите од ставот (1) на овој член да воспостави соодветни мерки на сигурност за заштита на доверливоста и интегритетот на корисничките сигурносни обележја на корисниците на платежните услуги.
(4) Одредбите од ставовите (2) и (3) на овој член се применуваат и кога плаќањето е иницирано преку давател на услуги за иницирање на плаќањата.
(5) Одредбите од ставовите (1) и (3) на овој член се применуваат и кога се бараат информации преку даватели на услуги за давање информации за платежни сметки.
(6) Народната банка пропишува исклучоци од примената на ставовите (1), (2) и (3) на овој член врз основа на следниве критериуми:

1) нивото на ризик поврзано со платежните услуги што се даваат;
2) износот, повторувањето на трансакциите или комбинација од двете и
3) каналите за плаќање што се користат за извршување на трансакциите.

(7) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, поблиску ги пропишува барањата на засилената автентикација помеѓу давателите на платежни услуги коишто ги одржуваат

платежните сметки, давателите на услуги за иницирање на плаќања, давателите на услуги за давање информации за платежните сметки, плаќачите, примачите и останатите даватели на платежни услуги за целите на идентификција, автентикација, известување и информирање, заштита на доверливоста и интегритетот на корисничките сигурносни обележја на клиентот, како и исклучоците од ставот (6) на овој член.

**Општи, сигурни и отворени стандарди за комуникација**

**Член 125**

(1) Давателите на платежни услуги коишто одржуваат платежна сметка и овозможуваат пристап до платежна сметка, директно преку онлајн, се должни да имаат најмалку еден канал за комуникација кој овозможува поврзување и сигурна комуникација со давателите на услуги за давање информации за платежни сметки, давателите на услуги за иницирање на плаќања и даватели на платежни услуги при платежни трансакции засновани на картички.

(2) Давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка е должен да им овозможи на давателот на услуги за иницирање на плаќања и на давателот на услуги за давање информации за платежни сметки да се потпираат на постапките за автентикација преку општи, сигурни и отворени стандарди за комуникација од ставот (1) на овој член, на начин каков што самиот дател на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка обезбедува пристап за корисникот на платежните услуги согласно со членот 124 ставови (1) и (3) од овој закон, а за давателите на услуга за иницирање на плаќања и согласно со членот 124 став (2) од овој закон.

(3) Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од членот 124 став (7) од овој закон поблиску ги пропишува стандардите за поврзување и комуникација од ставот (1) на овој член и условите под кои Народната банка може да овозможи олеснета примена на стандардите за континуитет.

## Глава VII
## Заштита на лични податоци и деловна тајна

**Заштита на лични податоци**

**Член 126**

(1) За целите на спроведување на одредбите од овој закон давателот на платежни услуги ги обработува личните податоци на корисникот на платежни услуги под услови и на начин согласно со овој закон и прописите за заштита на личните податоци, пришто на корисникот на платежни услуги му дава информации за обработката. Давателот на платежни услуги врши обработка на следниве категории лични податоци: матичен број на граѓанинот, име и презиме, адреса, држава на нерезидент, датум и место на раѓање, органот кој го издал документот и датум на издавање и датум на важење, телефонски број, електронска пошта, број на платежна сметка, број на важечки документ за идентификација, како и други податоци или записи кои се однесуваат на платежните трансакции кои поблиску се пропишуваат во подзаконскиот акт од членот 42 став (9) и членот 172 став (7) од овој закон (во натамошниот текст на Глава VII од овој дел на законот: лични податоци).

(2) Давателот на платежни услуги пристапува до личните податоци, ги обработува и/или ги чува по претходно добиена согласност од корисникот на платежната услуга.
(3) Давателот на платежни услуги врши обработка на личните податоци заради постапување при спречување, истрага и откривање на измами поврзани со платежните услуги.
(4) По исклучок на ставот (2) на овој член давателот на платежни услуги пристапува до личните податоци, ги обработува и/или ги чува личните податоци во постапка од ставот (3) на овој член без согласност на лицето кое е предмет на постапката.

**Чување податоци за платежните услуги и за нивните корисниците**

**Член 127**

(1) Давателите на платежни услуги се должни да ја чуваат документацијата врз основа на која се отвораат и затвораат платежните сметки, податоците што овозможуваат следење на извршените платежни трансакции и користењето на платните инструменти, како и документацијата врз основа на која се евидентирани промените на платежните сметки десет години по истекот на календарската година во која е затворена платежната сметка, се извршени трансакциите или се евидентирани промените на платежните сметки.
(2) По исклучок на ставот (1) на овој член, давателот на платежни услуги е должен да ја чува документацијата поврзана со платежните сметки чиешто позитивно салдо е пренесено на евиденциските сметки со посебна намена согласно со членот 60 став (8) и членот 75 став (7) од овој закон десет години по истекот на календарската година во која е извршен преносот на паричните средства од евиденциската сметка со посебна намена на лицата за кои произлегло правото на сопственост и други подоблици на правото на сопственост.

**Деловна тајна**

**Член 128**

(1) Документите, податоците и/или информациите стекнати од страна на платежни институции и институции за електронски пари при вршењето на платежните услуги поврзани со платежните сметки и/или со платежните трансакции, претставуваат деловна тајна и можат да се користат исклучиво за целите за кои се добиени.
(2) Платежни институции и институции за електронски пари, лицата кои се членови на органите на управување и надзор на платежни институции и институции за електронски пари, нивните вработени, надворешните лица коишто извршуваат оперативни функции поврзани со давањето платежни услуги и агентите се должни да ја заштитат и чуваат нивната тајност и не смеат да ги откријат или достават на трети лица, ниту да им овозможат пристап до таквите документи, податоци и информации освен во случаи и во постапка утврдена со закон или при добиена согласност од корисникот на платежни услуги.
(3) Обврските за чување на деловната тајна и тајноста на податоците од ставовите (1) и (2) на овој член продолжуваат и по престанокот на работниот однос, односно по престанокот на основот и статусот врз основа на кој е остварен пристапот до документите, податоците и/или информациите кои се сметаат за деловна тајна при вршењето на платежните услуги.
(4) За платежни институции и институции за електронски пари, лицата кои се членови на органите на управување и надзор на давателот на платежните услуги и неговите вработени, обврската за чување на деловната тајна и тајноста на податоците од ставовите

(1) и (2) на овој член не се однесува и доколку документите, податоците и/или информациите се даваат:

1) на писмено барање на јавното обвинителство или надлежен суд за водење на постапки кои се во рамките на неговите надлежности;

2) за потребите на Народната банка или на друг супервизорски орган којшто е овластен со закон за да добива податоци;

3) доколку податоците за приливи на средства на сметки на физички лица се соопштуваат на Управата за јавни приходи, во согласност со закон;

4) на писмено барање на Управата за јавни приходи за водење на постапки кои се во рамките на нејзините надлежности, во согласност со закон;

5) доколку податоците се соопштуваат на Управата за финансиско разузнавање, во согласност со закон;

6) на писмено барање на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рамките на извршувањето на нејзините надлежности, во согласност со закон;

7) доколку податоците се соопштуваат на Управа за Финансиската полиција, во согласност со закон;

8) на писмено барање на Државниот девизен инспекторат за контрола на девизното работење;

9) на писмено барање на Царинската управа за водење на постапки кои се во рамките на нејзината надлежност, во согласност со закон;

10) на писмено барање на Агенцијата за управување со одземен имот, во согласност со закон;

11) на писмено барање на нотар во рамките на водењето оставинска постапка, согласно со закон;

12) доколку податоците се соопштуваат за потребите на функционирање на ЕРС, во согласност со овој закон;

13) доколку податоците се соопштуваат за потребите на функционирање на кредитно биро, во согласност со закон и

14) на писмено барање на лицата овластени за извршување во согласност со закон.

## Глава VIII
## Можности за решавање на спорови

### Постапки кај давателите на платежни услуги

### Член 129

(1) Корисникот на платежни услуги може да поднесе приговор до давателот на платежните услуги кога смета дека давателот не се придржува кон одредбите од деловите три и четири на овој закон.

(2) Давателот на платежни услуги е должен да воспостави и применува соодветни и ефективни процедури за решавање на приговорите од корисниците на платежните услуги во врска со правата и обврските кои што произлегуваат од Дел трети и Дел четврти од овој закон.

(3) Давателот на платежни услуги е должен процедурите од ставот (2) на овој член да ги примени во сите држави-членки во кои ги нуди платежните услуги.

(4) Давателот на платежни услуги е должен на корисникот на платежни услуги да му достави одговор на сите наводи во приговорот од ставот (1) на овој член во писмена форма или на друг траен медиум, доколку овој вид на известување е договорен помеѓу давателот на платежни услуги и корисникот на платежни услуги, во рок од 15 работни дена од денот на приемот на приговорот.
(5) Доколку давателот на платежни услуги не може да одговори во рокот од ставот (4) на овој член поради причини кои се надвор од контрола на давателот на платежни услуги, е должен да го извести корисникот на платежните услуги за доцнењето на одговорот со јасно наведување на причините и за рокот до кој корисникот на платежни услуги ќе го добие одговорот, а кој не може да биде подолг од 35 работни дена од денот на приемот на приговорот.
(6) Давателот на платежни услуги е должен во одговорот на приговорот да го извести корисникот на платежните услуги за најмалку едно овластено лице или орган надлежен за вонсудската постапка за решавање на спорови во врска со правата и обврските кои произлегуваат од Дел трети и Дел четврти од овој закон.
(7) Одредбите на овој член се применуваат и на имателите на електронски пари и издавачите на електронски пари.

**Поплака до Народната банка**

**Член 130**

(1) Корисниците на платежни услуги, кои претходно поднеле приговор до давателите на платежни услуги согласно со членот 129 од овој закон и други заинтересирани страни, вклучително и организации на потрошувачи, можат да поднесуваат поплаки до Народната банка со наводи за евентуални прекршувања на одредбите од овој закон од страна на давателите на платежни услуги (во натамошниот текст на овој член: подносител на поплака).
(2) Одговорот на поплаката доставен од страна на Народната банка не е обврзувачки за давателот на платежните услуги, ниту има правно дејство во врска со правните односи меѓу подносителот на поплаката и давателот на платежните услуги.
(3) Поплаката до Народната банка од ставот (1) на овој член може да биде поднесена непосредно во архивата на Народната банка, по пошта со препорачана достава или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги.
(4) Во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги поплаката од ставот (3) на овој член се доставува на важечката адреса на електронската пошта на Народната банка во форма на електронски документ преку квалификувана електронска препорачана достава.
(5) Одговорот на поплаката од страна на Народната банка од ставот (2) на овој член може да биде доставен до подносителот на поплаката по пошта со препорачана достава или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги.
(6)Во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги одговорот на поплаката од ставот (5) на овој член се доставува на важечката адреса на електронската пошта на подносителот на поплаката во форма на електронски документ преку квалификувана електронска препорачана достава.

(7) Постапувањето на Народната банка во врска со поднесените поплаки од корисниците на платежните услуги, на никој начин не ја исклучува или ограничува можноста за преземање една или повеќе мерки кон субјектите на надзор согласно со овој закон.
(8) Во случаите кога е соодветно и без да се доведува во прашање правото на поведување судска постапка од страна на подносителот на поплаката, Народната банка во одговорот го известува подносителот на поплаката за постоење на можноста за вонсудска постапка за решавање на спорови.
(9) Народната банка, гувернерот, вицегувернерите, неизвршните членови на Советот на Народната банка, вработените, за време и по престанокот на ангажманот во Народната банка, односно работниот однос, не одговараат спрема подносителот на поплаката, давателот на платежните услуги и/или трети лица, за штетите коишто може да настанат поради постапувањето во врска со дадените одговори по поднесените поплаки, освен кога се пречекорени нивните овластувања утврдени со закон и истите се осудени за кривично дело за истото.
(10)Поднесувањето поплака до Народната банка не го исклучува или ограничува правото на корисниците на платежни услуги или други заинтересирани страни, да поведат судски спор со давателот на платежни услуги, заради заштита на своите интереси.
(11) Одредбите од ставовите (1), (2), (7), (8), (9) и (10) на овој член се применуваат и на поплаки против филијали и агенти на даватели на платежни услуги основани во друга држава-членка кои даваат платежни услуги на територијата на Република Северна Македонија.
(12) Одредбите од ставовите (1), (2), (7), (8), (9) и (10) на овој член не се применуваат за Народната банка, Трезорот и Трезорот на Фондот, кога вршат платежни услуги во рамките на нивните овластувања.
(13) Во случај кога Народната банка ќе прими поплака против давател на платежни услуги основан во друга држава-членка кој дава платежни услуги на територијата на Република Северна Македонија непосредно или преку агент, поплаката ќе ја достави до надзорен орган на матичната држава-членка.
(14) Одредбите од овој член се применуваат и на имателите на електронски пари.

**Вонсудска постапка за решавање на спорови**

**Член 131**

(1) Во случај на вонсудска постапка за решавање на спорови поврзани со правата и обврските кои произлегуваат од Дел трети и Дел четврти на овој закон, давателот на платежни услуги е должен да му ги обезбеди на корисникот на платежни услуги следниве информации:
1) име, форма и правен статус за најмалку едно овластено лице или орган, надлежен за вонсудска постапка за решавање на спорови;
2) опис на постапката за поднесување на барање за вонсудска постапка за решавање на спорови, вклучувајќи ја адресата, а доколку постои и важечката адреса на електронската пошта, на која корисникот на платежни услуги може да го упати барањето, како и образец за такво барање;
3) рок во кој лицето или органот надлежен за вонсудска постапка за решавање на спорови треба да постапи по барањето за вонсудко решавање на споровите и

4) дека поднесувањето на барањето за вонсудска постапка за решавање на споровите согласно со овој член и исходот на таквата постапка, не го засега правото на корисникот на платежни услуги за покренување на судска постапка пред надлежен суд.

(2) Давателот на платежни услуги е должен инфомациите од ставот (1) на овој член ажурирани да ги обезбеди на јасен, сеопфатен и лесно достапен начин и тоа:

1) на својата веб-страница, доколку давателот на платежните услуги има веб-страница;
2) во работни простории во кои ги дава платежните услуги на потрошувачите и
3) во рамковниот договор согласно со членот 56 став (1) точка 7 потточка б од овој закон.

(3) Давателот на платежни услуги е должен да учествува во вонсудска постапката за решавање на спорови која ја започнал потрошувачот.

(4) Давателот на платежни услуги не му наплаќа на потрошувачот надоместок во врска со вонсудската постапка за решавање на спорови.

(5) Одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член се применуваат и на издавачите на електронски пари во врска со обврските за издавање и откуп на електронски пари.

(6) Одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член не се применуваат за Народната банка, Трезорот и Трезорот на Фондот, кога вршат платежни услуги во рамките на нивните овластувања.

(7) Овластено лице или орган, надлежен за вонсудска постапка за решавање на спорови е должен да соработува со надлежни тела за вонсудска постапка за решавање на спорови на други држави-членки во врска со правата и обврските кои произлегуваат од одредбите Дел трети и Дел четврти од овој закон.

## Дел петти
## ПЛАТНИ СИСТЕМИ

### Глава I
### Услови за работење на платни системи Општи одредби

#### Член 132

(1) Платен систем се основа со договор во писмена форма за учество во платен систем склучен меѓу сите учесници (мултилатерален договор) од коишто еден се определува како оператор на платен систем или со одделни договори во писмена форма склучени помеѓу оператор на платен систем и секој поединечен учесник (билатерални договори).

(2) Операторот на платен систем може да дава платежни услуги и/или издава електронски пари по претходно добиена дозвола согласно со одредбите од Дел втори на овој закон и/или да врши други услуги и/или дејности кои не претставуваат давање платежни услуги, односно издавање електронски пари.

(3) Операторот на платен систем е должен да ја извести Народната банка најмалку 30 дена пред да почне да врши други услуги и/или дејности кои не претставуваат давање платежни услуги, односно издавање електронски пари за влијанието на новите дејности врз финансиската состојба, организациската структура, системот на внатрешна контрола и стабилноста, сигурноста и ефикасноста во работењето на платниот систем.

(4) Во случајот од ставот (3) на овој член, Народната банка оценува дали другите услуги и/или дејности кои не претставуваат давање платежни услуги, односно издавање електронски пари ја нарушуваат или би можеле да ја нарушат стабилноста, сигурноста и ефикасноста во работењето на платниот систем или да ја оттежнат можноста на Народната

банка да го следи работењето и усогласеноста на операторот на платниот систем со условите утврдени со овој закон и доколку оцени дека е потребно му наложува да преземе конкретни активности и мерки.
(5)Операторот на платен систем е должен да ја извести Народната банка најмалку 30 дена пред намерата да престане да врши други услуги и/или дејности кои не претставуваат давање платежни услуги, односно издавање електронски пари.

## Учесници во платен систем

## Член 133

(1) Учесници во платен систем можат да бидат:
1. давател на платежни услуги од членот 9 став (1) од овој закон;
2. инвестициско друштво, основано согласно со закон којшто го уредува пазарот на капитал;
3. клириншка куќа;
4. агент за порамнување;
5. централна договорна страна;
6. оператор на систем за порамнување на хартиите од вредност;
7. оператор на платен систем и
8. оператор на платен систем од држава - членка или трета држава одговорен за функционирање на картична платежна шема.

(2)Учесник во платниот систем може истовремено да биде централна договорна страна, агент за порамнување и/или клириншка куќа.
(3) Учесник во платен систем може да учествува во повеќе платни системи.
(4) Учесниците во платен систем од ставот (1) точки 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 на овој член учествуваат во платен систем за потребите на клиринг и/или порамнување на платежни трансакции и/или трансакции со хартии од вредност.
(5) Учесниците во платен систем од ставот (1) точка 1 на овој член кои не отвораат и одржуваат платежни сметки на корисниците на платежните услуги, можат да бидат само индиректни учесници во платен систем преку банка или штедилница што е учесник во платен систем.
(6) Учесникот во платниот систем е должен на барање на секој корисник или потенцијален корисник на платежните услуги, да го извести за секој платен систем во кој учесникот учествува и да му даде информации за правилата за работа на платниот систем.
(7) Агент за порамнување во платниот систем може да биде давател на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1, 2, 3, 4 и 9 од овој закон кој е учесник во платниот систем.
(8) Агентот за порамнување обезбедува сигурни и ефективни административни процедури и процедури за комуникација со учесниците во платниот систем, кои се соодветни на карактеристиките на платниот систем и обемот на извршените трансакции во системот.

## Правила за работење на платниот систем

## Член 134

(1)Платниот систем треба да има и да работи според правила утврдени од операторот на платниот систем.
(2)Правилата за работење на платниот систем од ставот (1) на овој член особено содржат:
1) услови за учество во платниот систем, начин и услови за вклучување на нови учесници и за времено или трајно исклучување на учесниците од платниот систем;

2) права и обврски на операторот на платен систем и на учесниците во платниот систем;
3) начин на пренесување на налози за пренос, начин на проверка на исправноста на налозите за пренос и временски рок за известување во случај на одбивање на налог за пренос;
4) момент на внесување и неотповикливост на налог за пренос;
5) термински план според кој работи платниот систем;
6) валути на кои може да гласат налозите за пренос во платниот систем;
7) постапка за пресметување на финансиски обврски кои произлегуваат од налозите за пренос, врз основа на клиринг и/или порамнување меѓу учесниците во платниот систем и за известување на учесниците за клирингот и/или порамнувањето и
8) правила за управување со оперативните ризици, ризикот од сигурноста на информациските системи, ризикот при порамнување и други ризици во платниот систем.

## Пристап до платни системи

### Член 135

(1) Платниот систем преку правилата од членот 134 став (1) од овој закон треба да обезбеди објективни, недискриминаторски и пропорционални услови за пристап на учесниците во платниот систем, независно дали истите се директни учесници или индиректни учесници во платниот систем. Пристапот може да се ограничи само заради заштита од ризикот на порамнување, оперативниот ризик и деловниот ризик, како и заради финансиска и оперативна стабилност на платниот систем.
(2) Платниот систем не смее на учесниците во платните системи, корисниците на платежни услуги или на други платни системи да им наметне услови со кои:

1) се ограничува учество во други платни системи;
2) се прави разлика помеѓу давателите на платежни услуги во однос на нивните права, обврски и овластувања и
3) се прават ограничувања врз основа на институционалниот статус.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член не се однесуваат на платните системи составени исклучиво од даватели на платежни услуги од членот 9 став (1) од овој закон кои припаѓаат на иста група:
(4) Ако учесник во платен систем на којшто се применуваат правилата за конечност на порамнување во согласност со одредбите од Дел петти глава III од овој закон овозможува давател на платежни услуги којшто не е учесник во платниот систем да извршува налози за пренос преку платен систем е должен во согласност со ставот (1) на овој член да ја даде истата можност на објективен, пропорционален и недискриминаторски начин и на други даватели на платежни услуги ако го побараат тоа.
(5) Во случај учесникот во платен систем на којшто се применуваат правилата за конечност на порамнување во согласност со одредбите од Дел петти глава III од овој законда одбие да извршува налози за пренос на друг давател на платежни услуги кој побарал извршување на налог за пренос, е должен на давателот на платежни услуги да му достави образложение за причините за одбивањето, во писмена форма или по електронски пат.
(6) Операторот на платен систем е должен за секоја промена на надоместоците што ги наплатува од учесниците во платниот систем да ги информира најдоцна два месеца пред датумот на започнување со примена на промената.

## Услови за барање пристап до определени платни системи

### Член 135-а

(1) Заради зачувување на стабилноста и интегритетот на платните системи, платежната институција, односно институцијата за електронски пари која пристапува до платен систем на којшто се применуваат правилата за конечност на порамнувањето во согласност со одредбите од Дел петти, глава III од овој закон е должна да:

1) преземе мерки заради заштита на паричните средства на корисниците на платежни услуги во согласност со членот 31 од овој закон;

2) воспостави систем на управување со јасно дефинирани овластувања и одговорности и системите на внатрешна контрола за платежните услуги од членот 8 од овој закон кои има намера да ги обезбедува, вклучувајќи ги и административните процедури, внатрешните процедури за управување со ризици и сметководствените процедури, како и систем за користење на услуги за информациска и комуникациска технологија и

3) воспостави план за престанок на давање на платежни услуги, во случај на неможност платежната институција, односно институцијата за електронски пари да ги исполни своите финансиски обврски.

(2) Доколку платежната институција, односно институцијата за електронски пари паричните средства на корисниците на платежни услуги ги заштитува на начин во согласност со членот 31 став (3) од овој закон, преземените мерки од ставот (1) точка 1) на овој член се однесуваат најмалку на:

- политиката за инвестирање во врска со членот 31 став (3) точка 2) од овој закон,

- бројот и функциите на лицата кои имаат пристап до сметката од членот 31 став (3) точка 1) од овој закон,

- административните процедури и процедурите за усогласување по кои се постапува во врска со постапките од членот 31 став (4) точка 1) од овој закон,

- нацрт договорот со Народната банка и/или банката и/или штедилницата кај кои платежната институција, односно институцијата за електронски пари која пристапува до платен систем има намера да отвори сметка заради исполнување на обврските од членот 31 став (3) точка 1) од овој закон или договорот со Народната банка и/или банката и/или штедилницата кај кои е отворена сметката од членот 31 став (3) точка 1) од овој закон и

- писмена изјава потпишана од одговорното лице кое е член на органот на управување на платежната институција, односно институцијата за електронски пари и заверена кај нотар дека работењето на платежната институција или институцијата за електронски пари е во согласност со членот 31 од овој закон.

(3) Доколку платежната институција, односно институцијата за електронски пари ги заштитува паричните средства на корисниците на платежни услуги на начин во согласност со членот 31 став (8) од овој закон, преземените мерки од ставот (1) точка 1) на овој член се однесуваат најмалку на:

- доказ дека осигурителната полиса или гаранцијата е издадена од друштво за осигурување или банка, кои не припаѓаат на истата група на која и припаѓа платежната институција, односно институцијата за електронски пари и детали за процесот на усогласување со кој се обезбедува исполнување на обврските за заштита на паричните средства во согласност со членот 31 став (8) од овој закон,

- детали за времетраење и условите за обновување на осигурителна полиса или гаранцијата и

- копија на договорот за осигурителна полиса или гаранцијата или нацрт на договор за осигурителна полиса или гаранцијата.

(4) Заради исполнување на условите од ставот (1) точка 2) на овој член, платежната институција, односно институцијата за електронски пари треба да покаже пред операторот

на платниот систем дека системот на управување, системот на внатрешна контрола и системот за користење на услуги за информациска и комуникациска технологија се стабилни, пропорционални и соодветни на природата, обемот и сложеноста на платежните услуги и истите вклучуваат најмалку:
- утврдување на ризиците од членот 16 став (2) точки 8) и 13) и ставот (4) од овој закон, вклучувајќи видови на ризици и процедури кои платежната институција, односно институцијата за електронски пари ги има поставено или планира да ги постави со цел да ги процени и спречи овие ризици,
- процедури за спроведување на периодични и постојани контроли од членот 16 став (2) точки 8), 10), 13) и 14) од овој закон, вклучувајќи ја зачестеноста на истите, како и постојните човечки ресурси за исполнување на овие контроли,
- сметководствени процедури согласно со членот 16 став (2) точка 8) од овој закон,
- идентитет на лицето или лицата одговорни за функциите на внатрешната контрола, вклучително периодична, постојана и контрола на усогласеноста, како и ажурирана кратка биографија на тоа лице/а,
- идентификација на ревизорот од друштвото за ревизија кој треба да е различен од ревизорот во истото друштво за ревизија кој ќе ја врши ревизијата во согласност со членот 34 став (1) од овој закон,
- податоци за составот на органот на управување и доколку е применливо, на друг орган на надзорот на платежната институција, односната институција за електронски пари,
- опис на начинот на кој платежната институција, односно институцијата за електронски пари ги следи и контролира надворешните лица на кои го пренела вршењето на оперативни функции кои се поврзани со давањето на платежни услуги со цел да спречи намалување на квалитетот на внатрешните контроли,
- опис на начинот на кој филијали и/или агенти на платежната институција, односно институцијата за електронски пари се контролирани во рамките на системите на внатрешна контрола и
- опис на системот на управување на групата доколку платежната институција, односно институцијата за електронски пари е подружница на регулирано правно лице од друга држава членка.
(5) Заради исполнување на условите од ставот (1) точка 3) на овој член, планот за престанок на давање на платежни услуги, во случај на неможност платежната институција, односно институцијата за електронски пари да ги исполни своите финансиски обврски треба да биде пропорционален на предвидената големина и деловниот модел на платежната институција, односно институцијата за електронски пари со опис на мерките за ублажување коишто треба да ги преземе платежната институција, односно институцијата за електронски пари во случај на престанок на давање на платежни услуги со што би се обезбедило извршување на иницираните платежни трансакции и раскинување на постојните договори.
(6) Платежната институција, односно институцијата за електронски пари е должна да достави до операторот на платниот систем самопроцена за усогласеност на платежната институција, односно институцијата за електронски пари со барањата од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член, потврдена од ревизорот од ставот (4) алинеја 5 на овој член.
(7) Платежната институција, односно институцијата за електронски пари е должна да ја достави самопроцената од ставот (6) на овој член до операторот на платниот систем при поднесување на барањето за учество во платниот систем, како и ажурирана самопроцена на редовна основа, на секои две години.

**Класификација и надзор на платни системи**

**Член 136**

(1) Народната банка определува значајни, системски значајни и други платни системи врз основа на критериуми за класификација.

(2) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, поблиску ги пропишува:

- критериумите за класификација на платни системи од ставот (1) на овој член и стандардите за нивното работење преку примена на усвоените стандарди на меѓународните и/или европските тела,

- горната граница на износот на плаќања со мала вредност коишто се извршуваат меѓу давателите на платежни услуги и
- видот на извештаите за работењето на платните системи, како и начинот и роковите за нивно доставување.

**Глава II**
**Издавање дозвола за оператор на платен систем**

**Услови за работење на оператор на платен систем**

**Член 137**

(1) Трговско друштво може да управува со платен систем само доколку добие дозвола од Народната банка за оператор на платен систем.
(2) Износот на сметководствената вредност на капиталот и резервите од билансот на состојба на операторот на платен систем, со којшто треба постојано да располага операторот на платниот систем не може да биде помал од износот на почетниот капитал од членот 138 став (2) точка 2 од овој закон.
(3) Одредбите од Глава II од Дел петти од овој закон, со исклучок на членот 150 од овој закон, не се применуваат доколку оператор на платните системи е Народната банка.
(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, не е потребно одбрување за работењето на оператор на платен систем од држава - членка или трета држава одговорен за функционирање на картична платежна шема.

**Поднесување барање за добивање дозвола за оператор на платен систем**

**Член 138**

(1) Трговското друштво кое има намера да врши дејност на оператор на платен систем, до Народната банка поднесува барање за добивање дозвола за оператор на платен систем (во натамошниот текст на Глава II Дел петти од овој закон: подносител на барање).
(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член, подносителот на барањето особено доставува:
1)адреса на седиштето и доказ дека друштвото е запишано како акционерско друштво во Трговскиот регистар што се води кај Централниот регистар на Република Северна Македонија, не постар од 30 дена од денот на поднесување на барањето;
2) доказ дека располага со почетен капитал од најмалку 7.800.000 денари единствено во паричен облик и да биде уплатен во целост, притоа целосно уплатениот почетен капитал

се впишува како основна главнина во трговскиот регистар што се води кај Централниот регистар на Република Северна Македонија;
3) статут на друштвото;
4) деловен план за дејноста оператор на платен систем, соодветен да создаде услови за стабилно и сигурно работење на платниот систем и проценка на влијанието врз дејноста оператор на платен систем од друга дејност која ја врши или ќе ја врши трговското друштво кое има намера да врши дејност операторот на платен систем;
5) предлог-правила за работењето на платниот систем, согласно со членот 134 од овој закон со нацрт билатерални договори или мултилатерален договор со којшто се основа платниот систем, согласно со членот 132 став (1) од овој закон;
6) опис на системот на управување, кој особено го опфаќа системот на внатрешна контрола;
7) опис на организационите, кадровски и технички услови соодветни за извршување на активностите како оператор на платен систем;
8) опис на системи, политики и процедури за управување со оперативните, финансиските и другите ризици во платниот систем;
9) за лицата кои се членови на управниот одбор, односно извршните членови на одборот на директори кај подносителот на барањето:
- докази за идентитет,
- докази за професионална компетентност и
- докази за репутација од членот 19 став (5);
10) за лицата кои преку лицата со кои имаат блиски врски поседуваат квалификувано учество во трговското друштво кое го поднесува барањето, најмалку следниве податоци:
а. за правно лице:
- правна форма,
- сопственичка структура,
- блиски врски,
- финансиска состојба и
- докази за репутација од членот 19 став (6) од овој закон;
б. за физичко лице:
- идентитет,
- лица со кои има блиски врски,
- професионалното искуство,
- имотната состојба,
- изворите на приходи и
- докази за репутација од членот 19 став (5) од овој закон;
11) листа на лица со кои подносителот на барањето има блиски врски и опис на начинот на поврзаност.
(3) Барањето од ставот (1) од овој член и доказите од ставот (2) точки 1 и 9 алинеја 3, 10 потточки а) алинеја 1, 2 и 5 и б) алинеја 6 на овој член можат да бидат поднесени непосредно во архивата на Народната банка, по пошта со препорачана достава или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги.
(4) Во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги барањето од ставот (1) од овој член и доказите од ставот (2) точки 1 и 9 алинеја 3, 10 потточки а) алинеја 1, 2 и 5 и б) алинеја 6 на овој член се доставуваат на важечката адреса на електронската пошта на Народната банка во форма на електронски документ преку квалификувана електронска препорачана достава.

(5) Овластеното службено лице од Народната банка кое постапува по барањето од ставот (1) на овој член е должно во рок од пет дена од денот на приемот на барањето, документите од ставот (2) точки 1 и 9 алинеја 3, 10 потточки а) алинеја 1, 2 и 5 и б) алинеја 6 на овој член по службена должност да ги побара од Централниот регистар на Република Северна Македонија и/или од надлежен суд.
(6) Овластеното службено лице од Централниот регистар на Република Северна Македонија е должно документите од ставот (2) точки 1 и 9 алинеја 3, 10 потточки а) алинеја 1, 2 и 5 и б) алинеја 6 на овој член да ги достави до Народната банка во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (5) на овој член.
(7) Барањето од ставот (5) на овој член може да биде поднесено, а документите од ставот (2) точки 1 и 9 алинеја 3, 10 потточки а) алинеја 1, 2 и 5 и б) алинеја 6 на овој член може да бидат разменети во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националната платформа за интероперабилност.
(8) Во случај на технички прекин на функционалноста на Националната платформа за интероперабилност барањето од ставот (5) на овој член се доставува на електронската адреса на Централниот регистар на Република Северна Македонија, а документите од ставот (2) точки 1 и 9 алинеја 3, 10 потточки а) алинеја 1, 2 и 5 и б) алинеја 6 на овој член се доставуваат на важечка електронската адреса на Народната банка во форма на електронски документ преку квалификувана електронска препорачана достава.
(9) Покрај документите од ставот (2) на овој член, Народната банка може да побара и дополнителни документи, податоци и/или информации од друштвото кое го поднесува барањето.
(10) Доколку платежната институција, односно институцијата за електронски пари поднесува барање за добивање дозвола за оператор на платен систем е должна да приложи и оценка за влијанието на новата дејност врз нејзината финансиска состојба, организациската структура, системот на внатрешна контрола и системот за заштита на средствата на корисниците на платежните услуги.
(11) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, поблиску ги пропишува документите, податоците и/или информациите од ставот (2) на овој член, начинот на нивното доставување, како и постапката за нивно оценување.

**Одлучување по барање за добивање дозвола за оператор на платен систем**

**Член 139**

(1) По барањето од членот 138 од овој закон, Извршниот одбор донесува решение за издавање дозвола за оператор на платен систем или решение за одбивање на барањето, во рок од 120 дена од денот на приемот на комплетното барање.
(2) Доколку барањето не е комплетно, Народната банка го известува подносителот на барањето од членот 138 став (1) од овој закон да ги достави документите, податоците и/или информациите најмногу во рок од 30 дена.
(3) Во рокот од ставот (1) на овој член не се пресметува рокот од ставот (2) на овој член.
(4) Извршниот одбор издава дозвола за оператор на платен систем доколку оцени дека се исполнети следниве услови:

1) кон барањето е доставена комплетната документација од членот 138 ставови (2), (9) и (10) од овој закон;
2) лицата кои преку лицата со кои има блиски врски, поседуваат квалификувано учество во правното лице се соодветни, што особено вклучува добра финансиска состојба и репутација;
3) лицата кои се членови на органот на управување на правното лице имаат репутација и професионална компетентност кое обезбедува стабилно, сигурно и ефикасно управување со платниот систем;
4) подносителот на барањето е организиран согласно со овој закон, односно се обезбедени условите за работење на платниот систем предвидени во овој закон или прописите донесени врз основа на овој закон;
5) подносителот на барањето има јасна управувачка структура што вклучува:
- организациска структура со јасно дефинирани овластувања и одговорности,
- соодветни процедури за идентификување, следење и известување за сите ризици на кои платниот систем е изложен или би можел да биде изложен и
- системите на внатрешна контрола, вклучувајќи и административни и сметководствени процедури, како и план за непрекинатост на работењето, кои се соодветни и пропорционални на природата, обемот и сложеноста на активностите на платниот систем и
6) правилата за работење на платниот систем се во согласност со членот 134 став (2) од овој закон.
(5) Оценувањето на условот за репутација од ставот (4) точки 2 и 3 на овој член се врши согласно со членот 19 ставови (5) и (6) од овој закон.
(6) Дозволата од ставот (1) на овој член не може да се пренесе на други лица во постапки на статусни промени.
(7) Операторот на платниот систем е должен постојано да ги исполнува условите од ставот (4) на овој член и член 137 став (2) од овој закон.
(8) Операторот на платен систем е должен веднаш да ја извести Народната банка за какви било промени во документите, податоците и/или информациите врз основа на кои е издадена дозволата.

## Согласност за измена и/или дополнување на правилата за работење на платен систем

### Член 140

(1) Операторот на платниот систем е должен да поднесе барање за добивање на претходна согласност од Извршниот одбор за сите измени и/или дополнувања на правилата за работење на платниот систем согласно со одредбите од членот 138 ставови (3) и (4) од овој закон.
(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член се доставува предлогот за измена и/или дополнување на правилата за работење на платниот систем со образложение за истите.
(3) По барањето за добивање на согласност од ставот (1) на овој член Извршниот одбор донесува решение за издавање согласност или за одбивање на барањето најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

(4) Доколку барањето не е комплетно, Народната банка го известува подносителот на барањето да ги достави документите, податоците и/или информациите најдоцна во рок од 15 дена.
(5) Во рокот од ставот (3) на овој член не се пресметува рокот од ставот (4) на овој член.
(6) Извршниот одбор го одбива барањето од ставот (1) на овој член, доколку оцени дека предложените измени и/или дополнувања на правилата за работење на платниот систем се во спротивност со членот 134 став (2) од овој закон или ги загрозуваат сигурноста, стабилноста и ефикасноста на работењето на платниот систем.
(7) Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од членот 138 став (11) од овој закон, поблиску ги пропишува документите, податоците и/или информациите за добивање на согласноста од ставот (1) на овој член, начинот на нивното доставување, како и постапката за нивно оценување.

**Промени по издавањето на дозволата за оператор на платен систем**

**Член 141**

(1) Операторот на платен систем е должен да достави известување до Народната банка при:
1) зголемување на почетниот капитал на операторот на платниот систем;
2) промена на сопственичката структура над 5% од вкупниот број на акции, односно од вкупниот број на издадени акции со право на глас на оператор на платен систем, без оглед на тоа дали акциите се стекнати постапно или одеднаш, освен во случај на стекнување на квалификувано учество;
3) измена на договорите со кои е основан платниот систем и називот на платниот систем;
4) промена на статутот на операторот на платен систем;
5) основање подружница или стекнување на квалификувани учества во други трговски друштва, во Република Северна Македонија или во странство;
6) промена на член на надзорен одбор, на неизвршни членови на одборот на директори, лица со посебни права и одговорности кои се вработени во операторот на платен систем и доколку е применливо, членови на одборот за ревизија и членови на одборот за наградување и
7) влошена финансиска состојба на лицата кои преку лицата со кои има блиски врски, поседуваат квалификувано учество во операторот на платниот систем или која било друга информација дека овие лица повеќе не ги исполнуваат условите од членот 139 став (4) точка 2 од овој закон, доколку операторот на платниот систем на кој било начин дошол до таква информација.
(2) Со известувањето од ставот (1) на овој член се доставуваат и соодветни документи, податоци и/или информации согласно со членот 138 ставови (3), (4), (5), (6), (7) и (8) од овој закон.
(3) Операторот на платен систем е должен да го достави известувањето од ставот (1) на овој член во рок од пет работни дена, од денот на донесувањето на одлуката за преземање на дејствието, односно од добиеното сознание во врска со ставот (1) точки 2 и 7 од овој член.

**Согласност за членови на управен одбор односно за извршни членови на одбор на директори**

**Член 142**

(1) Операторот на платниот систем е должен да поднесе барање за добивање претходна согласност од Извршниот одбор за секое именување на членови на управен одбор, односно на извршни членови на одбор на директори согласно со одредбите од членот 138 од овој закон. Во однос на барањето од овој став соодветно се применуваат одредбите од членот 138 ставови (2) точка 9), (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9) од овој закон.

(2) Член на управен одбор односно извршен член на одборот на директори на операторот на платен систем може да биде лице кое има професионална компетентност.

(3) Член на управен одбор односно извршен член на одбор на директори на операторот на платен систем, не може да биде лице:

1) кое е член на Советот на Народната банка или лице вработено во Народната банка;

2) кое не поседува репутација, согласно со членот 19 став (5) точки 1), 2) и 3);

3) кое не ги почитува и/или почитувало одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките кон субјектите на надзор изречени од Извршниот одбор, со што биле или се загрозени стабилноста, сигурноста и ефикасноста во работењето на платниот систем;

4) со посебни права и одговорности во друг оператор на платен систем, оператор на систем за порамнување на хартиите од вредност, централна договорна страна или лице вработено во нив;

5) член на надзорен одбор, член на управен одбор или член на одбор на директори на учесник во платен систем и

6) кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во оператор на платен систем, оператор на систем за порамнување на хартиите од вредност, централна договорна страна, учесник во платен систем или друго правно лице во кое била воведена администрација или над кое е отворена постапка за ликвидација или стечај, освен доколку Народната банка недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на администрација, постапка за ликвидација или стечај или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до воведување на администрација, отворање на постапка за ликвидација или стечај.

(4) Член на управен одбор односно извршен член на одборот на директори на оператор на платен систем може истовремено да биде и член на надзорен одбор, односно неизвршен член на одбор на директори во најмногу две, домашни или странски трговски друштва.

(5) Член на управен одбор односно извршен член на одборот на директори на оператор на платен систем не може да биде и лице кое е член на управен одбор или извршен член на одбор на директори во кое било домашно или странско трговско друштво.

(6) Ограничувањата од ставовите (4) и (5) на овој член, не се однесуваат на членство во органи на непрофитни организации на волонтерска основа.

(7) Членовите на управен одбор или извршните членови на одборот на директори на оператор на платен систем треба да поседуваат стручни знаења и искуство од различни области кои се потребни за независно управување на операторот на платниот систем, а особено за разбирање на активностите што ги врши операторот на платниот систем и правилата за работење на платниот систем, притоа барем еден од членовите мора да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и да има постојано живеалиште во Република Северна Македонија.

(8) Операторот на платен систем треба да обезбеди мнозинството од членовите на управниот одбор или извршните членови на одборот на директори да се достапни на барање на Народната банка.

(9) Народната банка спроведува интервју со предложените членови на управен одбор односно извршни членови на одборот на директори на оператор на платен систем.
(10) По барањето за добивање согласност од ставот (1) на овој член Извршниот одбор донесува решение за издавање согласност или за одбивање на барањето во рок од 90 дена од денот на поднесување на комплетното барање.
(11) Доколку барањето не е комплетно, Народната банка го известува подносителот на барањето да ги достави документите, податоците и/или информациите најмногу во рок од 30 дена.
(12) Во рокот од ставот (10) на овој член не се пресметува рокот од ставот (11) на овој член.
(13) Извршниот одбор го одбива барањето за согласност од ставот (1) на овој член доколку:
1) барањето содржи неточни, невистинити или нецелосни податоци и информации;
2) предложеното лице не ги исполнува условите потребни за негово именување согласно со ставовите (2), (3), (4), (5) и (7) на овој член.
(14) При одлучувањето за издавање на согласноста од ставот (1) на овој член Извршниот одбор ги оценува професионалната компетентност и репутацијата на предложените членови на управниот одбор или извршни членови на одборот на директори на оператор на платен систем.
(15) Оценувањето на условот за репутација од ставот (3) точка 4 на овој член се врши согласно со членот 19 став (5) од овој закон.
(16) Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од членот 138 став (11) од овој закон, поблиску ги пропишува документите, податоците и/или информациите за добивање на согласноста од ставот (1) на овој член и начинот на нивното доставување и постапката за нивно оценување.

**Одбивање на барањето за добивање дозвола за оператор на платен систем**

**Член 143**

(1) Извршниот одбор со решение го одбива барањето за добивање дозвола за оператор на платен систем од членот 138 став (1) од овој закон, доколку:
1) не е исполнет некој од условите од членот 139 став (4) од овој закон;
2) барањето содржи неточни или невистинити податоци;
3) оцени дека поради постоење на блиски врски на подносителот на барањето со други правни и/или физички лица, а наведени во листата од членот 138 став (2) точка 11 од овој закон, надзорот над операторот на платниот систем согласно со овој закон би бил оневозможен или значително отежнат;
4) оцени дека поради вршење на други услуги и/или дејности на подносителот на барањето кои не се поврзани со активностите како оператор на платен систем, би биле загрозени сигурноста, стабилноста и ефикасноста на работењето на платниот систем или дека поради овие дејности, надзорот над операторот на платниот систем во согласност со овој закон би биле оневозможен или значително отежнат и
5) оцени дека прописите и практиките на странската држава кои се применуваат на правните и/или физичките лица со коишто подносителот на барањето има блиски врски, а наведени во листата од членот 138 став (2) точка 11 од овој закон, би оневозможиле надзор над операторот на платниот систем и значително би ги отежнале.

(2) Во случај кога барањето за добивање дозвола за оператор на платен систем се одбива поради причините наведени во ставот (1) точка 4 на овој член, Извршниот одбор во образложението на решението со кое се одбива барањето му укажува на подносителот на барањето на можноста да основа посебно трговско друштво и да поднесе ново барање за добивање дозвола за оператор на платен систем за ова трговско друштво.

**Престанување со работа на оператор на платен систем**

**Член 144**

(1) Операторот на значаен или системски значаен платен систем е должен во писмена форма согласно со членот 138 ставови (3), (4), (5), (6), (7) и (8) од овој закон да ја извести Народната банка за намерата да донесе одлука за престанување со работа.

(2) Извршниот одбор со решение дава согласност за престанување со работа доколку оцени дека операторот на платниот систем од ставот (1) од овој член ги презел потребните мерки и активности со цел неговото престанување со работа како оператор на платен систем да не влијае на финансиската стабилност и на стабилноста и сигурноста на учесниците во платниот систем и да обезбеди целосно и навремено исполнување на преземените обврски во врска со платежните трансакции кои се извршуваат преку платниот систем.

(3) Операторот на платен систем од ставот (1) од овој член не смее да престане со работа пред да ја добие претходната согласност од ставот (2) од овој член.

**Квалификувано учество во оператор на платен систем**

**Член 145**

За квалификувано учество во оператор за платен систем соодветно се применуваат членовите 23, 24 и 25, член 138 став (2) точка 10), ставови (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9), член 169 и член 170 од овој закон.

**Органи на оператор на значаен или системски значаен платен систем**

**Член 146**

(1) Органи на операторот на значаен или системски значаен платен систем, определен согласно со подзаконскиот акт од членот 136 став (2) од овој закон, се:

1) управен одбор и надзорен одбор или одбор на директори;
2) одбор за управување со ризиците кој се состои од најмалку три, но не повеќе од девет члена и
3) други одбори, определени согласно со статутот на операторот на платниот систем.

(2) Членовите на одборот за управување со ризици се избираат од редот на лицата со посебни права и одговорности кои се вработени во операторот на платен систем.

(3) Најмалку еден од членовите на одборот за управување со ризиците е од редот на извршните членови на одборот на директори или од редот на членовите на управниот одбор на операторот на платен систем, којшто воедно е и претседател на овој одбор.

(4) Неизвршните членови на одборот на директори, членовите на надзорниот одбор, членовите на одборот за управување со ризиците покрај условите од ставови (2) и (3) од овој закон, задолжително треба да имаат познавање за работењето на платниот систем и за ризиците на кои е изложен операторот на платниот систем.

(5) Со статутот на операторот на платниот систем, операторот на платниот систем поблиску ги пропишува бројот, составот, надлежностите, правата, должностите, одговорностите и начинот на работење на органите на управување на операторот на платен систем, како и бројот, назначениот временски рок, надлежностите, правата, одговорностите и условите за именување на лицата со посебни права и одговорности кои се вработени во операторот на платниот систем.

## Регистар на оператори на платни системи

### Член 147

(1) Народната банка е должна да води регистар на оператори на платни системи на кои издала дозволи.
(2) Регистарот од ставот (1) на овој член се води во електронска форма, е јавен и е достапен на веб-страницата на Народната банка и се ажурира на редовна основа.
(3) Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од член 138 став (11) од овој закон, поблиску ги пропишува содржината и начинот на водење на регистарот од ставот (1) на овој член, како и начинот на бришење на податоци од регистарот.

## Трговски книги, финансиски извештаи и ревизија

### Член 148

За трговските книги, финансиските извештаи и ревизијата на оператор на платен систем соодветно се применуваат членовите 33 ставови (1), (2) и (3), 34, 35 ставови (1), (2) и (3) точки 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 8, и 36 од овој закон.

## Користење услуги од надворешни лица

### Член 149

За користење услуги од надворешни лица кај операторот на платен систем соодветно се применува членот 40 од овој закон.

## Заштита на лични податоци и деловна тајна

### Член 150

(1) За целите на спроведување на одредбите на овој закон операторот на платен систем обработката на лични податоци ја врши под услови и на начин утврдени со овој закон при што применува технички и организациски мерки согласно со прописите за заштита на личните податоци.
(2) Операторот на платен систем обработува лични податоци за физичките лица плаќачи или примачи на парични средства и за физичките лица кои се овластени од страна на учесниците во платниот систем за комуникација со операторот на платен систем, за информациска сигурност и за обработка на налози во име и за сметка на учесникот во платниот систем во просториите на операторот на платниот систем. Операторот на платниот систем ги обработува следниве категории лични податоци: име и презиме,

матичен број на граѓанинот, адреса, телефонски број, електронска пошта, број на платежна сметка, број на важечкиот документ за идентификација, како и други податоци во врска со извршувањето на платежните трансакции, кои поблиску се пропишуваат со правилата за работа на операторот на платниот систем од членот 134 од овој закон. Личните податоци од овој член се чуваат десет години по истекот на календарската година во која биле примени.

(3) Документите, податоците и/или информациите стекнати од страна на оператор на платен систем при обработка на налози за пренос претставуваат деловна тајна и можат да се користат исклучиво за целите за кои се добиени.

(4) На документите, податоците и/или информациите од ставот (3) на овој член операторот на платен систем соодветно ги применува одредбите од членот 128 ставови (2), (3) и (4) од овој закон.

## Глава III
## Правила за конечност на порамнување

### Опфат

### Член 151

Глава III од Дел петти се однесува на платни системи на кои се применуваат правила за конечност на порамнување.

### Определување на платни системи

### Член 152

(1) Народната банка определува платни системи на кои се применуваат правилата за конечност на порамнувањето.

(2) Платните системи од ставот (1) на овој член, Народната банка ги определува врз основа на обемот и вредноста на налози за пренос кои се порамнуваат во платниот систем и учеството на други платни системи, системи за порамнување на хартии од вредност или централна договорна страна кои порамнуваат трансакции во платниот систем.

(3) Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од членот 136 став (2) од овој закон поблиску ги пропишува критериумите од ставот (2) на овој член.

(4) Агент за порамнување на платни системи определени согласно со ставот (1) на овој член е Народната банка.

(5) Народната банка ги известува надлежните европски тела за финансиски пазари за определените платни системи од ставот (1) на овој член.

### Гарантен механизам

### Член 153

(1) Операторот на платен систем определен согласно со членот 152 став (1) од овој закон кој врши клиринг на налозите за пренос е должен да воспостави гарантен маханизам поради стабилно и сигурно работење на платниот систем.

(2) Гарантниот механизам од ставот (1) на овој член се состои од парични средства и/или хартии од вредност и/или договорен аранжман за поделба на загубите помеѓу учесниците во платниот систем доколку некој од нив не е во можност да ги исполни обврските за порамнување на налозите за пренос.

(3) Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од членот 136 став (2) од овој закон поблиску го пропишува воспоставувањето на гарантниот механизам.

## Внесување на налог за пренос

### Член 154

(1) Со правилата за работење на платниот систем се дефинира моментот на внесување на налог за пренос во платниот систем.
(2) Во случај на интероперабилни системи, секој платен систем во своите правила го утврдува моментот на внесување на налог за пренос во системот, на начин што ќе обезбеди најголем можен степен на усогласеност на правилата на сите засегнати интероперабилни системи во однос на моментот на внесување.
(3) Правилата за работење на платниот систем со кои се утврдува моментот на внесување на налог за пренос не зависат од правилата за работење на другите системи со кои тој систем е интероперабилен, освен кога постоење на меѓусебна зависност е изречно утврдено со правилата на сите системи кои учествуваат во интероперабилните системи.

## Неотповикливост на налог за пренос

### Член 155

(1) Со правилата за работење на платниот систем се дефинира моментот во кој налогот за пренос што е внесен во системот не може да биде отповикан од страна на било кој учесник во системот или од трето лице.
(2) Во случај на интероперабилни системи, секој платен систем во своите правила го утврдува моментот на неотповикливост на налозите за пренос во системот, на начин што ќе обезбеди најголем можен степен на усогласеност на правилата на сите засегнати интероперабилни системи во однос на моментот на неотповикливост.
(3) Правилата за работење на платниот систем со кои се утврдува моментот на неотповикливост на налог за пренос не зависат од правилата на другите системи со кои тој систем е интероперабилен, освен кога постоење на меѓусебна зависност е изречно утврдено со правилата на сите системи кои се дел од интероперабилни системи.

## Спроведување налози за пренос и нетирање при стечај

### Член 156

(1) Во случај на стечајна постапка над учесник во платен систем или во интероперабилен систем или над оператор на интероперабилен систем кој не е учесник, налозите за пренос и нетирањето се сметаат правно обврзувачки и не можат да бидат оспорени од трети страни, под услов налозите за пренос да се внесени во системот пред моментот на отворање стечајна постапка од членот 157 став (1) од овој закон.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, налозите за пренос кои се внесени во платниот систем по моментот на отворање стечајна постапка над учесник во платен систем или во интероперабилен систем и се извршени во работен ден утврден со термински план на платниот систем, а во кој е отворена стечајната постапка, се сметаат за правно обврзувачки и не можат да бидат оспорени од трети страни само ако операторот на платниот систем може да докаже дека во времето во кое налозите за пренос станале неотповикливи не знаел, ниту можел да знае за отворањето на стечајната постапка.

(3) Во случај на отворање стечајна постапка над учесник во платен систем или во интероперабилен систем, паричните средства кои се расположливи на сметката за порамнување на учесникот може да се користат за исполнување на обврските на учесникот во платниот систем или во интероперабилен систем во текот на работниот ден на отворање на стечајната постапка.
(4) Ништовноста или побивањето на договори и/или трансакции склучени пред моментот на отворање на стечајната постапка над учесник во платниот систем или над оператор на интероперабилен систем, нема да доведе до отповикување, ништовност или поништување на нетирањето.

**Стечајна постапка**

**Член 157**

(1) Моментот на отворање стечајна постапка е денот и часот наведени во решението од надлежен суд за отворање стечајна постапка над учесник во платен систем.
(2) Надлежниот суд веднаш го доставува решението од ставот (1) на овој член до Народната банка.
(3) Народната банка веднаш го известува операторот на платниот систем на чијшто учесник се однесува решението од ставот (1) на овој член.
(4) Народната банка веднаш го известува Европскиот одбор за системски ризици, другите држави членки и надлежните тела основани согласно со прописите донесени од Европскиот парламент и од Советот.
(5) Народната банка известувањето за отворање стечајна постапка над учесник во платен систем примено од друга држава-членка веднаш го проследува до операторот на платниот систем на чијшто учесник се однесува известувањето.
(6) Правата и обврските на учесниците кои произлегуваат од или се во врска со неговото учество во платен систем настанати пред моментот на отворање стечајна постапка на учесник во платниот систем не можат да бидат поништени.
(7) Одредбите од ставот (6) на овој член се применуваат и на правата и обврските на учесник во интероперабилен систем или на оператор на интероперабилен систем кој не е учесник во системот.

**Заштита на средства за обезбедување**

**Член 158**

(1) Средствата за обезбедување што се дадени на оператор на платен систем, на учесник во платен систем и на Народната банка во врска со учество во платен систем или интероперабилен систем не влегуваат во стечајната маса во стечајната постапка отворена над:

1) учесник во платен систем или интероперабилен систем, кој ги дал средствата за обезбедување;
2) оператор на интероперабилен систем кој не е учесник;
3) договорната страна на Народната банка што учествува во платниот систем и 4) трети лица кои дале средства за обезбедување.

(2) Во случај на отворање стечајна постапка, средствата за обезбедување од ставот (1) на овој член може да се вппаричат заради исполнување на обврските што произлегуваат од учество во платен систем или интероперабилен систем.
(3) Во случај кога оператор на платен систем има дадено средства за обезбедување на друг оператор на платен систем во врска со интероперабилен систем, средствата за обезбедување на операторот на платниот систем којшто ги дал овие средства, нема да влезат во стечајна маса во стечајната постапка над операторот на платниот систем којшто ги примил средствата за обезбедување.
(4) Одредбите од овој член се применуваат и на средствата што го сочинуваат гарантниот механизам од членот 153 од овој закон.

## Дел шести
## НАДЗОР

### Општи одредби

### Член 159

(1) Народната банка врши надзор над работењето на давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1, 2, 3, 5 и 7 од овој закон и издавачите на електронски пари од член 9 став (2) точки 1, 2, 3 и 5 од овој закон, нивните агенти, операторите на платните системи од членот 133 став (1) точка 7 од овој закон и на надворешните лица на начин пропишан со овој закон (во натамошниот текст: субјект/и на надзор).
(2) Преку надзорот од ставот (1) на овој член, Народната банка ја проверува усогласеноста на субјектите на надзор со одредбите на овој или друг закон и/или прописите донесени врз основа на истите според кои Народната банка го врши надзорот над работењето на субјектите на надзор.
(3) Зачестеноста и опфатот на надзорот се врши во зависност од видот, обемот и сложеноста на активностите што ги извршуваат субјектите на надзор, како и ризиците на кои се изложени во своето работење.

### Начин на вршење на надзор

### Член 160

(1) Народната банка го врши надзорот преку:
1) вонтеренско следење на работењето на субјектите на надзор со собирање и анализа на извештаи и податоци кои ги доставуваат субјектите на надзор до Народната банка;
2) целосен или делумен теренски надзор во субјектите на надзор;
3) изрекување мерки кон субјектите на надзор и
4) одржување на контакти со членовите на органите на субјектите на надзор и со нивните друштва за ревизија.
(2) Надзорот го вршат службени лица во Народната банка овластени од гувернерот.
(3) По исклучок од ставот (2) на овој член Народната банка може за извршување на одредени активности при теренскиот надзор да овласти сертифицирани ревизори, друштво за ревизија или други стручни лица.
(4) Лицата од ставовите (2) и (3) на овој член при вршење на надзор соодветно ги применуваат барањата за доверливи информации и/или податоци согласно со Законот за Народна банка на Република Северна Македонија.

(5) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, поблиску го пропишува начинот на вршење на надзорот од ставот (1) на овој член.

## Теренски надзор

### Член 161

(1) Народната банка врши целосен или делумен теренски надзор според однапред утврден план за надзор и по потреба.
(2) Субјектот на надзор е должен на овластените лица од членот 160 ставови (2) и (3) од овој закон да им овозможи непречено извршување на теренскиот надзор, соодветни услови за извршување на надзорот и увид во целокупната документација, вклучувајќи ги и трговските книги, интерните акти и сметководствената евиденција во хартиена или електронска форма.
(3) За целите на теренскиот надзор, субјектот на надзорот е должен на барање на овластените лица од членот 160 ставови (2) и (3) од овој закон, да ги достави сите побарани податоци, документи и информации, во хартиена и/или електронска форма.
(4) Субјектите на личните податоци од прибраните податоци, документи и информации од ставот (3) на овој член, не можат да побараат пристап, исправка и бришење, преносливост или да поднесат приговор и ограничување на обработката на личните податоци.
(5) Податоците од ставот (3) на овој член се чуваат десет години од конечноста на извештајот од ставот (6) на овој член.
(6) Овластените лица од членот 160 ставови (2) и (3) од овој закон изготвуваат извештај со наодите од извршениот теренски надзор.
(7) Субјектот на надзор има право на приговор на извештајот од ставот (6) на овој член.

## Соработка и размена на информации

### Член 162

За целите на надзорот, Народната банка може да соработува и да разменува податоци и информации со домашни и странски надлежни органи.

## Мерки кон субјекти на надзор

### Член 163

Во зависност од видот, тежината и зачестеноста на утврдена слабост, неусогласеност и/или непочитување на одредбите од овој закон Извршниот одбор може кон субјектите на надзор:

- да издаде писмена препорака,
- да издаде писмено предупредување,
- да донесе решение со кое изрекува една или повеќе мерки од членот 166 од овој закон или
- да ја укине дозволата која е издадена согласно со одредбите од овој закон.

## Препорака

### Член 164

(1) Извршниот одбор издава писмена препорака на субјектот на надзор доколку во постапката на надзор се утврдени слабости, неусогласености и/или непочитувања на одредбите од овој закон кои не претставуваат значаен ризик во работење на субјектот на надзор.
(2) Во писмената препорака од ставот (1) на овој член се определуваат рокови за отстранување на утврдените слабости, неправилности и/или непочитувања на одредбите од овој закон, како и рок во кој субјектот на надзор е должен да ја извести Народната банка за постапувањето по препораката, со документиран доказ.

## Писмено предупредување

## Член 165

(1) Извршниот одбор издава писмено предупредување на субјектот на надзор доколку:
1) во постапката на надзор се утврдени слабости, неусогласености и/или непочитување на одредбите од овој закон кои може да претставуваат значаен ризик доколку не се отстранат или
2) не постапи во согласност со препораката од членот 164 од овој закон.
(2) Во писменото предупредување од ставот (1) на овој член се определуваат рокови за отстранување на утврдените слабости, неусогласености и/или непочитувања на одредбите од овој закон и рок во кој субјектот на надзор е должен да ја извести Народната банка за постапувањето по писменото предупредување, со документиран доказ.

## Решение за изрекување мерки

## Член 166

(1) Извршниот одбор донесува решение за изрекување мерки доколку:
1) во постапката на надзор кај субјектот на надзор се утврдени слабости, неусогласености и/или непочитување на одредбите од овој закон кои го доведуваат во сериозна опасност работењето на субјектот;
2) субјектот на надзор ги повторува претходно утврдените слабости, неусогласености и/или непочитување на одредбите од овој закон или
3) субјектот на надзор не постапува по претходно изречена препорака, писмено предупредување или мерка.
(2) Со решението од ставот (1) на овој член на платежна институција или инстутиција за електронски пари може да и наложи:
1) да го усогласи своето работење со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа од овој закон;
2) привремено да престане да дава една или повеќе платежни услуги и/или да издава електронски пари;
3) да не одобрува кредит додека не се усогласи со членот 12 став (2) од овој закон;
4) промена на начинот на заштита на паричните средства на корисниците на платежните услуги во согласност со членот 31 став (2) од овој закон или
5) да го раскине договорот со надворешното лице на кое делумно или целосно е пренесено извршувањето на оперативните функции поврзани со давањето платежни услуги.
(3) Во случај износот на сопствените средства на платежната институција или институцијата за електронски пари да е помал од износот пресметан согласно со членовите 29 и 30 од овој закон или платежната институција или институцијата за електронски пари треба да располага со износ на сопствени средства што е повисок од пресметаниот износ на

сопствените средства или сопствените средства не се соодветни во однос на вкупниот износ на кредити одобрени во согласност со членот 12 став (2) од овој закон, Извршниот одбор со решение за изрекување мерки може:
1) да ѝ наложи да донесе и обезбеди спроведување на план на мерки за обезбедување на износот на сопствените средства пресметан во согласност со членот 29 или членот 30 од овој закон;
2) да ѝ наложи пресметката на износот на сопствените средства да ја прави според определен метод предвиден во членот 29 став (2) од овој закон;
3) да ѝ наложи да располага со износ на сопствени средства којшто е најмногу до 20% повисок од износот на сопствените средства пресметан согласно со членот 29 или членот 30 од овој закон;
4) да ѝ наложи да донесе и спроведе план на мерки за обезбедување на сопствените средства соодветни во однос на вкупниот износ на кредити одобрени во согласност со членот 12 став (2) од овој закон;
5) да ѝ наложи да донесе одлука и изврши зголемување на капиталот или
6) привремено да и забрани да исплаќа добивка.
(4) Со решението од ставот (1) на овој член на оператор на платен систем може да му наложи:
1) да го усогласи своето работење со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа од овој закон;
2) да исклучи одреден учесник во платниот систем, ако учесникот не ги исполнува условите или правилата за работење на платниот систем;
3) да ги измени договорите со кои е основан платниот систем и/или статутот;
4) да ги измени правилата за работење на платниот систем;
5) да ја измени висината на гарантниот механизам од членот 153 од овој закон или
6) да го раскине договорот со надворешното лице на кое делумно или целосно е пренесено извршувањето на оперативните функции поврзани со работењето на платниот систем.
(5) Извршниот одбор донесува решение доколку треба да наложи на субјектот на надзор другите услуги и/или дејности од членот 11 ставови (2) и (3) или членот 132 став (2) од овој закон да не ги извршува во рамки на истото правно лице.
(6) Изрекувањето на мерките утврдени со овој закон не го исклучува изрекувањето мерки од Народната банка врз основа на други закони.

## Укинување на дозволата за давање платежни услуги односно дозволата за издавање електронски пари и упис во регистарот на платежни институции

## Член 167

(1) Извршниот одбор со решение ја укинува дозволата за давање платежни услуги и/или издавање електронски пари доколку платежната институција, односно институцијата за електронски пари:
1) не започне со давање платежни услуги односно издавање електронски пари во рок од 12 месеци од денот на донесувањето на решението од членот 19 став (1) од овој закон;
2) престане да дава платежни услуги односно издава електронски пари непрекинато во период подолг од шест месеци;
3) решението за издавање на дозволата е донесено врз основа на неточни или невистинити документи, податоци и информации;

4) повеќе не ги исполнува условите врз основа на кои е донесено решението за издавање на дозволата;
5) дава платежни услуги за кои нема добиено дозвола од Народната банка;
6) изврши статусни промени без дозвола од Народната банка;
7) не постапи по мерките од членот 166 ставови (2), (3) и (5) од овој закон;
8) достави писмено барање до Народната банка дека сака да престане со давање платежни услуги, односно издавање електронски пари;
9) со понатамошното давање платежни услуги, односно издавање електронски пари ја загрозува стабилноста, сигурноста и ефикасноста на платниот систем на Република Северна Македонија;
10) на кој било начин го оневозможува или отежнува надзорот на Народната банка врз платежната институција и/или институцијата за електронски пари;
11) не ги исполнува обврските за спречување перење пари и финансирање на тероризам согласно со Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам или 12) е отворена постапка за ликвидација или стечај.
(2) Извршниот одбор со решение го укинува уписот на давателот на платежни услуги што исклучиво ги дава платежните услуги од членот 8 став (1) точка 8 од овој закон во регистарот од членот 27 став (2) од овој закон во случаевите од став (1) точки 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9,10 и 12 на овој член.
(3) Народната банка е должна веднаш да го достави решението од ставовите (1) и (2) на овој член до платежната институција, односно институцијата за електронски пари, да ја извести јавноста на својата веб-страница за укинување на дозволата односно уписот и да го ажурира соодветниот регистар од членот 27 од овој закон. Решенијата се доставуваат и до Централниот регистар на Република Северна Македонија.

## Укинување на дозвола за оператор на платен систем

## Член 168

(1) Извршниот одбор со решение ја укинува дозволата за оператор на платен систем, доколку:
1) платниот систем не започнал со работа во рок од 12 месеци од датумот на кој е донесено решението за оператор на платен систем;
2) платниот систем престанал да работи непрекинато за период подолг од шест месеци;
3) решението за издавање на дозволата е донесено врз основа на неточни или невистинити документи, податоци и информации;
4) операторот на платниот систем повеќе не ги исполнува условите врз основа на кои ја добил дозволата;
5) операторот на платниот систем не побарал претходна согласност од Извршниот одбор за сите измени и дополнувања на правилата за работење на платниот систем согласно со членот 140 од овој закон;
6) платниот систем би можел да ја загрози сигурноста на платежните трансакции извршени преку него или кој било од процесите поврзани со прием, обработка, клиринг, порамнување или евидентирање на платежни трансакции;

7) операторот на платен систем со натамошното вршење на дејноста на оператор на платен систем ја загрозува стабилноста, сигурноста и ефикасноста на платниот систем на Република Северна Македонија;
8) операторот на платниот систем на кој било начин го оневозможува или отежнува надзорот на Народната банка над операторот;
9) не постапи по мерките од членот 166 ставови (4) и (5) од овој закон;
10) е дадена претходна согласност за престанување со работа на оператор на платен систем согласно со членот 144 став (2) од овој закон или
11) е отворена постапка за ликвидација или стечај над операторот на платниот систем.
(2) Народната банка е должна веднаш да го достави решението од ставот (1) на овој член до операторот на платен систем, да ја извести јавноста на својата веб-страница за укинување на дозволата и да го ажурира соодветниот регистар од членот 147 од овој закон. Решението се доставува и до Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Повлекување на согласност**

**Член 169**

Извршниот одбор со решение ја повлекува согласноста за именување управител, член на управен одбор, односно извршен член на одборот на директори, односно стекнување квалификувано учество издадена согласно со одредбите од овој закон ако:
1) согласноста е добиена врз основа на неточни или невистинити документи, податоци и/или информации или
2) управителот, членот на управен одбор, односно извршниот член на одборот на директори, односно физичкото или правното лице кое стекнало квалификувано учество кај субјектот на надзор повеќе не ги исполнува условите врз основа кои му е издадена согласноста.

**Ограничувања на правата од акциите или уделите**

**Член 170**

Ако правно или физичко лице стекне квалификувано учество без добиена согласност од Народната банка или согласноста за стекнување квалификувано учество е повлечена согласно со членот 169 од овој закон, Извршниот одбор донесува решение со кое го ограничува правото на глас на акциите односно правото на располагање со уделот и го задолжува сопственикот на акциите, односно уделот да ги оттуѓи истите во рок не подолг од 180 дена.

**Извештаи**

**Член 171**

(1) Субјектите на надзор се должни до Народната банка да доставуваат податоци и информации за надзорни цели во врска со платните инструменти, платежните трансакции, електронските пари, сопствените средства и заштитата на парични средства.
(2) Платежната институција односно институцијата за електронски пари која извршува еднократни прекугранични платежни трансакции врз основа на парични дознаки е должна

до Народната банка да доставува месечни извештаи за поединечните платежни трансакции во рок од пет работни дена од истекот на извештајниот период, вклучувајќи и податоци за паричните дознаки извршени преку агентите.
(3) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, поблиску ги пропишува видот и начинот на доставување на извештаите до Народната банка и содржината на извештаите од ставовите (1) и (2) на овој член.

## Дел седми
## ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### Глава I
### Платежни услуги и други активности кои ги обезбедува Народната банка, Трезорот и Трезорот на Фондот

### Народната банка како оператор на платен систем и давател на платежни услуги

#### Член 172

(1) Народната банка може да воспостави и да управува платни системи и да учествува во овие системи на начин и услови утврдени во Законот за Народната банка на Република Северна Македонија како и да пропишува правила за платните системи со кои управува согласно со одредбите од овој закон.
(2) Народната банка може да користи и да им овозможи на давателите на платежни услуги пристап до странски платни системи заради давање прекугранични платежни услуги.
(3) Народната банка има дискреционо право да отвора и одржува сметки за порамнување на учесниците во платните системи што ги управува.
(4) Народната банка може како давател на платежни услуги да извршува платежни трансакции за следните лица:

1) органи на државната власт и јавни претпријатија основани од Република Северна Македонија;

2) странски централни банки и странски банки;
3) меѓународни финансиски институции;
4) влади на други земји и меѓународни организации кои не се финансиски институции и
5) други правни лица на кои согласно со закон им е дозволено отворање платежна сметка во Народната банка.

(5) Народната банка како давател на платежни услуги не смее да отвора платежни сметки на лица што не се наведени во ставот (4) на овој член.
(6) Народната банка извршува платни налози за присилна наплата во врска со сметки што ги отвора и одржува со исклучок на Трезорска сметка и Здравствена трезорска сметка.
(7) Советот на Народната банка со подзаконски акт ги пропишува условите и постапката за отворање и затворање на сметките за порамнување од ставот (3) на овој член, како и на платежните сметки на лица наведени во ставот (4) на овој член.

### Платежни услуги и други активности кои ги врши Трезорот

**Член 173**

(1) Кога Трезорот дава платежни услуги во рамките на своите ексклузивни надлежности врз основа на посебен пропис, се применуваат одредбите од Дел четврти од овој закон, освен ако изречно не е поинаку предвидено со овој закон или друг пропис.

(2) Покрај платежните услуги од ставот (1) на овој член, Трезорот ги врши следниве работи:

1) одржува регистар на буџетските корисници и нивните платежни сметки во денари;

2) отвора и одржува во системот на Трезорот платежни сметки во денари на буџетските корисници кои ја сочинуваат Трезорската сметка;

3) прифаќа и обработува инструкции за плаќање за задолжување на платежни сметки во денари на буџетските корисници утврдени со посебните правила од ставот (4) на овој член издадени од страна на министерот за финансии;

4) ги задолжува платежните сметки во денари на буџетските корисници врз основа на договорни овластувања;

5) ги задолжува платежните сметки во денари на буџетските корисници во случај на грешка направена од страна на Трезорот за време на извршувањето на плаќање;

6) врши други работи на давател на платежни услуги на буџетските корисници во согласност со овој закон;

7) изготвува и става на располагање информации за платежните сметки во денари на буџетските корисници што се бараат со закон или пропис кој го донесува министерот за финансии.

(3) Буџетскиот корисник чија платежна сметка во денари се одржува во системот на Трезорот и чијашто платежна сметка во денари е блокирана не може да ги подмири своите обврски со пресметка.

(4) Начинот и посебните правила за работење на Трезорот како давател на платежни услуги на буџетските корисници, вклучувајќи ја и формата и содржината на платните налози/инструкциите за плаќање кои се користат од страна на овие корисници ги пропишува министерот за финансии.

**Платежни услуги и други активности кои ги врши Трезорот на Фондот**

**Член 174**

(1) Кога Трезорот на Фондот дава платежни услуги во рамките на своите ексклузивни надлежности врз основа на посебен пропис, се применуваат одредбите од Дел четврти од овој закон, освен ако изречно не е поинаку предвидено со овој закон или друг пропис.

(2) Покрај платежните услуги од ставот (1) на овој член, Трезорот на Фондот ги врши следниве работи:

1) одржува регистар на јавните здравствени установи и нивните платежни сметки во денари;

2) отвора и одржува во системот на Трезорот на Фондот платежни сметки во денари на јавните здравствени установи кои ја сочинуваат Здравствената трезорска сметка;

3) прифаќа и обработува инструкции за плаќање за задолжување на платежни сметки во денари на јавните здравствени установи утврдени со посебните правила од ставот (4) на овој член издадени од страна на министерот за финансии;

4) ги задолжува платежните сметки во денари на јавните здравствени установи врз основа на договорни овластувања;
5) ги задолжува платежните сметки во денари во рамките на Здравствена трезорска сметка во случај на грешка направена од страна Трезорот на Фондот во текот на извршувањето на плаќање;
6) врши други работи на давател на платежни услуги на јавните здравствени установи во согласност со овој закон;
7) изготвува и става на располагање информации за платежните сметки во денари на јавните здравствени установи што се бараат со закон или друг пропис кој го донесува министерот за финансии.
(3) Јавната здравствена установа чија платежна сметка во денари се одржува во системот на Трезорот на Фондот и чијашто платежна сметка во денари е блокирана не може да ги подмири своите обврски со пресметка.
(4) Начинот и посебните правила за работење на Трезорот на Фондот како давател на платежни услуги на јавните здравствените установи, вклучувајќи ја и формата и содржината на платните налози за плаќање/инструкциите за плаќање кои се користат од страна на овие установи ги пропишува министерот за финансии.

## Глава II
## Единствен регистар на сметки

### Воспоставување и одржување на единствен регистар на сметки

#### Член 175
(1) Единствен регистар на сметки (во натамошниот текст: ЕРС) се воспоставува и одржува од страна на Централен регистар на Република Северна Македонија заради ефикасно извршување на платежни трансакции, отворање на платежни сметки со основни функции, следење на неактивните сметки, спроведување на платните налози за присилна наплата, спроведување на активностите за спречување перење пари и финансисрање тероризам и извршување на статистички и супервизорски задачи, како и добивање пристап до информациите и податоците до ЕРС заради непречено и непрекинато извршување на активностите на надлежните органи во рамките на нивните надлежности утврдени со закон.
(2) Давателите на платежни услуги што отвораат и одржуваат платежни, депозитни или други сметки, вклучително и неактивни и блокирани платежни сметки и/или издаваат сефови, се должни да воспостават и одржуваат сопствени интерни регистри на платежни, депозитни или други сметки и сефови.
(3) Давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1), 2), 3), 9), 10) и 11) од овој закон се должни непосредно или посредно преку клириншка куќа од членот 179 став (15) од овој закон, да ги доставуваат до ЕРС информациите и податоците од интерните регистри на сметки и сефови, како и секоја нивна промена, заради упис во ЕРС.
(4) Одредбата од ставот (3) на овој член се применува и на давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 5 и 7 од овој закон, доколку отвораат и одржуваат платежни сметки на корисниците на платежни услуги.
(5) По исклучок од ставот (3) на овој член, давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 9), 10) и 11) од овој закон не доставуваат до ЕРС податоци и информации за идентитетот на вистинските сопственици во случај кога сметките се отворени за буџетските корисници и правните лица во целосна државна сопственост.

(6) Давателите на платежни услуги од ставовите (3) и (4) на овој член се одговорни за точноста на податоците и/или информациите и нивното редовно доставување до ЕРС, а Централниот регистар на Република Северна Македонија е одговорен за веродостојно чување на доставените податоци и информации.
(7) Корисникот на платежни услуги е должен да ги извести давателите на платежни услуги кај кои има платежни, депозитни или други сметки или сефови за сите статусни или други промени во рок од седум дена од денот на настанувањето на промените.
(8) Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија и Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија се должни за платежните сметки со повторливи приливни кредитни трансфери по основ на личен доход да доставуваат на редовна основа до ЕРС податоци и/или информации за бројот на платежната сметка и матичен број на граѓанинот - имателот на сметката.
(9) Централниот регистар на Република Северна Македонија може да користи податоци од Централниот регистар на население, трговскиот регистар и регистарот на други правни лица за потребите за одржување на ЕРС.
(10) Податоците од ЕРС се чуваат трајно, освен податоците за затворени платежни, депозитни или други сметки и за сефовите кои престанале да се користат и кои по затворање на сметката или престанок на користење на сефот се чуваат десет години.
(11) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, поблиску ја пропишува содржината на ЕРС.
(12) Министерот за финансии на предлог на Централниот регистар на Република Северна Македонија, со подзаконски акт, поблиску ги пропишува формата, начинот, контролата, условите и роковите за доставување и прием на информациите и податоците од ставовите (2) и (8) на овој член во ЕРС.

**Пристап до информации и податоци од ЕРС**

**Член 176**

(1) Информациите и податоците од ЕРС може да се користат под услови утврдени со овој или друг закон.
(2) Информациите и податоците за платежните сметки од ЕРС што се однесуваат на правни лица, трговци поединци и физички лица кои вршат дејност се достапни и можат да се добијат врз основа на барање поднесено до Централниот регистар на Република Северна Македонија.
(3) Информациите и податоците од ЕРС што се однесуваат на физички лица и информациите и податоците за депозитни или други сметки и за сефови на правни лица, трговци поединци и физички лица кои вршат дејност се доверливи и можат да се добијат врз основа на барање поднесено до Централниот регистар на Република Северна Македонија од страна на:
1) сопствениците на сметките и сефовите, вистинските сопственици на сметките и/или сефовите, законските застапници и/или лицата што се овластени за работење со сметките и сефовите;
2) надлежен суд или јавно обвинителство за водење постапки кои се во рамки на нивните надлежности;
3) лицата кои имаат право да спроведуваат извршување, во согласност со закон;
4) нотари, во врска со вршењето на активностите за водење на оставинска постапка, во согласност со закон;

5) оператор на систем за порамнување на хартиите од вредност, клириншка куќа, агент за порамнување и централна договорна страна, во врска со вршењето на активностите од членот 3 став (1) точка 9 од овој закон, во согласност со закон;
6) давателите на платежни услуги и операторите на платни системи, за информациите и податоците за платежните сметки, во согласност со овој закон;
7) Фондот за осигурување на депозити, во врска со вршењето на неговите надлежности, во согласност со закон;
8) Управата за финансиска полиција, во врска со вршењето на нејзините надлежности, во согласност со закон;
9) Царинската управа за водење на постапки кои се во рамките на нејзината надлежност, во согласност со закон;
10) Агенцијата за управување со одземен имот, во врска со вршењето на нејзините надлежности, во согласност со закон;
11) Министерството за социјална политика, демографија и млади, во согласност со закон;
12) Државниот девизен инспекторат за контрола на девизното работење, во согласност со закон;
13) Државната комисија за спречување корупција, во согласност со закон;
14) Кредитно биро за информациите и податоците за блокирани платежни сметки, во согласност со закон;
15) Министерство за внатрешни работи, во согласност со закон;
16) Министерството за финансии, во согласност со закон;
17) Народната банка за вршење на задачите утврдени во Законот за Народната банка на Република Северна Македонија;
18) Управата за јавни приходи, во согласност со закон;
19) Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија, во согласност со закон;
20) Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во согласност со закон;
21) Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, во согласност со закон и
22) Комисијата за хартии од вредност за вршење на нејзините овластувања согласно со закон.
(4) Субјектите од ставот (3) точки 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 11), 12), 13), 14), 15), 16), 17), 18), 19), 20), 21) и 22) на овој член доверливите информации и податоци од ЕРС може да ги добијат преку директен електронски пристап до ЕРС, а врз основа на претходно склучен Меморандум за соработка со Централниот регистар на Република Северна Македонија согласно со членот 14 од Законот за Централен регистар и овој закон.
(5) Управата за финансиско разузнавање, во согласност со закон, има право на директен, без одлагање или ограничување пристап до сите информации и податоци од ЕРС. Управата за финансиско разузнавање, согласно со закон, има право да ги пренесува информациите и податоците од ЕРС, до надлежните органи во други држави.
(6) Министерството за финасии, Народната банка, Комисијата за хартии од вредност, Управата за јавни приходи и Управата за финансиско разузнавање имаат право на бесплатен пристап до сите информации и податоци од ЕРС за вршењето на своите надлежности.
(7) Барателите на информациите и податоците од ставовите (2), (3), (5) и (6) на овој член немаат право да ги пренесуваат информациите и податоците на други лица освен доколку истите ги пренесуваат согласно со закон.

(8) По исклучок на ставот (7) на овој член а заради ефикасно извршување на платежните трансакции, операторот на платниот систем има право да ги пренесува информациите и податоците за платежните сметки до давателите на платежни услуги кои се учесници во платниот систем.
(9) Операторот на платниот систем од ставот (8) на овој член може да наплатува надоместоци за пренос на информации и податоци за платежните сметки до давателите на платежни услуги кои се учесници во платниот систем во висина на вистински направените трошоци кој е должен да ги објави на веб-страницата на операторот на платниот систем.
(10) Централен Регистар на Република Северна Македонија може да наплатува надоместоци за користење информации и податоци од ЕРС во висина на вистински направените трошоци кој е должен да ги објави на веб-страница на Централниот регистар на Република Северна Македонија.
(11) Министерот за финансии на предлог на Централниот регистар на Република Северна Македонија со подзаконскиот акт од членот 175 став (12) од овој закон поблиску ги пропишува формата и содржината на барањето за податоци и/или информации од ЕРС, како и условите, формата, начинот, контролата и роковите за добивање на податоците и/или информациите од ЕРС.

**Користење на податоците од основните регистри при воспоставување и одржување на интерни регистри на платежни, депозитни или други сметки и сефови и издавање на податоци и/или информации од ЕРС**

**Член 177**

(1) Давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1), 2), 3), 5), 7), 9), 10) и 11) од овој закон се должни при евидентирањето на податоци за платежни, депозитни или други сметки и сефови, во сопствените интерни регистри, електронски и автоматизирано да ги користат податоците за правните и физичките лица евидентирани во следниве основни регистри и тоа:
1) податоците за правните лица и трговецот поединец: назив, адреса на седиште, даночен идентификациски број, организационен облик и шифра на дејност, се преземаат од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица кои ги води Централниот регистар на Република Северна Македонија, со внесување на единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС);
2) податоците за физичките лица кои се сопственици на сметки и сефови, вистинските сопственици на сметките и/или сефовите, законските застапници и/или лицата што се овластени за работење со сметките и сефовите: име и презиме, матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија или матичен број на странецот со уреден престој во Република Северна Македонија или друг идентификациски број, адреса на живеалиште, односно престојувалиште, датум и место на раѓање и државјанство се преземаат од Централниот регистар на население кој го води Министерството за дигитална трансформација, со внесување на матичниот број на граѓанинот на Република Северна Македонија, односно матичниот број на странецот со уреден престој во Република Северна Македонија.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1), 2), 3), 5), 7), 9), 10) и 11) од овој закон се должни при евидентирањето на податоци за платежни, депозитни или други сметки и сефови, во сопствените интерни регистри и податоците за странските правни и физички лица да ги внесуваат рачно, со

стандардно (ICAO Doc 9303) основно латинско писмо, како што се запишани во документот за идентификација на правното, односно физичкото лице.

(3) Во случај на технички прекин на функционалноста на системите за водење на основните регистри, давателите на платежни услуги ги внесуваат податоците од ставот (1) на овој член во сопствените интерни регистри од соодветен важечки документ за физичкото, односно правното лице

(4) Информациите и податоците од ЕРС се издаваат во согласност со содржината на ЕРС којашто е пропишана со подзаконскиот акт од членот 175 став (11) од овој закон, при што Централниот регистар на Република Северна Македонија е должен електронски и автоматизирано да ги користи податоците за правните и физичките лица евидентирани во основните регистри, во обем и на начин како што е пропишано во ставот (1) на овој член.

(5) Во случај на технички прекин на функционалноста на системите за водење на основните регистри, податоците за правните и физичките лица од ставот (1) на овој член се издаваат како што се последно запишани во ЕРС.

**Евиденции на лични податоци, заштита на податоците и/или информациите содржани во интерните регистри и ЕРС**

Член 177-а

(1) За целите на ЕРС, согласно со овој закон, се собираат, обработуваат и чуваат следниве категории лични податоци: име и презиме, резидентен статус, државјанство, држава на живеалиште и/или престојувалиште, адреса на живеалиште и/или престојувалиште, населено место, матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија или матичен број на странецот со уреден престој во Република Северна Македонија или друг идентификациски број, даночен идентификациски број, датум и место на раѓање, број на сметка и/или сеф, како и други податоци кои се однесуваат на поврзаноста на физичкото лице со сметката и/или сефот и на карактеристиките на сметката и/или сефот, а кои поблиску се пропишуваат со подзаконскиот акт од членот 175 став (11) од овој закон.

(2) Давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1), 2), 3), 5), 7), 9), 10) и 11) од овој закон, Централниот регистар на Република Северна Македонија и корисниците од членот 176 ставови (3) и (4) од овој закон, преземаат технички и организациски мерки за заштита на податоците и информациите од членот 176 став (3) од овој закон кои ги обработуваат, од случајна загуба, случајно или незаконско уништување, неовластен пристап, промена, дистрибуција, уништување или бришење согласно со прописите за заштита на личните податоци.

## Глава III
## Присилна наплата

### Ограничување на располагање со паричните средства

#### Член 178

(1) По прием на платниот налог за присилна наплата, од датумот на валута на задолжување наведен во истиот давателот на платежни услуги не дозволува корисникот на платежни

услуги - должник да располага со паричните средства што ги има кај тој давател на платежни услуги до износот на платниот налог за присилна наплата.
(2) Извршувањето на платежна трансакција врз основа на платен налог за присилна наплата од парични средства на буџетските корисници и јавните здравствени установи се врши во согласност со овој закон само преку Трезорска сметка во денари, односно Здравствената трезорска сметка во денари.
(3) Министерот за финансии на Република Северна Македонија ги пропишува начинот и постапката за спроведување на платните налози за присилна наплата кои ја задолжуваат Трезорската сметка во денари или Здравствената трезорска сметка во денари, односно платежната сметка на буџетскиот корисник на платежни услуги – должник која се управува во Трезорската сметка во денари, односно на јавната здравствена установа – должник која се управува во Здравствената трезорска сметка во денари.
(4) Извршувањето на платежна трансакција врз основа на платен налог за присилна наплата од парични средства на правно лице кое е оператор на платен систем или оператор на систем за порамнување на хартиите од вредност не може да се врши од неговата сметка за порамнување во денари отворена во Народната банка.

## Постапка за присилна наплата

### Член 179

(1) Во постапката за присилна наплата согласно со Глава III Дел седми од овој закон учествуваат давателите на платежни услуги коишто имаат водечки број доделен од страна на Народната банка.
(2) Извршителот или друг надлежен орган согласно со закон го доставува платниот налог за присилна наплата преку електронскиот систем за присилна наплата до давателот на платежни услуги кај кој што корисникот на платежни услуги - должник има платежна сметка во денари, а во случај доколку корисникот на платежни услуги – должник кој е потрошувач има платежна сметка со повторливи приливни кредитни трансфери по основ на личен доход го доставува платниот налог за присилна наплата до давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка.
(3) Платниот налог за присилна наплата се доставува најдоцна еден работен ден пред датумот на валута на задолжување наведен во истиот, а приемот во електронскиот систем за присилна наплата се потврдува со електронски потпис и електронски временски жиг.
(4) Давателот на платежни услуги ги извршува платните налози за присилна наплата на датумот на валута на задолжување наведен во налозите редоследно според датумот и времето на нивниот прием евидентирани во електронскиот систем за присилна наплата.
(5) Во платниот налог за присилна наплата се наведува бројот на документот за присилна наплата, бројот на платежна сметка во денари на корисникот на платежни услуги - должник согласно со ставот (2) на овој член и износот на платежната трансакција којашто се извршува со тој платен налог во кој задолжително се вклучени главен долг, камата и други надоместоци и трошоци поврзани со извршувањето доколку истите се пресметуваат и наплатуваат.
(6) Давателот на платежни услуги го извршува платниот налог за присилна наплата од сите расположливи парични средства за присилна наплата кај тој давател на платежни услуги.
(7) Доколку корисникот на платежни услуги - должник нема расположливи парични средства за присилна наплата во денари за целосно извршување на платежната трансакција врз основа на платниот налог за присилна наплата, давателот на платежни услуги врши валутна конверзија во денари на неговите расположливи парични средства за

присилна наплата во друга валута со примена на средниот курс на Народната банка кој важи на денот на трансакцијата до износот потребен за целосно извршување на платежната трансакција врз основа на платниот налог за присилна наплата и ги пренесува на платежна сметка во денари на корисникот на платежни услуги - должник.

(8) Доколку расположливите парични средства за присилна наплата не се доволни за целосно извршување на платежната трансакција врз основа на платниот налог за присилна наплата давателот на платежни услуги ја извршува платежната трансакција до износот на расположливите парични средства за присилна наплата, ја блокира платежната сметка и со доставување на матичен број на граѓанинот за корисникот кој е потрошувач односно единствениот даночен број за останати корисници на платежни услуги - должници и износот потребен за целосно извршување на платежната трансакција преку електронскиот систем за присилна наплата ги известува останатите даватели на платежни услуги дека не смеат да извршуваат платежни трансакции од расположливите парични средства за присилна наплата на корисникот на платежни услуги – должник, освен платежна трансакција иницирана поради пренос на расположливи парични средства за присилна наплата на корисникот на платежни услуги – должник на платежната сметка кај давателот на платежни услуги кај кој е примен платниот налог за присилна наплата.

(9) Извршителот или друг надлежен орган согласно со закон може да достави платен налог за присилна наплата до останатите даватели на платежни услуги од ставот (8) на овој член за да го пренесат износот на парични средства кој е основ за блокирање кај давателот на платежни услуги од ставот (2) на овој член кај кој е доставен платниот налог за присилна наплата.

(10) Давателите на платежни услуги се должни да извршат пренос на паричните средства согласно со ставот (9) на овој член од платежните сметки во денари на корисникот на платежни услуги-должник, а во корист на неговата платежна сметка кај давателот на платежни услуги од ставот (2) на овој член кај кој е доставен платниот налог за присилна наплата односно постапуваат согласно со ставот (7) на овој член доколку корисникот на платежни услуги - должник нема расположливи парични средства за присилна наплата во денари за целосно извршување на платежната трансакција врз основа на платниот налог за присилна наплата.

(11) Давателите на платежни услуги кои евидентираат расположливи парични средства за присилна наплата и приливи на блокирана платежна сметка на корисникот на платежни услуги – должник се должни најдоцна до почетокот на следниот работен ден преку електронскиот систем за присилна наплата да го известат за тоа извршителот или друг надлежен орган согласно со закон, кој може да го пренесе износот на парични средства согласно со ставот (9) на овој член.

(12) По целосно измирување на износот од ставот (5) на овој член давателот на платежни услуги ја деблокира платежната сметка на корисникот на платежни услуги - должник и за тоа преку електронскиот систем за присилна наплата ги известува другите даватели на платежни услуги.

(13) Давателот на платежни услуги може да извршува платежна трансакција за корисникот на платежни услуги - должник доколку за корисникот не се евидентирани други нереализирани платни налози за присилна наплата.

(14) Одредбите од ставовите (1), (3), (4) и (5) на овој член се однесуваат и на постапката за спроведување на платен налог за присилна наплата во однос на буџетските корисници и јавните здравствени установи, кои ја задолжуваат Трезорската сметка во денари, односно Здравствената трезорската сметка во денари.

(15) Клириншка куќа во која учествуваат најголем број од давателите на платежни услуги од ставот (1) на овој член е должна да воспостави и одржува електронски систем за присилна наплата.
(16) Клириншката куќа од ставот (15) на овој член е должна да изготви упатство за користење и известување преку електронскиот систем за присилна наплата.
(17) Клириншката куќа од ставот (15) на овој член и давателите на платежни услуги од ставот (1) на овој член ги обработуваат личните податоци на корисникот на платежни услуги – должник под услови и на начин согласно со овој закон и со прописите за заштита на личните податоци и ги чуваат десет години по извршувањето на присилната наплата. За целите на спроведување на присилната наплата се обработуваат следниве категории лични податоци: матичен број на граѓанинот, име и презиме, адреса, бројот на платежната сметка и други податоци во врска со извршување на присилната наплата кои поблиску се пропишуваат со подзаконскиот акт од членот 42 став (9) од овој закон.
(18) Давателот на платежни услуги и судот или друг надлежен орган, врз основа на судски одлуки и други акти, може да разменуваат забрани за располагање со парични средства на сметка на корисник на платежни услуги кај давателот преку електронскиот систем за присилна наплата од ставот (2) на овој член.

**Постапување со орочени парични средства при присилна наплата**

**Член 180**

(1) Давателот на платежните услуги не смее да го продолжи договорот за орочување на паричните средства на корисникот на платежни услуги - должник чија платежна сметка е блокирана.
(2) За корисникот на платежни услуги - должник чија платежна сметка е блокирана не се применуваат одредбите од договорот за орочување на средства со кои орочувањето продолжува по автоматизам и по истекот на рокот на орочување.
(3) На денот на истекот на договорот за орочување на средствата давателот на платежни услуги ги пренесува паричните средства и доспеаните камати по основ на орочените парични средства на блокираната платежна сметка на корисникот на платежни услуги - должник се до целосно извршување на износот на платежната трансакција врз основа на платниот налог за присилна наплата.

**Надоместоци за извршување на платниот налог за присилна наплата**

**Член 181**

(1)Доколку давателот на платежни услуги наплаќа од корисникот на платежни услуги - должник кој е потрошувач надоместок за извршување на платниот налог за присилна наплата, истиот треба да биде во висина на вистински направените трошоци од страна на давателот на платежни услуги.
(2)Доколку клиринншката куќа од членот 179 став (15) од овој закон наплаќа од давателот на платежни услуги, извршителот или надлежниот орган согласно со закон надоместок за користење на електронскиот систем на присилна наплата, истиот треба да биде во висина на вистински направените трошоци од страна на клиринншката куќа.

**Глава IV**

## Заштита на личните податоци до кои пристапила Народната банка

### Член 182

(1) Народната банка презема технички и организациски мерки за заштита на личните податоци на физичките лица за кои се бара согласност за член на орган на управување, за стекнување или зголемување квалификувано учество во трговското друштво, агентот, поврзаните лица и лицата кои преку лицата со кои имаат блиски врски поседуваат квалификувано учество во трговското друштво кое го поднесува барањето од членовите 16, 17, 18, 22, 23, 26, 39, 138 и 142 од овој закон, односно известувањето од членот 141 од овој закон и за соработниците на физичките лица од овој став, како и за плаќачите и примачите на еднократни прекугранични платежни трансакции врз основа на парични дознаки кои ги обработува согласно со членот 171 од овој закон.

(2) Во врска со членовите 16, 17, 18, 22, 23, 26, 39, 138, 141 и 142 од овој закон се обработуваат следниве категории лични податоци: име и презиме, матичен број на граѓанинот, односно единствен идентификациски број од документ за лична идентификација или друг соодветно валиден документ за странец, адреса на живеалиште/престојувалиште, место и датум на раѓање, број на лична карта или патна исправа, како и податоци за образование и познавање на странски јазици, работно искуство, финансиска или имотна состојба, извори на приходи, прекршочни или податоци од казнената евиденција, државјанство, податоци за контакт, кои детално се уредуваат со актите од членовите 16 став (17), 21 став (7), 138 став (11) и 142 став (16) од овој закон.

(3) Во врска со членот 171 од овој закон се обработуваат следниве категории лични податоци: име и презиме, матичен број на граѓанинот, односно единствениот идентификациски број од документ за лична идентификација или друг соодветно валиден документ за странец, износот и други податоци за паричните дознаки, кои поблиску се пропишуваат со актот од членот 171 став (3) од овој закон.

(4) По исклучок од ставот (2) на овој член, за лицата со кои трговското друштво има блиски врски, а во врска со членот 16 став (2) точка 20) и членот 138 став (2) точка 11) од овој закон се обработуваат следниве категории лични податоци: име и презиме, податоци за контакт и опис на начинот на поврзаност со подносителот на барањето.

(5) Личните податоци од ставовите (2), (3) и (4) на овој член од денот на нивното доставување па сé до денот на нивното бришење се сметаат за доверливи и смеат да се разменуваат и даваат на користење на други лица само под услови и на начин предвидени во Законот за Народната банка на Република Северна Македонија и прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци.

(6) Личните податоци од ставовите (2), (3) и (4) на овој член, Народната банка ги чува десет години по истекот на календарската година во која ги примила, односно десет години по престанување на вршење на функцијата член на орган на управување и десет години од датумот кога лицето нема веќе квалификувано учество во трговското друштво. Овој рок се однесува и на личните податоци за соработниците и поврзаните лица со лицата кои вршеле функција член на орган на управување, лицата кои биле во блиски врски или имале квалификувано учество во трговското друштво .

## Глава V
## Извршување на специфични плаќања

### Плаќања со готовина и плаќања со пресметка

### Член 183

(1) За плаќања со готовина, правно лице може да чува во својата благајна готовина до висината на благајничкиот максимум.
(2) Благајничкиот максимум го утврдува правното лице со посебен акт.
(3) Правното лице е должно сите парични средства од дневниот пазар над утврдениот благајнички максимум примени во готовина по било која основа да ги уплати најдоцна до следниот работен ден на својата платежна сметка.
(4) Правното лице е должно да ја осигура готовината која ја чува во својата благајна, најмалку до висината на благајничкиот максимум, при што договорот за осигурување задолжително ќе ги покрива штетите во случај на пожар, поплава и кражба.
(5) Обврската од ставот (4) на овој член не се однесува на правните лица чиј благајнички максимум е до 20.000 денари.
(6) Плаќањето на производи и услуги во готово од страна на правни лица не може поединечно да биде повеќе од 6.000 денари и не може да надмине вкупен износ од 60.000 денари во текот на календарскиот месец.
(7) Правното лице не може да врши плаќање со пресметка доколку има блокирана платежна сметка.
(8) Буџетските корисници, единките корисници и другите корисници кои имаат платежни сметки во Трезорската сметка не можат да вршат плаќање со пресметка доколку имаат блокирана платежна сметка.
(9) Јавните здравствени установи кои имаат платежни сметки во Здравствената трезорската сметка не можат да вршат плаќање со пресметка доколку имаат блокирана платежна сметка.

## Глава VI
## Податоци за статистички и споредбени цели

### Податоци за платежна статистика и за споредба на најрепрезентативни услуги

### Член 184

(1) Давателите на платежни услуги и оператори на платни системи се должни до Народната банка да доставуваат податоци и информации за статистички цели во врска со платежните сметки, видот, обемот и надоместоците за извршените платежни трансакции, платежни услуги, платни инструменти, како и за висината на надоместокот за услугата на продавачот, заменскиот надоместок меѓу давателите на платежните услуги и надоместокот за картичната платежна шема при платежни трансакции засновани на картички.
(2) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, поблиску ја пропишува содржината, начинот, формата и роковите за доставување на податоците и/или информациите од ставот (1) на овој член.
(3) Податоците и/или информациите за статистички цели за услугите и платежните трансакции на кои не се применуваат одредбите од законот согласно со членот 3 од овој закон се доставуваат единствено на барање на Народната банка.

(4) Народната банка утврдува листа на најмалку десет, а најмногу 20 најрепрезентативни услуги поврзани со платежна сметка што ги дава барем еден давател на платежни услуги во Република Северна Македонија и за кои се наплатува надоместок. Листата содржи стандардизирани термини и дефиниции на најрепрезентативните услуги поврзани со платежна сметка.
(5) Народната банка на својата веб-страница објавува споредбени податоци по поединечен давател на платежни услуги за видот и висината на надоместоците што се пресметуваат и наплаќаат од страна на одделните даватели на платежните услуги и тоа за секоја од услугите што се определени како најрепрезентативни за платежната сметка на потрошувачите.
(6) Народната банка на секои четири години по објавата на листата на најрепрезентативните услуги од ставот (4) на овој член врши оценка и доколку утврди потреба ја ажурира листата.
(7) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, ја утврдува листата од ставот (4) на овој член и поблиску ги пропишува начинот, формата и роковите за доставување на податоци и/или информации од листата од страна на давателите на платежни услуги.
(8) Давателот на платежни услуги е должен на својата веб-страница да има поставено врска за пристап до веб-страницата од ставот (5) на овој член.
(9) Народната банка ја известува Европската комисија и Европското надзорно тело за банкарство за резултатите од оцената од ставот (6) на овој член и доколку е применливо за ажурираната листа на најрепрезентативни услуги поврзани со платежна сметка.
(10) Народната банка презема технички и организациски мерки за заштита на личните податоци на физичките лица корисници на платежни услуги, кои давателите на платежни услуги се должни да ги доставуваат согласно со ставот (1) на овој член. Податоците и информациите од ставот (1) на овој член, ги содржат следниве категории лични податоци: матичен број на граѓанинот, користена платежна услуга и единствена идентификациска ознака на платежната сметка. Субјектите на надзор немаат право на приговор. Личните податоци од ставот (1) на овој член не се даваат на користење на корисник во форма која овозможува идентификација на физичкото лице на кое се однесуваат.
(11) Податоците од ставот (10) на овој член се чуваат пет години по истекот на календарската година во која се доставени.

## Глава VII
## Постапување со платежни сметки на корисник кој престанал да постои како правен субјект

### Затворање платежна сметка на бришан субјект

### Член 185
Давателот на платежни услуги ја затвора платежната сметка на корисникот на платежни услуги доколку корисникот на платежни услуги чие бришење е согласно со закон е објавено на веб-страницата на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

### Затворање платежна сметка на правен субјект кој престанал да постои

### Член 186

(1) Доколку корисникот на платежни услуги престане да постои како правен субјект врз основа на закон, судска одлука или по налог на надлежен орган, давателот на платежни услуги ја затвора платежната сметка на правниот субјект.
(2) Централниот регистар на Република Северна Македонија кога ќе го избрише субјектот од ставот (1) на овој член за тоа веднаш, преку ЕРС, ги известува сите даватели на платежни услуги.

## Глава VIII
## Надоместок за одржување на дозвола

### Надоместок за одржување на дозвола

### Член 187
(1) За одржување на дозволата за давање платежни услуги односно дозволата за оператор на платен систем, давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 5) и 7) од овој закон, како и операторите на платни системи плаќаат надоместоци.
(2) Советот на Народната банка, со подзаконски акт поблиску ги пропишува основицата за пресметување, висината, начинот на пресметување и начинот на плаќање на надоместокот за давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 5) и 7) од овој закон и за операторите на платни системи.

## Глава IX
## Неактивни сметки

### Примена на одредбите

### Член 188
(1) Одредбите од Глава IX Дел седми од овој закон се применуваат на платежните и депозитните сметки „(во натамошниот текст на Глава IX Дел седми од овој закон: сметки) што се отворени и се водат кај давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1, 2, 3, 5 и 7 од овој закон.
(2) Блокираната сметка не се смета за неактивна сметка.
(3) Статусот на неактивна сметка се прекинува со извршување на следната одливна платежна трансакција авторизирана од потрошувачот или приливна платежна трансакција кои се различни од пресметката и плаќање/наплата на камата и/или друга платежна трансакција извршена во корист на давателот на платежни услуги или со остварување на документирана писмена, електронска и/или снимена телефонска комуникација во врска со сметката помеѓу давателот на платежни услуги и потрошувачот или лицата што се овластени за работење со сметката или неговиот законски застапник.
(4) Доколку потрошувачот има повеќе платежни или депозитни сметки кај еден ист давател на платежни услуги, ако најмалку една од нив е активна, се смета дека и останатите негови платежни или депозитни сметки се активни.
(5)Сметките на кои се депонирани парични средства кои служат како финансиско обезбедување на кредит не се сметаат за неактивни сметки.

### Статус на неактивна сметка

## Член 189

(1)Давателите на платежни услуги се должни да обезбедат систем за идентификација на неактивните сметки на потрошувачите на кои се однесуваат ваквите сметки, како и да формираат посебна евиденција за неактивните сметки и за потрошувачите на кои се однесуваат ваквите сметки.
(2)Со настанувањето на статус на неактивна сметка, не престанува правото на сопственост над паричните средства на потрошувачот, вклучувајќи ги подоблиците на правото на сопственост и другите права што произлегуваат од сопственоста.
(3) Давателот на платежните услуги е должен да продолжи со пресметка на камата на позитивното салдо на паричните средства на неактивната сметка согласно договорот што се однесува на сметката.
(4) Давателот на платежните услуги е должен паричните средства на неактивните сметки да ги презентира како обврска во неговите финансиски извештаи согласно со меѓународните стандарди за финансиско известување и не смее да евидентира зголемување на своите приходи поради намалување на паричните средства од неактивните сметки.
(5) Давателот на платежните услуги не смее со било какво дејствие, вклучувајќи ја и пресметката и наплатата на надоместоци за одржување на неактивните сметки или слични надоместоци, да ја намали вредноста на паричните средства од неактивните сметки, освен за пресметка и наплата на надоместоци во висина на вистински направените трошоци за документирана писмена, електронска и/или снимена телефонска комуникација со потрошувачот во врска со сметката и во случај на правосилна судска одлука или извршни исправи согласно со закон.
(6) Настанувањето на статус на неактивна сметка не ги менува правата што ги имаат и носат сметките и/или нивните сопственици, при стечај или ликвидација на давателот на платежните услуги. Во случај на укинување на дозволата на некој од давателите на платежните услуги од членот 9 став (1) точки 1, 2 или 3 од овој закон, Фондот за осигурување на депозити го врши обесштетувањето на паричните средства на неактивните сметки според истите услови и постапки како и за сметките коишто немаат статус на неактивни сметки.

### Постапување со неактивните сметки од страна на давателите на платежни услуги

## Член 190

(1) Давателот на платежните услуги е должен да направи обид да го контактира и извести потрошувачот за можноста за промената на статусот на неговата сметка во неактивна сметка, за состојбата на паричните средства на неа, со користење на средствата и начинот на комуникација определени во договорот, во последниот месец пред настанувањето на статусот на неактивна сметка.
(2) Давателот на платежните услуги може да ги затвори неактивните платежни сметки кај кои што состојбата на паричните средства во моментот на настанувањето на неактивниот статус е еднаква на нула, под услов платежната сметка да не е блокирана.

### Пристап до информации за неактивни сметки

## Член 191

Пристап до информација за давателот на платежни услуги кај кој се водат неактивни сметки се остварува преку веб-страницата на Централниот регистар на Република Северна Македонија со внесување на матичен број на граѓанинот - потрошувач кој е имател на неактивната сметка.

## Дел осми
## ПРАВО НА СУДСКА ЗАШТИТА

### Постапка на судска заштита

### Член 192

(1) Против решенијата на Извршниот одбор или на Народната банка донесени врз основа од овој закон може да се поведе управен спор, согласно со одредбите на Законот за управните спорови, освен ако поинаку не е уредено со овој закон.

(2) Тужбата не го спречува извршувањето на решението на Извршниот одбор или на Народната банка против кои е поднесена.

## Дел деветти
## ПРЕКУГРАНИЧНО ДАВАЊЕ ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ И ИЗДАВАЊЕ ЕЛЕКТРОНСКИ ПАРИ

## Глава I
## Давање платежни услуги на територијата на друга држава-членка

### Надзор

### Член 193

Народната банка врши надзор над работењето на давателите на платежните услуги од членот 9 став (1) точки 4, 6 и 8 на овој закон на начин и постапка пропишан со овој закон.

### Начин на давање платежни услуги

### Член 194

(1) Платежна институција со дозвола за давање платежни услуги согласно со одредбите од овој закон, може на територијата на други држави-членки преку филијала или агент или директно да ги дава истите платежните услуги наведени во дозволата.

(2) Платежната институција која дава платежни услуги преку агент на територијата на други држави-членки и која има обврска да назначи централна точка за контакт, е должна за назначувањето на централна точка за контакт да ја извести Народната банка.

### Содржина на известувањето до Народна банка

### Член 195

(1) Платежна институција која има намера да дава платежни услуги на територијата на држава-членка, директно или преку филијала или агент е должна за намерата ја извести Народната банка.

(2) Известувањето од ставот (1) на овој член, особено содржи:

1) назив и адреса на платежната институција и бројот на решението за издавање на дозволата за давање платежни услуги;
2)официјалното име на државата-членка или државите-членки на чија територија има намера да ги дава платежните услуги и
3)платежните услуги кои платежната институција има намера да ги дава на територијата на секоја од државите членки.
(3) Доколку платежната институција има намера во државата-членка домаќин да дава платежни услуги преку филијала, известувањето од ставот (1) на овој член покрај информациите од ставот (2) на овој член ги содржи и:
1) назив и седиште на филијалата;
2) опис на организационата структура на филијалата, листа со име, презиме и адреса на лицата кои ќе бидат одговорни за управувањето на филијалата;
3) деловен план, вклучувајќи и проекција на финансиските извештаи за првите три години од работењето, врз основа на кој може да се заклучи дека правното лице ќе обезбеди исполнување на соодветни организациски, кадровски и технички услови за стабилно и безбедно работење и
4) опис на системот на управување со јасно дефинирани овластувања и одговорности, системите на внатрешна контрола, вклучувајќи ги и административните процедури, интерните процедури за управување со ризици и сметководствените процедури.
(4) Доколку платежната институција има намера во државата-членка домаќин да дава платежни услуги преку агент, известувањето од ставот (1) на овој член покрај информациите од ставот (2) на овој член содржи и:
1) листа со имиња, презимиња и адреси на лицата кои ќе бидат одговорни за работењето на агентот, како и називот и седиштето матичен број на агентот;
2) опис на системите за внатрешна контрола кои ќе ги користи агентот со цел исполнување на законските обврски во врска со спречувањето перење пари и финансирање тероризам;
3) податоци и документи за идентитетот, професионална компетентност за лицата кои се членови на органот на управување на агентот, кога агентот е давател на платежни услуги. Во случај кога агентот не е давател на платежни услуги, се доставуваат податоци и документи за идентитетот, професионална компетентност и репутација на членови на органот на управување и
4) листа на платежните услуги кои платежната институција има намера да ги дава преку агентот.
(5) Во случај кога платежната институција има намера да пренесе извршување на оперативни функции поврзани со давањето платежни услуги на надворешни лица во државата-членка домаќин, истото го наведува во известувањето од ставот (1) на овој член.

## Постапка за известување

## Член 196

(1) Народната банка го доставува известувањето со информациите од членот 195 од овој закон до надлежниот орган на државата-членка домаќин во рок од еден месец од денот на приемот на известувањето со комплетната документација.
(2) Во рок од еден месец од добивањето на известувањето од ставот (1) на овој член надлежниот орган на државата - членка домаќин ги оценува информациите добиени со известувањето и оцената заедно со информациите поврзани со платежните услуги за кои се бара да се вршат преку филијала или агент и особено за постоење основано сомнение

дека давањето на платежни услуги преку филијала или агент е поврзано со перење пари и финансирање на тероризам ја доставува до Народната банка.

(3) Народната банка може да се согласи со оцената на надлежниот орган на државаталенка домаќин.

(4) Доколку Народната банка не се согласува со оценката на надлежниот орган на државата-членка домаќин од ставот (2) на овој член или известувањето од ставот (12) на овој член, го известува надлежниот орган на државата - членка домаќин и ги наведува причините поради кои не се согласува.

(5) Врз основа на оцената од ставот (2) од овој член и документацијата од членот 195 од овој закон Извршниот одор во рок од 90 дена од денот на приемот на известувањето со комплетната документација донесува решение:

1) за упис на агент или филијала во соодветниот регистар од член 27 од овој закон;

2) за одбивање на упис на агент или филијала во соодветниот регистар од член 27 од овој закон;

3) за давање согласност за директно давање платежни услуги или 4) со кое не се дава согласност за директно давање платежни услуги.

(6) Народната банка го доставува решението од ставот (5) од овој член до платежната институција и за истото го известува надлежниот орган на државата - членка домаќин.

(7) Платежната институција може да започне да дава платежни услуги преку филијала или агент во државата-членка домаќин со датумот на упис во соодветниот регистар од членот 27 од овој закон, а во случај на директно давање платежни услуги со датум на донесување на решението од ставот (5) точка 3 на овој член.

(8) Платежната институција е должна да ја извести Народната банка за датумот на започнување на давање платежни услуги директно или преку филијала или агент во државата-членка домаќин.

(9) Народната банка известувањето од ставот (8) на овој член го доставува до надлежниот орган на државата-членка домаќин.

(10) Платежната институција е должна веднаш да ја извести Народната банка за секоја промена на податоци од членот 195 од овој закон, вклучително и за секоја нова филијала, агент или надворешни лица на кои е пренесено извршувањето на оперативните активности во државата-членка домаќин во која ги дава платежните услуги.

(11) Во случај на известување од ставот (10) на овој член се применуваат одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9) на овој член.

(12) Доколку по уписот од ставот (7) на овој член врз основа на известување на надлежниот орган на државата-членка домаќин се оцени дека постои основано сомнение дека давањето на платежни услуги преку филијалата или агентот е поврзано со перење пари и финансирање на тероризам или дека се прекршуваат законите на државата-членка домаќин, Извршниот одбор донесува решение за укинување на решението за упис во регистарот на платежни институции од членот 27 од овој закон.

(13) Народната банка веднаш го доставува решението за бришење од регистарот од ставот (12) на овој член до надлежниот орган на државата - членка домаќин и до платежната институција.

## Глава II
## Давање платежни услуги од држава-членка на територијата на Република Северна Македонија

### Член 197

(1) Платежната институција од држава-членка може на територијата на Република Северна Македонија да дава платежни услуги за кои има дозвола во матичната држава - членка, директно или преку филијала или агент.

(2) Надлежниот орган на матичната држава- членка доставува известување согласно со членот 195 од овој закон.

(3) Народната банка ги оценува информациите добиени со известувањето од ставот (2) на овој член и оцената ја доставува до надлежниот орган на матичната држава-членка во рок од еден месец од денот на приемот на известувањето со комплетната документација.

(4) Оцената од ставот (3) на овој член содржи релевантни информации во врска со планираното давање платежни услуги директно или преку филијала или агент од страна на платежната институција и особено за основано сомнение дека давањето на платежни услуги преку филијала или агент е поврзано со перење пари или финансирање на тероризам во врска со планираното.

(5) Одредбите од ставовите (2), (3) и (4) на овој член се применуваат и во случај кога Народна банка ќе добие известување од надлежните органи на матичната држава-членка за промени во врска со давањето на платежни услуги од страна на платежната институција од матичната држава - членка во Република Северна Македонија.

(6) Платежната институција од држава - членка започнува да дава платежни услуги во Република Северна Македонија преку филијала или агент со уписот на филијала или агент во регистарот која го води надлежниот орган на матичната држава-членка, а во случај на директно давање платежни услуги од страна на платежната институција од држава-членка по доставувањето на известувањето до Народната банка од надлежниот орган на матичната држава - членка.

(7) Платежната институција од држава-членка која на територијата на Република Северна Македонија дава платежни услуги преку агенти назначува централна точка за контакт заради обезбедување на соодветна комуникација и за известување за усогласеноста со одредбите од Дел трети и Дел четврти од овој закон, без истото да е во спротивност со прописите за спречување перење пари и финансирање на тероризам и да се олесни надзорот од страна на надлежните органи на матичната држава - членка и држава - членка домаќин, преку обезбедување на документи и информации на барање на надлежните органи.

(8) Платежната институција ја известува Народната банка за назначувањето на централна точка за контакт од ставот (7) на овој член.

(9) Агентот на платежната институција од држава-членка е должен да ги информира корисниците на платежни услуги дека платежните услуги ги дава во име и за сметка на таа платежна институција како нејзин агент.

## Глава III
## Издавање електронски парина територијата на друга држава - членка и од друга држава - членка на територијата на Република Северна Македонија

### Член 198

Членовите 193, 194, 195, 196 и 197 од овој закон соодветно се применуваат и за издавањето на електронски пари од територија на Република Северна Македонија на друга држава-членка и од друга држава-членка на територија на Република Северна Македонија.

## Глава IV
## Прекугранично давање и користење на платежни услуги

### Член 199

Резиденти на Република Северна Македонија може да користат електронски пари од издавачите на електронски пари кои имаат добиено дозвола или друг вид на одобрение од соодветен надлежен орган на трета држава.

## Глава V
## Прекугранично спроведување на услугата за преносливост

### Член 200

(1) Давателот на платежните услуги е должен на барање на потрошувачот кој кај него има отворена платежна сметка да му овозможи користење на услугата за преносливост на платежните сметки кај давател на платежни услуги во друга држава - членка.

(2) Давател на платежни услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка е должен:

1) без надоместок да му обезбеди на потрошувачот:

- листа на сите тековни активни трајни налози за кредитни трансфери и овластувања за директни задолжувања за кои плаќачот му дал согласност и
- достапни информации за периодични приливни кредитни трансфери и директни задолжувања за кои плаќачот му дал согласност на примачот или на давателот на платежни услуги на примачот кои биле извршени на платежната сметка на потрошувачот во претходните 13 месеци и

2) да изврши пренос на позитивното салдо од платежната сметка на потрошувачот на платежната сметка отворена или која веќе ја има кај давател на платежни услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка, под услов барањето да ги вклучува сите податоци што овозможуваат идентификување на давател на платежни услуги кој го прима пренесувањето на платежната сметка и платежната сметка на потрошувачот кај давател на платежни услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка и/или да ја затвори платежната сметка на потрошувачот.

(3) Давател на платежни услуги кој што го прима пренесувањето на платежната сметка е должен да ги дава услугите од ставот (2) на овој член, доколку истите претходно не ги нудел.

(4) Доколку потрошувачот нема неплатени обврски на платежната сметка, давателот на платежни услуги кај кој потрошувачот ја има таа платежна сметка постапува согласно со ставот (2) на овој член.

(5) Датумот од ставот (4) на овој член треба да биде најмалку шест работни дена од денот кога давателот на платежни услуги кој што го врши пренесувањето на платежната сметка го примил барањето на потрошувачот, освен ако поинаку е договорено помеѓу страните.

(6) Доколку на платежната сметка кај давателот на платежни услуги кој го врши пренесувањето на платежната сметка потршувачот има неплатени обврски кои спречуваат затворање на платежната сметка, давателот на платежни услуги кој го врши

пренесувањето на платежната сметка не ја затвора платежната сметка и за истото веднаш по поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член го известува потрошувачот.

## Глава VI
## Соработка со надлежните органи, надзор, мерки и решавање на спорови

### Соработка со надлежните органи

### Член 201

(1) Народната банка соработува со надлежните органи на држави членки и со нив разменува информации, особено информациите кои се однесуваат на сторена неправилност и/или незаконитост или сомнеж за сторена неправилност и/или незаконитост од страна на платежната институција која дава платежни услуги преку филијала или агент на територијата на државата - членка и на тоа дали неправилноста или незаконитоста е сторена во контекст на слободата за давање услуги.
(2) Народната банка на сопствена иницијатива или на барање на надлежниот орган на државата - членка домаќин му ги дава сите информации потребни за извршување на неговите надлежности во однос на надзорот над примената на одредбите на националниот закон со кој се уредува работењето на филијалата или агентот на платежната институција која дава платежни услуги на територијата на државата - членка домаќин.
(3) Народната банка на сопствена иницијатива или на барање на надлежниот орган на државата - членка домаќин, покрај информациите од ставот (2) на овој член доставува и други важни информации, како и информациите за тоа дали седиштето на управата и регистрираното седиште на платежната институција се наоѓаат на територијата на Република Северна Македонија и дали платежните услуги ги дава на територијата на Република Северна Македонија.
(4) Народната банка ги оценува информациите добиени од надлежниот орган на државата - членка домаќин кој тој ги доставува на сопствена иницијатива и може до надлежниот орган на државата - членка домаќин да достави барање за доставување дополнителни информации кои се од значење за вршење на надзорот согласно со овој закон.

### Надзор на агенти или филијали во држава - членка домаќин

### Член 202

(1) Народната банка соработува со надлежниот орган на државата - членка домаќин кога врши надзор на агент или филијала на платежна институција со дозвола за основање и работење согласно со одредбите од овој закон односно која директно дава платежни услуги на територијата на државата - членка домаќин.
(2) Народната банка го известува надлежниот орган на државата - членка домаќин, кога има намера да спроведе теренски надзор на филијалата или агентот на платежната институција на територијата на државата - членка домаќин.
(3) Народната банка на сопствена иницијатива или на барање на надлежниот орган на државата - членка му ги дава сите информации во врска со наодите од извршениот надзор од ставот (2) на овој член, особено за утврдените неправилности и/или незаконитости или за постоење сомнеж за сторени неправилности и/или незаконитости.
(4) Народната банка може да му го пренесе на надлежниот орган на државата - членка домаќин извршувањето на теренскиот надзор на агент или филијала од ставот (2) на овој

член доколку со пренесувањето се овозможува теренскиот надзор да се изврши поедноставно, поефикасно, во пократок временски период или со помали трошоци.
(5) Надлежниот орган на матичната држава - членка ја известува Народната банка, кога има намера да спроведе теренски надзор на филијалата или агентот на платежната институција која дава платежни услуги на територијата на Република Северна Македонија.
(6) Народната банка на барање на надлежниот орган на матичната држава-членка може да изврши теренски надзор на агент или филијала на платежната институција од матичната држава - членка.
(7) Народната банка може да побара од платежните институции или институциите за електронски пари од други држави - членки кои даваат платежни услуги преку агенти или филијали на територијата на Република Северна Македонија да и доставуваат извештаи и податоци.
(8)Народната банка извештаите и податоците од ставот (7) на овој член ги користи за информативни и статистички цели и/или за целите на вршење на надзор над примената на одредбите од Дел трети и Дел четврти од овој закон и со примените податоци постапува во согласност со членот 160 став (4) од овој закон.

**Мерки**

**Член 203**

(1) Доколку Народната банка добие известување од надлежен орган на држава - членка домаќин дека платежната инстутуција со дозвола согласно со одредбите од овој закон која дава платежни услуги преку агент или филијала во државата - членка домаќин не работи согласно со одредбите на националниот закон на држава - членка домаќин со кој се уредува работењето, врши оценка на примените информации од добиеното известување.
(2) Извршниот одбор врз основа на оцената од ставот (1) на овој член веднаш презема и/или изрекува мерки и определува рокови за нивно спроведување со цел отстранување на неправилноста и/или незаконитоста од страна на платежната институција.
(3)Народната банка за преземените мерки веднаш го известува надлежниот орган на држава - членка домаќин и надлежните органи на сите други засегнати држави - членки.

**Превентивни мерки**

**Член 204**

(1) Доколку е потребно итно да се заштитат корисниците на платежните услуги во Република Северна Македонија од сериозни закани за нивните заеднички интереси Народната банка може да преземе превентивни мерки кон платежната институција која дава платежни услуги преку агент или филијала на територијата на Република Северна Македонија во очекување на мерките од страна на надлежните органи на матичната држава - членка согласно со соработката од членовите 200 и 202 од овој закон.
(2) Превентивните мерки од ставот (1) на овој член треба се соодветни и пропорционални на потребата за обезбедување на заштита од сериозни закани на заедничките интереси на корисниците на платежни услуги и не смеат да ги доведат во поповолна позиција корисниците на платежни услуги на платежна институција со дозвола за основање и работење согласно со одредбите од овој закон во однос на корисниците на платежни услуги во други држави-членки.
(3) Превентивните мерки од ставот (1) на овој член се привремени и Народната банка ќе ги укине штом ќе престане сериозната закана за заедничките интереси на корисниците на

платежни услуги во Република Северна Македонија, без оглед на тоа дали заканата престанала со активност на надлежните органи на матичната држава - членка или Европскиот банкарски орган.

(4) Народната банка ги известува надлежниот орган на матичната држава - членка, засегнатите надлежни органи на други држави - членки, Европската Комисијата и Европскиот банкарски орган за банкарство за преземањето на мерките од ставот (1) на овој член и за причините за нивното преземање пред да ги изрече мерките, а доколку тоа не е можно веднаш по нивното изрекување.

**Решавање на спорови меѓу надлежни органи**

**Член 205**

(1) Доколку Народната банка оцени дека во одреден случај прекуграничната соработка со надлежните органи на држава - членка не е во согласност со условите утврдени во членовите 196, 197, 200, 201 и 202 од овој закон, предметот го упатува до Европскиот банкарски орган.

(2) Доколку Народната банка постапи согласно со ставот (1) на овој член или ако надлежниот орган на држава - членка го достави предметот до Европскиот банкарски орган бидејќи смета дека прекуграничната соработка со Народната банка не ги исполнува условите утврдени во членовите 196, 197, 200, 201 и 202 од овој закон, Народната банка го одложува донесувањето на одлука до донесување на одлуката од Европскиот банкарски орган.

## Дел десетти

## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 206**

(1) За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

(2) За сторените прекршоци од овој закон, лицата кои од гувернерот се овластени да вршат надзор се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување со издавање прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(3) Советот на Народната банка, со подзаконски акт, ја пропишува формата и задолжителните елементи на прекршочниот платен налог.

**Член 207**

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на давател на платежни услуги доколку:

1) не ги обелодени надоместоците и девизниот курс (член 45 став (3) од овој закон);

2) јавно не ги објави девизните курсеви (член 45 став (4) од овој закон);

3) изврши валутната конверзија без согласност на плаќачот (член 45 став (5) од овој закон);

4) не го извести корисникот на платежни услуги за надоместокот за употреба на одреден платен инструмент пред иницирање на платежната трансакција (член 46 став (1) од овој закон);

5) не се придружува кон ограничувањата за еднократни платежни трансакции (член 48 ставови (3) и (4) од овој закон);
6) по иницирање на плаќањето не му ги даде или стави на располагање на плаќачот и на примачот информациите од членот 50 став (1) од овој закон;
7) на давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка не му ја даде референтната ознака за платежната трансакција (член 50 став (2) од овој закон);
8) веднаш по приемот на платниот налог не му ги даде или стави на располагање на плаќачот информациите согласно со членот 51 од овој закон;
9) веднаш по извршување на платежната трансакција не му ги даде или стави на располагање на примачот информациите согласно со членот 52 од овој закон;
10) не му даде на потрошувачот информативен документ за надоместоците и поимник на начин и содржина согласно со членовите 54 и 55 од овој закон;
11) не го инфомира потрошувачот за можноста да отвори и користи платежна сметка одвоено од други производи и услуги и не му ги даде информациите за сите надоместоци и трошоци што се поврзани со секој од производите и/или услугите согласно со членот 57 од овој закон;
12) пред да склучи рамковен договор не му ги даде информациите на начин утврден со членот 58 ставови (1), (2), (3) и (4) од овој закон;
13) на барање на корисникот на платежни услуги, не му ги даде договорните услови од рамковниот договор (член 58 став (5) од овој закон);
14)не го извести веднаш корисникот на платежни услуги за промените на висината на каматната стапка согласно со членот 59 став (6) од овој закон;
15)на барање на плаќачот не му ги даде информациите од членот 61 од овој закон;
16) веднаш по задолжување на платежната сметка или по приемот на платниот налог, на плаќачот не му ги даде информациите на начин и рокови согласно со членот 62 од овој закон;
17) веднаш по извршување на платежната трансакција, на примачот не му ги даде информациите на начин и рокови согласно со членот 63 од овој закон;
18)не ги користи стандардизираните термини и дефиниции согласно со членот 66 од овој закон;
19) не ги користи платежните брендови под условите од членот 66 ставови (2) и (3) од овој закон;
20) не потврди веднаш дека на платежната сметка која ја одржува на плаќачот е расположлив износот потребен за извршување на платежната трансакција заснована на картичка (член 80 став (1) од овој закон);
21) не го информира плаќачот за идентитот на давателот на платежни услуги што го издал платниот инструмент (член 80 став (6) од овој закон);
22)не ја отстрани блокадата или не го замени блокираниот платен инструмент со нов согласно со членот 83 став (4) од овој закон;
23)не го информира плаќачот за одбивање на пристапот до платежната сметка и причините за тоа и не овозможи пристап по престанок на причините за одбивањето согласно со членот 84 ставови (2) и (3) од овој закон;
24) не ја извести Народната банка за одбивањето на пристапот до платежната сметка (член 84 став (4) од овој закон);
25) не ги почитува обврските во врска со платниот инструмент од членот 86 од овој закон;
26)не го извести корисникот на платежни услуги за одбивањето да го изврши платниот налог или да иницира платежна трансакција согласно со членот 95 ставови (1), (2) и (4) од овој закон;

27)пресмета и наплати надоместок спротивно на одредбите од членот 95 став (3), член 96 став (7) и член 101 став (7) од овој закон;
28)не го прикаже целосно износот на платежната трансакција и износот на пресметани и наплатени надоместоци согласно со членот 97 став (4) од овој закон;
29) не ја изврши платежната трансакција во роковите од член 99 ставови (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7), (9), (10) и (11) од овој закон;

30)на плаќачот не му ги достави сите информациите со кои располага за потребите за поврат на парични средства (член 101 став (6) од овој закон);
31)на потрошувачот не му ги стави на располагање или не му ги даде информациите во врска со услугата за преносливост (член 109 од овој закон);
32)започне со спроведување на услугата за преносливот без изречно согласување за пренесување на платежната сметка во форма и содржина согласно со членот 110 од овој закон;
33)во постапката за спроведување на услугата за преносливост постапи спротивно на одредбите од членот 111 од овој закон;
34) во врска со услуга за преносливост пресметува и наплатува надоместоци спротивно на одредбите од членот 112 од овој закон;
35) не ги достави информациите по барање на Народната банка (член 115 став (3) од овој закон);
36) не ги пресметува и презентира надоместоците за платежните трансакции засновани на картички согласно со членот 118 од овој закон;
37) го условуваат прифаќањето на платни инструмени засновани на картички со прифаќање на други платни инструменти (член 119 став (1) од овој закон);
38) по извршување на платежната трансакција заснована на картичка не му ги даде на примачот информациите од членот 121 став (1) од овој закон;
39) не ја чува документацијата во роковите од членот 127 од овој закон;
40) не ја заштитат и чуваат трајноста на документите, податоците и/или информациите поврзани со платежните услуги согласно со членот 128 од овој закон;
41) не воспостави процедури за решавање на приговорите од корисниците на платежните услуги и на корисникот на платежни услуги не му достави одговор по приговорот (член 129 ставови (2), (4), (5) и (6) од овој закон);
42)не му обезбеди информации или одбие да учествува во вонсудска постапката за решавање на спорови започната од потрошувачот (член 131 ставови (1) и (3) од овој закон);
43) не воспостави интерен регистар на платежните сметки и сефови, не ги доставува во ЕРС информациите и податоците од интерните регистри или доставува неточни податоци (член 175 ставови (2), (3), (4) и (6) од овој закон);
44) не постапи согласно со членот 179 ставови (4), (6), (8), (9), (10) и (11) од овој закон;
45)го продолжи договорот за орочување на паричните средства на корисникот на платежни услуги - должник чија платежна сметка е блокирана или по истекот на договорот не ги пренесе паричните средства на блокираната платежна сметка (член 180 од овој закон);
46)наплати надоместок за извршување на платниот налог во висина поголема од вистински направените трошоци (член 181 од овој закон);
47) не доставува податоци и информации за статистички цели (член 184 ставови (1) и (2) од овој закон) и нема поставено врска за пристап до веб-страницата (член 184 ставови (8) од овој закон) и

48) не ја затвори платежната сметка на корисникот на платежни услуги кој престанал да постои како правен субјект согласно со членовите 185 и 186 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај давател на платежни услуги за прекршокот од ставот (1) на овој член.

## Член 208

(1) Глоба во износ од 7.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на давател на платежни услуги доколку:
1) на корисникот на платежни услуги му пресметува и наплатува надоместок за обезбедување на информации кои е должен да му ги даде или стави на располагање (член 44 став (1) од овој закон);
2) наплатува надоместок кој не е во висина на вистински направените трошоци (член 44 став (3) од овој закон);
3) не ги даде или не ги стави на располагање претходните информациите и условите за извршување на еднократни платежни трансакции согласно со членот 49 ставови (2), (3) и (4) од овој закон;
4)пред да склучи рамковен договор не му ги даде информациите од членот 56 став (1) од овој закон;
5) рамковниот договор не ги содржи информациите согласно со членот 56 став (2) и членот 92 став (2) од овој закон;
6) измените на рамковниот договор не ги предложи на начин и рокови согласно со членот 59 став (1) од овој закон;
7) раскинувањето на рамковниот договор, затворањето на платежната сметка и наплатувањето надоместок за истото е направено спротивно на членот 60 од овој закон;
8) не му даде извештај за пресметаните надоместоци на начин и рокови од членот 64 од овој закон и со содржина согласно со членот 65 од овој закон;
9) на корисникот на платежни услуги му наплатува надоместоци кои не се содржани во договор и не се во висината на вистински направените трошоци (член 77 став (1) од овој закон);
10) врз основа на потврдување на расположливи парични средства изврши резервирање на парични средства на платежната сметка на плаќачот (член 80 став (5) од овој закон);
11) постапува спротивно на членот 81 став (3) од овој закон;
12) не го овозможи правото на плаќачот да ја користи услугата за иницирање на плаќања согласно со членот 81 став (4) од овој закон;
13) постапува спротивно на членот 82 став (3) од овој закон;
14) не комуницира согласно со стандардите за комуникација и не постапува по барањето за давање информации за платежната сметка на идентичен начин (член 82 став (4) од овој закон);
15) при блокирање на платен инструмент, не го информира плаќачот за блокирање и причините за блокирањето (член 83 став (3) од овој закон);
16)во случај на извршена неавторизирана платежна трансакција не постапи согласно со членот 89 од овој закон;
17) не изврши поврат на парични средства ако се исполнети условите од членот 93 ставови (1), (3), (4) (5), (6), (7) (8) и (9) од овој закон;
18) не го пренесе износот на платежната трансакција согласно со членот 97 ставови (1), (2), (3), (5) и (6) од овој закон;
19) пресметува и наплатува мултирателен заменски надоместок од други даватели на платежни услуги спротивно на членот 98 од овој закон;

20) одобрувањето на платежната сметка на примачот не е согласно со одредбите од членот 100 од овој закон;
21) за неизвршување, неправилно извршување или задоцнето извршување на платежната трансакција не постапи согласно со членот 102 ставови (5), (6), (7), (8) и (9), членот 103 и членот 104 став (1) од овој закон;
22) на потрошувачот не му овозможи користење на услугата за преносливост или користењето го условува со користење на други производи и/или услуги (член 108 ставови (2) и (4) од овој закон);
23) пресметува и наплатува заменски надоместок спротивно на членот 115 ставови (1) и (2) од овој закон;
24) до Народната банка не достави ажурирана и сеопфатна проценка за изложеноста на оперативните и сигурносните ризици (член 122 став (3) од овој закон);
25) не ја извести Народната банка за значаен и оперативен сигурносен инцидент и не достави статистички податоци за настанатите измами (член 123 ставови (1) и (7) од овој закон);
26) не примени засилена автентикација на клиентот и не воспостави мерки на сигурност за заштита согласно со членот 124 ставови (1), (2) и (3) од овој закон;
27) немаат канал за комуникација кој овозможува поврзување и сигурна комуникација при платежни трансакции засновани на картички (член 125 став (1) од овој закон);
28)не овозможи автентикација преку општи, сигурни и отворени стандарди за комуникација на начин согласно со членот 125 став (2) од овој закон;
29)не обезбеди систем за идентификација на неактивни сметки на потрошувачот и не формира посебна евиденција (член 189 став (1) од овој закон);
30) евидентира зголемување на приходи како резултат на намалување на паричните средства од неактивните сметки (член 189 став (4) од овој закон);
31)ја намали вредноста на паричните средства од неактивните сметки спротивно на членот 189 став (5) од овој закон;
32) не ги објави промените на договорните односи со објавување на информациите од членовите 54, 55 и 56 од овој закон, во своите работни простории каде што корисникот има пристап за целите на користење на платежните услуги и на својата веб-страница согласно со членот 223 став (3) и
33)на барање на корисникот на платежни услуги не склучи рамковен договор согласно со членот 223 став (4) од овој закон.
(2)Глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај давател на платежни услуги за прекршокот од ставот (1) на овој член.

**Член 209**

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на давател на платежни услуги од членот 9 став (1) точка 1, 2 и 3 доколку:
1) не ја извести Народна банка за одбивањето на барање за отворање и користење платежна сметка (член 10 став (2) од овој закон);
2) во понудата за платежни услуги до потрошувачите не вклучи платежна сметка со основни фукнции или отворањето и користењето на платежната сметка со основни фукнции го условува со користење на дополнителни услуги и/или производи (член 71 ставови (1) и (2) од овој закон);
3) на потрошувачите не му ги стави на располагање информациите за карактеристиките на платежната сметка со основни функции, условите за користење и висината на

надоместоците што се пресметуваат и наплатуваат за платежната сметка со основни фукнции (член 71 став (3) од овој закон);
4) не отвори или не го одбие барањето за отворање на платежна сметка со основни функции во рокот од членот 72 ставови (2) и (10) од овој закон;
5) не го извести надлежниот орган за спречување перење пари и финансирање тероризам за одбивање на барање за платежна сметка со основни фукнции согласно со членот 72 став (5) од овој закон;
6) не го извести потрошувачот за одбивање на барањето за отварање за платежна сметка со основни фукнции согласно со членот 72 ставови (6) и (7) од овој закон;
7) во врска со платежната сметка со основни функции наплатува надоместоци спротивно на членот 74 од овој закон и
8) не го извести потрошувачот за еднострано раскинување на договорот на начин и рок од членот 75 став (4) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај давател на платежни услуги за прекршокот од ставот (1) на овој член.

**Член 210**

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на платежна институција односно институција за електронски пари доколку:
1) не извести за влијанието на новите дејности (член 11 став (4) од овој закон);
2) основа подружница надвор од Република Северна Македонија спротивно на членот 17 став (6) и членот 18 став (6);
3) не ја извести Народната банка за промените согласно со членот 39 став (7) од овој закон;
4) не ја извести Народната банка за пренос на вршењето на оперативни функции на надворешни лица (член 40 став (1) од овој закон), односно не ја извести за секоја промена во врска со користењето на надворешните лица (член 40 став (5) од овој закон) и
5) не ја извести Народната банка за преземањето на извршување на оперативни функции од други лица (член 40 став (6) од овој закон).
(2) Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во платежната институција односно институција за електронски пари за прекршокот од ставот (1) на овој член.

**Член 211**

(1) Глоба во износ од 7.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на платежна институција односно институција за електронски пари доколку:
1) дава платежни услуги кои не се наведени во дозволата (член 11 став (1) и став (3) точка 1 од овој закон);
2) одобри кредитна линија спротивно на членот 12 од овој закон;
3) прибира депозити или други повратни извори на средства од јавноста и врши рекламирање на тие активности (член 15 став (1) од овој закон);
4) именува член на орган на управување без да добие претходна согласност од Извршниот одбор (член 23 став (1) од овој закон);
5) отвори подружница во трета држава без согласност од Извршниот одбор (член 26 став (2) од овој закон);
6) не обезбеди заштита на паричните средства (член 31 ставови (2), (3), (8) и (9) и член 32 став (1) и (2) од овој закон);
7) не ја извести Народната банка за промените во начинот на заштита на паричните средства во рокот од членот 31 став (10) од овој закон;

8) не доставува извештаи согласно со членот 33 ставови (3) и (4) и членот 171 став (2) од овој закон;
9) не обезбеди дека агентите ги информираат корисниците на платежни услуги (член 37 став (3) од овој закон) односно корисници на електронски пари (член 38 став (2) од овој закон);
10)дозволи давање платежни услуги, односно дистрибуција и откуп на електронски пари преку агент кој не е запишан во соодветниот регистар (член 39 ставови (1), (3), (6) и (7) од овој закон) и
11) не спроведе теренска проверка согласно со членот 41 став (3) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во платежна институција односно институција за електронски пари за прекршокот од ставот (1) на овој член.

**Член 212**

(1) Глоба во износ од 7.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на издавач на електронски пари доколку:
1) не издаде или не изврши откуп по номинална вредност на паричната вредност на електронските пари согласно со членот 13 од овој закон;
2) пресметува и наплатува камата или да нуди било каква друга корист поврзана со временскиот период на поседување на електронските пари (член 15 став (4) од овој закон);
3) издава електронски пари преку агент (член 38 став (3) од овој закон);
4) не склучи договор за издавање електронски пари со содржина и услови согласно со членот 67 од овој закон и
5) не изврши откуп на паричната вредност на електронските пари согласно со членот 68 став (2) точка 1 од овој закон или на паричните средства кои имателот ги побарал согласно со членот 68 став (2) точка 2 од овој закон или за откупот на електронски пари пресмета и наплати надоместок спротивно на членот 68 став (3) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај издавачот на електронски пари за прекршокот од ставот (1) на овој член.

**Член 213**

(1) Глоба во износ од 7.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на оператор на платен систем доколку:
1) не ја извести Народната банка пред да почне со вршење со други дејности и пред да престане со вршењето на други дејности (член 132 ставови (3) и (5) од овој закон);
2) ограничи пристап до платниот систем спротивно на членот 135 ставови (1) и (4) од овој закон;
3) на учесниците во платните системи, корисниците на платежни услуги или на други платни системи им наметнува услови спротивно на членот 135 став (2) од овој закон;
4) не достави образложение за причините за одбивање на налози за пренос (член 135 став (5) од овој закон);
5) не ја извести Народната банка за промените во документите, податоците и/или информациите (член 139 став (8) и член 141 од овој закон);
6) изврши промена на правилата за работење на платниот систем без да добие претходната согласност од Извршниот одбор (член 140 став (1) од овој закон);
7) именува членови на управен одбор или извршни членови на одбор на директори без да добие претходна согласноста од Извршниот одбор (член 142 став (1) од овој закон);

8) престане да работи без да добие претходна согласност од Извршниот одбор (член 144 став (2) од овој закон);

9) не изготвува и доставува финансиски извештаи согласно со членот 148 од овој закон;
10) не ја извести Народната банка за пренос на вршењето на оперативни услуги на надворешни лица согласно со членот 40 став (1) од овој закон или не ја извести за секоја промена во врска со користењето на надворешните лица согласно со членот 40 став (5) од овој закон или не ја извести за преземањето на извршување на оперативни функции од надворешни лица согласно со членот 40 став (6) од овој закон (член 149 од овој закон);
11) не ја заштитат и чуваат трајноста на документите, податоците и/или информациите согласно со членот 128 ставови (2) и (3) од овој закон (член 150 став (4) од овој закон);
12) не воспостави гарантен механизам (член 153 став (1) од овој закон);
13) наплати надоместок за извршување на платниот налог за присилна наплата во висина поголема од вистински направените трошоци (член 181 од овој закон) кога дејствува како клириншка куќа;
14) не ги достави информациите и податоците за платежните сметки од ЕРС до давателите на платежни услуги кои се учесници во платниот систем (член 176 став (7) од овој закон) и
15) наплати надоместок за пренос на информации и податоци за платежните сметки од ЕРС до давателите на платежни услуги кои се учесници во платниот систем во висина поголема од вистински направените трошоци и/или не ги објави надоместоците за пренос и користење информации и податоци на својата веб-страница (член 176 став (8) од овој закон).
(2) Глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај оператор на платен систем за прекршокот од ставот (1) на овој член.

**Член 214**

(1) Глоба во износ од 7.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на давател на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1, 2, 3, 5 и 7 од овој закон, на издавач на електронски пари од членот 9 став (2) точки 1, 2, 3 и 5 од овој закон и на оператор на платен систем, агент или надворешно лице доколку не овозможи извршување на теренскиот надзор согласно со членот 161 ставови (2) и (3) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај давател на платежни услуги, издавачот на електронски пари, операторот на платниот систем, агентот или надворешното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

**Член 215**

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на учесникот во платен систем доколку не го извести корисникот на платежни услуги за платниот систем во кој учествува и не му даде информации за правилата за работење на платниот систем согласно со членот 133 став (6) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај учесникот во платен систем за прекршокот од ставот (1) на овој член.

**Член 216**

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на друштво за ревизија доколку не ја извести и не достави документација до Народната банка согласно со членот 35 ставови (2), (3) и (4) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај друштво за ревизија за прекршокот од ставот (1) на овој член.

**Член 217**

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за микро трговец, од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за мал трговец, од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и од 7.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за голем трговец ќе му се изрече за прекршок доколку:
- не поднесе барање согласно со членот 3 ставови (3), (6) и (7) од овој закон,
- дава платежни услуги без да има добиено дозвола од Извршниот одбор односно не е впишано во Регистарот на платежни институции (член 6 став (1) од овој закон),
- издава електронски пари без да има добиено дозвола од Извршниот одбор (член 6 став (2) од овој закон),
- во име на трговското друштво користи зборови спротивно на членот 7 став (1) од овој закон,
- се стекне со квалификувано учество во платежна институција, институција за електронски пари или оператор на платен систем без согласност од Извршниот одбор (член 23 ставови (3), (4) и (5) и член 145 од овој закон);
- најмалку 30 дена пред да го реализира намалувањето на квалификуваното учество во платежната институција, институцијата за електронски пари или операторот на платен систем не ја извести Народната банка за неговото квалификувано учество пред и по намалувањето (членови 25 и 145 од овој закон) и
- нуди попуст заплатежни трансакции кои се извршуваат со готовина, непосредно од плаќачот на примачот, без вклучување на посредник, поголем од попустот којшто го нуди при платежни трансакции, кои се извршуваат со други платни инструменти различни од готовина, наплатува надоместок за употреба на одреден платен инструмент заснован на картичка или наплатува дополнителни надоместоци (член 77 ставови (5), (6) и (7) од овој закон).
(2) Покрај глобата од ставот (1) на овој член на трговецот ќе му се изрече и прекршочна санкција, забрана за вршење дејност во траење од три месеци до две години.
(3) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај трговецот за прекршокот од ставот (1) на овој член.
(4) Покрај глобата од став (3) на овој член на одговорното лице кај трговецот ќе му се изрече и прекршочна санкција, забрана за вршење должност во траење до една година.

**Член 218**

(1) Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност за микро трговец, од 250 до 750 евра во денарска противвредност за мал трговец, од 750 до 1.500 евра во денарска противвредност за среден трговец и од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност за голем трговец ќе му се изрече за прекршок доколку:
- не ги информира потрошувачите за неприфаќање на сите платежни картички или други платни инструменти согласно со членот 119 став (4) од овој закон,
- не ја осигура готовината која што ја чува во благајна (член 183 став (4) од овој закон),

- плаќа производи и услуги во готово во поединечен износ повеќе од 6.000 денари или во вкупен износ повеќе од 60.000 денари во текот на календарски месец (член 183 став (6) од овој закон) и
- врши плаќање со пресметка доколку има блокирана платежна сметка (член 183 став (7) од овој закон).
(2) Покрај глобата од ставот (1) на овој член на трговецот ќе му се изрече и прекршочна санкција, забрана за вршење дејност во траење од три месеци до две години.
(3) Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај трговецот за прекршокот од ставот (1) на овој член.
(4) Покрај глобата од став (3) на овој член на одговорното лице кај трговецот ќе му се изрече и прекршочна санкција, забрана за вршење должност во траење до една година.

**Член 219**

Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице, доколку:
- се стекне со квалификувано учество во платежна институција, институција за електронски пари или оператор на платен систем без согласност од Извршниот одбор (членови 23 ставови (3), (4) и (5) и 145 од овој закон) и

- најмалку 30 дена пред да го реализира намалувањето на квалификуваното учество во платежната институција, институцијата за електронски пари или операторот на платен систем не ја извести Народната банка за неговото квалификувано учество пред и по намалувањето (членови 25 и 145 од овој закон).

**Член 220**

(1) Доколку Народната банка или орган овластен за вршење на инспекциски надзор согласно со закон имаат сознанија дека правни и физички лица даваат услуги на платежна институција, институција за електронски пари или оператор на платен систем без дозвола од Народната банка, веднаш ја известуваат Управата за финансиска полиција.
(2) Управата за финансиска полиција е должна веднаш по добивањето на известувањето од ставот (1) на овој член да изврши контрола на работењето на лицата од ставот (1) на овој член и да преземе мерки во рамките на своите надлежности.

**Член 221**

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на Централниот регистар ако во Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица запише трговско друштво или друго правно лице и нивните организациони делови спротивно на членот 7 став (2) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај Централниот регистар за прекршокот од ставот (1) на овој член.

## Дел единаесетти
## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 222**

(1) Правните лица кои до денот на примената на овој закон давале платежни услуги од членот 8 од овој закон, освен банките со дозвола за основање и работење од гувернерот, се должни во рок од 12 месеци од денот на примената на овој закон, до Народната банка

да поднесат барање за добивање дозвола за платежна институција или за институција за електронски пари согласно со одредбите од овој закон.
(2) Правното лице од ставот (1) на овој член кое нема да поднесе барање во рокот од ставот (1) од овој член или чиешто барање ќе го одбие Народната банка, не смее да дава платежни услуги.
(3) Оператор на електронски комуникациски мрежи или давател на електронски комуникациски услуги кој овозможува извршување платежни трансакции од членот 3 став (1) точка 12 од овој закон е должен да ја извести Народната банка во рок од 12 месеци од денот на примената на овој закон за вршењето на соодветните платежни трансакции.
(4) Правните лица, освен Народната банка, кои до денот на примената на овој закон управувале и раководеле со платен систем во согласност со одредбите на Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија" број 113/2007, 22/2008, 159/2008, 133/2009, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 31/20 и 39/22) и прописите донесени врз основа на тој закон, се должни во рок од 12 месеци од денот на примената на овој закон, до Народната банка да поднесат барање за добивање дозвола за оператор на платен систем согласно со одредбите од овој закон.
(5) Правното лице од ставот (4) на овој член кое нема да поднесе барање во рокот од став (4) на овој член или чиешто барање ќе го одбие Народната банка, не смее да управува со работењето на платен систем.
(6) Правното лице кое поднело барање согласно со став (1) и/или став (4) на овој член, продолжува да работи согласно со одредбите на соодветните прописи со кои е регулирало неговото работење пред стапувањето во сила на овој закон, се до денот на доставување на решението на Извршниот одбор со кое се одлучува по доставеното барање.

**Член 223**

(1) Договорните односи во врска со давање платежни услуги склучени пред започнување на примената на овој закон ќе останат во сила и по започнување на примената на овој закон а ќе се спроведуваат според условите од овој закон.
(2) Одредбите од овој закон кои ја уредуваат содржината на рамковните договори со денот на отпочнување на примената на овој закон се составен дел на договорите од ставот (1) на овој член и ги дополнуваат или ги заменуваат договорните одредби што не се во согласност со нив.
(3) Давателите на платежни услуги се должни за промената на договорните обврски од ставот (2) на овој член да ги информираат корисниците на платежни услуги два месеци пред започнување на примената на овој закон со објавување на информациите од членот 56 од овој закон и најдоцна во рок од 15 месеци од денот на влегување во сила на овој закон со објавување на информациите од членовите 54 и 55 од овој закон, во своите работни простории каде што корисниците имаат пристап за целите на користење на платежните услуги и на својата веб-страница.
(4) По исклучок на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, на барање на корисникот на платежни услуги, давателот на платежни услуги е должен во рок не подолг од 30 дена од поднесување на барањето да склучи рамковен договор согласно со Дел трети од овој закон.

**Член 224**

Налогот за пренос внесен во платниот систем пред денот на примената на овој закон кој ќе се порамни по денот на примената на овој закон, ќе се смета дека е налог за пренос во смисла на овој закон.

**Член 225**

(1) Давателите на платежни услуги се должни да се усогласат со висината на заменскиот надоместок од членот 115 став (1) точка 1) од овој закон со следнава динамика:

1) на 1 јануари 2023 година не повеќе од 1,00% од вредноста на извршената платежна трансакција;

2) на 1 јули 2023 година не повеќе од 0,80% од вредноста на извршената платежна трансакција;

3) на 1 јули 2024 година не повеќе од 0,50% од вредноста на извршената платежна трансакција и

4) на 1 јануари 2025 година не повеќе од 0,20% од вредноста на извршената платежна трансакција.

(2) Давателите на платежни услуги се должни да ја постигнат висината на заменскиот надоместок од членот 115 став (1) точка 2) со следнава динамика:

1) на 1 јануари 2023 година не повеќе од 1,00% од вредноста на извршената платежна трансакција;

2) на 1 јули 2023 година не повеќе од 0,80% од вредноста на извршената платежна трансакција;

3) на 1 јули 2024 година не повеќе од 0,50% од вредноста на извршената платежна трансакција и

4) на 1 јануари 2025 година не повеќе од 0,30% од вредноста на извршената платежна трансакција.

**Член 226**

(1) Одредбите од членовите: 4, 9 став (1) точки 4, 6, 8 и 12 и став (2) точки 4, 6 и 8, 12 став (2) точка 2, 27 став (6), 99 ставови (4), (5), (6) и (7), 102 став (2), 123 ставови (3), (5), (6) и (8), 129 став (3), 130 ставови (11) и (13), 131 став (7), 152 став (5), 157 ставови (4) и (5) и 184 став (9) и одредбите од Дел деветти Глави I, II, III, V и VI од овој закон ќе започнат да се применуваат од денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Единствената област за плаќања во евра.

(2) Одредбите од членот 99 став (3) од овој закон престануваат да важат со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Единствената област за плаќања во евра.

**Член 227**

Одредбите од членовите: 56 став (1) точка 7) потточка б, алинеја 3, 72 став (7) точка 3, 75 став (5) точка 3, 109 став (1) точка 5) потточка в, 129 став (6), 130 став (8) и 131 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година.

**Член 228**

Одредбите од членот 72 ставови (3) и (4) точка 4) од овој закон престануваат да важат на денот на примената на Дел седми Глава II согласно со членот 234 став (3) од овој закон.

**Член 229**

(1) Подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон ќе се донесат во рок од девет месеци од денот на влегување во сила на овој закон.
(2) Подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за платниот промет, Законот за девизно работење и Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари се применуваат до денот на примената на соодветните подзаконски акти донесени врз основа на овој закон.

**Член 230**

(1) Периодот од 24 месеци, односно десет години за утврдување на статус на неактивна платежна сметка, односно неактивна депозитна сметка започнува да се смета од денот на последната авторизирана одливна или приливна платежна трансакција, со исклучок на пресметката и плаќање/наплата на камата, и/или која било друга платежна трансакција којашто е извршена во корист на давателот на платежни услуги, или од денот на последната документирана писмена, електронска и/или снимена телефонска комуникација во врска со сметката помеѓу давателот на платежни услуги и потрошувачот или неговиот законски застапник.
(2) Одредбите од членот 191 од овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од 32 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 231**

(1) Централниот регистар на Република Северна Македонија е должен да го воспостави единствениот регистар на сметки најдоцна до 1 декември 2024 година.
(2) Операторот на платниот систем ќе започне да ги наплатува надоместоците за пренос на информации и податоци за платежните сметки од членот 176 став (9) од овој закон по истекот на 24 месеци од денот на воспоставување на единствениот регистар на сметки од ставот (1) на овој член.
(3)Правното лице од членот 179 став (15) од овој закон е должно да го воспостави електронскиот систем за присилна наплата и овозможи размена на информациите најдоцна до 1 ноември 2025 година.

**Член 231-а**

(1) Давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1), 2), 3), 9), 10) и 11) од овој закон се должни да достават иницијална состојба на последно запишани податоци од сопствените интерни регистри на сметки и сефови до ЕРС во рок од 60 дена од денот на воспоставувањето на ЕРС.
(2) По успешно завршување на преносот на иницијалната состојба на податоците од ставот (1) на овој член, Министерството за финансии - Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија и Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија се должни да достават иницијална состојба на последно запишани податоци од сопствените евиденции за платежните сметки со повторливи приливни кредитни трансфери по основ на личен доход до ЕРС во рок од 90 дена од денот на воспоставувањето на ЕРС.
(3) Издавањето на податоци и информации од ЕРС ќе започне во рок од 60 дена од денот на завршување на преносот на иницијалната состојба на податоците од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 232**

(1) Давателите на платежни услуги се должни да ги применуваат одредбите од членот 179 ставови (9), (10), (11), (12), (13) и (14) од овој закон на решенијата за присилна наплата

согласно со членовите 21 и 22 од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија" број 113/2007, 22/2008, 159/2008, 133/2009, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 31/20 и 39/22) примени до денот на започнувањето на примената на Дел седми Глава III од овој закон.
(2) Давателите на платежни услуги се должни во електронскиот систем за присилна наплата кој го воспоставува и одржува клириншката куќа од членот 179 став (15) од овој закон да го евидентираат редоследот на извршување на решенијата за присилна наплата согласно со членовите 21 и 22 од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија" број 113/2007, 22/2008, 159/2008, 133/2009, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 31/20 и 39/22) кои што не се извршени до денот на отпочнувањето на примената на Дел седми Глава III од овој закон.

**Член 233**

(1) Со денот на започнувањето на примената на овој закон, престануваат да важат Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари („Службен весник на Република Македонија" број 77/2003, 54/2007, 48/10, 67/10, 17/11, 135/11, 187/13, 154/15 и 23/16) и Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија" број 113/2007, 22/2008, 159/2008, 133/2009, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 31/20 и 39/22).

(2) По исклучок на одредбите на ставот (1) на овој член:

- одредбите од членовите 2 став (1) точки 4, 19 и 20, 5 став (1) точки 9 и 11, 6 став (1) точка 2, 7 став (1) точка 2, 7-а став (1) точка 2, 9, 10 став (1), 15, 16, 49 став (2), 50 став (1) точки 2 и 6 и 54 став (1) точки 1 и 2 од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија" број 113/2007, 22/2008, 159/2008, 133/2009, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 31/20 и 39/22) се применуваат до денот на започнувањето на примената на Дел седми Глава II од овој закон;
- одредбите од членовите 2 став (1) точки 5, 10 и 17, 21, 22, 23, 24 и 50 став (1) точки 10, 11 и 12 од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија" број 113/2007, 22/2008, 159/2008, 133/2009, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 31/20 и 39/22) се применуваат до денот на започнувањето на примената на Дел седми Глава III од овој закон и
- одредбите од членот 17 став (3) од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија" број 113/2007, 22/2008, 159/2008, 133/2009, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 31/20 и 39/22) се применуваат до денот на започнувањето на примената на членот 42 став (9) точка 3 од овој закон.

**Член 234**

(1)Одредбите од членовите 42 став (9) точка 3, 54 и 55 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат во рок од 15 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Одредбите од членот 184 ставови (5) и (8) од овој закон ќе започнат да се применува во рок од 16 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Одредбите од Дел седми Глава II и Дел четврти Глава IV од овој закон ќе започнат да се применуваат најдоцна до 1 декември 2024 година.
(4) Одредбите од Дел седми Глава III од овој закон ќе отпочнат да се применуваат најдоцна до 1 ноември 2025 година.
(5)Одредбите од членот 183 став (7) од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2024 година.

**Член 235**

Давателите на платежните услуги се должни да се усогласат со членовите 49 став (3), 50, 79 став (6), 81, 82, 84, 87 став (3), 88 став (2), 89 став (5), 96, 104 и 124 ставови (4) и (5) од овој закон најдоцна до 1 март 2026 година.

**Член 236**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2023 година.

**Важечки одредби од измените и дополнувањата на Законот за платежни услуги и платни системи**

Законот за изменување  и дополнување на законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24).

Член 80

(1) Давателите на платежни услуги кои до 31 декември 2022 година не се усогласиле со членот 124 став (1) точка 2) од Законот за платежни услуги и платни системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" број 90/22), се должни да го усогласат своето работење со одредбите на членот 124 став (1) точка 2) од Законот за платежни услуги и платни системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" број 90/22) најдоцна до 1 октомври 2024 година.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај кога плаќачот иницира електронска платежна транскација заснована на картичка на места на продажба на далечина, давателите на платежни услуги од ставот (1) на овој член, се должни да го усогласат своето работење со одредбите од членот 124 став (1) точка 2) од Законот за платежни услуги и платни системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" број 90/22) најдоцна до 1 март 2026 година.

Член 81

Статус на неактивни платежни сметки, односно неактивни депозитни сметки отворени до 31 декември 2022 година, се утврдува и за сметките  по истекот на периодот од 24 месеци, односно десет години од денот на последната авторизирана одливна или приливна платежна трансакција, со исклучок на пресметката и плаќање/наплата на камата,

и/или која било друга платежна трансакција којашто е извршена во корист на давателот на платежни услуги или од денот на последната документирана писмена, електронска и/или снимена телефонска комуникација во врска со сметката меѓу давателот на платежни услуги и потрошувачот или неговиот законски застапник.

Член 82

Правните лица кои согласно со членот 222 од Законот за платежни услуги и платни системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" број 90/22), кои по 31 декември 2023 година ќе се стекнат со решение за добивање на дозвола за платежна институција или за институција за електронски пари, а кои до денот на добивањето на решението за добивање на дозвола за платежна иституција или за институција за електронски пари имале склучено договор за извршување на услугата брз трансфер на пари се должни во рок од шест месеци од денот на приемот на решението за дозвола за платежна институција или за институција за електронски пари до Народната банка да поднесат барање за упис на агенти согласно со членот 39 од Законот за платежни услуги и платни системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" број 90/22), во Регистарот на платежни институции, односно Регистарот на институции на електронски пари.

Член 83

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Важечки одредби од измените и дополнувањата на Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 37/25)**

Член 22

Централниот регистар на Република Северна Македонија е должен да го воспостави Единствениот регистар на сметки најдоцна до 1 јуни 2025 година.

Член 23

Одредбите од Дел седми Глава II од Законот ќе започнат да се применуваат најдоцна до 1 ноември 2025 година.

Член 24

Давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 2), 5) и 7) од законот до денот на започнувањето на примената на Дел седми Глава II од законот може да користат податоци од единствениот регистар на трансакциски сметки од членот 15 став (3) од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија" број 113/2007, 22/2008, 159/2008, 133/2009, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 31/20 и 39/22).

Член 25

Одредбата од членот 5 од овој закон со која во членот 42 од законот се додава нов став (10) ќе започне да се применува во рок од шест месеци од денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Единствената област за плаќања во евра.

Член 26

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".